# *ЕДНОВЕКОВНО МОЛЧЕЊЕ*
### *(1913 - 2013)*

**Стојан Кочов**

# ЕДНОВЕКОВНО МОЛЧЕЊЕ
(1913 - 2013)

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2014 by Stoian Kochov & Risto Stefov

e-Book Format

October 14, 2014

## Прва глава

“Во мене се роди потребата да кажам: зошто го сакам светот, зошто му се восхитувам, зошто сум му благодарен...”
Никифорос Вретакос

Убавината и човечкиот дух, со кои се одликуваат делата на Никифорос, претендираат за една повисока правда и земја за сите луѓе.

Враќање на корените и средба со човекот со уништеното семе.

1. Едно утро влегов во дворот на старата кафеана “Костурки мерак” што го носи името, кое ѝ го дал Хусеин Хусни - паша, а кој бил голем пријател на Али - паша Јанински. Тука го пиеле утринското кафе костурските големци и по имотните луѓе во градот.

Седнав под една “жална врба”, а на спроти мене, во аголот беше седнат еден старец, облечен во традиционална прастара костурска шајачна носија, во ореова боја, која на човека му го привлекува внимание. Но, она што посебно ми се допаѓаше, беше тоа што се придржуваше кон големата традиција; носеше сребрено синџирче, врзано за часовникот и мало џепче од елекот.

Старецот не ќе беше повеќе од седумдесет години, нобелокосата глава-брадата, мустаќите и косата - го правеа постар. Беше висок, ковчест, со румено лице, вдлабнати образи и едно големо чело, над кое од двете страни му паѓаа бели прамени бели коси. Под широките веѓи гледаа мирно и милозливо две сини очи.

Свиреше на чуден, минијатурен глинен инструмент, а за тоа - каков е и како се вика инструментот, разбрав подоцна од него самиот. Ми рече дека инструментоит се викал “Окарина” и дека го имал пронајдено пред многу години во урнатините на неговата прадедова куќа, и  дека датирала уште од многудамнешни векови. Дури и пред Ристоса…

Звуците беа привлечни посебно кога ја свиреше песната “Лено мори…” , “Зајди - зајди, јасно сонце...” Но, ме одушеви кога посмирено ја свиреше “Калеш бре Анѓо (Јагно):- Ајде слушај, слушај, клето бре Турче… Анама не бидувам…”, но најтрогателна песна му беше: “Црна се чума задала, там долу Кострско…” Пискаше окарина како плач од претепана мајка; да плачи по своето изгубено чедо… Моите солзи, срцето ми го корнеа.

Сите гости, стоевме подзинати во една побожна тишина и долго слушавме, а почна да се збира народ - како плава!

Да, кога првата солза капна од мојот образ, во себеси си велам: “Оваа музика доаѓа токму од разгорениот оган на македонско срце…”

Милозливо го гледав и разменуваме погледи. Посакував да прашам:

“Кој е човекот и како се вика? Можеби е некој од Костурските комити?!” - си реков.

Секогаш се возбудувам, кога ќе слушнам за некого, за кого велат дека е бил Комита (борец за Македонија). Тогаш знам дека се работи за човек со големо срце, кој искрено и многу си го сака родниот Костур и Македонија и посакава да се истера чумата.

Старите комите - Илинденците - на младиот комита му велеа: “Прави го тоа со кое што ќе станеш достоен да бидеш среќен на своето…”

Свирачот ме загледа со искрена загриженост на лицето и зачекори кон мене. Кога го загледав подобро во лицето, почнав збунето да зборувам, сам со себе. Лицето му беше згрчено и на неговите образи, се читаат сите “чкрапаници” што му ги правел џелатот, кога пред многу години ги преживеал на сувите острови.”

Со овој човек видов дека имаме најголема блискост и најголема радост се можни и за мене. Порано мислев дек само јас имам такви потреби.

Во еден миг, пред да ме прегрне, ми подаде рака, ме погледна таговно и ме праша:
“Да не си од нашчите? Од оние… Од последното чистилиште, што насила ве собра генерал Маркос (како што го нарекувавте: “светлиот лик”- колонист од Пондија) во Граѓанската војна, а потоа ве прогонија, ве однесоа кон север?

- Повели седни, - реков покажувајќи на столот кај мене. Му одговорив:

- Да! Јас сум од нив! Ти, знаеш да си го напуштиш домот, без оглед колку е тој сиромашен и полн неспокојство, не е лесно... Спомените за домот болат, но еве, по толку години се вратив на корените и сакам да ги прибисоберам  коските на татко ми и на брат ми. Тие беа комити, а јас во тоа време имав 13 години, но во 1947 година ме собраа насила маркосовите партизани и ме тераа да се борам за Комунизам, ама сѐ до сега не знам дали некој го доживеал. По  војната сѐ до ден-денес талкам по светот. Воодушевен сум од вашата музика. Посебно ги сакам оние песни, што ги пееш, за кои ги пееја мојата баба Дора и мајка ми Вана, тие што го направија и долго го чуваа нашето семејно гнездо. За мене, кој се најдов со илјадници наши, далеку од родниот Костур, спомените ми беа духовна храна. Ете, повеќе од половина век си ја барам судбината, а тука нема ни деца, нема ни глас, нема смеа нема радост. Све е прогонето, сѐ е оутѓено и нивните стапалки остана како лузни по светот. Костурчани заборавија да се смеат од срце.

Ме гледа, ама неговиот поглед му врви меѓу очите без да ме загледа во очи. Нешто поодоцна седнав на масата, храбрејќи се со помислата: Тоа што не го убива човекот, тоа го зајакнува и дека досега протече во совршен ред и го прашувам:
А ти, кој си?

Гласот, ѕвонливо му се слушаше и зборуваше убаво. Се смешкаше по начесто, зависно од тоа што го раскажуваше.

Тој, ми одговори:

Добро е што си дошол. Инаку, како ќе се запознаеш самиот себе? Кој ли беше? Кој сме? Пола век во тугина јанѕа те јаде и се набљудуваш самиот себе и никогаш неможеш да се осознаеш. Тука во родниот Костур, обиди се да ја извршиш својата должност како син на оваа земја и веднаш ќе дознаеш колку вредиш кога ќе го напуштиш татковиот роден крај и зошто нашите предци толку се жртвуваа за своето прадедово парче земја! Дедо ми велеше: “Лудоста е еден миг од животот, а каењето е цел век!”

Мирно и сериозно, ми ја раскажуваше недовршената историја на неговиот живот, но и на Костур и по опширно.

Ме прашуваш кој сум? Чудна е мојата приказна, толку е чудна што не може да ја разбере некој, кој не бил во таквите логори. Човек кој не ги запозна длабочините на подземниот свет, царството на омразата. Таквиот логор е само дното на животот. Подземниот свет, е дно од најголеми дна. Во логорот што не имаше нас, костурските комити, спаѓаше во логорите што беше сосема нешто надвор од човечкото. Во тој логор секој комита имаше нешто последно, нешто најважно - тоа што му помагаше да преживува и грчевито за нешто да се зграпчи да не го изгуби животот. И да се држи упорно: преку лето и под пеколното сонце, зиме-под мразот, пред катадневниот глад и бесконечните понижувања од бездушни луѓе.

Опасно е да се биде во право онаму каде што мокниците грешат. Тоа го искусивме ние Комитите. Таму на голите острови немаше човечност...

Чуден беше погледот, што го впери комитата во мене. Беше тоа поглед полн со неизмерна тага и гнев, а едновремено и со историска вистина, мудрост и бескрајна желба да ми ги раскаже сите наши патила. Ми рече:

Јаска сум од исчезнатите Костурки комити, ама есче сум жив и клет. Јаска сум чоек без младост, без род. Чоек со уништена

машкост. Евзон сум. Таква казна добив на сувиот  остров "Анафи" и потоа ми рекоа: Слободен си! Одиси во твојот Костур, ама од твоето семе, нема никогаш да никне комитско племе ...

Немам веќе родители, немам љубов и смртта нека ме научат да ја заборавам, и тоа дека некогаш сум љубел и се борев за Македонија. Сега и никој не ме вика по името што ми го изговараа мајка ми и татко ми; сине Крсте, и сите од мојот род, туку сум прекрстен спрема законот објавен во "Службен весеник Е. К, број 332 од 21. 11. 1926 година во Ставрос."

Тоа го изусти и пак почна длабоко да размислува. Замолча... Како да му секна мислата, само изусти Моите солзи срцето ми го корнат…

- Чувај боже - му велам,- зарем таквиот ѕверски чин е можен? Па тоа е ѕверство! Како можел тоа да го стори човечки ум?! Но, од каде толку акумулиран бес кај овие луѓе?! Ама навистина бес, што ги тера да бидат јадилуѓе. Знам, дека тоа се случуваше и во далечната 1904 година со грозните колежи во селата; Загоричени и Зеленич.

Миг потоа, Крсто ме опули жаловито и ми рече; вели:

"Овој инструмент го дава оригиналниот македонски звук, од него извира и пклачот и веселбата и тагувањата и величењата, а затоа мојата определба е трајна и на него свирам со години. Ми ја смирува осаменоста, а осаменоста за човека кој изгубил сè е постудена и од зимата."

Одеднаш свирачот се растрепери и како во него да живна враќање во дамнешното време, се присети: кога беше апсението и убиствата на костурските комити. Си припомна на баба му Вана, колку многу била тажна, расплакана и осамена… Се присети на големата врвица од Еласити и заробени Комити. Колоната беше во недоглед на пат кон југ, кон уништувањ; не водеа на векување, на пустите острови, а вековните прадедови живеалишта и куќите зад нас останувaа во пламен.

Се двоумеше, па ми вели:

Одевме несигурни. Никогаш никој не знаеше кој и од каде ќе ти заборе нож в грб…
Уште тогаш го прифатив разочарувањето, но никогаш не ја загубив надежда. Во мене остануваше само едно нешто што ми даваше светлина - мислата дека ме чека нешто прекрасно; средбата со љубената Кираца. Но, како што минуваше времето, судбината ми отвори други патишта, да се борам со катадневниот живот што ни го одредуваше еден проклет офицер што беше главен на логорот.

- Жив ви Господ, кажете ми каков беше тој човек?

Според мене, еднаш реков, тој човек и неговото однесување беше животинско. Животно што измачува. Зашто, освен човекот, непостои друго животно што измачува. Дедо ми велеше: “Животните те разбираат преку мирисот, а луѓето преку зборот”, ама овој!?

Многу пати го загледував кога некого измачуваше, и од несвесните гримаси на лицето, ненадејниот грч на месестото лице, често се тресеше и од внатрешниот напон ќе попушташе и болно му се искривуваше главата и во таквиот невролошки шок, го губеше и говорот. Завиваше како бесен и испаничен волк. Но, само тој кој минува низ такво страдање и болка, знае колку комитата страдал и колкава му била болката. Ах, тоа вистинско страдање.

Тој, не остави комита кој да не е плукнат. Плукаше, по секого. Со тоа си го лечел гневот. Ама дали од клетва, или го казни господ Бог, подоцна доби хроничен лош здив на животно и не излечив. Миризот му го чувствувавме на голема далечина. Тој, веке немаше плунка и како минуваше времето, не можеше да не плука, ама со мирисот нè убиваше. Дијагнозата му била дадена од еден врвен специјалист и гласеше: Таа била болест што ги напаѓаат плунковите жлезди од прекумерно плукање.

Како старееше, така стануваше сè погрд. Имаше гради поголеми отколку што требало да имаат мажите, и тоа мажи со

офицерски чин. Кога одеше, омлитавените цицки му се тресеа, посебно летото. Во големите горештини, несмасно му се подигаа и спуштаа и тоа не го многу загрижуваа, туку грижата му беше-како посебно да нанесе болка на друг.

Кога си ги спомнувам прошетките на "рибарската" улица и првите зборови од мојата Кираца:  Вљубена сум - пеколно сум вљубена", и тоа ме правеше да издржам и да се вратам во родниот Костур - ДОМА.

Еден ден сите затвореници носевме камења, бесмислено од едно место на друго и во еден миг тихо дочув глас: Крсто, внимавај Цицкаракис доаѓа по нас.

Го здогледав како се движи мрзливо како трома мачка околу кеси полни со ѓубре.
Тежок беше каменот. Го носев долго. А сонцето печеше горе на небото.

И во еден миг, ми се истопори пред мене, јас бев многу гневен, оти знаев дека ги чита писмата што ми ги праќа мојата љубена Кираца, му велам: Душата ми гори за дома. Денес на сон ја видов мојата љубена Кираца, како трча кон мене и ми се фрли во прегратката… Да си ги видам синчето Дончо и Кираца. Со денови бев со најлошите мисли. Во последното писмо ми пишуваше дека некој катаден демне по детето, а таа го бара, а јас не знам ништо… Тој сон ме мачи… А еден ден ја сонив како трча кон мене.

Таа не беше сама: крај неа трчаа повеќе жени и мали чупиња и по некоја старица. Тој сон го гледам ката ден.

Тој ме гледа намуртено, ја разбушави косата со прекумерната дланка и разлутено бодждригна, се оскуражи, се натопори и се загна со една поздугана, да мава по мене. Кога ме удри по гревовите, бликна крвта, а јас од големата болка пискав како скопен пес, од очите ми светкаа сребрени искри и гаснеа како истурени ѕвезди. Ме удри така како во мене нешто се столчи, се преполови јаицето и нешто бликна истече. Истече семето, се разлеа по керпестиот крш… Пребледен, полека корнејќи си ја

косата, со лице изорано со нокти, но со бистар поглед, стојам пред сите затвореници со своите срамови, неутешно велејќи си: “За никаде сум, веќе не сум маж… Не смејте се!”

А џелатот се смее и од устата му бликаат лиги, како на преаден волк.

Болката е неподнослива, цвилев ко пес, а главата ми ѕунаше, но ѕунењето не престануваше ни ноќе ни дење. Се будев со потполно здрвени раце. Без осет во нозете.Некаков невидлив извор на страдање бликнуваше во мене и траеше сè додека ми секнуваше и последниот глас со некакво измеслено оправдување: Можеби тоа го сакаше господ Бог!, а тој злочест, над мене со омлитавените цицки, се кикоти и вика: Го скопив! Му го уништив семето. Тоа проклето комитско семе… (како што го нарекуваше Владиката Каравангелис, а македонскиот народ го познаваше Каравангелис како човек Вади душа).

Кога за последно го здогледав, од големата уста му течеа лиги низ големите песиј заби како на одгладнат и стрвен крокодил. Кај него беа разгорени убиствените страсти во таква мера; што човекот подивел, постанал ѕвер, кој нешто кине од моето тело. Ми ја уништи гордоста, ми ја испогази гордоста на маж, ме понижи. Какво зло!!?? Каква цивилизирана ништожност кај човек на власта - човек со камено срце??!!

Во логорот,сите бевме немоќни пред страданијата,а тие беа страшни и неподносливи.

Кај сите затвореници им се појавија разни видови анксиозни растројства. Панични растројства се манифестираа со напади на вознемиреност и тоа им го уништуваше животот.Кај некој што беа обседнати со бактерии или нечистотија се јави нагон постојано да си ги мијат рацете.

Но, сите затворениците, беа обземени од таквото ѕверскиот чин, бегаа се затскриваа низ камењарот за да не ги сјаде јанѕа, додека му помине бесот на разулавениот командант Ѕимарас.

Што сторив јас? За да го видам пеколот! Боже мој, што строив јас?!?!??...

Потоа, не се сеќавам што се случи со мене. Мозокот, едноставно, ми се блокира. Останав вкочанет, со стиснати раце и со спуштена глава. Ноќтите го заривав во дланката, но не чувствував болка. Грлото ми се стисна и одеднаш сета моја сила исчезна, сѐ ми беше матно - како низ магла се сеќавам. Стравот ми го запира зборот уште пред даа заврши во мајата глава. Помислив Готов сум. Стравот ми го задушуваше последниот здив во мене.

Во тој момент, целиот мој свет се урива, како куќа од карпи. Зебалежав, како една солза ми падна на раката, како капка дожд. Потоа уште една и уште една. Големи очајнички солзи ми се слеваат по образот, заматувајќи ми го погледот и облевајќи ми го лицето. Набргу плачам како мало дете и целото тело ми се тресе, а само тоа ми остана како привремено живеалиште на мојата страдна душа.

Ме обземаше страв, размислував;дали монструмите се раѓаат или се произведуваат од моќта на државата? Морници ме лазат кога на сон го гледам како ми се кикоти...

Лето е. Воздухот околу мене како да гореше. Успеав да бидам ладнокрвен, додека ноќта ја минав нурнат во депресија. Изгубив дел од мене што никогаш не ќе можам да го повратам.

* * *

Најпосле еден млад наредник - од мајка роден, служеше во логорот, млад и убав, многу потресен, ме внесе во еден мал шатор ме остави и ми рече: Смири се, човеку, тој што ти го направи ова е најнесреќен мегу сите што сме тука на островот. Нему не само родот твој, туку и господ нема да му прости. Тие што нанесуваат болка не им простува човештвото. Не! Каква е оваа судбина, каква е оваа болка. Господе мили...

Дошло време да се умира - ќе се умира, додадов и се присетив на дедо ми кога велеше:

“Најсреќен човек е оној кој што на другите луѓе ги правил среќни,а човекот што не страдал не знае да простува.”

Крварев и се тресев од некаков страв и гнев. Чувствував како ми згаснува сè во животот. Ме наваса некакво чувство, дека нема да го разберам утринското умирање. Ноќ е. Црна мугра е. Ни светло, ни звук, а јас упорно во темницата ги слушам високите морски шлапови кои ми се присторува дека ќе ме однесат со сè шатор. Нема збор. Молчи зборот и збира лоши болештини во празнотијата на камењарот.

Избувлив, немирно живнувам во ноќите. Нема нежен збор, како да се срушени грубостите на светот, и не можам да видам и незнам каде да се фатам. Молчат и моите раце, како да се предавам на смртта, а една мисла, незрела, не умна: “Кој ќе ми ја напише посмртницата? И дали верно ќе гласи… наодот?!”

Во ноќта, при првиот морничав и немирен сон, истоштен заспивав со секнато офкање. Ете, си велам животот бил најголемо чудо во таквите времиња. Во мигот кога ќе помислев дека нешто сум научил за животот, во тој исти миг требаше да го заборавам, оти сето тоа ми раѓаше уште поголема болка. Умирав, а животот поново желно ми се враќаше, но во некаква бескрајна и тивка празнина. Си ја спомнувам Кираца и нејзините долги руски плетенки,налик на млада пченица.Зората веќе беше ги прегнала своите црвени атови и од мислата ме раздели...

Ги затворав очите, ми се јавуваа разни мисли. Каде е границата на срамот и гревот што ми го направи овој човек? Од каде таков насобран бес во него? Студенило ме облива и од гради ми корне од последните желби што многу тешки ми доаѓаа. Ме обли накаков човечки срам. Сега сум човек со уништен живот, уништена иднината.

Ама, ќе пукнам од мака… Боже, боже! Каква несреќа! Срцето ми треперeше и долго, долго размислував како ќе ѝ кажам на мојата љубена Кираца, која ме чека долги години да го зголемиме родот наш.

Свирачот замолкна огорчен. Ме натажи. Видов: солзи му навираат во очите. Со тешка болка ми продолжи:

"Ми остануваа уште само неколку месеци да бидам на островот и потоа да се вратам и да го продолжиме семејниот живот во родниот Костур со мојата љубена Кираца, и синчето Дончо..."

Се замисли за миг, несвесно погледна во својот полов дел, ама лузните веќе не се гледаа. Следеше долга тишина. Се гледавме во очи, без да проговориме ни збор.

Во еден миг, младиот војвода Крсте Крапов, ми вели: Никогаш не може човек да знае и да го сфати каков беше животот на тој пусти остров Анафи. Всушност, ако не го преживее самиот. Многу е тешко, тоа што го доживеав таму и самиот да го објаснам. Летата беа не подносливи. Но и зимите беа ужасни: студот ни ги штипеше образите, им ја затегнуваше кожата, ни ги глодаше ушите. Секој чекор беше смртоносен, ако нагазиш на подзамрзнат камен.

Од тој пекол не може човек сè да запамти. Има и такви моменти кои просто не сакам ни да ги споменам зашто... Мојот живот беше толку безначаен што едвам и дека мислев на него, па сепак помислата на исчезнувањето на друг начин, ме правеше бесмислен...

Долго ми раскажуваше за логорскиот живот: за тоа дека од тогаш никој не му се доближи, со никого не се сврзал, никој не сакаше и не бил способен својот живот да го дели со него. Но, откако ја изгубил и својата љубена Кираца, сега честопати го опкружува воздухот на осаменоста. Некоја нема атмосвера. Животот тече околу него, а тој се чувствува немоќен да воспостави контакт и никаква желба и копнеж не можеа да му помогнат. Тоа беше еден од најважните белези на неговиот живот.

Цело време седам скаменет, како статуа, и не можем да им поверувам сопствени очи и уши? По две и пол децении - случајни средби без ниту еден разменет збор во мојот преубав Костур да ги слушам најубавите македонски песни од стариот

инструмент на моите предци, а и да ги чујам најболните сеќавање од човекот кој умираше за Костур и Македонија.

Како во бунило почнуват да ги враќам моите младешки спомени. Помнењето, фала му на бога, уште добро ме држи, и ние разговаравме до полнок, па дури и се напивме.

Непријатен молк.

А тој тажно и ладно ме гледа со своите избледени, граорести очи и ми вели:

Вие, можеби не се сеќавате на тие денови?

Чудно е тоа што боли…

Ех, мој пријателе, си се вратил на корените - ДОМА,кај спомените што најмногу болат. Значи; потомците почнаа да се враќаат ДОМА.

Костурчани се луѓе со затворено срце, опседнати со себе и своето семејство, скептични кон светлата иднина и оттаму имуни на грозоморните изненадувања. Војните од 1940 - 1949 година: Втората светска војна и Граѓанската војна не не заобиколија, туку не распарчија. Сега не веруваме во "големите вистини" ниту во "големите луѓе". Повеќе, никој никому не би требало да му ја продава тезата за "братство и единство", туку за почитување на разликите. Додека сме живи ние напатените, нема Грците да ги сметаме за "браќа".

Да, нашиот роден град Костур е град кој остави многу човечки судбинини отворени. И пак замолча.

Тој полека ја подигна главата, како што тоа го прават луѓето кога ќе почувствуваат дека некој ги следи, погледа наокулу и во мене. Му возвратив полека на погледот и си реков во себе: "О, Исусе, какво понижување!"

Ми го кажа она што најмалку не очекував да го чујам. Во грлото нешто го стегна, па едвај изусти.

Јаска се викам Крсто Крапов. Бев најмладиот комитски војвода. Татко ми Доне Крапов е закопан во братојадската гробница, а по лошата вест, на мајка ми Вана Крапова ѝ се распарчи срцето. Ниту знам каде е ниту, кој ја закопа. Сега, за тоа време никој ништо не кажува.

Ние Македонците во тие години - од кога дојде Гркот, не мислевме на проблемите што ни се чинеа далечни, сега сме полни со грижи кога не јавнаа маките нанесени од прогоните, ги чувствуваме многу болно и станаа сè по нерешливи.

Но, сега по малку ми треперат рацете додека мислам на сето тоа. Да, јас од Краповото семе, а името Крапов, прадедо ми Григор, бил рибар и фаќал големи крапови, костурски прочуени риби. Така го завикале уште Турците и многу го почитувале…

Сега живем сам. Наполно сам. Останав без род, а тоа е најнечовечка казна… Никогаш никому не му зборувам. Не примам ништо. Не давам ништо. Живеам, но не сакам да си го намнисувам минатото.

Ги рашири дланките и прстите. Почна да си ги истегнуваше образите, истуркувајќи ги борите од челото, ги затегнуваше очните капаците од избледените очи, а јас чувствував наплив на емоции: возбудува, восхитува за ради тоа, што се сретнав токму со таков човек, кој ќе ми го раскаже минатото без неметливост, сосема искрено!

И ден - денес не можам да си простан, зошто го прашав:

- Дали некогаш си се обидел да се самоубиеш за време на суровите преживувања на островот?

Ми одговори восторжено, со некаков војнички став:

Не! Никогаш! Љубовта за мене ми остана како бескраен сон, недоглед од многу сложени виножитни бои. Таа ми припаѓаше само мене, а ние на својот народ, на овој костурски род…

Како занесен, почнав да ги толкувам неговите зборови. Се вратив во реалноста. Тој замолча. Го чекаше мојот одговор. Се почувствува разочаран. Жал ми е… Ова е веќе премногу што го чув. И му реков: “Минатото не зближи!”.Тој го постави показалецот на слепоочницата и ми рече:

Костур наш, како да бил дарууван од бога - да биде светилка на комитскиот пат… Тој духовен извор и виор, исконски и библиски опстојувал, се ѕидал и градел од нашите предци, а сега е туѓ, им го утуѓиме…

И ден-денес ме јади јанѕа, како и зошто дозволивме да ни го организираат братојадството!?

Тугинците ни ги организираа духовите на поделбата и не поделија на компромисни (Еласити, Комунисти) и безкомпромисни Македонци (сите родољбци-чеда на Илинденските комити).

Страшно бевме заљубени во робството… И, сега, таквите навраќања, ми го згрутчуваа умот…

Костур и Костурските села личеа на една опожарена шума, каде македонските Еласити, Комунисти бегале од огнот барајќи спас во армијата на Тито, додека комитите го бранеа Костур и Костурските села. Македонските Еласити и комунисти, сепак и понатаму глумеа интернационалисти, често ги напаѓаа комитите паради националисти и им ги опожарува нимните к’шти.

А тоа ме потсетува на приказната: “Кога од големиот пожар бегале големите и силни ѕверки, само малото колибри, со малку водичка во клунчето летало токму кон шумата. На опомените на попаметните” дека е лудост тоа што го прави, дека обидот е залуден и невозможен, птичката одговорила дека го прави токму тоа што е реално - ни помалку ни повеќе, туку токму она што треба, сака и може да го стори за да ја запре несреќата што се прави над Костурчани. А тоа го правеа и Комитите и останаа сами да го бранат Костур. Да, токму така и со нашите Македонци - Еласити и Комунисти, но има и такви кои не сакат

да си признаат дека со напуштање на родното место не се брани татковина.

По нивното напуштање, остануваат многу отворени прашања за македонската историја!? Тоа беше време, како што велеше дедо ми, кога: “На мудриот повеќе му користат непријателите отколку на лудиот пријателите.”

Го гледам како се згрчува и од внатре го јаде некаква јанѕа, а кај мене рој од прашања:

Зошто мислиме дека порано луѓето биле посреќни, а животот по едноставен, зошто постојано правиме реминисценции за добрите ввремиња? Зошто со тага ги разгледуваме старите фотографии и ги слушаме со восхит подвизите на нашите предци. Дали сакаме да промениме нешто од нашето минато!?

Значи, тоа беше време кое: животот на Македонците, посебно на костурчани им беше исполнет со гнев и со неизвесност. Кога се вратив во Костур- дома во овоа свето место, најдов еден изурнат живот, а оставив убава жена и дете кои ги носев длабоко закопани во моето срце, како најголемо богатсто.

Дедо ми велеше: “Не разделија и не поделија и ете денес, од секого ќе слушнеш глупави мисли и разни Богохулења, но мудриот костурчанец треба да ги премолчува и да си го чува огништето, а во него ќе има вечна топлина…”

Му велам: - Ти си искрен човек…

Тој, нестрпливо ми вели:

“Јас сум Комита и ја кажувам вистината, ако навистина бев дволичен, мислиш дека ќе го носев баш ова лице?”

Ние Костурчаните, го изгубивме Костур за не цели десет години од 1940 до 1949 година, затоа што не постапивме мудро и одговорно, токму во тие судбоносни години се поделивме на Комити и Еласити и станавме луѓе без мерка спрема самите себеси; плашливи, предизвикувачи на неред, делувавме сурово,

а требаше одамна, еднаш за секогаш, да се отргневме од нашето поданство и од тугинците да ни го наметнуваат својот начин на стратегија и визија како безалтернативен избор… Тугинците, не проценија дека им ги прифаќаме лагите, дека сме милосливи спрема нив, а тие сè повеќе со таквите лаги, нè хранеа и не силее во нашето братојадство… Тие ја сакаа Македонија без Македонците. Така веле андартите кога дојдоа 1903 година.

Го прашав:

Кажи ми ја вистината; какви луѓе беа Комитите?

Се двоумеше. Тажно и како жарчиња му гледаа очите. Тишината беше долга како вечност, но тој ја прекина и ми рече:

"Слушај земјак, ако сме искрени и јасни пред идните генарации, треба конечно да создадеме здрав и отворен повик, со кој ќе ги објасниме нашите корени дека се тука, во ова Костурска земја и дека тие треба да го добијат заслуженото право да се вратат на огништата од своите предци и да престанат да живеат по светот разочарани и гневни со болни спомени. Да го барат своето некаде далеку од оваа наша одземена македонска земја. Тоа ќе биде најтешкиот наш испит, но потомците треба да се вратат ДОМА! Тоа наше прогонство, беше еден планиран хаос, уреден на лажни вредности, паднат морал, духовна сиромаштија, загубени илузии и изневерени наши македонски идеали. Ме прашуваш, кои луѓе биле Комитите?

Сега ќе морам за сè да раскажам. од самиот почеток, да се разбудат многу стари, поминати времиња. Во такви болни и трогателни средби се сè оживува.

Комитите беа луѓе кои се решиле да се исправат пред своите стравови, сомнежи, прогони и немири, со својата храброст да го трасираат и изодат патот кон слободата и да бидат самостоини режисери на сопствениот живод. Ние, македонските Комити, по се изгледа дека сме биле со родољубива визија, сме биле во вистинската борба за прв пат во историјата и затоа владетелите, по поделбата на Македонија најжестоко посакуваа да не

уништат, а тоа го сторија од како ни го организираа братојадството.

Разменувавме погледи и наеднаш. Чувствуват чудна непријатност. Неговиот гнев беше неизмерен. Ме загледаше во очи, рече:

Комитите беа бунтовници, луѓе што размислуваа со своја глава. Тие никогаш и не помислуваа да го напуштат Костур. Имаа доблест и храброст- гласно да го кажат тоа што го мислат: Костур е наш! Македонија е наша татковина. Ние, нема по светот да најдеме друга Македонија или Костур, тие се наша татковина на домородците! Тие дискутираа за идеи во интерес на Македонците. Македонските комунисти дискутираа за настани, а малите умови еласитите (поданиците), дискутираа за луѓето: кој е кој и на кого му е поданик.

Со своите очи ги гледав кога марширааа комитските чети. Костурчани плачеа, кликаа над секој свој успех, оти тоа го заслужуваа, оти им следуваше, оти заслужуваа, оти ние Македонците, таа можност не сме ја имале, за да го направиме тоа порано.

Да, уште повнимателно слушаа и гледаа во четите. Во тие времиња омразата на Каравангелис и Метаксовците што ги разделуваа Костурчани на “гркомани и паљовулгари”, сега веќе значително беше згасната, а луѓето одеа со повисоко кранати глави, од кога и да е порано.

Секој извикуваше: Тука сме! Да ја видиме македонската војска. Горди сме за тоа што им припаѓаме!

Костур одекнуваше, биеја камбаните од сите цркви, сиот народ; Македонци, Евреи, Власи и другите и сите беа на улица. Само гркоманите ѕиркаа од прозоците уплашени од тропотот на македонското марширание.

Како да е сега, во овој миг пред очи ми се, да минуваат низ улицата до плотадот.

Потоа следеше говорот на Паскал Добролиски, Васил Мањатски, Пандо Четирски, Лука Дреновски, Бај Кољо и други, началници на Главниот Штаб.

Во тоа време, вистинска реткост беше да се види македонска војска, дури по Илинден, кога беа построени од Чакаларов, Пандо Кљашев, Лазар Поптрајков, Митре Влаот, а сега ги гледаш разјарени, радосни и горди, а не како до сега што служеле војници во туги војски и под туѓо знаме, а и под туѓи наредби, и како марионети играме влечени од офицерите на окупаторот.

А насобраниот народ викаше:

“Овде сме! Оваа е Македонија! Ние сме најстароседелци на оваа грутка земја” Тоа треба да го знае секој поробувач... Сè е вистина! Македонците маршираа со кренати глави во родниот Костур. Ние, сме стоопани на оваа земја, а Грците окупатори на оваа земја, а укупатот без свои народ е ништо. Тој неможе да пушти ни корен ни плод без свои корени. Факт е:дека во Македонија си донесоа свои луѓе дури од Понтија, за да му покажат на светот дека тука има Грци!

Војводите извикуваа:

Прв зеде збор Добролиски. Тој громко извика: Ова е голем ден за Македонија. Денес е Илинден и е ден на иднината, за афирмација на македонското национално битие! Непријатели наши: помирете се со тоа! Дојде часот кога мора да им се рече доста! - на сите црни банди, дојдени од џенемот да сеат смрт по нашите села за освојување на Македонија.

Ние, ќе го браниме Костур до смрт! Во овој миг сме сплотени сите Костурчани во едно тело, и нашето срце чука како едно - за Македонија! И за нашиот роден град КОСТУР.

Крсто Крапов, ја изјари главата како стар воин и ми вели: “Тоа што го направија костурските комити, долго ќе го паметат генерациите. Тие беа храбри и горди синови на Македонија. Тие останаа верни на своите Илинденци; татковци и дедовци.

Мојот народ беше неписмен на својот мајчин јазик. Не затоа што беше заостанат, туку затоа што нему се даваше можност да го учи соето писмо и да пишува на македонски. Но, нашата усна традиција никогаш и никакви војски не успеале да ја сотрат. Морничавите тажачки, на македонските мајки, денес одекнуваат до небото, од радост. А ние децата растевме со песните за аргатувањето, војните, љубовта и печалбата. Немало Костурчанец, било каде и да е; да не ја запее и заигра песната, која му врие во крвта:

Мори чупи костурчанки,
Раширете го орото,
Раширете го орото,
Да ви виме фустаните,
Да ви виме фустаните,
Чиј е фустан дамкалија
Чиј е фустан дамкалија,
Да се стора севдалија…
По фустанот на чупчето…

Стариот Крапов се возбуди, потпевнувајќи ја песната. Вените на челото и вратовените му набабреа како да сакаше сѐ она насобрано со години во себе, да го исцеди.

Од искрена почит кон него, ми доаѓаше да извикам: “Свирачу што ќе пиеш!...” Во себеси си велам: “О, Исусе, се чувствувам изненадно и некакво олеснување.”

Не знам дали да летнам од среќа. Ништо не било уништено, песната наша ечи во мојот роден Костур.

Следеше тишина. Но во него, некаков немир пак почна да раскажува:

Си намнисувам на маките што ги минав на островите; на сѐ. Моите најубави години ги поминав на тие пусти острови, далеку од родниот Костур, љубената (Кира) Кираца и моето синче Дончо.

Си намнисувам на последните зборови од Кираца. Ми ја стискаше раката и последните зборови ѝ беа: Крсто останувaш сам… Барај го синчето… Таков аманет ми остави. Кога ја прашав Кираца: Колку години ме чекаш? Имав да ѝ кажам уште неколку збора, ама останаа во мене, не можев...

Таа, насолзена ми одговори: Триесет шест години , пет месеци и 12 дена…

“Сега ја нема. Патетичноста, често ме наведува на разговор со болката, со сетилата и немирите на тивките пулсеви и тактови, на говорот и мислењето. Хоризонтите на тие чести замисли се невидливи, недофатни, далечни. Таа беше силна жена!”

Мислам дека таква несреќа  ни била на сите Македонци; целата вечност зјапаме во голите острови и по туѓите земји. Срцето ми чука во ушите. Си спомнувам низ времето на бизарниот нагон на смеење. Веднаш потоа добивав патетична желба да плачам.

Ах, тој пес, требаше пред да се вратам, не да го убијам, туку да го плукнам, тоа сега ме мачи зашто толку многу се гадам кога си го спомнувам! Подобро, од островот да не се враќав жив…

Спомнувајќи си го здивот и далгите на езерото наше, на Костурските рибари и на волшебниот игровит кавал, на живописот и залезот на сонцето и миризот од прженит крап, и сега ми исцедува солза... кога си ја намнисував љубената Кираца и си потпевнувам песната:

Си зањубив едно моме костурчанче…

Ох, аман, аман…

Падна моме се разболе
Бело лице потемнело, ох, аман, аман…
Црни очи затворило… ох, аман, аман…

Го загледав како срона солза. Се уверив дека солзите се најдобри преведувачи на нашите длабоко скриени чувства.

Тој се исправи, ги избриша солзите ги протри очите, ги собра усните како да сака да крикне и рече:

“Што ли сум му направил на господ Бог, за да ме заколни толку лошо… По добро ќе беше тој ѕвер; да ми ја одземаше душата!”

Беше тоа еднакво на чудо. Како да му попуштил синџирот со кој му бил врзан јазикот, тој прозборе во бујца од грлести тонови и блик од солзи:

Грчиштата ми го уништија семето. Ми го лишија правото да можам да имам потомок, да бидам дел од мојот народ, од човечкиот род во иднина. Тоа во суштина им беше целта, да не убијат сите домордци. Ме убиле  на најподол начин, само душата моја, за сѐто тоа знае…

Со години на островот, но и по враќањето дома во Костур, долги години ми се повторуваше истиот сон кој еднаш го сонував на островот, тогаш: Толку се уплашив без точно да знам- зошто и од што да се плашам. И, така си седев во шаторов неподвижен, скаменет, без живот, без душа, не знаејќи ни кај да погледам, ни накај да се помрднам... Го сонував со години, човекот што ме скопи... рече воздбудено и болно и продолжи:

“Од тогаш, сѐ до денес катаденувам со мисла и надежта дека еден ден, мојот род ќе им се одмазди за сето нанесено зло на овој мој род... Но, за тоа родот наш, ниту говори, ниту му кажува на светот”…

Така повторуваше Крсто Крапов и гледаше во мене скомросан, со избледените очи.

Во себеси си велам: таквиот човек што чува тајни почнува да се чувствува изолиран и незаштитен од никого па кај него се формира убедување дека било која власт е загрозувачки фактор за неговиот живот.

Ме опули охрабрено и ми вели:

Јас никогаш не сум бил од оние што сешто кријат во себе, па потоа, се полни со омраза, бес и немоќ. Кога имав нешто да кажам, кажував. Кога немав што да кажам, молчев. Но, кај нас, Костурчани, се појави една одлика; се поделивме на Комити и Комунисти (луѓе - заљубени во ропството). Такви не имаше во Костур, во Америка, Австралија и Канада, во Ташкент и Европа, најмногу не има во Белград, Софија, Атина… Никогаш не можеше некој да не мрази толку, колку што ние можевме да се мразиме самите себе. Па дури и кога гледаме дека таа самоомраза има разурнувачки последици по нас, ние продолжуваме да се мразиме, и не застануваме на тоа, туку ги повикуваме и другите кои ни се пријатели по идеолошка линија; да ни се придружат, и да ни помогнат заедно да го мразиме својот по род, сè додека постои нешто што уште може да се мрази. Како Комити или како Комунисти… Тоа, добро го научивме од Костурскиот владика Каравангелис. Тоа го правевме свесно иаку знаевме од предците дека Турците тука биле пет века во Македонија, немале време за таква ука да ни дадат, а господовото чедо крвникот Каравангелис, набрзо не оспособи за таквото братојадство… И, на крај не прекрстија и ни дадоа ново име и презиме, па тоа не натера и самите да се заборавивме и да војуваме против вековното наследство и својата судбина и од кој прадедо и дедо ни беше семето…

Стресот на Македонецот од грчките сурови закони,катадневно и непрестајно надвиснуваше како воденичарски камен, смачкуваше цели семејства и со години не изгонува од своите прадедови огништа. Прогонети во туѓина,сенката на осаменоста ги следи,ги уништуава.

Ете, тоа не снајде од кога не окупира ГРКОТ!

Гласот му стануваше сè по продорен и низ тие мисли му истекуваа болките; низ видливото и невидливото време, но тоа не го прави само да си ја олесни душата, туку во него нешто не откриено вриеше, се бунтуваше и сакаше многу да му каже на светот…

Очите му беа чудни, а многу светли, како две бистри изворчиња.

Стојам и слушам; нанижани патила од пред повеќе од половина век. Навистина, тешко се издржува кога се молчи. Особено за некои многу важни  историски мигови, кои по желбата на тугинците сме ги премолчивме низ нашата историја. И си намнисувам, кога дедо ми велеше: Еднаш за секогаш треба да се победи стравот, а победата над стравот е почеток на мудроста…

Колку сум задоцнил?

Сведнав глава. Каква и да е неговата приказна, ми беше многу жал за него: така заборавив на моите проблеми. Да! Но, зарем само јас? Зарем само Костурчани!?

Но, ипак и по половина век, човек може да ја сфати несреќата само до извесен степен. Кога ќе го помине тој степен, (а ние одамна го минавме), несреќата го уништува човекот (му ги уништува прадедовите корени) или го остава рамнодушен, односно ќе стане рамнодушен како нас Костурчани.

Тоа беше време, кога љубовта беше толку кратка, а заборавот е толку бескраен, време кое Грците; не тераа да ја преферираме лагата пред вистината.

А Можеби, и за тоа што ништо не е потешко да се зборува за своите патила… Кога го загледав, видов колку е јадосан.

Се запрашав, дали е чесно да се предизвикува страдање на други, дури и кога човековите најдлабоки желби неизбежно водат кон тоа?

Не забележав дека во моите очи, имаше солзи додека го слушав.

Тој, одмавна со рака, ме опули жаловито и ми дообјасни, додека гласот му се прекинуваше и ми рече: “Плачи, испразни го отровот од душата и остави му ја намерата да го дојадува цел живот...”

На крајот нема да ги паметиме навредите од непријателите, туку повеќе ме нагризува: тишината од нашите браќа Костурчани и сите Македонци кои свиле гнездо по светот и си го оттугиле родниот крај, но и сите ние судбински кои си останавме тука, да опстоиме на татковинското…

Но, најмногу страдаат оние, а ќе страдаат - сѐ до гроба, сите оние што се далеку од оваа прататкова земја, кој во младешките години оставиле дел од љубовта тука. Кога пролетта беше време на љубов, а на среќните беќари цел живот им беше умот во пролетта.

Сега, на сите преживеани, во нивната осаменост и носталгија; љубовта вечно им гори во душата и посакуваат да ја запеат најпеаната песна што ја пееле костурските лепи чупи и заљубените беќари: Твоите очи Лено мори…

Од толпата се слушна глас на расположени Костурчани:

О Крсто! Ајде да ја викнеме онаа нашчата.

КРЕНА МАРТИНАТА

Крена мартината, мори мамо, фати планината.
Тана- на- на- на- на, танана- на-на, ојду на Локвата.
Таму се собрале, мори мамо, от пет села деци,
ај от пет села деци, мила мамо, от три села чупи.
Чупите д'мбенски и чупите смрдецки не се теку лепи,
Гласо му се крена, мори мила мамо, многу на далеку, до Солуна града.
Лепите деци, мамо мори.
Енаш те опулве, мори мила мамо и те опијанве.
Ај енаш шом запее, мила мамо, умо ти го креве.

Сите, беа фатени на орото и продолжија до длабоката ноќ со песната, која ечеше до Вичо планина:

Шчо си толку Лено мори, гајлелија…

## Втора глава

Величествените панорами на Костур.

(Ене оттуа шчо убао се глендат прадедовите огништа, а ги пулис откарши лепите дрвени чардаци? Кеку лепо е да глендаш на кај нив и да се ендриш, како на нешчо свое шчо го миљваш..., - ми рече и  седна до мене, Крсто Крапов.)

1. Утрото осамна и блесна сета убавина на Костурското езеро, која го одзема здивот. Костурската зора е тврдо сива и бурна. Доаѓа ненадејно и тоа некако од небото. Како дожд, како плисок светлина, а можеби ми се причинува така од моите насолзени очи. Незнам. Секое утро се нурнувам во понесоницата. Одам по старините цркви и барам траги од предците, тие биле побожни, кротки и необично трудољубиви луѓе, кои му служеле на Бога. Одам по нивните стапки и ги чувствувам; им ја мерам големината и стројноста нивна. Домот наш нема врата, нема прозорец, поплочената патека сега густо затревена, само куп рушевини под голото небо. Некогаш, тука се пиело вино, а и улиците остареа без деца.

Боже! Колку сум вљубен во домот на моите предци! Ете во овој двор мајка ми, со баба ми Јанка ме исчуваа. Мајка ми умре во Полска и таму е закопана, а баба ми Јанка тука во Костур умре, но гробот не ѝ го знам…? Гробовите не им ги знам, ниту на мајка, ни на татко. Тој погина на Италјанскиот фронт, за интересите на грчкиот цар.

Без да се воздржам, ми паднува солза, по неа и друга…, а во мене мислата ме притиска и боли, ако не кажам дека во оваа куќа, дедо ми раскажуваше за Илинденците, за нашата гордост.

Тука играв и растев. Ене го староро дрво; дуњата - мирисот на детството. Кога се родив, тука баба ми  ја има закапоно мојата папочната врка, под корените на овоа разгрането дрво, а сега стојам како “Тугинец во својата земја”, несум на своето, туку само вејќа на ветрот и уште разбеснети силни бури ме бијат, ме одвејуваат на сите страни… Стојам окован пред урнатините на мојата дома, која ја напуштив во мачна прелага, се борам,

пребаравам низ ова жестока казна, а за сè носам удрен печат на моите коски и се уште талкам по светот… Тука сите мои спомени се изгорен.

Оттука, во една темнина, Маркосовите партизани насилно ме мобилизираа и не ми дозволија да се збогувам, заминав без збогум… Плачот на моите блиски, со години вие сè по засилено по мене. Ме занемува, опулот ми згаснува… Сега, сега!?

Ме бодна чудна болка. Јас веќе се разнишав, чекорот го измешав и се фатив за ѕидините. Ми надојде лошо. Вистинита е сурова, вистина е дека сум во татковиот двор; вистината е човечки принцип кога ќе се сретнеш со она што ти припаѓа. Господе, дајми трпење! Сега не ми припаѓа ништо, само болката, само спомените и пепелта. Ама…?!

Костурчани велат: Од кај ќе се напиеш првпат вода, таму ти останува душата...

Ех, од љубовта и од надежта за средба со своето, не се бега…

* * *

Првото прашање што му го упатив на Крапов е:

- Има ли историски докази дека Костур до грчката окупација во 1912-1913 година бил грчки!?

Крсто Крапов, застана простум, ја крена раката и ја движеше по работ на крајните контури на градот Костур, и ми објаснува дел од нашата забранета историја:

Костур е еден од најубавите градови во Македонија, сега под Грчка власт, град со својата спокојна и идилична природа, но и со најбогатата и долгата историја.

Костур е град, кој има византиска архитектура и со голем број на византиски и повизантиски знаменитости, односно и најмногу остатоци од изградбата на нашиот голем силен цар Самоил.

Да, ние сме Самоилови наследници. Дури тоа го покажува нашиот лик. Речиси и да не постои сериозен научник што не верува во процветот на Самоилоото  царство. Пот ми се слева низ сите дамари, кога слушам Костур бил грчки, а сега, дури и колонистите удавени во пропагандата; велат дека биле потомци на Цар Самоила и сега од Карамани (Пондии) кои, се декларираат како Македонци!?

ЕДНОВЕКОВНО МОЛЧЕЊЕ ОД КОГА ДОЈДЕ ГРКОТ. (1913 - 2013)

Неистражениот живот не е за живеење.
Сократ (антички филозоф)

Како и зошто во окупираниот дел на Македонија, грчката држава го почна и спроведуваше цивилизацискиот конфликт?

Новата грчката власт, настојуваше од нас Македонците да го избрише чувството на припадност, а тоа е најбитното кај човекот за својот идентитет и припадноста кон македонскиот род.

Со доаѓањето на Гркот, нашиот мајчин македонски јазик строго се забрани, а цели 500 години под Турско робство не само што не се забрани и не се замени со турскиот, туку слободно се говореше.

Крапов, направи пречекор и возбуден, рече: Решен сум во очите на македонскиот народ да изјавам дека: Грците дојдоа во Македонија со својата: Национална држава, а накратко беше преставена како држва со  еден крал,една нација, една црква, еден јазик. Во Грција, воспоставувањето на држава - нација, од борбата за независност (1821-1829 г.) преку независноста, неколкуте територијални проширувања (од 1864 до 1947 г.) е надгледувана од големите сили. И не само што надгледувале туку големите сили и директно се мешале. Грците во создавањето на една нација, тежнееја да создадат: еднонационално образование религија, култура и наука.

Со новата грчка власт не само што се забрани, туку и се прогонуваше, се псуваше, клеветеше и понижуваше. Моралните и етичките вредности станаа под покровителство на грчката окупација. Се забранија секакви културни манифестации од македонската култура. Ни беа збранети песните, ората и сите обичај и со тоа се одеше на тотална асимилација и уништување на Македонскиот народ. Каков ужас!

Си велам: Бог да чува и да брани, што не снајде.

“Гледај”, рече Крапов.

Гледам дека ти си човек обземен од копнеж за родниот крај. За Костурчани велат се најпознати Христјани; со силна љубов, вера и надеж. Но, што се случи? Нашите национални обичај и белези беа забранети, и со сила ни беа натурени грчките. Строго ни беше забранета Костурската култура; празниците и свадбарските и погребните обреди. Ни беше наложено да се декларираме дека сме Грци и ни се издаваа токму такви документи.

Односно како што вели Милан Кундера: “За уништување на еден народ”:
Првиот чекор за уништиш еден народ, е да му го избришиш паметењето (меморијата). Да му го уништиш светото писмо и книгата. Неговата култура и историја. Потоа да ставиш некој, тугинец да му напише нови книги. Да им образува нова просвета и образовање, да им измисли една нова историја.

Не ке треба многу време за да почни тој народ да заборава кои беше и кога тој беше.

Останатиот свет околу него ќе го заборави уште по брзо, што сам ќе се заборави.”

Сето тоа беше на силните лудачки грчки напади за елиминирање на македонската култура и уништување на македонскиот народ.

Суштината на Грците им беше да не постои македонски народ со свое македонско стебло и своја македонска земја, туку полека да се пренесе македонскиот корен и семе, во грчко семејно стебло.

А, Крапов, бунтовен катаден се соочува со својот македонски идентитет, кој од кога дојде Гркот било табу тема: Оние луѓе кои најгласно зборуваат за неправдите и креваат врева дека светот би можел да биде подобро место за живење, само шепотат кога станува збор за македонското прашање", вели тој. Тоа навистина ме навредува.

Значи, на овој начин Грците сакаа да го одржуваат сознањето дека во Грција живеат само Грци по род. Таквиот грчки став; како крајна цел им е се до ден денс да го величат и зајакнат нивниот идентите и Грција да ја прогласат еднонационална држава во која живеат само Грци по род.

Ние Македонците, посебно по Втотарата светска војна не подлегнувајќи на невидениот геноциден грчки зафат, се одзвавме со: Браќа Македонци! Не смееме да мижиме кога човек на човека му ја пие крфта.

Ние Македонците, никогаш и не се сложивме да не погрчат, посебно, тоа го покажавме во Граѓанската војана (1945 - 1949). Но, ете и денес; сиот цивилизиран и умен свет знае дека: Митот за нацијата - држва одамна е надминат. А Грците си го тераат своето. Цели 70 години сме прогонети, ни се земени имотите и државјаството и не не признават како граѓани на Грција.

* * *

Крапов, сега по смирен, потстана од карпестиот камен и милозливо ме опули и рече:

"Незнам, дали знаеш, ама Костур е интернационален центар за обработка и преработка, производство и продажба на готово крзо и крзнени производи, прочуени "Костурско крзно" и кожни производи со многувековна традиција. Крзнарството во Костур беше најстариот занает и само Костурчани со султански

ферман имале право да бидат крзнари. Тука, Турците ги облекувале најуувавите жени во харемот и кога патувале за Истнабул, ја пренесувале најмодерната облека и ја преставувале културата на живеење во Балканот.

По Втората светска војна, голем дел од домородните жители се прогонети по светот. Сега многу ретко ќе стретнеш костурчанец, да ти призбори на костуски - Аре ти да не си од нашчите?

А жителите на Костур ги бие глас дека биле мошне традиционална заедница, силно приврзана за своите корени и со чист македонски говор, на локален дијалект - ести  с’ти зборвеа на костурки… и жените облечени во живописната и традиционалната облака, кои потсетуваа напрочуените убавици со - лепите лелеави коси, ести кај коприна. Тие, посебно чупите одушевуваа со својата суптилност и фасцинантност, дискретност и неупадливост, туку се однесува со видна срамежливост. Ги нема и тие луди беќаришта, кои ѕирака од чардаците и пенџерињата.

Сега никој не ме следи, не знам зошто?

Се чувствувам како дете и како што велеше дедо ми: “Кога децата ќе се истргнат, од прегратките на татковината и ќе појдат по една патека кон својот живот, човек тешко е да ги следиш, свадби веќе во родната куќа нема. Тие зад себе ќе остават пустош. Седни во дворот, затвориги очите и молиго дождот да ги испере солзите исплакани по нив и молчи. Ако некогаш навратиш да не се вознемируваш од спомените по нив.”

Одам по калдрмисаните улици, минувам низ тесните сокачиња, по стапките на моите предци, пред нивните домови, но сега наседнале тугинци Просфиги. Малку се настаните од моето детство што ги паметам; толку впечатливо и со иста емоција да можам и денес да ги прикажам, но во еден двор од старите наши комшии, една Маџирка од Смирни истопорена на налани ја спружи на долг сиџим својата пондииска облека во сите бои и нијанси што постоеле во нивниот роден крај и си потпевнува, а

јас незнам сега каде се прогонети тие наши, весели и добри соседи.

Живи ли се? Мртви ли се? Телото ми се собра од некаков грч што помина по мене.

Зачекорив со замислен поглед. Ги заборавив и не сакам ни да спомнам за животот прежен, а со денешниот живот не смогнав да се справам, да го покажам моето ЈАС. Плукам, живејќи како талкач. Не ме плени ничија лика како идол…

Животот ми мина: само барав, наоѓав и повторно се бдавав во збег. Плукам, кога ќе видам колку време манало и колку останало пред мене.

Тука во овој наш роден град Костур, не говорат на глас, човек треба сам да се чува…

Каква иронија, на Просфигите нашата земја им стана дом, а ние мораме да одиме на друго место да си најдеме дом. Нашата земја ја “исчистија” од нас…

Комунистите што не водеа во Граѓанската војна и храбреа со зборовите: “Ние сме борци и интернационалисти…”, не оставија по светот како вечни Талкачи, јас таа тајна нема да ја носам цел живот во мене. Не можам да издржам, велам. Не можам да живеам, со чувство на откорнатост од сѐ што мие познато и мило. Се чини, за миг вековите ми минаа покрај моите очи.

Крапов ме гледа зачудено, а јас продолжив:

Тоа секој Талкач го знае, но секој мора да го избие од својата глава, дека ние бевме жртви на македонските идеолошките активисти, велам.

* * *

КОСТУРЧАНИ ОД КА ДОЈДЕ ГРКОТ ЗАБОРАВИЈА ДА СЕ СМЕАТ ОД СРЦЕ

Небото над Костур, обрабено со облачност од старите планини полни со гробови од херои со ненапишана историја. Сѐ е немо, чиниш големите преселби понеле сѐ; екот на песната, екот на малихерката, благосовот на мајчинскиот збор по своето ченда и клетвите на вдовиците. Боже колку ни се расфрлени спомените, а тие болат...

Најубавите и најдобрите нешта на родниот Костур не можат да бидат видени или допрени. Тие мора да бидат почувствувани со срцето. Ама знам дека Костурчани беа горделиви со тоа што потекнуваа од Костур и Костурско. Но, ете, пулиш и глендаш од ка дојде Гркот, Костурчани заборавија да се смеат од срце, вели Карпов и продолжи; а баба ми Јанка, не знаеше грчки ама од мака шепотеше: Ете тука во грлото ми стој една грутка, јас голтам, а таа не оди надоле, да се ослободам...

Колку остаре градот, а малку знаеме колку е стар. Во пожолтените тефтери напишано е: “Костур распослан на полуостровот Горица”, на западниот дел на од брегот на езерото, на надморска висина 690 м и името го добил по латинското име на животното Бавар (Цацтог) кое имало најубаво крзно.

Во Турските тефтери пишува дека Костурчани биле од царската лоза на цар Самоил, кој тука во Македонија владеел по Византиското владење.

За историјата на градот Костур, има записи дури и од владеењето на Римјаните, но најконкретно е кажано за Византискиот период, во кој се вели: Градот Костур за прв пат се јавува независен и како национална самостојна македонска заедница, а тоа било некаде во далечната 990 година, кога Цар Самоил, го превзема Костур и градот останува под водство на Македонците се до 1385 година кога подпадна под турското робство од (1385 - 1913) година.

Турците за своето владење изградиле доста значајни објекти како што можат и денес да се забележат: “Големата Порта”, “Куле маало” и посебни турски населби.

Како трета поголема населба и работилница за обработка на крзно. Помеѓу овие населби биле изградени и турски гробишта. Турците се населиле повеќето кон месноста “Долчето”. Биле изградени школи (мекиер), три анови, покрај “Куршум” џамијата и неколку медреси.

Во тој период на време се појави и Еврејската заедница, некаде во 15 век и повеќето од нив биле трговци. Арни луѓе биле, итри, тие власт не сакаа, туку трговија и пари. Многу си го почитуваа семејството.

Во 18 век составот на населението било: 940 македонски семејства, 22 мусслимански и 93 еврејски. Градот броел околу 12,000 жители, од кои: 7,000 Македонци, 3,500 Турци и 1,500 Евреи.

Со турското население и со еврејското, познати се разменените со Лозанскиот договор, а со еврејското население во Втората светска војна од страна Хитлер, а со македонското - геноцид; познати се грчките геноцидни прогони во годините од (1940 - 1950).

Грчките власти во 1923 година, во Костур и Костурко доселија од Пондија (просвиги-Маџири) околу 27,796 лица, а низ цела Македонија под Грција околу 638,253 лица. Значи, целта им беше: да не постојат Македонците со свое стебло, туку македонскиот корен и семе, да се преобрази во грчко семејно стебло.

Во тој период на време е изменет етничкиот состав на Македонија, а тоа е првиот геноциден чин. А само како знаење низ цела Грција беа доселени околу 1,150,000 лица.

* * *

Гледано од височината на “Горица”, глетката на вечниот Костур е прекрасна.

Кога човек ќе се искачи на највисокиот врв на “Горица” здивнувајќи пред него се отвара најубавата глетка на костурското длабоко синило на езерото и тоа магично пленува. Во сините и бистри води поигруваа илјадници крапови, а над таквата убавина се и облаците кои пловат над езерото. Величествените панорами на природата го прават; посебен и омилен град… Од време навреме застануваме на врвот на ридот и ја набљудуваме шумата. Понекогаш мислиме дека е бесмртна како и планината. Сега ја гледаме како кревко семејство; растенијата, животните и птиците кои хармонично живеат во заедница. Кружниот пат долж брегот на полуостровот е невидена убавина за љубовџиите, со многу кафани и ресторанчиња, но на најубавите места се изградените многу цркви, повеќето постари од пред тука да стапне Гркот. Токму тукаа преноќувале и познатите војводи и комити - борци за ослободување на Македонија. Комитите оптстојуваа слоганот на Цар Самоил: Свој на свето! “а слоганот на Гркот е: Ја сакаме Македонија без Македонци”.

* * *

Кога ќе го свртиш грбот накај езерото, во Костур сѐ е надолнина. Улиците небаре се искачиле нагоре, куќите се изредиле една зад друга. Небаре се криеле една зад друга. Возвишенијата се претвараат во ридови, потоа во планини, сѐ до местото каде почнува палнината Вичо. А кога силниот ветрец го заплисне езерото, големите таласи се искачуваат до широките дворови. Сѐ до големите јавори, до под селото Апоскеп, до заедничката гробница на Илинденците.”

Крапов, се потстокми и со растреперен глас ми вели:

“На моите предци коренот им е од најреволуционерното село Апоскеп.

Се сврти накај Север и восхитувачки: Ене го кај се наоѓа! И е оддалечено 6 километри северно од Костур, а е на надморска висина од 840 м, во подножјето на планината Свети Илија”. Северно се граничи со селото Сетома и Сештево, а јужно се граничи со градот Костур и со селото Жупаништа. А источно со

селата Тиолишта, Кондораби, Фотиништа, и западно со селото Сливени.”

Во почетокот на дваесетиот век, селото Апоскеп броело 750 жители (само Македонци), со 120 домакинства со свои изградени куќи и беа поделени во две маала; источна и западна. Помеѓу двете маала извирал голем извор вода што се претпоставувало дека водата понирала од преспанското езеро. Селаните и денес паметат и на тој феномен дека водата од изворот во зиме била топла, а во лето студена. Тоа го нарекувале господов дар.

Селото е изградено на многу интересна локација, што потсетува на огромна дупка, заобиколена со бујна вегетација на околните планини и по токму по таквиот местоположај Турците го нарекле АПУС КУП (големо земјено грне). Спрема предањето, селото се создаде кога некој си од фамилијата Танаскови како воловар си ја изгубил својата крава и ја нашол во денешната положба на селото, но бил одушевен од богатото пасиште што го видел. Кога се вратил во селото во кое живееле доста далеку од ова место, тој и им кажал на своите дека нашол едно место многу убаво и богато со вода и пасиште. Одма им предложил токму таму да ги изградат своите куќи и како идно живеалиште било идеално за живеење а и многу плодно, бидејќи се наводнувало.

Повеќето од селаните се занимавале со сточарство, но и со одгледување на лозарство, и произведувале прочуено вино, кое покасно стана многу познато апоскепското грозје. Се повеќе го произведувале и го продавале во Костур, Лерин и дур до Кожани.

По создавањето на револуционерната организација ВМРО, со цел ослободување на македонскиот народ од Отоманската Автократија, во Апоскеп била формирана една првата организација која силно ги подржувала идејте на ВМРО. Првите организатори биле Лазо Луаров, Наум Фотев Божинов, Лазо Џинов, Дине Трупанов, Стојан Бакалов.

Местоположајот на Апоскеп се наоѓа на раскрсницата помеѓу трите реони на Костур кои беа организирани во ВМРО (Корештата, Пополе и Костенаријата и од таму требаше да поминат за во другите реони.

На 20 Јули 1903 година почна Востанието на Илинден и Востаниците Македонци и селаните од Апоскеп се најдоа на црквата Свети Илја која беше на самата планина. Токму тој ден пред повеќе од 300 востаници еден од војводите Стојан Бакалов одржа говор и ги повикуваше сите Македонци со зборовите:

"Браќа Македонци! Дојде денот што со години го чекаме. Земете ги пушките и боретесе за слоодата од турскиот јарем." Потоа се редеа со своите говори и: Ламбро Браов, Пандо Поповски и Танас Јоргов и во истиот момент се пријавија повеќе од 60 селани кои зедоа оружје и влегоа во редовите на комитските чети.

Малку подналутен ми вели: "И како шчо глендаш, туа нема Гарци. Нема нишчо гарцко. Тие гологасци од Мала Азија, ги донекоа, туа на готово, а нас Македонците не испашкае… До кога ќе мораме да ги докажуваме нашето име, презиме и дали сме Македонци? Може ли да се избрише нашчото минато, во овие села, па и токму туа во Костур како народ?"

Од дедо ми Дорчо, како шчо по дробно ми раскажуваше, сѐ паметам за нашчите дедовци и прадедовци и ништо не ми рече дека некој од нив бил некој друг, отсем Македонец.

Дедо Дорчо, паметам како денес да кажуваше дека Илинденското востание во Костурско тарело два и пол месеци и дека македонското население во Костурско масовно учествувало во големото Илинденско воцтание, давајќи најмногу борци во востанието, но и претрпувајќи најголеми страдања и загуби. За разлика од другите реони, каде што востаничките акции тареле само неколку дена или максимум две недели, во Костурско Илинденското востание траело близу три месеци, без да биде задушено, односно воените дејствија се прекинати на 14 септември, по заповед на Главниот востанички штаб. Значи, за разлика од акциите во крушево, на пример, каде

што востаниците претрпуваат пораз по десет дена и мора да прифатат капитулација, востаниците во Костурско воделе партизанска војна, која ја прекинуваат самите.

До 14 октомври, кога Главниот востанички штаб донесува решение за прекинување на воените дејства, борците учествуваат во 17 битки во кои 4,170 востници се судриле со 30,360 турски војници. Убиени и ранети се 83 востаници и 513 турски војници. До прекинот на борбите биле запалени 2,750 куќи, или околу дваесет и осум отсто од вкупниот број куќи во Костурско. Без свој дом останале 15,650 души, а животот го загубиле 413 луѓе. Убиени во одмазнички турски акции по селата.

Со тоа, Костурчани даваат најмасовен белег на Илинденското востание. Нивната борба траела најдолго и со најголем број жртви. Судбината на таа борба била таква што денес се речиси заборавени.

Турците, посебно; воените генерали, во нивното војување забележале и јасно го тврделе дека: До сега навикнавме да велиме дека Македонците Комити - Илинденци се борат како херои.

Сега ќе велиме: Херојте се борат како Македонците Комити.

## ЕДНОВЕКОВНО МОЛЧЕЊЕ

Но, сакам да ја објаснам човечноста по меѓу Турци и Грци:

Во селото Апоскеп во 1908 година по востанието на младотурците, е изградена заедничка гробница, за сите Македонски видни војводи, кои загинаа во Илинденското востание. Во таа заедничка гробница билее погребани најсветлите ликови; војводите: Васил Чакаларов, Пандо Шиндов, попот Герман Чиковски од селото Черешница и многу револуционери од Илинденското востание, ама и нивните роднини и други жртви.

Но, кога Грците ја окупираа Македонија (1913) наречени; Андартите и гркоманите ја отворија гробницата и им ги фрлаа коските низ нивите и ливадите, а гробницата ја наполниа со камења.Се радуваа и неартикулирано пееја:

"Го нема Чакаларов ја нема Македонија, го уништивме Чакаларов, а со него и сите Чакаларовци!"

Лицето на Крапов станува мрачно и чуствувам дека длабоко му е повредено. Огорченоста во неговиот глас е повеќе од јасна и ми вели: КАКОВ УЖАС!

Тој дне беше "Духоввден", празник на основањето на христијанската црква, а споменот на починатите е почит кон нивните души... Тоа е така кај сите Христјани.

Зарем тоа што го сторија андартите и гркоманите, нее уште една потврда за опасностите и последиците од национализмот и популизмот што се негува во Грција и доаѓа до степен брутално да ги навредува мртвите и да покажува непочитување на историјата? Зарем во таквиот чин можеш да очекуваш цивилизираност на грчкиот окупатор!?

Тешко голтам, чувствувајќи како гордоста ме боцка во грлото. Се свртив кон Крапов, а тој продолжи:

По востанието, почнаа од Грција да доаѓаат грчки Андарти (1) кои имаа задача да ја задушат организацијата ВМРО.

Херојството на овие чети е познато на далеку, но сакам да кажам една вистина за месноста наречена Сливени, а таму имаше голема заедничка гробница во која беа закопани повеќе членови на ВМРО, меѓу кој војводата Митре Влаот, Лазар Поптрајков, Петар Наумов од Апоскеп и многу други, односно околу 60 души. Гробницата на Илинденците, со гоелема гордост нашето семејство ја посетуваше и положуваше цвеќе.

Но нај болното се случи по окупаторската грчката власт во 1913 година кога оваа гробница на најгрозен начин и крвнички ја уништи и создаде гробници како на колачот Павлос Мелас

Микис Зезас (2), роден во Месалија Епир и ги тера Македонците да им се поклонуваат.

Уништувањето на гробницата на Илинденците, во која почиваа великаните на Македонија и сите други свети места, ја покажуваат вистината за варварството на грчката окупација која сакаше: сè да избрише од вековното наследство на македонскиот народ, а ние молчиме. Зошто, молчиме!? Зарем, ни доликува, да им се поклонуваме на џелатите!?

Но, најстрашниот период доаѓа кога диктаторот Метаксас (1936), повеќето селани од Апоскеп беа испратени на островите.

Сакам да истакнам и ова што се случи во грчко - италјанскиот фронт во кои како војници погинаа околу 36 млади селани бранејќи ги интресите на Грција. А тие војници беа: Панајот Мишајков, Спасо Бубев, Мичо Почев и други. Селото беше доста активно и во Граѓанската војна и тогаш даде огромен број жртви за слободата на Македонија, но никои не ги цени.

А заведувањето на македонските народни маси во таа Ѓраѓанска војна беше, чиста ДЕМАГОГИЈА.

Денес, Апоскеп е мирно село и многу гостоприество, многу од селаните се распрснати по светот и грчката власт не им дава право да се вратат, затоа што не биле грци по род.

Ете, јас откако се врати од островот; од тогаш наваму живеам со вината...

Додека ми раскажуваше, изразот на неговоро лице му станувашe се помрачно, неговите очи изгледаа потемни од пепелта...

* * *

Во неделните и празничните утра се огласуваа многубројните и прочуени костурски камбани.

Костур е (ми вели Крсто Крапов), како момче што те заведува со својата мистериозност и од кое не знаеш што да очекуваш.

Како изминува времето, вистинските костурчани се помалку ги има - изумреа некаде далеку со своите спомени. Ги нема...

Костур во 2011 година, како и повеќето други градови во Македонија под Грција, минаа низ значајни промени - сè помалку останувaат од старите традиции, што биле вековни, а многу мешавини од новите 27,796 доселеници (колонисти) просфиги (Маџири - Пондии) доселени од далечната Мала Азија по Балканските војни (1919 - 1922) година.

Тие, од тогаш сè доденес никнуваа во различни делови на градот и внесуваа сè што му беше туѓо на македонско - костурската култура и сега поинаку диши градот.

Во него, дел се крие вековната историја и голема мешавина од денешната модерност, дури има и по нешто донесено и од Мала - Азија. Човекот е како преселивите птици, носи, зема и го снемува...

Но, ние Костурчани треба да знаеме, дека под старите ѕидини се крие чудесната тајна токму во срцето на Костур се забетонирани многу храмови од нашите предци и нашата историја. Дел од тие храмови се обвиени со бујано зеленило или под урнатините лежат заборавени наши остатоци...

Пред да продолжи, Крапов размисли еден миг, потоа длабоко воздивна и рече:

Си намнисувам, во неделите и големите христјански празници, уште во утрината ѕунеа, се огласува многубројните прочуени Костурски камбани, лиени и донесени; од Русија и Украјна. Од звукот на камбаните, сега далечни за многу Костурачни, некаде вика, мами... Ах, тие наши браќа, колку се осамени, колку боледуваат за звукот на тие костурски камбани. Звукот, се враќа сè до голама Русија... А, осамената љубов на Костурчани, тиха и незабележлива, катадневно, понекого од родот убива...

Некои важни презници и обичаи на Костурчани, од Гркот, веќе се забранети и се забораваат. Повеќето костурски празници се темелат на Библијата и главно се или сезонски празници поврзани со различни жетви или, се поврзани со историските настани.

Како дете, мое омилено време во Костур беше Велигден. Тоагаш ме облекуваа баба Дора и мама Вана, во македонската руба што ми ја сошија за најомилен ден. Кога се кршевме со црвени јајца со пријателите и ги јадевме по долгиот пост од шест недели пред Велгден. Особено ми се допаѓаа свеките направени посебно за децата во форма на мали кошнички, кои беа лесни за држење. Да, Велигден беше бескрајно среќен период од годината, зашто се прославуваше нов почеток, надеж и величење на животот. На Велигден, народот се веселеше, си честитаа, се заљубуваа, се почитуваа... Ех, мој пријателе. Македонската култура во Костур умира и со неа умираме и ние. Тајната се крие во родот наш Македонски, во самите нас. Ние никогаш не се заколнавме дека ќе ја штитиме оваа наша прадедова земја... Само длабоките корени беа потврда на нашиот идентитет, а не бегање и пропагирање космополитизам.

Судбината на Македонија, не е само на Костур, е историска пред, сè на самите Македонци од овој дел на Македонија.

Не ми се веруваше дека сето овоа што го кажува. Стоев онемен и скокален, но видно вознемирен.

* * *

Слегувавме низ улиците по стрмните тротоари, лизгави, поплочени со полутркалести камчиња. Беше зајдисонце и чудно ја обои калдрмата со сите бои на виножитото, што кај човека се јавува силно чувство што го заплиснува и кога човек врви гази по калдермисаните улички, покрај езерото или околните брда. Воздухот е полн со музика, поезија и секакваа уметност.

Пред нашите очи се речиси сите езерски убавини. Куќите буквално се извишуваат една врз друга, навечер, ако се гледа од брегот на езерото, сето тоа изгледа како некоја огромна

новогодишна елка со илјадници светилки кои се огледуваат во позлатеното езеро. Месечината кога ќе се најде на врвот од полуостровот Горица, наликува на една голема огромна светилка што го зголемува сјајот на сите варосани куќи што ги красат и ги откриваат местата на љубовта и историјата на Костур.

Но сега во ова време ретко да има свој македонски заумен живот. Единствено што знаев за Костур и за Костурска гимназија, црквите и рибарниите со прочуениот крап, но Крсто.

Поминаа многу години откако последен пат го видов Костур. И тогаш беше стар и убав град, тоа неможеше да се скрие. Костур е мојата лична голема рана. Боли секое сеќавање за местото каде си пораснал. Секогаш тоа тие најубавото место на земјата. Но, на балканот како што велат ветераните: "Животот е здодевен кога нема борба…" и така секојпат ќе се најде некој кој има зла волја да ја крши историјата, за да ги оправда своите постапки. Ние во овие војни се исподеливме на херој и злосторноци, а сега, нѐ има по светот, само не на татковото огниште. Зошто тука не нема? И се прашувам: кој сум јас. Тука сум роден, тука имав таткова куќа, гробови; тука ми се уништени коските на моите предци… Зошто? Боже, Боже, што сме загубиле! Кои ли бевме? Кои сме?

Чудно чувство ме опива. Се разлева светлина над западниот дел од градот пред да изгрее сонцето. Сеотвараат прозоците, се тргаа ролетнте и се чувствува домашен топол здив и сладок вкус од бабини питулици.

Како да сум во детска лулка ме заспива. Гласно се смеам, како да сум опиен.

Проголтувам пролетна воздишка од мирисот на одмакедончените домови. Волшебно чувство, ме прави гласно викам и пцујам… Погледот ми го крадат доселениците во нашите домови. Срцето ми трепери, на лицето цветот ми овенува.

Боже! Пак ќе речам: Колку сум бил вљубен во домот на моите предци. Урнатините болат, опулот ми се заматува и морници и со морници ми опсипу телото. Куќата не е стара, ама е многу запуштена. Куќата е сре запуштена градина. На сите страни има испокршени садови, отпадоци, расрлна тули.

Ги шепотам сите мои предци и за секого посакувам да почива во мир.

Боже колку ги имало под рушевините од мојот род…

Така со години, секој прогон отвараше нова страница, нова патека по тугите друмови и походи на својата мечта и надеж. Време е нашиот народ да се разбуди. Во нашата Македонија да ги раскопа гробовите. Спите. Нашите мртви се неодмаздени, заборавени…. Кога ќе викнаат сите одеднаш, светот мора да чуе.

* * *

Пролетта во Костур почнуваше со разлевањето на реката Белица. Помина половината на април и долготрајната зима што постојано се навраќаше, најпосле попушти и токму тогаш се врати дома Крсто Крапов, но неговото враќањето по половина век, сè му беше како во сон.

Костур, како и секое друго место, има свој реален живот.

Улиците се празни, само моите чекори го разбиваат чувството дека времето застанало.

Костурчанките, сега по светот, повеќе умираат од тагување по широките дворови, оставени и населени од гологасци надојдени. Тие не умираат од тешките работи по фабриките на, туку само затоа што и ден и ноќ тагуваат по буините трендафили и Костурскиот босилок со опојниот мирис…

Седнати на еден ѕид и го слушам Крсто Крапов. Тој има убав и топол глас, но лицето му е згрчено, напрегнато и зло. Следеше долга напрегната пауза, наведна со омлитавено лице. Вриејки

од немоќен бес, ама неговите очи некаква неверојатна сила, чиниш му пламнаа, ми вели:

“Ех, мој пријателе, ние Македонците молчиме, како ништо лошо да се нема случено со нас.

Балканските војни, односно 1912 - 1913 години се години на погром, години на национална катастрофа, посебно за нас Костурчани, а ние молчиме пред светот дека Грција е невиден окупатор и дека сите акции и закони што ги донесе против нас Македонците се геноцидни, а ние Македонците во нашата историја не може да се најде зборот окупатор, туку дословно пишува: Во Балканските војни Македонија била поделена и дека нејзините делови биле анектирани”!?

Молчевме и преживувавме, слушајќи ги големите јавори пред влезот во Костур како шепотеа со божји глес, далгите како свила го минуваа костурското езеро и не заспиваа…

Пули вака како било; тоа го видов со моите очи. Со Андартите и со Комитите, како измислена мамка: во дамнешно минато некој убил некого од Илинденско семејство. Па некој од неговото семејство убил друг од другото. И така поред. Тука во Костур и костурско, секое поколение губело по неколку момчиња во тие одмазди. Или, со илјадници ќе притворат и ќе ги пратат на сувите острови, а знаеш дека илјадници таму ги имаат оставено коските за ништо лошо сторено, но само затоа што сме Македонци. Молчењето можеби навистина во такви ситуации е злато, ама ми се чини дека генерацискиот молк за за злото сторено од Гркот (Андартино) е потврда што не се најде Македонец гласно пред светот да каже што мисли: Што и зошто се правеле тие прогони со нас Македонците!?

Навистина по окупирањето на Македонија, кај Македонецот се измешаа три вида на патриотизам. Сите ја наведнавме главата, се помиривме со заменетото робство од турско во грчко, но се надевавме дека Грците се христијани и ќе бидат подобри од Турците… Јас си припомнувам, кога ги прашувавме нашите дедовци; зошто останале да живеат под грчкото робство, тие одговараа: “Ова е нашата татковина од памтивек, та и оваа

стихија ќе помине како и се што поминало, и турците беа, па си отидоа!”

Грчката окупациона власт тоа го оправдуваше и велеше: “Одвреме - навреме треба да се предизвикува страв кај оние кај кои разумот не помага; но, ни лутењето не е корисно.”

Едно е вистина дека, такви злосторства се преземаа особено спрема потомниците на Илинденските комити. Комитите беа борци за ослободување од турското робство, а сега во четириесеттите години сите тие луѓе се прогласени како борци против грчкото робство.

Постепено се појавуваа сѐ поголеми напади на видни македонски семејства, посакувајќи да ги деградират и ограбат. Ги повикуваа со погрдни зборови; извикувајќи: “Излези, илинденско куче!”

Нас Македонците не карактеризира длабокиот локален патриотизам. Селото е еден ентитет како што е и фамилијата и нивната полузависност која љубоморно ја чуваат. Оваа самодоверба и локална лојалност е природна последица на една наша променлива историја. Ние носиме длабоко вродено чувство, имено лојалноста кон духот на Македонија.

Таквиот македонски патриотизам дојде до израз на 5 март 1943 година во Костур е свикано собрание од 48 члена кои имало претставници од разни села. На истото собрание било решено да се оформи организација под името “МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ” за Костурско само за самоодбрана, во кој членувале повеќе од 54-60 села. Им било дозволено дури да се наоружат, бидејќи им требало да се заштитат во развластената Грција.

Такви собири биле организирани и во други градови. Сега сите тие потомци на Илинденците се обружаа и решија да се одбранат од сите досегашни злосторници и со тоа им се чинеше дека “македонските денови на ропството се завршени”.

Во тоа време најмногу луѓе отидоа комити а еласитите побрзаа да ги наклеветат и да ги наречат: “Фашисти”, “предавници”, “Охранити” и што е најгрдо да велат за нив. Потоа јавно на организирани митинзи држеа долги и политички говори, им се мешаа умиштата, тепаа, разбиваа дуќани и куќи. Комитите со кренати раце кон небото, го повикуваа народот во одбрана. Викаа: “Браќа, да се збратимиме! Браќа, да се сплотиме! Народе македонски, до кога ќе трпиш!” Тоа е наше исконско право да го браниме татковото огниште и својот народ, а не да бегаме. Господе, ги истрпивме Турците петсто години, сега ни ги донесе просфигите (маџирите), стопати полоши. Господе, душа немаме, душа си ни дал, луѓе сме до кога ќе треба да лееме македонска крв!? Напосле се изморија, видоа дека правдата задоцнува да дојде, затворите се полнеа со чесни костурски селани.

Ова не се кажува на добро, велеа старите и непомина време, се наоружаа комитите со едни долги италјански малихерки и повеќе не им даваа на Грците да влегуваат во селата. Влегуваа во дворои и имаа наврено неколку на штикови. Се создаде еден страв и повеќе ниту намислуваа да грабнат некоја жена или девојка. Така полека комитите си ја вратија среќата и животот во селата. И како се развиваа работите, почнаа да си упатуваат ужасни клетви и се повикуваа на борби за живот или смрт. После тоа народните пејачи одеа по имотните селани; се собираа во големите гостински соби и ги пееја со растегнатото пеење сите македонски песни и ора.

Се зборуваше дека просфигите (маџирите) им завидуваа токму на тие песни и ора, дури велеа дека токму таа завист беше една од најглавните причини да соберат голема војска и посакуваа да ги изгорат и да ги изгонат и да останат да господарат со сè то богатство што го нудеше оваа македонска земја.

* * *

Но, да му објасниш некому дека Македонците навикнале да се делат на два логора кои меѓусебно се мразат е невозможно. Комунистите лесно ветуваа светла иднина за сите, освен за

себе, што навистина во тој хаос мислеа дека се најербапи и дека само тие најдобро ќе се снајдат во тоја хаос.

Така поделените Македонци си го менуваат и името: Комунисти и Комити, ама омразата спрема комунистите си остана како да се со андартите - грчки, а комитите како - фашисти, но комитата си остана верник.

Дедо ми, кога слушна дека Македонците стана комунисти и со Грците комунисти "браќа", тој изрече една поговорка. "А бре овие нашчи дечки шчо се кажуваат комунисти, зарем не знаат дека не се влегва во иста вреќа со пес".

Велат дека несреќата никогаш не доаѓа сама. И така е како што велат. Си води таа со себе друшка некоја. Или друга несреќа, или пакост некоја, зло злокобно и страшно; за Македонците.

Кога Македонците, кои се декларираа како комунисти, грчката власт, почна и нив да ги прогонува и да ги клевети пред народот дека тие "комунистите се атеисти", тие се "неверници, безбожни" и ги затвараше и нив по затворите. Ние, Македонците се мразевме по неколку основи. Имено, "верник" во комунизмот беше нешто многу опасно, па дури има прогонети костурчани и живеат во тугина па и денеденес се мразат по таа идеолошка припадност. Па дури и во Граѓанската војна 1946 - 1949 година беше задолжително да бидеш атеист, а забрането да бидеш верник.

Омразата, беше наследена и сега се наследуваше од генерација во генерација, сè до ден - денес, дури и по прогонот, се мразиме. Чиниш гладни сме: за крв, за одмазда. Од одмазда. Крвта што се лееше во тоа време, се разделуваше со граници на непроодливи луѓе и семејства. Не можеше да се ожениш со девојка од спротивното семејство. Секаде е, а никогаш го немаше! Најмалку во душата на Костручанецот... Кој го донел злото!? Умот му го расплamтил и го направил братоубиец. Никој не се запрашал: КАДЕ ЗГРЕШИВ ЈАС?

Го гледам како сенки да му поминуваат пред очи, и раскажува, кажува такви патила, такви измами, такви потпикнати

измислени зла што кај Македонецот расколот му се загнездил длабоко во напатената душа.

* * *

Во тие години по поделата на Македонија, Македонецот чиниш се научи да манипулира и со моќта на говорот и со моќта на молчењето...

Крапов замолча со зборовите:

"Доста изнареков, утре не чека долг пат, одиме во посета на најголемата наша Братојадската гробница".

Боже, си велам, многукратно овој човек, судбината жестоко го имала згмечено и сега видов колку сето тоа го боли кога рече:

Од прикривањето на нашата историја, срам ме јади. Си ги прикриваме херојте и жртвите. Му ги славите дејанијата на колачите и им годиме со свечености, на сите оние кои дошле да не уништат. Стојме на ред пред споменициите нивни, со најубавиот мирислив - македонско Костурки трендафил. Од идеолошко и поданичко не знаење, срам да те изеде.

Е, јас сум таков. Никогаш не сум имал два профила. Но, се си има историска цена… Патот ги прегази коските на Македонците, кои гинеа за својата слобода…

Тие беа рожби на Македонија, на сите нас, ќе не печат како жива рана додека постоиме. Чуден е молкот наш. Молчиме да не ја засрамиме старата грчка цивилизација???

Повеќе од еден век: (Го изгубивме клучот за нашата научна иднина) и никој не се сетил да ја пронајде општата гробница и достоинствено да ги погреби коските на костурските комити уште од Чакаларовата чета, па се до Граѓанската војна, кои се расфрлени низ окупираната Македонија!

На секаде, каде не има по светот ги славиме Илинденците, а тоа се прави и во Република Македонија, а за сѐ што се прави со

години тука во окупирана Македонија (Во историјата нарекувана Егејска Македонија, а нејзините чеда - Егејци.) - во нашиот Костур, молчиме како народ кои сите се боревме заедно во Илинден, радоста и гордоста беше иста, а тука (и на секаде) никој не ни подава рака и да проговори пред светот за злоделата варварски што ги правеле и ги прават окупаторите на оваа света македонска земја.

Турците, владееле со нас повеќе од 500 години, но не ја уништиле македонската култура, не го уништиле мајчиниот јазик, не ни го негираа името. Евлија Челебија во наследство ни ги остави цивилизациските траги за нашето минато и ни овозможува да се запознаеме со нашите длабоки корени. Тој ги истражувал (не ги ништел) нашите економски, општествени, културни и политички карактеристики и не само што го запишал јазикот, туку ги запишал дури и нашите дијалекти. Тој за нас Македонците беше "Божји пријател", а дали нешто такво можеме да посочиме од денешно време, отсем геноцидни зафати…

Неговата старст беше запалива. За миг помислив дека ќе ме зграпчи. Но, обземен со своите мисли, тон продолжи да зборува, рече дека нашио главен проблем со Комитите беше долготрајната расправа; со кого ќе го ослободиме Костур. И денес ќе бидам отворен:

Јаска, Крсто Крапов, ве повикувам:

Да ја спасиме Костурската култура од заборав и да си ги прибериме коските на нашите предци. Убеден сум, со сета љубов Костурчани сакаат да проговорат, само не се осмелуват бидејќи се страшливи! Тоа е трагедија на Костурчани".

Ја крена главата, толку смело, толку гордо со зборовите: Премолчував во себе, тажен, не се осудував да ги опоменам дека сме загубени без незнаењето и стравот.

ЕЈ МАКЕДОНСКИ ЧОВЕКУ! ЗАРЕМ ТАКВИ БЕА МОЛЧАЛИВИ НАШЧИТЕ ПРЕДЦИ!?

ВИКНЕТЕ СИЛНО! ГО САКАМЕ КОСТУР, ЗАТОА ШТО ОД СЕКОГАШ БИЛ НАШ! А ТОА ГО ПОТВРДУДУВААТ ИСТОРИСКИТЕ ФАКТИ!

Ете што вели и еден гркоман близок соработник на Павлос Мелас (Микис Засе) а тој е ИОНАС ДРАГУМИС што напишал до грчката влада 1903 година:

Ионас Драгумис кон грчката влада, во февруари 1903 година. Пишува: Повеќето макдонци ќе востанат. Нив не ги интересира елинизмот. Ние ќе останеме малцинство на гол мегдан. Овие кутри (Македонци) ниту Бугарија ја сакаат, ниту Грција, само едно; ја сакаат својата слобода, затоа тие не се борат за да ја направат Македонија бугарска, но сакаат да ја направат автономна држава. Значи Македонија на Македонците. (Тетратките на Илинден, дневникот на Ионас Драгумис - страница 19, издавач Пецива, година 2000).

Ме опули гордо, но жаловито и ми вели:

“Се чувствувам многу стар, како животот да ми се приближува кон крајот, ама сакам Македонија и Костурчани да ги видам славни и доблесни на својот град како кашите што мечтаеа нашите дедовци Илинденци!”

Знам како беше уште во годините 1941 - 1944 години кога отидов во Костур да ја посетам гимназијата во која учеше мојот дедо Доро и баба Јана. Денес сѐ е различно. И во Костур и во костурските села зјаат срушените ѕидови на црквите, запалените светци. Секој од нас барем еднаш би си го поставил прашањето: Што би измениле ние во нашиот живот. Кога би се дала можност да се вратиме во минатото. Минатото: тоа беше време на лаги. Кога би можеле да почнеме од почеток, кои грешки би се обиделе да ги исправиме? Која болка, кои грижи на совеста, која тага би ја одбрале за да ја избришиме?

Дали би се осмелиле, навистина да му дадеме нова смисла на нашиот живот далеку од овој град, од ова родно место?

За да погодиме што ќе стане со нас прогонетите?

Каде да одиме?

И со кого? Никој не не сака такви талкачи, губитници, луѓе кои незнаат да си го одбранат своето. Дури и животните така лесно не го напуштат роден крај…

Глетката на вечниот Костур е прекрасна.

# Трета глава

Крикот од неподносливата болка по прободот на андарската кама

1. Хусеин Хусни - паша едно августовско утро ги прими двајцата браќа бегови, Дервиш - беј и Селим - беј, синови на семоќниот Касим - беј кој беше почитуван од Али - паша јанински во Костур. Низ срдечниот и разгален разговор на браќата бегови  им вели:

Знаете дека тука поминал апостол Павле и тој им напишал писмо до Коритјаните, во кое им пишувал: “Без љубов јас сум ништо”. Интересна е мислата на овие искажани зборови, нели? Апостол Павле минувајќи низ Македонија не се задржал многу, затоа што тука нашол вистински верници, па мисијата ја продожил да види дали семето на христијанството може да најде плодна почва подалеку од Солун. Историските факти покажуваат дека тешко одела таа работа во Елада, па многубоштвото било доминантно уште цели пет века по мисијата на светиот апостол Павле. Но тоа не е најбитната работа, се чини пораката “Без љубов јас сум ништо” не фатила корен таму кај што апостол го фрлил семете.

Хусеин Хусни - паша, бил омилен од Костурчани, тој бил близок и со рибарите, а од нив ги слушал најомилете приказни. Беше почитуван и им се обраќал на Костурчани на јазикот нивни; Море ленди луѓи, шчо сакате добро да ви сторам? Знам времињата се тешки, ама кога сме во можност, должни сме да им помагаме на семејствата, пријателите и на соседите. Треба да ги следите добрините на предците. Така се живеело со векови”.

Тој, бил запамтен како човек, кој имал многу разбирање за нивните проблеми и никогаш не им го забранувал македонскиот јазик, туку се повеќе се трудел да научи што подобро да зборува на македонски со обичните луѓе.

Тој бил запаметен по тоа што покрај аманот имаше изградено Караван Сарај во кој преспиваа тие што пристигнуваа од Епир,

градот Јанина и патуваа за Стамбол. Од тука тргнувала колоната од коњи и луѓе на долгиот пат за Солун. Од тука се развлекуваше во недоглед од Костур до пресеката на Клисура. Така со векови се следеа трагите на предците. На долгиот пат, кај тие луѓе имаше и колежи и грабежи од разн, ама така било, но тие биле богати и оставаа тука многу турски лири и разна стока.

Покрај аманот, била изградена и бањата. Ѕидините кои се уште се надѕираат се гледа каменот којшто бил вграден и уште е мазен, а тоа го правеле специјалисти- каменоклесачи и ќошковите се толку јарки што човек ќе помилси дека се лиени во калапи. Сега портите се урнати и до бањата, е подигната голема зграда во која еден популарен дојденец од Пондија држи рестурант и соби за ноќевање. Ене, пред зградата има широка веранда од која се отвараат величествените панорами на Костурската природа.

* * *

Надалеку се раскажувало и тоа многу одамна. Еден ден Хусеин Хусни - паша организарал прием на поголем број, високи офицери. Тој со својата строгост во еден миг ја подигнал раката да замолчат офицерите кои ги имаше покането на свечен ручек во чест на задушувањето на Илинденското востание, бидејќи тој сакаше со пиење на кафето да им ја раскаже случката.

Хусеин - паша рече:

Костурскиот митрополит Каравангелис кој знае по кој пат да покаже дека да носиш мантија не значи и да го сакаш Бога, ниту пак да бидеш негов пратеник на земјата. Владиката Каравангелис дури го покажа спротивното, односно дека  се здружил со ѓаволот.

Јас, на времето во воената академија, кога започнав да учам да се борам со меч, го победив својот учител. Тој со бес го фрли штитот и почна да плаче. Јас од почит го сожалив. Но сега, сакам да ви раскажам за бесот и омразата на јужните христијани и точно се однесува на владиката костурски

Германос Каравангелис. Костурчани, што ќе речат Црниот Ангел, пардон - Вангел и бегаат од него, оти тој бил човекот кој за Костурчани ја отворил вратара за влез на Македонците во ПЕКОЛОТ.

Сакам да го дообјаснам, затоа што на нашиот турски јазик Кара - е Црн човек. Можеби е некој од наша семка, ама подобро да докаже дека неша нее… Овој е нешто повеќе од црн Ѓавол-човек полн со злоба.

Вие сите знаете; на 20 јули 1903 година во цела Македонија како и во Костур беше прогласено Илинденското востание. Одеднаш кога се разбудиле Костурчани ги видоа сите планини наоколу црни. Мравјалник од комити, но ги победивме и сега ние затоа славиме. Тие беа сите чесни чеда на Македонија. Не знам дали знаете дека во Костур пред повеќе години, а тоа е некаде од 1875 година работеше македонската гимназија под раководство на сега покојниот, но храбар војвода Лазо Поп - Трајков.

Нам, на Турската власт не ни пречеа, на против ние се радувавме што ќе имаме повеќе учени луѓе. Нели разумно е тоа? Вие знаете дека од Македонија, од овој измачен народ, беше нашиот славен Ата Турк.

Но, од кога дојде Каравангелис за владика во Костур, тој многупати, ме посетуваше и ме молеше со наша заповед да ја затвориме гимназијата, оти таа била гнездо на комитите. Но, стопати му реков, дека такво нешто да стори турската власт би било срамота пред европа и тоа ќе биде нецивилизиран чин. Си заминуваше незадоволен и бесен. Од омразата, лицето на свсештеникот му изгледаше како на гладен свер.

Еден ден ми вели: “Таа гимназија ќе ја отвориме на грчки јазик…”

Мене ме удри една смеа и му велам: “Абре владико? Кого ќе учиш во таа гимназија, кога тука во Костур нема Грци!

Така лут, ја искриви муцката, си ја прибра мантијата и ќулафката и си замина, па дури ни кафето не си го испи. Си велем; што поп ќе биде овој Каравангелис?...

Сега по нашата победа над илинденските востаници, тој го искористи гневот наш спрема комитите, влегол самоволно во гимназијата и растурил сè пред него. Мебел, прибор, клупи, сите средства за учење, географски карти, библиотеката која имаше од цел свет книги; на англиски, руски, турски и старовизантиски, сликите на егзархот Јосиф. Направил голема катастрофа, такашто оваа гимназија од тогаш и не проработила.

Јас во тој ден имав угледни гости, тие задно со мене и сиот штабни состав потрчавме да видеме, а надвор пред гимназијата плева од луѓе.

Ѕирнав низ ходниците и ништо не разбрав, но кога влеговме во библиотеката реков: Што ли по ѓаволите се случува овде?

Владиката ја фрлил камилафката и ја слекол црната мантија која сега сосема преобразено и тој сега не беше добродушен ни срдечен. Од неговата уста исфрлуваше фрази, се плеткаа псости излегувајќи од неговата уста како лути змии.

Стрепери сиот, ми се пристори како да личеше на некој од тајните служби на Грција. Збунето го прашав:

Ти ли си владико?

Пред да ме здогледа или да го здогледам, сетив студенило околу срцето кога видов како ја раскинуваше сликата на егзархот Јосиф и како ја парчи светата книга што беше напишана на кирилично писмо. По вторпат видов маж да плаче, а уште повеќе ме насмеа кога видов поп да плаче. Знам дека солзите се желба за нежност, ама кај овој извалкан поп, имаше само бес и никаква нежност. Но, си велам владиката плачи можеби за да ме разнежи и со тоа сака да си ги ублажи проблемите или пак посакува да ме наведе да превземам одговорност за проблемите со кои тој самиот не може да се сложи. Но, се уверив дека тоа беше задоцнето плачење.

Ме зачуди со неговата омраза како викаше: “Тој народ мора да го снема. Тој јазик и тоа кирилично писмо ми ја дразни душата, не можам, ќе здохнам…”

Не дотрпев, му велам: Не, господине владико! Па зарем не знаеш дека тој што е против кириличното писмо (кирилцата) е антицивилизаторски чекор, и сето тоа е во служба на освојувачка политика. Ние, тука сме пет века и ниту помисливме на таков суров начин.

Тебе изгледа фанатизмот те ослепува и неможеш да ги разбере Македонците, но посбно Костурчани дека кај нив е неописива моќта на силното чувство на припадност!

Лицето му беше без израз, како расото црно, дишењето му беше забрзано и плитко, забите стегнати и искривени. Очите му беа раширени и крвави.

Го прашав:

Па зошто тоа толку те мачи тебе? Не, тоа не смееш да го правиш Владико! Ти не ли си Христово чедо!?

Тој ми одговори со бликнати одмазнички солзи:

Јас имам задача и сакам да спречам да дојде до поново отварање.

Му одговорив: Тешко е да се биде Бог Владико, над поповите и Владиците кои со веков сториле сѐ за својот народ, а ти за миг им го рушиш…

Еден од моите аѓутанти ми вели:

“Човекот е навистина обезумен, па тој во туѓа земја и наша власт прави што сака. Зарем е толку не пеан поп, да не знае дека Македонија е под отоманска власт!? А знаете ли што прави тој?”

Аѓутантот, ме гледа во очи и вели: Господине команданте! Вие знаете што направил овој бесен поп!? Овој нее господово чедо, туку тој е поопасен и од ѓаволот, кој сака да им копа по утробите на овие мирни рисјани луѓе. Тие си имаат православна црква и припаѓаат во Егзархијата и е полна со нивни светци, а овој Каравангелис, сака да ги натера во Елинската, а такви цркви тука нема. Сега во неколку цркви, решил да ги замени и светците, зарем нели е антихристовско.

Тој одамна тука го шири бесот на Јужните христјани и агитира: На Костурчани им вели, вие сте Грци уште од Александер Велики, но поминаа Словените и ве словенизираа. Вашиот изглед е грчки и земјата што ја газите е грчка. Затоа сведочат и спомените што се кријат во неа, и тие се грчки, и монетите што ги наоѓаме се Грчки, и потписите се грчки.

А погледните! Во рацете ја држи дебелата книга  и ја распарчува, а во неа се АВТОГРАФСКИТЕ БЕЛЕШКИ НА МАКЕДОНСКИТЕ СВЕТИТЕЛИ - ИСИТЕ ХРИСТОВИ ВОЈНИЦИ И СИНОВИ НА ТАТКОВИНАТА МАКЕДОНИЈА. Еве видете ги имињата: Св. Ангел Лерински. Преподобен Јаков Костурски, Преподобен Дионисиј Костурски Преподобен Ѓорги Костурски, па дури тука била и Злата Мегленска, Св. Никита Серски и многу други богоугодни македонски светители. Тие опстојувале тука и тогаш кога им било најтешко.

Значи вистината постои. Она што може да се измисли е само лагата!

Тој сега дошол и одмна почна да ги поткопува чувствата  на сиромашните луѓе и им пропагирал со давање златници кои ќе се декларира Грк. А тоа денес се гледа; на балконите и пенџерињата, како тие продадени души ги изнатопорија грчките знамиња. Зарем тоа не значи дека овој бесен поп, го повредеува и законот во оваа наше турско царство! ? Сето ова што го прави овој поп, треба да се изгони од каде дошол.

Покрај нив стое и слуша Демирпејко - беј, кој дошол дури од Јанина на гости кај Хусеин - беј.  Охрабрен од аѓутантот му рече:

Аѓутанте, ти си во право. Овој човек - поп, го следам, а одамна и сите костурчани велат дека тој отстапува од христијанската вера и ја носи сенката на алчноста и го злоупотребува нашето гостопримство.

Јас многу добро ги познавам Рисијаните од овој крај. Мојата баба Севда, на мојот прадедо Али - паша Јанински беше од овие горски села под планината Вичо. Таа била многу убава. Тој ја украл и со неа роди три сина. А еден од нив е и татко ми Галипејо - беј. Ние ја викавме баба Севда. Поради неизмерната почит, која ме порасна и ме воспита, јас нема дозволам овој налудничав поп да го прави ова спрема овој народ.

Овој ѓавол поп, не заслужува да ја носи палка со сребрен оков која ја користеле македонските светители, маченици и предобни отци, кои се родиле и живееле во Костур и ја ширеле Христовата наука и вера. Све уништи, како да сакал, сè да почни од него. Ете, погледнете, тој, ја уишти и дебелата книга со најдрагоцените македонски записи со насловот; АВТОБИОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ НА МАКЕДОНСКИТЕ СВЕТИТЕЛИ - И СИТЕ ХРИСТОВИ ВОЈНИЦИ И СИНОВИ НА ТАТКОВИНАТА МАКЕДОНИЈА, во која Тие опстујувале тука и тогаш им било најтешко, кога биле измачувани и обесправени, затворани, поробувани, рспнувани на крст, кога главите им ги отсекувале со меч, а телата на парчиња, кога кожите им ги дереле, кога насилно ги терале да се откажуваат од Христа и својата татковина, тие му останале верни на Христа и на земјата македонска.

Тоа, ми го раскажуваше мојата многу почитуваната и незаборавна баба Севда ми велеше: Ние Македонците сме многу трпелив народ, но тоа не доведе да ја изгубиме својата света црква и нашите светци… Ние такво зло од турската власт не видовме, туку сега се најде еден заскитан Каравангелис да го поткупува и подлажува народот…

Ех попе, попе, незнам како можеш да се нарекуваш “господово чедо”? Како можеш, лебот да го јадеш од овој народ; кога сите

твои злодела се одвиваа по отворената спирала на злото? А си дошол тука дури од џенемот, да проповедаш христијанска вера!

А, ете, напрсти се бројат неколку од најнечовечките злодела што си му ги сторил на овој македонски народ, кој никогаш македонското поколението нема да ги заборави:

Си потплатил да ти ја донесат главата на директорот на оваа гимназија на Лазар  Поп - Трајков (3)

Џелатот Коте, си го пречекал со зборовите, кои не му доликуваат на еден христијан и уште како што се преставуваш како господово чедо, а под кое име ја играш валканата игра на еден крвник на македонскиот народ. На Коте си му рекол: Сега ми олеснаа обврските и грижите. Тој беше моторната сила на овие комитаџии. Сега нема да пишува поеми, нема да ги учи комитските деца.

Верувам, дека македонските поколенија со восхит ќе ја пејат песна за војводата и поетот Лазар поп Трајков:

Зашчо плачиш, зошчо жалиш, ти висока лисец планино, Зашчо с’ магла се покриваш од горе до долу?

Јас ќе плачам и ќе жалам, дур до век века, зашчо виду как заклаја Лазо Попо Трајков.

Отсекоа горда глава за пендесет лири, однекоа во Костура, бакшиш на деспото Каравангелис.

Срамно ести срамно, да се збора за деспото, шчо го плате ѕверот Коте да заколи Лазо.

Ај да кажеме: Бог да прости, Лазо Поп трајков!

Првиот и најголем костурски војвода и поет!

* * *

Демирпејко - бej, стoj разлутен, и со десната рака ја држи рачката од сабјата, која му е скопчана за широкопојасен ремен и му вели:

Срамно е за еден владика! По ова си се погрижил преку турските власти главата да биде закачена на уќуматската порта во Костур и таа си ја оставил да виси, сè до последните денови на октомври.

Демирпејко - бej, на Каравангелис, му вели:

Те прашувам, дали веруваш во христијанската вера и правда или под твојата црна мантија се крие некој мрачен џелат. Ваквиот вида разбојници му припаѓаат на тие таканаречени; психопатци и луѓе социопати, а не господови чеда.

Демирпејко - бej, гледајќи во обесената глава што се нишаше од октомрискиот јужен ветар, без никаков одреден израз на херојство и доблест, страдање или страв од смрта, рече: Мрачни случки доживува македонскиот народ, од овој разуван поп. Туртура, насилство, обезглавување на голем број дејци. Тие диви и нецивилизирани дојденци, не треба нашата империја да ги толерира!

Во еден миг се загледа, во луѓето кои минуваа и за миг застануваа, сепнати од несекојдневната глетка. Крвта од главата и беше докапчена и бујната коса му се развејуваше, очите замижани од болката на ножот.

Налутено, погледна кон Каравангелис и му вели: Срамота! Си ги организирал и следните колежи, што човекот од таквите зло се вџашува: Ете што напишал преставникот на руската амбасада во Битола за овоој гнасен и нечовечки колеж што го направивте во с. Загоричани:

“О, Боже!!! Перото е бессилно да ги опише ужасите, злоделата на тие ѕверолики луѓе вооружени од глава до пети. Тие извршија ужаси нечуени досега во светската историја на човештвото.”

За колежот во село Загоричани е запишано: На 25 Март 1905 во селото Загоричани во текот на т.н. од Грците Македонската борба, е извршен најголем крволочн напад од околу 200 избрани платени војници кои беа под водство на грчкиот офицерски штаб. Убија повеќе од педесет невини селани (меѓу нив имало старци,жени и деца) и ги изгореа останатите куќи и плевни кои имаа останато по востанието на Илинден. Колачите војници го напуштија селото по пристигн увањето на турската регуларна војска. Колежот во Загоричени фрли ужасен страв и кошмар во цела Европа,пишуваа весниците.

А што да се каже за ужасот во Зеленич!?
Крвавата свадба во селото Зеленич и да ги набројувам.

Ех, човеку, човеку; како може да дозволува оваа наша Империја, пред нашиве очи тоа да го прави еден таков човек, кои итро се прикрива како владика костурски?!

Концептот на “една црква” е одраз на нејзиното име “Црква на Грција”, позната како Грчка православна црква. Името е по западен калап и асоцира дека постои само една црква. Автокефалноста на црквата е признаена од Костандинопол, во 1850 година, 20 години по независноста на Грција. Црквата на Грција се однесува на “стара Грција” како Македонија или Крит сè уште се под фармална или суштинска управа на патријархот од Костандинопол.

Чувај боже!... Сега е јасно, ама ќе пукнам од мака, зошто дозволува почитуваниот Хусеин Хусни - паша, кога цел свет знае што рекол кога си го гледал селото Загоричени да горело како факел а ти си славел и си ја нерекувал 25 мартовска епопеја и најголем удар врз верниците на егзархиската црква, а не на грчката црква, а и самиот раскажауваш за големото андарско зло и велиш:

“Додека гореше Загоричени, јас намерно го посетив и се радував како некојси втор Нерон”.

Незнам, од кај те донесе господ Бог. Дали на овие господови чеда и на сите христијани во светот, кога ќе слушнат за поп и

уште владика, како тебе да се радува затоа што ги убиваат обичните селани - македонски луѓе кои се молат во својата Егзархиска црква.

Сега тоа да го прави токму тој Каравнгелис толку злосторници и уште се радува…?

Ти, владико Каравангелис, тука во Костур треба да сватиш дека не си во Грција, туку си во Отоманската империја, и да престаниш да се понашаш како разгалено дете во слаткарница! Не знам да ли ме разбираш…?

Лукавиот владиката, гледајќи намќорски, веднаш скокна од местото, го облече расот и со раширени раце му рече:

- Убаво зборуваш, ДЕМИРПЕЈКО - беј, но да ги оставиш настрана таквите грижи и љубезност. Ти знаеш кои се тие комити. Тие посакуваат да ве истерат вас Турците и тие не сакаат да ја примат и да се молат во грчката црква и бараат 'Македонија да биде на Македонците.

Хусни - паша, зауден вели:

- Стојам и гледам и не ми се верува. Аѓутантите и ДЕМИРПЕЈКО - беј се многу вознемирени. Мислам и не можам да помислам од каде толку гнев и негативост кон Македонците кај овој поп? Кај владиката од поодамна се забележуваше потреба од едно такво катарзично празнење, набиено со измешани емоции и дека чекал некаков момент да изврши толкава катарза, да ја прочисти својата душа и да изврши духовно и психолошко исполнување, емоционално празнење. Неговите нерви не можеле да поднесуваат искрен стрес, тој живееше во состојба на паника и небаре ја посакуваше таквата судбина на Македонците по овој неуспех на Илинденското востание и помислил дека тоа за Македонија е крај.

Хусни - паша, застана гордо и вели: - Јас сум со години тука со овие луѓе (посебно Костурчани), сакам да потврдам дека: Македонците, покрај нивната историја, културата кои се еден од фундаменталните аспекти на секојдневниот живот, кај нив,

тоа ни дава чувство за почит на нивниот идентитет и кажува; кои се и затоа се борат.

Уверен сум, дека Владиката е човек кој не се сака и самиот себе. Тоја е удавен во грешките на својот живот. Тој допрва треба да почне вистински да живее. Но, јас мислам дека тој е човек кој никогаш нема да го пронајди спокојот во својата душа и ни Господ Бога нема да му помогне…

Каравангелис, по некое време си дојде на себе. Тој ме гледаше. Очите му се испакнаа како на крвник. Лицето веднаш му остаре. Ги затвори очите и ми рече:

Господине Хусни - паша, ти имаш моќ, а не верувам дека ти би го направил ова. Ти знаеш дека ако останат овие книги во Костур, тие имаат магична моќ.

Владиката, стоеше пред пашата, како пеплосан и намрштен што не ја данајде и не ја уништи книгата “Македонската воена доктрина и обука” напишана од Гоце Делчев и Ѓорче Петров, односно таа книга била: “Правилникот за четите” што во него 1900 година биле напишани автентичноста на македонското воено образование. Во тој правилник биле дадени насоките за поучување на македонскиот народ во основната на револуционота идеја, за воспитување то на членството какви треба да бидат “сериозните првоборци на нацијата”

Му реков:

Владико, ова е злодело и си покажал дека си можел да ги прекршуваш сите божји и човечки закони, но не си го предвидел падот твој, твоето спуштање на земја; од божјо чедо си се пајавил како злосторник со сите твои акции кои дури сега ми се јасни. Глупоста е најнеобична од сите болести, но не се надевав дека таа ги фаќа и проповедниците на верата...

Ти си ја изгубил вистината и христијанското обожување и си направил од немоќните луѓе да му станат слуги на посилниот. Но, ти треба да знаеш дека во Македонија, ние Турците сме власт, а не вие Грците. Ти многу брзо ја посакуваш Македонија

да стане грчка. Ти треба да знаеш дека ние одговараме пред меѓународната јавност и пред цивилизираниот свет, а не вие. Ти треба да знаеш и тоа дека твоите андарти ние од секогаш ги сметаме за опасни банди кои вешто ја користат нашата попусливост.

Ете, сакав да ви кажам за човекот кој се појави во почетокот на 20 век како феномен, да потплатува за сечење глави на видни Македонци, како што е војводата и професорот Лазар Поп - Трајков.

Кај овој владика, особено моќно средство што го користеше било комбинацијата на религијата и политиката, додека се молеше за божји благослов за неговоте андарти, тој беше мајстор за психологијата на масите и голем демагошки говорник. Со еден збор совршен глупав демагог. Беше уверен дека со масите не управува мозокот, туку нивните емоции. Тој, во мигот на времето ја искористи оваа човечка слабост со тоа што ја применувал старовековната техника на насочување на омразата на луѓето против заедничкиот непријател и егзархиската црква.

Каравангелис, од млади години живеел христјански живот, но откако станал владика во градот Костур, многу идолопоклоници изневерил кон христјанската вера. Можеби затоа Господ слушајќи ги долгите молитви на народот за злосторствата направени над македонците, му испратил видение дека е дојдено времето да си оди не само од Костур, туку и од овоземниот живот, оти тој заборавил дека му припаѓал на господ Бог.

# Четврта глава

"Злосторниците никогаш не можат да бидат револуционери, секогаш се реакционери."

Владимир Нобаков

Од црната македонска - костурска хроника - спомените болат

Со балкансите војни (1912 - 1913) и со Букурешкиот мировен договор потпишан на 10 август 1913 година, Македонија и Македонците беа физички и политички поделени меѓу Грција, Србија, Бугарија и подоцна Албанија ги доби Долна Преспа и Голо Брдо.

Вистината е само една, вели Крапов: Грција прв пат официјално стапна на територијата на Егејска Македонија и во Костур пред 100 години, кога грчкиот крал потпишал декрет за окупација. А окупација е освојување туѓа територија. Потоа доаѓаат децении на прогонување и асимилирање на Македонците, во кои и прифатното зборување македонски било казниво. Имаме работа со организиран систем за асимилација, кој реагира на постоењето на Македонците како посебен ентитет.

Старите нашчи велеа: "Откога дојде Грккот", ни донесе опасни националистички закони; кои со нив ни ги корнеа корените, а ете до денденес уште ни го корнат коренот Македонски. Отогаш настапија години на опсано живеење: измами, валкани пропаганди, херои и гробови, прогонства и исчезнати генерации - без младост", раскажува Крапов.

На Париската конференција на 15 јули 1919 година, кога се третираше проблемот за правата на Македонците во комитетот за нови држави на Париската мировна конференција, многу беше актуелно прашањето за поделбата на Македонија и барањето да се најде решение. Во тие околности, англиската политика настапи со следната теза: ако се зафатиме со решавањето на граничните проблеми наложени со Букорешкиот договор, ќе се соочиме со многубројни проблеми од кои тешко ќе се извлечеме. Тој проблем на границите под притисок на

Бугарија меѓу 1925 и 1930 година честопати беше присутен во Друштвото на народите, често се размислуваше како да се направи таканареченото поправилно разграничување на Балканот. Меѓутоа, секојпат се избегнуваше да се решава проблемот за ново разграничување, односно за проблемот на границите. И од тие причини во комитетот за нови држави на париската конференција се разгледуваше проблемот.

За доделување автономни права на Македонците во Вардарскиот дел во рамките на Југославија, и исто така културните права на Македонците од Егејскиот дел на Македонија. Таа идеја беше поддржана од Италијаните и особено од Англија. Меѓутоа, поради спротивставувањето на Франција и на Србија, тие проекти не поминаа.

Костурска хроника низ времето на вистините (расветлување на историските вистини).

Веќе неколку часа одев по калдрмата на зелените улици на Костур. Трогнат од убавината на природата и архитектурата на градот, помислив дека историјата на овој мој роден крај е волшебна, единствена и загадочна преставува вистинската малодушност ако човек не се интересира за неа.

Се вратив во хотелот и цела ноќ ја читав историјата на балканските војни и ја дознав трагичната беда на духот. Македонија во минатото личела на театар во кој народот дури по претставата сфати дека бил нем сведок на големата национална човечка драма. Ние прогонети живееме тонејќи половина век во еден огромен заборав и одбиваме да дознаеме што било за нас самите, за нашето минато.

Пред мене, како да се отвори уште еден кобен заканувачки пат, едно поново враќање во одамна изгубената војна.

Во умот си реков: “Ќе најдам ли храброст да ја кажам вистината?”

Крапов, во еден момент ме гледаше, како да ме сожалува и ми вели:

“Живеам тука преку… а ти?” - ме праша љубопитно.

Јас? Јас сум гостин во мојот роден град и се чувствам како ТУГИНЕЦ ВО СВОЈТА ЗЕМЈА. Имам право да останам во него само некоку дена, а цел живот ја чекав оваа милос од грчката власт.

“Сурова судбина пријателе”… ми рече и се прегрнавме евоцирајќи си спомени.

Со години сме се криеле зад привидот на историјата, зад привидот на хуманоста, зад привидот на добрината, а всушност пред нас цело време се егзекуторите:

Првото етничко чистење:

Грција, наместо почитување на правата на Македонците, се потпиша договор за етничко чистење. Тоа се постигна со конвенциите;

А/ Нејскиот мировен договор потпишан на 27 ноември 1919 година за  “доброволно” размана на населението меѓу Грција и Бугарија. По силата на конвенцијата Калфов - Политис, за “доброволното” иселување.

Но, во реалноста што се случи? Грчките власти веднаш ја претворија во конвенција за задолжително иселување и до 1925 година македонското население масовно го иселувavaa од своите родни огништа.

Б/ Лозанскиот мировен договор потпишан во 1923 година за задолжителната размена на населението меѓу Грција и Турција.

Турско - Грчката војна (1919 - 1922) беше последен историски обид на малото, но амбициозно грчко кралство да наметне и да реализира една дамнешна великодржавничка политика за Мегали и чиста национална Елада.

Македонците - по оваа војна, беа со најголеми жртвите, но грчката држава не само што не покажа никаква грижа, туку ги претрпеа и пооследиците на тие “легални” договори со кој е направен невиден геноцид и сето падна на грбот на Македонците, бидејќи од Македонија под Грција беа протерани околу 70 - 80 илјади Македонци, а на нивно место беа донесени колонисти повеќе од 560,000 т.н. Маџири од Средна Азија.

Тоа беше првиот геноциден зафат од стратегија на грчката власт: Македонците да го изгубат својот етнички историски статус во окупираниот дел ма Македонија.

И покрај сѐ, Грција во 20 век влегла како мултикултурна држава. Во 1909 година, во стара Грција, оклу една третина од имињата на населените места биле негрчки. Таа мултикултурност се зголемува со “новите територии” стекнати во 1913 година мултикутурноста повторно е потисната во дваесеттите години од минатиот век со договорите за размена на населението со Турција и Грција и со преименувањето на населените места. Само со разменатаа со Турција,од грција се иселени 500,000 муслемани, а се доселени 1.5 милион Грци и христјани. Населнието во Грција во 1923 година се зголемило од 5 на 6 милиони, а новонаселените бегалци (“маџирите”) од Турција сочинуваат околу 25 отсто од вкупната популација. Овие договори за размена на населението се со благослов оа големите сили.

Тоа го стори и српското кралство; по целата граница со Грција, од Дојран до тромеѓето досели инородно население. Таква створена зона долж границата, беше вештачка, но со умисла: Македоннец со Македонец да нема директен контакт.

Ноември 1926 година - тмура Костурска есен.

Од грчката окупациона власт, човек дури и такви работи ќе прочита во службениот весник на грчката влада. “Ефимерис тис кивернисеос” бр. 332 од 1. 11. 1926 година. Закон за задолжително заменување на Македонските со грчки имиња на сите населени места во окупираниот дел на Македонија, а во истиот весник бр. 360, се објавени долги списоци и на

градовите со негрчки имиња, напоредно, новото име што им го клаваат на 900 села и градови. Ете како се правела голема Грција!

ФАКТИ И АРГУМЕНТИ ЗА ГРЧКАТА СТРАТЕГИЈА СПРЕМА МАКЕДОНЦИТЕ - РЕЧЕНО ВО ГРЧКАТА ИСТОРИЈА ОД САМИТЕ ЗАВОЈУВАЧИ:

Со луѓе што се стремат кон други цели не можете да правите заеднички планови Конфучиј (кинески филозов).

Грчката стратегија била:

а) Македонија, без Македонците
б) Како второ од документот се гледа кога дошле Грците во Костур и во Егејска Македонија и,
в) Зашто на Грците им била главна цел; нас Македонците до денденес не прогонуваат!

А1.

Αθήνα, 2 Μάη 1906. Φάκελος Κ 59 Β, ΓΑΚ

Στην αναζήτηση ζωικού χώρου για το ελληνικό κράτος, αναγκαίο για την οικονομική και εθνική επιβίωση του, πρωταρχικός στόχος της εξουσίας στην Αθήνα, αποτελούσε η γη της Μακεδονίας, όχι όμως και ο πληθυσμός της. Στην κατεύθυνση εκείνη, ο εκπρόσωπος του ελληνικού "Μακεδονικού Κομιτέτου" της Αθήνας, το οποίο βρισκόταν πίσω από το "Μακεδονικό Αγώνα", στην αντιπροσωπεία που κατέφθασε το 1905 στην Αθήνα από τη Μακεδονία και παραπονέθηκε για τη φριχτή συμπεριφορά των ελληνικών αντάρτικων σωμάτων στην περιοχή της Μπίτολα και Λέριν, τους απάντησε: "Εμείς δεν έχουμε ανάγκη τους Μακεδόνες, αλλά έχουμε ανάγκη τη Μακεδονία" (Καραβίτης, 1994:937).

Превод: С. Кочов:

Во побарувањето на животниот простор на грчката држава, нужен за економскиот и националниот опстанок, првостепена

цел на власта во Атина, претсатвуваше земјата (просторот на Македонија, но не и нејзиното население.

Во таа насока, преставникот на грчкото “Македонско Комитато” во Атина, кое се наоѓаше позади од преставништвото на “Македоникос агон”, во делегација која приостигна во 1905 година во Атина од македонија и се пожали (на преставниците од Макед. Агон) за ужасниот и страшен однос на грчките андарти кои делуваа во реоните на Битола, Лерин, а тие им одговорија: Ние (Грците) немаме потреба од (народ) Македонци, но имаме голема потреба “од земјата Македонија”. (Каравитис, 1994, 937)

Моја забелешка: Овие беа првите смртоносни мисли уптени кон нас Македонците. До сега во светот не се памти од никои окупатор да упатил таква закана кон еден народ што насилно го покорува!

А2. Истражувањето е подолго, поради тоа што ѝ се дава големо значење, на таа борба во грчката историја како се вели:

Градот Костур е прв од регионите во кој се запали ослободувачката борба за освојување на Македонија (1904 - 1908). Првапочетната активност против Бугарите (На нелои, тоа им беше вообичаено да не викаат спрема црквата) се организира токму тука под првоводството на Павло Мелас.

Во некрологот се вели:

Загина херојски на 18 октомври 1904 с. Статица Костурско. Последните зборови му биле: БУГАРИН ДА НЕ ОСТАНЕ НИ ЕДЕН ЖИВ.

Белешка: за разлика од Каравитас, кој вели: Нас Македонците не ни требват, нас ни треба Македонија.

## А3. ДИКТАТУРАТА НА МЕТАКСАС: НАЈСУРОВ НАПАД ВРЗ МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Диктаторијата на Метакса во основа беше насочена за “решавање” на внатрешните проблеми и обземена со пронаоѓање и користење најжестоки акции и начини со цел да го асимилира Македонскот население во државата. Диктатурата се реализираше жестоко над Македонското население во окупираниот дел на Македонија, каде најголемиот број на Македонци се преселуваше од селата кои се наоѓаа близу до границата, и тоа присилно, да живее во внатрешноста на Грција. Со посебна наредба на власта и со забрана на македонскиот јазик. Истотака следеа и апсенија и големи казни над населението. Единствена “Вина” им беше дека “треба” да бидат Грци.

А по ова, режимот во Грција, особено жестоко се пресметува со Македонците и откако помина зимата, настапи летото, на 25 јули 1929 година, познат како закон за исклучителен престап наречен “Идионимон” изгласен од истиот Парламент за време на владата на Е. Венизелос, кој се залагаше “За мерки на безбедност на општествениот поредок и заштита на граѓанските слободи.”

На Македонците му се нуди “декларација за покајување”, а тој не знае зашто да се покае. Каков е тој нечовечки престап што го сторил, не знае… Што хартија е потрошена… но и многу Македонци беа затворани и интернирани, кои ја застапуваа паролта “Обединета и независна Македонија”.

Костурско лето: 4 август 1936 година

Генералот Метаксас на 4 август 1936 година дојде на власт во Грција и рече дека Грција ќе ја направи т. н “Трета грчка цивилизација”. Ги забрани сите политички партии и организации и секакви политички активности во целата држава. Го распушти парламентот и донесе закон: “Специјални мерки спрема комунизмот” и Македонците беа ставени меѓу “опасните” комунисти.

Со фашистичкиот режим, во 1937 година, беше организиран нов логор за комунистите во Акронфплија, покрај градот Нафплион. Тоа била некоја стара касаба од средниот век

изградена врз една огромна карпа покрај самото море кај Нафплиот во Пелопонес, нарекувајќи ја “Стратопедон сингендросеос комунистон, Нафплион-Акронафплија”.

Костурска зима, декември 1940 година,

Крапов вели: Брат ми Наум , како да мие денен денес пред очи. Нека му е лесна земјата загина како Комита. Тој подробно ми раслажуваше: о едно тмуро утро во 1938 година Италија ја окупира Албанија и на Грција ѝ се закануваше со војна. Грчката власт, есента 1939 година почна да врши масовни мобилизации и да стационира воени единици кон границата спрема окупираната Албанија. Токму тогаш се оформи и ИЏ дивизија, која беше пополнета со костуржан ии леринчани. Кога стигнавме под врвот на планината Мали-Мади и Врба есенското пладне и осветленото небо над нас помодре.

Сега покрај војската со паролата Слатко и чесно е да се умре за татковината Елада! Под команда на неколку офицери, алосани од турски куршуми во војната во мала Азија, се повикуваше и месното население од Костурско, во името на Кралот, да се вклучат во изградба на патишта и  утврдување, и разни фортификации. Тие беа постари луѓе што ги тераа да учат вечерно училиште.

Еден ден, командантот на бригата Никос Пападопулос, се искачи на џипот и одржа говор од кој се зачудија сите: Вие, Македонците, сте големи патриоти и треба храбро да се борите против непријателот за да го заштитиме вашиот имот. Метаксас (4) неправилно постапил што ви го забранил мајчиниот јазик, - рече и остана скомросан со неговиот леден, суров и сериозен поглед.

По него зеде збор на прввиот баталјон, Буликас, возбуден и напнат рече: Јас во војната Грција и Туција во Мала Азија во 1921 година војував исклучиво на првата линија само со Македонци. Тие храбро и херојски се бореа и ги положија животите за татковината Елада и кралот на Елада. Тоа се бара денес храбро да се бориме против италјанскиот окупатор, рече Буликас. Потоа силно извика: Напред Македонци! Напред

браќа! Ура! Викаше Буликас. Таква била судбината со Македонците под Грција: илјадници жртви остана на боишта во грчко-турската војна, во грчко-италјанската војна, на сувите острови во Грција и накрај направија масовни гробници во Граѓанската војна. Тогаш во таа војна не нарекуваа браќа соборци и не признаваа како храбри Македонци. Но, што да се каже сега по едновековно наше молчење!?

Македонските - мајките, татковците, браќата и сестрите кои ги изгубија најмилите и се наоѓат надвор од своите корени боледуваат и велат:

"Ноќе понекогаш се слушаат гласови.Тие се нашите синови кои ги оставија коските по фронтовите. Тие сега викат: од фронтот во Мала - Азија, од фронтовите од Елбасан до Корча на планината Тепелени, од фронтот на Грамос и Вичо, затоа што биле закапани без миро и животите што ги давале не биле за Македонија, туку за оние кои и ден - денс посакуват што повеќе да го наметнат својот интерес, да не негираат и да ни го оспоруваат природното право на земјата, името, нацијата и јазикот и од родните огништа да не прогонуваат. На Грците не им е доволно пленот што го добија (1913г), туку не сакаат да ги признаат и масовните крволочни дела што ги сторија над Македонците под Грција. Ги распарчија семејствата и ги протераа низ светот, им го зедоа имотот и не им даваат да се вратат на татковите огништа затоа што не биле грци по род. Им ги разурнаа живеалиштата, им ги сменија топонимите и сопствените имиња, сите тие зафати не гледа Европа дека грчката држава извршила геноцид!?"

Крапов застана цврсто на своите нозе и извика: Европо! Пред Ужасот нема молчење!!

* * *

Крапов Продолжи:  Во февруари 1940 година со повлекувањето на победената грчка армија, повеќе илјади Македонци не им било дозволено да се вратат дома, туку беа испратени во логорите Акронафплија.

Живото си тече како што сакаше Гркот. Плачот на македонските мајки по своите чеда; за мртвите и живите интернирани по затворите, низ Македонија ечеше. Илјадници сирачиња, питаа за корка леб. Во црквите се редеа псалмите, а поповите спасот го гледаа во Господ. "Денес е 15 август 1940 година, се слави Успение на пресвета Богородица"- Голема Богородица. Да се помолиме сите за спасот наш. Вечно да живее во ангелска чистота и девственост.

На 6 април 1941 година, бројни германски воени сили ја започнале операцијата против Југославија и Грција. На 8 април некои германски механизирани единици пристигнале во Солун. На 9 април, грчките единици капитулирале, а на 21 април германските единици ја зазеле и Атина. А грчката власт никаде ја немаше, високите офицери ги имаа фрлено еполетите и ги искинаа списковите од војниците со кои командуваа. Сега скришум шетаа пред германската и италјанската воена власт.

Костурска пролет 15 април 1941 година.

Во градот Костур, Гермаската војска влезе на 15 април 1941 година и за градот Костур и околијата од овој ден е лишена грчката власт и сите институции се прогласени за неважни. По кратко време, само што се загнездија Германците и се покажа германскиот војник - војник до коска, способен да наредува без викање, таканаречи молчешкум. Решава сам за најважните работи. И секогаш јасно дава на знаење што може, а што во дадената ситуација не може да помине. Извршувањето на деталите им ги препушта на подредените.

Таквиот војник, во Костур остана само неполни 20 дена, а на 4 мај 1941 година настана смена и се појвија Италијанците. Италијанскиот војник е запаметен; весел, насмеан и како дрдорлив љубовџија…

Мај 1941 година.

Италјаните влегоа во утрината на 4 мај, под блесок на мајското сонце; бучни, распеани, а некои и ожесточени, качени на моторцикли со автомати, непрестајно ги пресекуваа

калдрмисаните улици со цел да внесат страв. Тие, на Македонците им имаа голема кимка, посебно на оние, кои служеа во грчката армија и се бореа многу храбро против нив. Тогаш, како и на Мало - Азискиот фронт (1919 - 1922), Грците со својата вечна итровштина, Македонците кои служеа во грчката армија ги праќаа на првата фронтовска линија. Но, сега посебно се покажа многу храбри на фронтовите во Тепелени и по целиот фронт кога Италјанците војуваа со Грција која сега веќе во Втората светска војна (1940 - 1945) беше прегазена од Хитлеровата Германија и Италија.

Италјаните брзо залогорија, ја поставија воената власт и од секаде ги симнаа развеаните грчки знамиња и сите белези на грчката држава. За еден ден како со свунгер; грчките белези беа збришани. А луѓето од грчката власт повеќе не се видоа, фатаија џенемот, а Костурчини се осунија со нов завојувач и господар, ама сега од италјанската власт, никој не им пречеше да пеат, збуруваат и да се молат в црква; на мајчиниот јазик, како што тоа им го правеа Грците. И следното не важеше наредбата: ОМИЛИТЕ ЕЛИНИКА! (зборувајте грчки! ). Отсекаде се бришеше.

“Кој не е на моја страна, тој е против мене, и кој не собира со мене. Тој растура” (Лука 11: 23)

Раскажува Крапов и изразито весел, вели:

По ден - два, стасовитиот италјански полковник Алдо Вениер, одржа до тогаш незапамтен говор и рече: Вие граѓани на Костур и костурските села ве известувам дека од денес грчката власт е суспендирана и вие сте под заштина на шата власт.

По оваа вест се осети здивот на костурскиот живот. Настројбата кај луѓето се смена и животот за Костурчани како да живна… Низ улиците, во црквите, на Пазар, се слушаше само Костурскиот говор, без да се плашат од некој дека може да ги казни…

Прво се обележа празникот на пролетта - “Ксантика”, еден од најсветлите обележја на старомакедонските народни обичај,

празник, кој со својата волшебна моќ ги обединуваше душите на Македонците во заднички стремежи за опстанок и мирен живот на Костурчани. Старовековниот празник на пролетта, љубовта, слободата, цвекињата и убавина на рубите во кои се облекуваа Костурчани, посебно жената; во разноразните кадифени бој: винската, зелената, кафеавата, розевата, сината, но, најголемата привлечност ѝ даваа шарм; везените дулбени со разнобојте мониста и широките дипли на прегачите, а таквиот раскошен колорит најдобро можеше да се забележи во женското прочуено развиореното оро: "Мори чупи костурчанки, раширетего орото… Да ви виме фустаните…"

На овој празник, и македонските комити ја манифестираа длабоката почит кон овие обичаи на своите предци, беа облечени во илинденските облеки со наредените колани куршуми и ками што даваа верност кон зачувување на своето татковинско.

Во овие времиња омразата, која за време на грчката власт ги разделуваше костурчани од Илинденците, веќе значително беше згаснала, а Костурчани одеа со повисоко кренати глави отколку во времето на грчката власт кога за еден изговор на македонски беа најстрого казнети. Славјанските букви и зборови беа отстранети дури и од надгробните споменици и на светците во македонските цркви.

Но, најголемата радост ја изразија постарите Костурчани, кои беа обврзани од грчката власт да го посетуваат вечерното училиште и да го учат грчкиот јазик. Тоа беше време од најсуровата грчка политика на денациолизација и асимилација. Грција ја забрануваше употребата на македонскиот јазик дури и за плачење.

Костурчани, сега присетувајќи се на првиот час, кога стариот Трпо ја праша комшиката Цвета Лебамова:

"Цвето мори, ти знаеш ли на грчки, сега како треба да се вика српот?"

Цвета му одговори отсечно: “Незнам, ти мислиш таму мие умот…”

Трпо, грижливо ѝ објасни: “Драпани! (драпани ). Пули вака; ДРАПАНИ…”

Цвета, го опули и му вели: “Капка да те удри. Врлаф си!...”

Костурчани, сега својот револт го изразија организирано: на денот кога се прават големи “бубуни” (палење високи огнови), кај месноста “долчето” и секој од нив ги донесе тетратките, моливот и сите ги фрлаа во големите бубуни на самиот плоштад “Свети Стефан”, пред црквата на “Свети Ѓорѓи”, на кај патот што води кон големиот чардак, а италијаниските војници, се смееа и шегуваа со Костурските чупи и со сите оние кои ја прескокнуваа бубуната, останувајќи со надеш дека тоа ќе им донесе здравје.

* *

Со Крсто Крапов, стоевме еден наспроти друг; како двајца војници од два противнички табори. Но, сега се разбиравме како двајца паталци, го прашав: Зарем нема да ми кажеш нешто за “Бубуните”?

Се насмевна, со восхитувачки поглед, полн со желба да ја раскажува приказната во детали:

Во тоа време во нашето маало се случи една неверојатна приказна; Бубуните, се високи огнови кои се палат во Малите и Големите пости.

Секој верник носи; снопови слама, прачки и дрвја и сè запалува и пламенот се виши високо. По согорувањето на запалевиот материјал, сите посетители околу огништето уште недогорениот материјал, го прескокнуваат огништето за да ги истерат болвите и да се ослободат од лошото…

Програмата на ЕАМ (Национален ослободителен фронт на Грците), формирана на 27 септември 1941 година и ЕЛАС (Грчката народноослободителна војска).

Формирана во Румели-како партизански одреди, на 15 мај 1942 година, беа со исти цели, бидејќи тоа е решено на заедничкиот состанок со ЦК на КПГ и ЕАМ). Прогласот е упатен до граѓаните на Грција и до бившите офицери на грчката армија, познати по својот буржуааски сталеж, а ние Македонците за нив бевме само “Славофони”, никакви борбени сојузници, туку пак само живи војници, како и нашите татковци во претходните војни. Ние, за тој период можеби погромко ја пеевме: Емброс ЕЛАС гиа тин Елада... и ништо повеќе. Но, има уште еден непобитен факт за секој што бил ЕЛАСИТИН, и не треба да заборава дека дал свечена заклетва.

Тие наши комунисти, стапувајќи во редовите на КПГ и на ЕЛАС ја потпиша следната обрврска:

ЗАКЛЕТВАТА НА ЕЛАСИТИНОТ: “Се колнам дека ќе се борам до последната капка на мојата крв за потполното ослободување,стабилноста и независноста на Грција.”

Крапов, одново се смирува, размислува и вели:

Ние Костурчани еднакво претеруваме и за среќата и за несреќата. Никогаш не сме биле толку срекни, ни толку несреќни, како што кажуваат нашите стари, ама таква е нашата поданичка жичка, велат старите…

Еден есенски ден 1942 година

Во весниците се јави еден опасен напис: ГРЦИЈА БАРА ЗЕМЈА ЗА СОПСТВЕНА ХРАНА.

Написот беше, не од некој си, туку од неговото Величество Георги Втори во кои се вели: “Грција се смета себеси задушена во нејзините сегашни граници, од недостаток на земја која и е потребна за да осигури храна за својот народ, неможноста да ја развие својата економија и лишена од каква било сигурност, таа

со право бара да окупира територија за Балканскиот полуостров на која смета дека е повикана.”

На таквата стратешка акција брзо реагираа пребегнатите Грци во Атина и најмногу беа загрижени дека во Костур била во тек формирање на македонска  патриотска организација за заштита на своите национални права под Италијаската власт. Одзивот од Македонците бил масовно по сите Костурски села и веќе биле во формирање доброволни наоружани единци-МАКЕДОНСКИ КОМИТИ.

Големата зима- декември 1942 и Јануари 1943 година

Тоа беше во почетокот на 1943, и тогаш грчките политичари сè уште живееја од политиката. Тоа се случуваше во Атина под итно, квислинската влада на чело со Г. Папандреас, формира специјална државна комисија составена од познати универзитетски професори и политичари, да заседават специјално за појавата на Костурските Комити во Македонија под Грција. Комисијата под итно ги формира организациите ИВЕ (Заштита на северна Грција), ЕЕЕ (Грчки национален сојуз), ПАО (Сегрчка ослободителна организација), ЕКА (грчка социјална одбрана, безбедност) и други.

Кај раскараните Грците се јави едно невидено обединување: Сè и со секого “за Националнито ослободување на Грција”. И тогаш, голем број офицери на националистичката организација ЕКА, по задача, се вклучија во партизанските единици на ЕЛАС и дури на кои им беа доверени командни позиции.

Што мислите каква беше положбата кај нас Македонците? - ме запраша Крапов.

По, моето размислување му одговорив:

Јас, од постарите мои запаметив кои велеа:

По поделата на Македонија, кај нас Македонците се измешаа од три вида на патриотизам. Сите ја наведнавме главата, и се помиривме со заменетото робство од турско во грчко, но се

надевавме дека Грците се христијани и ќе бидат подобри од Турците… Јас си припомнувам, кога ги прашувавме нашите дедовци; зошто останале да живеат под грчкото робство, тие одговараа: Ова е нашата татковина од памтивек, та и оваа стихија ќе помине како и се што поминало, и турците беа, па си отидоа!

Памтам кога дедо и баба ни раскажувале за животот и борбата во турско и кога ќе ги прашавме зошто се боеревте бабо? Ке ни одговореа: "За каурско, за христијанско, арно ама ние Македонците сме биле осудени од Господ да се мачиме и да му служиме на чуждинците, а некои тогаш се потурчиле, други се погрчиле, трети се посрбиле и побугариле што ти не станале, а ги имаше и многу потскажувачи, и умилкувачи…"

Логиката на Грците со овие организации им беше едноставна: клеветење на Македонците, тероризирање, го организираа невидениот терор, малтреирање, убивање, ништение на посевите, сечење на шумите и протерување на невини луѓе, поради непослушност и не исполнување на сите расистички закони донесени од Грчката власт: забрана на јазикот, преименување на личните имиња и топонимите.

Во Костурско се појавија првите партизански групи и одреди од ЕЛАС кои, раководители претежно беа од офицерите на ЕКА Баскакис, Зисис, Кирцидакис, Ефремидис, Коларас и други кожождерци, презедоа терористички акции против истакнати Македонци, Илинденци и нивните потомци. Членот на ГШ на ЕЛАС, а деклариран комунист Андреас Џимас, забележува при еден состанок на старешините на ЕЛАС, во мај 1943 година, меѓу другото рече: "…во овој прв период во Костурско се појавуваат националистички групи кои применуваат непријателска политика кон Македонците и поради Македонците се непријателски расположени кон Грчките партизани, бидејќи таквите групи се шовенистички и ги прогонуваат. Со таквите акции, ја отежнува работата на ЕАМ-ЕЛАС И КПГ, која ги повикува да дојдат во нашите редови…"

Летоци со застрашувачки пароли…

Крапов, несакајќи да каже гласно, воздивна и рече: Во тоа време посебно во Костурско растураа летоци со застрашувачки пароли, против Македонците.

Многу чуда се случуваа во Костурско: нешто спротивно на тоа што Грците се обединуваа, од сите идеологии, Македонците се разединуваа по поданичка линија. Во ЕЛАС, служеа повеќе од 1,800 Македонци комунисти (ние ги викавме: луѓе со идеолошка тетоважа, а за чудо во истите редови во ЕЛАС беше оформана и една единица борци од македонски жени, а сите тие беа командувани од инфилтрирани националисти офицери и ги мразеа комунистите Грци и Македонци во редовите на ЕЛАС, тие беа: Портис, Кирцидакис, Башкакис, Зисис, Мандаропулос, Ефремидис, Минчос, Коларас и други кои на 8 април 1943 година една поголема група (од вкупните 3,500 борци на ЕЛАС што делуваше во Костуркиот регион околу 2,130 борци, се отцепија од ЕЛАС и прогласија дека од овој ден тие ќе се борат против антикомунистичко и антимакедонско востание кои денес ги има во редовите на ЕЛАС и Комитите.

Сите тие наши луѓе што ги сочинуваа Костурските комитски одреди, живееа со катадневен немирен сон. Тие луѓе не сакаа да се скријат зад нечии грб. А на некој вешт демагог (Комунист-Еласитин, гркоман Македонец, кои се определуваа на страната на ЕЛАС и Комунист им беше одредено деиствањето: спрема тврди укоричени правила), а пред народот тврдел дека ги знаел сите одговори за идниот живот на Македонците - Костурчани; сè ќе било решено во Комунизмот, па се тетовирале повеќето Костурчани без никакви двоумења.

Таа грижа и љубов од овие луѓе Гркомани; всушност никогаш не била со вековните македонски историски корени и со којзнае каква традиција. Таа "љубов и грижа" била изградена токму врз грбот на Македонците, почнувајќи со доаѓањето на владиката и Каравангелис и првите андарти на чело со  во почетокот на 20-век

Впрочем, Македонците - Комунистите Еласити и еден дел гркомани Македонци би си ги исекле вените за Грците, но мнозинството Македонци не сакаа да се чуе за нив, токму

поради минатото; црквата и великогрчката пропаганда илјадници Грци гледаа на Македонците како на плен што еден ден би требало пак да се вратат во стариот кафез.

Првите борбени акции на партизанските единици во југозападниот дел од Македонија (Костурско) кон крајот на 1942 и во почетокот на 1943 година, предводени од грчки националисти офицери, биле насочени против видни Македонци, против потомците на учесниците во Илинден. Тие во с. Нестрам на 4 март 1943 година прогласија опсштонародно востание, при што говорниците, раководството на ККГ и ЕАМ, ништо не рекле за националните права и за судбината на Македонците, туку грчките националисти бунтот бил насочен против Македонците и нивното уништување, кои можеле да се спасат ако се приклучат во нивните редови.

На 5 март 1943 година се оформи Македонски комитет со свои воени фиормации - Комити.

Костурските комити автентично и прв отпор против грцизмот (1943), тие го бранеа духот и битот на македонскиот народ.

НА 5 МАРТ 1943 ГОДИНА БИЛО СВИКАНО СОБРАНИЕ ОД 48 ЧЛЕНА КОИ ИМАЛО ПРЕСТАВНИЦИ ОД РАЗНИ СЕЛА. НА ИСТОТО СОБРАНИЕ БИЛО РЕШЕНО ДА СЕ ОФОРМИ ОРГАНИЗАЦИЈА ПОД ИМЕТО “МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ” ЗА КОСТУРСКО САМО ЗА САМООДБРАНА, ВО КОЈ ЧЛЕНУВАЛЕ ПОВЕЌЕ ОД 54 - 60 СЕЛА. ОД ИТАЛИЈАНСКИТЕ ВЛАСТИ ИМ БИЛО ДОЗВОЛЕНО ДУРИ ДА СЕ НАОРУЖАТ, БИДЕЈЌИ ИМ ТРЕБАЛО ДА СЕ ЗАШТИТАТ ВО ЗАВЛАСТЕНАТА ГРЦИЈА - КОНКРЕТНО ОД АНДАРТИТЕ.

Крапов се насмевна и по првата голтка кафе, ме опули со некаква скриена тага. Челото му беше оросено со крупни капки пот, но како непријатноста која секој пат, во текот на раскажувањето, го оросуваше неговото лице и се однесуваше само кога се присеќаше на оние моменти, на кои во животот ги имаше преживеано најболно.

Го протри лицето и продолжи:

“Тоа беше време, кога во Костур постоеја многу повеќе патриоти отколку предавници.”

Тој ден на нашиот духовен празник “Ксантика”, првпат видов толку насмеани Костурчани, облечени во празнична облека и обуени во нови чевли, а чупите во разнобојните кадифени фустани и долги плетенки. Се играше и се пееше, а ние ергените ги вардевме лепите чупи од италјанските Карабинери, кои беа магепсани од нивната убавина.

Во тие години дури и господ Бог се чудеше како Грците, за не цели дваесет и пет години (од кога владееа со Костур - Македонија (1913), толку многу можеле да ја посејат: омразата, зависта и желбата по секоја цена да му се назлоби на другиот, дури на ближниот. Силно беше вгнездена во битието на Костурчани. Дури Велигден во нашите цркви не беше пречекуван како во стари времиња. Сега, чиниш и лицата на светците наши им беа расмеани лицата и очите им светка…

Старите врски меѓу Македонците и Грците, браковите, пријателствата, безгрижните седенки и пијанки на даскалите; македонските гркомани со грчките колеги, сè повеќе се проретчуваа и таа врска катадневно се кинеше. Тие времиња, полека и со страв минуваа.

Сега, пред нас Македонците ни престоеше нашето обединување. Ние Македонците бевме доведени во ситуација својот живот и чест да ги браниме и со оружје. Тоа кулминираше на петти март 1943 година, на денот на прогласувањето на сенародното востание во Костурско. Тоа преставуваше, вистински прв отпор против грцизмот, а основачите (комитите) беа синови и внуци на Илинденците. Се радуваа сите; како да се откинавме од смртоносната прегратка.

Дедо ми, стар Комита; за Еласитите и Комунистите и гркоманите, велеше: Со луѓе што се стремат кон други цели не можете да правите заеднички планови!

Крапов за миг ме опули апатично и замолкна, а јас во еден миг, посакав да му упатам неколку збора:

- Ви се восхитувам, колку добро се сеќавате, по толку изминати години. Тоа е навистина убаво од вас.

Во себеси си велам, секој, кој внимателно го слуша овој човек, може да види со колкав напор тој го носи тоаварот на своите години, иаку во прашање беше, барем тоа го знаев, тежината на сеќавањето, и помнењето.

Расположението на Крапов не надејно се промени и пак замолча, но се сепна и како нешто важно да заборави, продолжи:

Тогаш знаеш како беше?

Тешко беше во тоа време, полно со неизвесности и немаштија, закани, време на опасни делби, но важно беше да се опстане.

Стравовите се разликуваа од една до друга генерација, особено во Костур, каде што меѓусебно коегзистираа генерации одгледувани во потплоно различни режими со своето уредување, посебно во турско, ама многу посебно; од кога дојде Гркот. И во Костур имаше генерации на луѓе, кои штотуку завршиле или завршуваа факултет и кои не познаваа ниту еден друг свет освен оној што ги окружува. Тие млади луѓе го прифаќаа светот онаков каков што е, не познаваа востанија, револуции (како Илинденското), не ги разбираа промените на правилата на игра, бидејќи за нив играта секогаш била иста. Правилата на таа игра беа едноставни: ништо не е сигурно и сите ние дејствувавме во услови на потполна несигурност. Во таквата ситуација кај Костурчани беа доминантни две чувства: Првата, страна, без оглед на тоа што се пропагираа комунистичките идеи и милион прашања, се чувствуваше недоволно информирани луѓе, поради тоа што стануваше несигурно.

Второто чувство што го имаше кај мнозинството луѓе, беше тоа што кај секое Костурско семејство имаше учесник во

Илинденското востание и сите тие подвизи со години беа раскажувани од дедо и баба за своите херој предци.

Костурчани со задоволство формираа цврсти ставови често засновани на предубедувања, и најчесто влегуваа во разговор без каква било подготваност да ги сослушаат аргументите кои можеа да ги порекнат нивните верувања. Гркоманите, секогаш иронично насмеани, и човек само требаше да се чуди од таквите насмевки, бидејќи тие нема да им исчезнат од лицето и додека гледаат како некој ни забива нож во грб.

Кај постарите генерации перманетно кои беа измачувани од грчката асимилтароска политика, константно чувствуваат пониженост, токму во овие години се појавува чувството дека се дораснати на својата задача; да се одбрани честа и македонштината. Се чувствуваат да бидат индувидуалци, креативци и автономни водачи на сопственото народ.

Овој став на Крапов, ме потсети на еден од најпознатите руски книжевници - Лав Николаечич Толстој кој вели: “Во животот, како и во шахот, ги забележуваме нашите грешки тогаш кога другите ќе ги искористат.”

* * *

Крапов, ми изглаше скршен, но поместувајќи се за миг, да потстане продолжи:

Ние Македонците со нашето поданство од секогаш, многу грешевме и сега се прашувам; Дали човек може во еден ден да ги поправи сите грешки што ги направил во текот на целиот живот?

Синдром на “македончето”, токму Комитите покажаа дека е надминат, кој со децении се вградуваше од Гркот. Опасната намера на тугинците и пропагирање на себеохрабрување беше отфрлена и комитите покажаа дека не се веќе индиферентни кон сопствената судбина, иднина и постоење на своето. Појавата на комитите македонскиот народ народот ја дочека со

голема радос и олеснување. Тие во народот влеваа прекрасно чувство на слобода и ослободување од грчко робство.

Поголемиот дел од нив, токму во владењето на комитите откриваат дека е време да го симнат тој робски товар и ги бараа причините за долгите непријателски заговори (дури со протерување на населението од своите вековни огништа) од грчката власт, која постапуваше многу по нечовечки од петстогодишаната турска власт.

Сакам, секој Македонец, да знае дека Комитското движење беше последица на грчката антимакедонска политика и практика, односно на угнетувањето на Македонците од грчката власт, но и од Комунистите.

Окружниот комитет на КПГ и командата на ЕЛАС, задоени од грчкиот национализам, не можеле да ги разберат причините за формирање на комитското движење и како да го елиминираат. Единствениот реален начин да се елиминира оваа појава бил да се задоволат желбите и стремежите на Македонците. Но грчките раководители се определиле за употреба на воена сила во задушувањето на комитите. Своевиден израз на оваа определба на грчкото раководство е масакарот што го извршиле некои единици на ЕЛАС во с. Старичани (Костурско) на 1 мај 1943 година, кој не само што не го елиминирал ова движење туку напротив го зајкнал.

Но, истотака треба да се знае дека Комитското движење се појави како прво; од луѓето кои по традиција беа воспитани и следбеници на револуционерното Илинденско Костурско, а тоа се случи во март 1943 година и подоцна во другите подрачја во Македонија под Грција. На секад ечеше македонската песна…

* * *

Влегувавме во најшироката калдрмисана улица која не водеше сè до “рибарската”, допирана од  шлапови на езерските води.

Крсто Крапов развеселен ми вели:

Ете, како беше: токму по оваа калдрмисана улица под блесокот на летното сонце, се слушна долг глас на труба и сѐ поблиску допираше чудна музика на маршеви. Тоагаш се појавија костурските комитски жени, поминувајќи низ огромната толпа луѓе, стегнати во шајачните комитски облаки, во бели клашни, со нарамени малихерки и полни гради од низи со патрони и со чувство на национална припадност, чекореа, а коренот небаре им се раширувaше под нивниот чекор. Чиниш се креваа дрвјата, се возвишуваа, ридовите растеа, врвовите се доближуваа до сонцето…

И, чиниш, тоа утро пред очите на костуржани се растегнале вековите и гледаат со наполнети очи со солзи.

Се слушна песна од убав машки глас: “Од гроб станале славните јунаци…” Песни за Илинденските војводи: Васил Чакаларов, Лазар Поп Трајков, Манол Ризов, Пандо Кљашев, Атанас Кршаков, Митре Панџаров, Пандо Синдов, Никола Добролитски, Кузо Стефов, Георги Шкорнов, Трпо Георгиев, Лазаар Московов, Павле Христо и за други многу бројни борци и војводи.

Војводите качени на бели коњи, како да ја носеа ископаната историја… А, по нив со бунтовен дух чекореа четите: Апоскепската, Сетомската, Тиолиската, Кондорабската, Личиската, Горенската, Бобитската, Олитската, Загоритската, Прекопанската, Вишенката, Шестеварската, Поздивската, Кономладската, Добролитската и редум така една по друга.

Потоа одекна - маршот на Комитите:
Има ли уште кој што не знае!
До дека е Македонија:
Солун и Воден
Лерин и Костур
Таму се бијат Македонците!
Борбени чекори беа се посилни.
Се слушна машки борбен глас од војвода Добролитски:
Војводи и Комити!
Браќа и сестри!

Денес е Илинден и е ден на иднината за афирмација на македонското национално битие.

Драги браќа! Дојде часот кога мора да им се рече доста! На сите црни банди кои сеат смрт по нашите села.

Денес татни пулсот на историјата и ставаме крај на вековната драма на костурската земја: страдањата, наездите, грабежите, прекрстувањата и колежите…

Драги костурчани! Бидете храбри како што и ви доликува на потеклото.

Костурчанецот беше тепан, убиван, но сите ние не ја изменивме својата народност. Нека знаат каков цврст и оддан Македонец е Костурчанецот.

Да живее Македонија!

Тоа ме трогна и одма се пријавив во Штабот.

Зедов заклетва: Јаска Крсто Крапов, се колнам шчо до последната капка крв ќе се борам за слободна македонија и шчо ќе бидам верен на Македонскиот Костурски Комитет и нема да станам предавник. Ако станам измамник, нека ми се с’нди со револверот и камата шчо за верност ги бацван!

Слобода или смрт!

НА 9 АПРИЛ 1943 ГОДИНА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ ИМ ПРИПАДНА НА МАКЕДОНЦИТЕ ЗА ПРВ ПАТ ПО 30 ГОДИНИ НА СУРОВАТА ГРЧКА ВЛАСТ

Формирање на месни комитети само со Македонци од нашите села:

Крапов, восхитен вели: Ние македонските комити за прв пат по грчката окупација (1913), во договор со италјанскиот командант на воениот гарнизот во Костур и Костурско полковникот А. Виниери ја презедовме месната власт и нашите луѓе (9 април

1943) за прв пат сами управуваа со месните комитети, кои до вчера беа под грчка власт. Тоа е документ во италјанските архиви и треба историјата да го каже, а не еден век да се Молчи!

По месец дена од формирањето на Костурскиот комитет, на 9 април 1943 година во Костур пристигна италјанскиот полковник А. Виниери за главен командант на окупационата зона: Костур и Костурско. Тој со писмо Бр. 617, испратено до "Македонскиот Костурски комитет"; за сигурност предлага од територијата на Македонија да се истерат грчките власти и да се подели на зони, така да во секоја зона, назначи Македонци од доброволците Комити за свој команданти и тоа по можност припоени кон една команда и по неколку ближни села.

Значи, во согласност со членовите на Македонскиот Костурски Комитет и полковникот А. Виниери, Костур и Костурската окупациона зона на Македонија е поделена на 15 зони со соответни центри:

Првата зона со центер е во Преспа с. Орово; 2- та е с. Герман; 3- та е с. Желево; 4- та е с. Брезница; 5- та е с. В'мбел; 6- та е с. Добролишта; 7- та е с. Поздивишта; 8- та е ц. Четирок; 9- та е Костур; 10- та е с. Загоричени; 11- та е с. Драничево; 12- та е с. Желегоже; 13- та е с. Горенци; 14- та е с. Радигоже; 15- та е Хрупишта. Во секоја зона е организиран за одбрана по еден одред (селски чети). А кога биле напаѓани од Еласитите, на помош им пристигнувало и од Костур.

Верувајте ми дека борбата за татковината ми беше полесна, но денес е сѐ изопачено од туѓите идеолгии и сите станвме жртви на нашата борба за ослободување на Македонија.

Пред моите очи; Комитите умирајќи со зборовитете: "нека е жива Македонија, да ние жива татковината!"

Кога зборуваме за Комитите и нивниот став беше да ја чувствуваат и сакаат татковината.

Комитата знае како е да се живее на дното: понижен, исплукан, не насмевнат, не израдуван, не опеан, не напроменет и не одликуван. Комитата не се покорува лесно. Знае да опстествува. Горд е. Не посакува никогаш да биде неправеден. Трага по вистината. Го враќа и го памети; злото и доброто.

Комитата и маката пее, твори, сонува, вознемирува, знае неговата нова пролет во градот може да биде кратка болка. Темпераментот на комитата; минувајќи низ пеколот и љубовта, често е виорен, бунтовен, насилен, див. Тој може да биде ведар, бескраен љубовник, но и чест трагичар.

Поради таквата смелост, оданост и пожртвуваност кон татковината, сите нас Костурчани ни се случи, слободно можеме да го наречем помор на дел од македонскиот народ.

Раскажуваше за невидената храброст на војводата бај Кољо, од што толку се возбуди, што ќе му излеташе срцето од градите. Јас да не се расплачав, но си ја гризнам устата до болка.

Моите родители беа побожни и благочестиви. Тие знаеја дека јас доброволно ќе станам Комита. Тоа беше еден доблесен момент. Кога решив да ја нарамам пушката и се заколнам дека ќе се борам за слободен Костур и цела Македонија. Наеднаш ми честитаа со цело срце ми го дадоа својот благослов, а тоа го сторија и најстарите Комити. Почувствував таква таква љубов што не можев, а да не ми потечат солзи од очите. Така се роди љубовта за Костур и Македонија.

Сега заборавени се костурските револуционери. Заборавени се Илинденските комити кои се бореа против анадртите-кожодерачи. Заборавени се Костурските комити кои се бореа против пауџидите колачи и итроманите макеонски (еласити) кои ни го организира е братојадството.

Прогонот на комитите во и надвор од татковината наликува на некаква болест, на грутка во душата, што може со тешкотија да се изусти и соопшти за злоделата на андартите, пауџидите и сите наши предавници...

Денес, кај комитите па и кај комунистите низ призракот на тугината, се чувствува раната на разделбата и носталгијата по родниот крај, од делбите и татковниот разден на разделби и болести.

Кога зборувам за еласитите комунистите и нивниот приод и долг кон татковината, незнам дали од нивните генерации ќе посакат да кажат нешто добро. Секој се прашува: Го знае ли еласитинот комунистот, својот долг кон татковината? Го знае ли Еласитинот (комунистот) апсолутизмот и неспокојот кој што го прогонува меѓу родокрајното и космополитизмот и вечното?

Кога се обидувам мисловно да го заокружам изминатото и годините (1940 - 1949), во животот зад мене како на филмска лента се нижат кратки секвенци од неизбришаните момент на преживеаното: радоста од детството, љубовта за родниот Костур...

Сето тоа ме потсеќа на неми сведоци кои минуваа низ чудни премини.

Татко ми велеше: “Не постои добар комунизам, како што не постои ниту добра религија. И едното и другото се опиум за народот.”

За религијата најмногу научивме од владиката Каравангелис. Тој, продавајки верски магли, успеа помеѓу нас Македонците да протне убедување дека верата во грчката црква е господова и на таа основа ги испозакла и ги распопи сите попови од нашата црква или ги погрчи.

Тој, не убедуваше дека верата е добра работа, а постојано злонамерно ја користеше за усвојување на Македонија и истерување на нашиот народ.

По неколку години, во наше време, тоа го правеа комунистите и пропагираат за комунизмот дека во принцип е супер идеологија.

Татко, за комунистите велеше: Тие се луѓе кои во животот истовремено сакаат да научат да пливаат, но со едната нога некако да останат брегот...

Времето покажа, дека тие ниту се научија да пливаат, ниту останаа на брегот. Сега далеку од родниот крај се оправдуваат дека само што некои лоши чичковци погрешно го примениле комунистичкиот систем.

Комунистите (поранешни еласити) со кои се ребореја заедно со Македонците, откако ги сотреа комитите, тие нивни соборци Грци- комунисти, Македонците ги однесоа во Ташкент и ги оставија таму, а тие се вратија во Грција; на нивните и нашите таткови огништа...

* * *

Значително понервозен отколку што би требало да биде во овој миг. Ги поткрена рамениците. Сфатив од неговиот строг поглед дека нешто многу го мачи.

Ме гледаше со ококорени очи, пулсот премногу брз. Но строго си го контролира текот на мислите. Присетувајќи се од кај да почне, Крапов ми вели:

Значи, пулам дека сакаш да знаеш нешто повеќе; како се роди КОМИТЕТОТ.

На сите нас ние јасно дека во Третиот рајх нацистот бил убеден дека Евреjнот треба да исчезне и обратно, Евреjнот никако не можеше да прифати дека треба да го снема, затоа што нацистот не го признава за човечко сушество. Нас Македонците ни се случи истото. Тие за нас, јавно велеа: Ние немаме потреба од Македонците, но имаме потреба од земјата Македонија (“Во својата книга О македоникос Агон” вели Карвитис - еден од првите андарски џелати дојдени во 1903 година) и во тоа и успееа.

Ете, каква беше стратегија на грчката конвеционална држава: со еден крал, една нација, една црква и еден јазик.

Самите Грци во реалност имаат двојазичност: катаревуса "и Димотики".

Ете зошто кај Македонците; од Костурско и цела Македонија под Грција вриеше под гнев.

Грција секогаш се однесуваше кон Македонците, не според реалноста и фактичната состојба, туку во зависност од нејзините национални и државни интереси (пример: со Македонците на Малоазијатскиот фронт и со италјанскиот фронт. Македонците ги распоредуваа сите на прва линија, а резултатите беа катастрофални).

Ние Комитите имавме за цел:

Да се чуе гласот на обесправените?

Неправдата Боли!

Ете, по нешто сакам да ти раскажам дел од нашето минато, а тоа е македонската вистина, оти душманите кои ја закопаа македонската историја, неможеш вистината да ја дознаеш никогаш. Таа вистана е закопана и остана "ТАМУ". А не како што ја кажуваат идеолошките активисти.

"Сега, пред нас Комитите стоеја јасно нашите непријатели кои посакуваа што побрзо да не уништат."

Го прекинав и некако избрзано го прашав:

Зошто? Кој го организира процесот за ликвидација на комитското движение?

Следеше долга напрегната пауза; Крапов гледаше во мене и помислив дека нема да ми одговори, но ме опули, како дете кое стој пред нечија врата, и за нешто чека... Ми вели: Ние комитите, треба да ја кажеме вистината. Војводите велеа: Ние не смееме да им оставиме товар и тежок срам на потомците. Ќе се бориме до смрт. Така и постапивме. Да, такви беа времињата,

но ние Македонците станавме различни. И од тогаш, Костурчани ги нема во Костур, и Костурко, а ги има по целиот свет...

А што мислиш, кои остана во Костур? Останаа само Грците и гркоманите.

Не останаа, ни Комитите, ни Македонците Еласити и комунисти кои продава демагогија и тврдеа дека тие што знаеа што е марксизам и какво треба да биде идното комунистичкото општество, каде и ние Костурчани и сите Македонци ке си ги најдеме и ќе си ги добиеме сите човечки права.

Тоа беше време на лаги и клевети.

Така беше. А пак тие нашите Нофити, кои ве тараа во ДАГ и ви велеа боретесе за Македонија и бевте против царот, на крај ги затурија до Сибир.

Старите наши велеа: Грците што го сакаа царот, беа исти со Грците што го сакаа Сталин, сите тие од два мајки цицаа.

Ете, денес ги среќавеме сите нив, во кои горделивоста му се загнездила во душичката и си го туркаат животот со своето ЈАС, а ние Македонците, намамени, си го изгубивме татковинското за навек.

Само едно не одликува: ние Македонците живееме во ера на бескрајни војна и повеќето Костурчани во 20 век го минале својот опстанок на војно поле.

И како што велеше стариот Костурки рибар дедо ми Доро: Само пцуењето ни ја ублажува болка и лесно залогоруваме во тугина, и со сето наше незнаење им ги напуштавме Костурските убавини, на сите тие дошлаци (Маџирите) “Браќа по идеолгија”, и од нив направевме господари на нашата прадедова земја.

Мај 1943 година

Пред, речиси триесет години Крсто Крапов, во мај месец 1943 година, се придружи на комитските чети за да се бори против Пауџиите и Еласитите, и отогаш со својата храброст и одданост, станал војвода на 23 години. Во октомври 1943 година, беше ранет, во селото Загоричени, близу до “Свети врач”, за време на битката во еден суров судир. Овоа не беше првпат да е ранет. Во четириесети четвртата, во последната година од Втората светска војна, по втор пат беше ранет и заробен од Еласитите, ама тие што го заробија биле Македонците кои служеа во ЕЛАС- верни идеолошки тетовирани активисти.

Во тоа време, идеологијата по препорака се примаше од секој добродушен Македонец и се облекуваше како омилена униформа, шиена со специјална игла и конец, и со црвена книшка во џеп. Сè како што моделот и прописот, беше препорачан од Главната Централа, со посебна заклетва...

Страв од македонското воскреснување со македонска револуционерна платформа.

На крај, ни се множеа гробишта на гробишта. Се повеќе ни се котеше смртта и времето катадневно ни ги дробеше коските. Тие стотици мртви, засекогаш во историјата отидоа како безидентитет, убиени во групи, а не како воиници со своето битие, со својата физиономја, револуционерниот карактер, надежи, желби и планови за слободна Костурка земја... И ете историјата за Костурчани од почетокот на 20 век, како да немаа хумани, човечки и слободарски потфати, туку валкани политики што ни ги пласираа соседите. На кои им се даваше поткрепата со нашето поданство- не снема од Костур и Костуркио крај... Само сегашноста е она што го живееме. Сè друго е спомени, хери и гробови. Сенки од историјата.

Сега Крапов, дваесет и некоја година подоцна, со своите 75 години, вели дека спомените и деновите од март 1943 година се испреплетуваат со неговото секојдневие и ефектите од искуството се подлабоки од лузните и спомените.

Тој вели: ЗА НЕГО - МИНАТОТО Е ПОВАЖНО ОД СЕГАШНОСТА.

Јас долго, па дури и денес, не можам да откријам: ЗОШТО?!

Сега, тој повеќе ја сака пролетта, отколку есента. Го посакува и дожливото време, тишината, изолираноста, самоста. Тој отсекогаш повеќе ја сака пролетта, отколку летото.

Го прашав:

Го знаеа ли комитите својот долг и својата моќ?

Отсечно ми одговори:

Комитите ја чувствуваа и ја сакаа татковината, својот роден праг и прадедовската земја од дамнина, а комунистите беа космополити и како такви измеќари на комунистичката партија, си фатија по светот; и стигнаа, дур до Азија. Тие Македонци во редовите на ЕЛАС, немаа развиена способност да расудуваат толку длабоко, за нацинално ослободување на својата земја, кај нив уште владееше робскиот ум кој ги водеше кон еднонасочност и безначајност и беа искористени и манипулирани, а сотоа останаа под строг надглед и конторла на туѓите богови.

По неуспехот, обрврските што ги презел лидерот на КПГ, Сјантос лидерот на КПГ за уништување на комитите, побарал помош од КПЈ за КПГ и се сретнал со Црногорецот Темпо.

Во разговорите Сјантос со Темпо во август 1943 година, Сјантос го приватил барањето на Темпо во Егејска Македонија да се создадат специјални единици кои својата агитациона пропагандна работа ќе ја водат на македонски јазик. Ете како била  измислена првата мамка: Конкретно СНОФ беше организиран, но не од Македонците.

Грижа за Македонците или манипулација?

СНОФ- (Словеномакедонски народен ослободителен фронт) формиран на 20 октомври 1943 година. во селото Сничани, Костурско од секретарите на обласниот комитет на КПГ за Западна Македонија: Христос Калфас- Андреас и секретарот на окружниот комитет на КПГ за Костурско Андонис Андонопулос - Периклис, како и секретарот на Окручниот комитет на КПГ за Кожанско Танасис Карцунис. Сето тоа беше со умисла да ги разбијат и привлечат комитите со уверување дека веќе формирани се македонски организации.

Уште веднаш по своето создавање,македонските баталјони добиле задача да пристапат кон ликвидирање на комитските формации. На 21 август 1943 година Костурскиот баталјон нападнал неколку вооружени комкитски села и успеал да разоружа поголем број комити. Кон крајот од август околу 300 комити од костурско стапиле во леринско-костурскиот македонски баталјон.

Но тие организации како СНОФ и други, беа расформирани на 26 септември 1944 година. Со потпишувањето на договорот во Казерта. Со овој договор, дефинитивно беше запечатена судбината на левите сили и Македонците во Грција, на кои најмногу се надеваа и им веруваа Македонците.

Со поразот на ЕЛАС и договорот во Варкиза на 12 февруари 1945 година, се создаде нова ситуација во грција и во егејскиот дел на Макдеонија.

Се запрашав:

- Дали од тогаш на македонските комити им се планираше искоренување, односно геноцид на Македонците од Костур и костурско? Како може комунизмот да биде лицемерен? Може луѓето што го злоупотребуваат да бидат лицемерни, ама тогаш тие луѓе тешко дека ќе ги наречеме комунисти.

Политичката програма на СНОФ, која прет-ставувала платформа за заедничка борба на македонскиот и грчкиот народ. Мобилизација на македонските маси во единиците на

ЕЛАС за оружена борба за полн разгром на комитите и окупаторите.

Во книгата “Југословенскиот комунизам и македонското прашање” од Стив Е. Палмер и Роберт Р. Кинг, Арцхон Боокс, 1971, стр. 94- 95 ; пишуваат:

Во почетокот на месец мај 1943 година Темпо воспоставил контакт со грчките комунисти, во еден обид да ја воспостави доминацијата на КПЈ во Егејска македонија, што тлеел поради репресивните мерки на Метаксовата диктатура пред војната, бил распален со тоа што италјанските окупатори организирале специјална македонска жандармерија (се мисли на Костурските Комити) што вршела напади против Грците. Костурските Комити добиле одврзани раце и бидејќи нивното влијание било опасно за плановите на КПЈ за Македонија во рамките на Југославија, Темпо сугерирал дека би било добро да им се дозволи на Титовите агенти (Македонците во редовите на ЕЛАС и на КПГ) да ги организираат и водат Македонците во Грција. Грците одбиле. Но, Темпо сепак ја навел Врховната команда на грчката народно-ослободителна војска (ЕЛАС) да дозволи грчките Македонците да се организираат во Словенски народноослободителен фрон (СНОФ). Иаку командата на ЕЛАС веднаш се согласила да ги здружи воените акции со акциите на Југословенските партизани,таа, се разбира, не била воодушевена со формирањето одделни единици составени од грчки Словени, поради тоа што тој потег се чинело како да ги највува усилбите на Југословените да создадат голема Македонија. Прашањето за можноста Грција да ја загуби Егејска Македонија била главната црна точка на грчките комунисти. Согласноста со еден таков предлог, без оглед колку тој да е камуфлиран со планови за некој вид балканска комунистичка федерација, најостро би ја довела во прашање нивната масовна подршка.

Во своето писмо до ЦК КПЈ од 8 август - Темпо го пренел и инсистирањето на грчките комунисти да се зачува дискреција во однос на ова прашање: “Грчката партија го има следниот став во однос на прашањето за Македонија. Македонија т. е. македонското малцинство во Грција ќе добие слобода и ќе биде

обезбедено од секакво национално угнетување. Тие не му признаваат никакво право на самоопределување на овој народ.”

Несфатливо е нашето братојадство (поттикнато од Сјантос и Темпо), дури и до ден-денес, како сме могле и самите (учесниците во редовите на ЕЛАС) да учествуваме во уништувањето на една компактна целина организирана од 64 костурски села, со повеќе од 9,800 вооружени македонски комити кои застанаа храбро и достоинствено против грцизмот и не сакаа да ја прифатат елинизацијата и да се откажат од националниот идентитет. Наместо да го валоризираме како национален отпор, во нашата историја го оцрнавме преку сите можни идеолошки етикетирања. Но, што е за чудо, во новиот поход, пак масовно ги ангажираме (од сите тие што останаа живи или нивните синови), но сега како добри синови на партијата...

Појавата на комитите е неверојатен миг на македонската стварност, на место да имаме почит и достоинство спрема сопствениот народ, ние поново влегуваме во политички игри со тие, кои најмногу го носеа гревот за уништување на костурските комити.

Акоземеме предвид, дека во светот, нема нација која срушила нешто што било создадено (автоктоно) од сопствениот народ, тогаш ние Македонците сме први. Токму за гревот на македонските костурски комити.

Но, треба да знаеме, дека комитите се тие кои ја доживееа најстрашната дискриминација од грчката држава што ја спроведуваше спрема Македонците, дури и пред да се родат, а од родната (сопствена) историја се заборавени, па дури и непромислено анатемисани. Поделбите на “...фили” или “...мани”, кои во повеќето случаи вештачки се одржуваат (потикнувани од туѓинците) срамно и понижувачки зборуваа за нашиот народ.

* * *

Побарав извинување и му велам:

Одамна копнеев и чувствував потреба да се вратам на корените во мојот роден Костур и видув дека тука, жестоко е удрено по човекот. По Мекедонецот. А тоа е сторено токму во годините: 1940 - 1949 и од тогаш сѐ избришано, сѐто наше што беше свето е погазено. И што  можете да ми кажете?

Крсто Карпов, не дочека да се искажам ми вели:

Јас, сето тоа го паметам како да се случи денес: како Македонците (ние ги велевме - нашчите), кои беа во редовите на ЕЛАС им пукаа на комитите во грб. Каква изопаченост? Нели!? Како може да се прикрива македонската историја, злосторствата направени над сопствениот народ, над борците кои беа за обединета Македонија, а од тугинците беа анатемисани како автономисти и сепаратисти.

Во овој наш Костурски крај, кој сѐ повеќе Македонецот страдаше од синдромот на подвоена личност.

Примерите од војните што се случуваа во Костур и Костурско за мене отвараат многу прашања за нашите животи, и сите патила сѐ овде. Всушност, никој нее виновен - велат Еласитите Македонци и тие се бореле за Македонија.

Но, неможам да се смирам: сиот гнев и повреденост кои со години се собирале конечно излегува на површина дека во родниот Костур сме како тугинци во својата земја... и при секое наше враќање ДОМА.

Многу индикативно е прашањето: зошто генералниот секретар на КПГ Сјантос, не преговара со Македонците комунисти (Во Вардарска Македонија или во Егејска Македонија) што беа во ЕЛАС, туку бара да преговара со висок преставник на КПЈ - Југославија?

Дали македонските комунисти на тоа реагираа?

Не! Тие веќе беа влезени во вештите комбинации на Темпо, кој и самиот се покажа: како чувар на границите на кралска

Југославија и ништо повеќе. Тој беше за новото: македонско движење со пројугословенска историска тенденција. Грците, сега, му веруваа на Темпо оти од КПЈ сѐ беше потврдено со елиминирањето односно отстранувањето на генералниот секретар на КПМ Методи Шаторов - Шарло и повеќе не постоеше можност за остварување на идеите на Шарло за некакво духовно обединување на Македонците од целокупниот етнички состав на Македонија.

Крапов, повторно крена раменици, ме погледна загрижено, од што уште повеќе се загрижив. Тој повеќе неможеше да се воздржи, почна да раскажува во детали:

За нас Македонците (посебно од егејскиот дел), по ова стана јасно дека било каква акција да превземеме за обединета Македонија, ќе бевме дочекани на нож од КПГ И КПЈ.

Значи, сега сѐ беше на политичко - партиско и државничко рамниште на Грција и Југославија. Но, со иста цел беше сторено и со Албанија, кога на 20 јуни 1943 година во Главниот штаб на НОБ на Албанија беше потпишан протокол  за тесна воено политичка соработка од претставниците на Југославија (КПЈ) Светозар Вукмановиќ - Темпо, Албанија (КПА) Енвер Хоџа и Грција (КПГ) Верверис.

А токму, за таквото ниво на разговори инсистираше владата на Папандреу во Каиро. Имајќи предвид дека тоа ниво го има прифатено и решено Југославија со смената на Шарло и целокупното партиското раководство на КПМ и новата платформа. Владата на Папандреу од КПГ и ЕЛАС, бараше да не прифаќат никакви компромиси со Македонците: било да се од Егејска Македонија или од Вардарска Македонија, оти би имало историски последици за грчката држава и нејзиниот суврренитет. Не знам, што уште требаше за да сфатат македонските комунисти од Македонија под Грција дека тие веќе за КПГ и ЕЛАС не преставуваат политички субјект (туку лажен привремен) и дека беа само намамувани од Темпо.

Значи, ТРЕБА ДА СЕ ПОДВЛЕЧЕ: решението го договорија (Убиство без пресуда) преставниците на КПГ и КПЈ, пак во рамките на Букурешкиот договор; Југославија - Грција.

Тоа за нас Македонците значеше: Бранејќи ја комунистичката идеологија, го изгубивме за навек идентитетот и дедовите огништа. Нашата судбина е наша судбина и моравме да ја земеме во сопствени раце, оти сурово е кога луѓето не сакаат сами да господарат со својата судбина, тогаш како што вели нашиот народ судбината загосподарува со нив.

Така и се случи: со првото братојадство.

Втората мамка (по договорот: Сјантос КПГ - Темпо КПЈ)

Мудрото раководство на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС, на 1 септември 1943 година во месноста на Бериќ-костурско, го формира македонскиот партизански одред “Лазо Трповски” во составот на ЕЛАС, а за командант беше назначен Наум Пејов.

Му реков:

- Има ли нешто понедостојно од тоа кога расположението на моќниот (кумниот) зависи од туѓото нечовештво?

Тој ми рече:

- Паскале, ти знаеш дури и животните стануваат питоми спрема оној кој ги храни, а камо ли човекот. Во таквиот случај мудриот (итрецот) не се лути на оние кои грешат.

Таквата мамка уште во првите денови имаше успех. Комитите и сите Македонци кои не одеа да служат во редовите на ЕЛАС, сега се лепеа како муви на медот.

Уште во текот на пролетта 1944 година, Грците станаа вознемирени од пропагандата за независна Македонија и посебно поради партиската насоченост во новите одреди и во организацијата СНОФ.

За шест месеци од своето постоење организацијата СНОФ во Костурско успеа да ги придобие Комитите и се омасови во своите редови со повеќе од 4,770 членови, што значи Македонците поверуваа дека: "СНОФ е единствената народноослободителна организација што ќе ги исполни националните и социјалните барања на македонскиот народ под Грција", така пишувало во: "Словномакедонски Глас" број. 3 април 1944 година. Се пропагира: "СНОФ е новата ВМРО на Македонците, што ќе го доведе до крај делото на Илинден..."

Од таквата вест најмногу се вознемирија колонистите од Анадолија - викани Маџири, предводени од капетаниос Маркос кој им порача на еласовците:

"За да ги уништиме комитите, не е доволно да ги уништиме нивните живеалишта: мораме да ги уништиме сите оние кои зедоа пушки и нивните семејства кои ги подржуваат да мислат на создавањето на обединета Македонија."

Сега, и како никогаш досега, треба ние сите што дојдовме во овие нови предели и устроивме нов живот со помош на власта, ќе треба да им зададиме моќен удар, за да разберат дека ние колонистите не ја даваме оваа грчка Македонија во некаква "Обединета Македонија."

Но имаше и такви кои повикуваа на немилосрдна борба: "Другари! Токму тоа е наша должност: или тие ќе ги снема или ние треба да се вратиме во Анадолија. Ние, повеќе од јасно е дека не сакаме да се бориме за некаква обединета Македонија и да им служиме на Славомакедонците; да им бидеме робови.

Ве повикувам! Опијанете се, луѓе, бидете весели, натрескајте се, напијте се добро! Бидете среќни и задоволни што можеме да ја сочуваме Македонија да остане грчка, оти овоа е она што вреди: не чекајте до утре, рајот за нас е овде!... Таквиот став е и на власта што не донесе од Анадолија, во овој рај и ни ги додели најбогатите поседи што им биле од земени на турските аги."

Џони Стефов, само неколку денови што беше дојден од Канада, рече:

- Ве слушам и размислувам: Ние Македонците; колку сме мали, толку сме тажни, толку сме несреќни, зависни и љубоморни. Ќе почнеме ли, еднаш да се обединиме и да се помагаме едни со други, да се охрабруваме. Доколку не престанеме со нашето братоубиство (комити со комунисти) по препорака на туѓинците, да си ставаме сопки, нема да не има. Сега сфатив дека големите и малите се разликуваат по својата големина како луѓе, а не поданички славољубци.

Луѓе, срдешница ме фаќа и ми иди да залудам и да ме слушне секој на БАЛКАНОТ!

На 18 јуни 1943 година формиран е заеднички штаб, со кои се признаваа силите на отпорот како сојузничка војска (на чело Еди Маерс).

Следниот ден весниците јавија дека разговорите течеле помеѓу ЕЛАС и ЕДЕС и Британскиот генералштаб за Средниот Исток, и дека во август 1943 година во Каиро допатува делегација на КПГ и ЕАМ со цел да преговара со грчката владата во бегство и со претставниците на граѓанските партии за постигнување политичко единство и за формирање на заеднички штаб кој бил фомиран на 18 јуни 1943 година, со кои се признаваа силите на отпорот како сојузничка војска (на чело Еди Маерс) и народноослободителното движење во Грција му се потчинува на англискиот генералштаб за Средниот Исток. Но со иста цел на 5(16). 07. 1943 година во Либан беше потпишан договор за воена соработка.

Решението на КПГ за расформирањето на македонската организација СНОФ (која си ја изврши функцијата, со придобивање на Комитите во своите редови, не само што се покажа како најгруба манипулација, туку и совршено политичко и физичко ликвидирање на Македонците и елиминирање од светската политичка сцена во Грција- практично се оствари, тоа што го бараше грчката влада во бегство), сега за грчкото раководство на отпорот (КПГ, ЕАМ и

ЕЛАС) претставуваше непотребна организација СНОФ, бидејќи пред грчката реакција за да се постигне по секоја цена “национално единство” со грчките буржуаски партии и со власта во бегство, со коишто КПГ на 20 мај 1944 година го потпиша познатиот капитулнски договор со кој се запечатуваше судбината на Македонците.

Го прашав Крапов:

-Дали е вистина дека организацијата СНОФ е формирана под притисок на југословенската комунистичка партија од Темпо?

Ми одговори и потврдно рече:

- Да. КПГ даде согласност со цел да ги стави под контрола сите Македонци кои не сакаа да стапат во редовите на ЕЛАС и ЕАМ.

На 26 септември 1944 година во италијанскиот град Казерта беше потпишан уште еден договор меѓу КПГ, ЕАМ, ЕЛАС и грчката влада во бегство на чело со Георгиос Папандреу и Британскиот штаб за Среден Исток. Со овој договор беше постигната согласност грчките герилски сили да влезат под команда на грчката влада во бегство. Меѓутоа, своето право грчката влада во бегство му го пренесе на англискиот генерал Скоби. Се разбира и овој договор претставува уште една отстапка на грчкото раководство на отпорот во корист на грчката влада во бегство.

Последиците од овој договор најмногу ги почувствуваа Македонците под Грција против кои грчката десница и реакција спроведе нечуен терор со цел целосно да ги протера од границите на грчката држава и тоа важеше како за снофитите (поранешни Еласити) така и за Комитите.

Сосема сличен беше и ставот на англискиот амбасадор во Атина.

Господинот П. Л. Липер уште во ноември 1944 година се носеше со идејата за раселување на Македонците под Грција. Меѓутоа и самиот заклучи дека во тој момент тоа беше

невозможно. Таа идеја сепак беше реализирана во текот на Граѓанската војна (1946-1949) кога беа протерани околу 50,000 Македонци, и околу 28,000 деца, одземени од Кралицата и од ДАГ, кои мораа да заминат во земјите на народната демократија: Романија, Унгарија, Чехословакија, Полска, Југославија и СССР.

* * *

ПО ЛИКВИДАЦИЈАТА НА КОМИТИТЕ, ВО ПОЧЕТОКОТ НА МАЈ 1944 ГОДИНА, РЕШЕНИЕТО НА КПГ, СЕ ДОЛЖЕШЕ НА НЕИЗИНАТА ПОЛИТИКА ЗА СПОГОДУВАЊЕ СО ДЕСНИЦАТА, КАКО ШТО СЛЕДИ:

НА 16 ЈУЛИ 1943 ГОДИНА, КОМАНДАНТОТ НА ЕЛАС САРАФИС И ШЕФОТ НА АНГЛИСКАТА ВОЕНА МИСИЈА, ПОЛКОВНИКОТ ЕДИ МАЈЕРС, ПОТПИШАА ЗАЕДНИЧКА ДЕКЛАРАЦИЈА СО КОЈА ЕЛАС СЕ ПРИЗНАВА КАКО СОЈУЗНИЧКА АРМИЈА И СЕ ПОТЧИНУВА НА КОМАНДАТА ЗА БЛИСКИОТ ИСТОК. НА 12 ФЕВРУАРИ 1945 ГОДИНА ВО ВАРКИЗА, ОДМОРАЛИШТЕ БЛИЗУ ДО АТИНА БЕШЕ ПОТПИШАН ДОГОВОР МЕЃУ КПГ И ЕАМ ОД ЕДНА СТРАНА, А ОД ДРУГА - ВЛАДАТА НА ПЛАСТИРАС И БРИТАНСКИОТ ГЕНЕРАЛ СКОБИ. СО ТОЈ ДОГОВОР ЕАМ И ЕЛАС, ПРАКТИЧНО, И ЈА ПРЕДАДОА ВЛАСТА НА ДЕСНИЦАТА. ТОА ЗНАЧЕШЕ ДЕКА ВО ГРЦИЈА НЕМА ДА ИМА СОЦИЈАЛИЗАМ.

Втората светска војна заврши, но Македонците останаа под строг надглед и контрола на КП на Југославија и КП на Грција надвор од своите огништа.

Беше претпладне, април 1944 година, на самиот ден Велигден. Оттогаш целиот наш живот се сврти кон големата удолница, - раскажува историчарот Апостол Горанов:

Она што се случи на тој голем христијански празник, беше доаѓањето на првата и втората бригата од Титовите партизани од Вардарска Македонија - Југославија и одржа величествен митинг и говор на сред село во Бапчор. Титовата војска која се

состоеше од Македонци од Вардарска Македонија, уште на Велики петок ја мина границата на Југославија и јурнаа низ Воденските, Леринските и Костурските села со песни и пукотници. Селаните на Бапчор заедно со преставници од селата; Турје, Трсје, Лаген и Прекопана на тој Велигден после големиот митинг ги испееја сите песни што ги знаеја од своите предци, убедени дека ќе им донесат надеж и оптимизам по поделата на Македонија од 1913 година до овој голем христијански празник во 1944 година. Се случија некои настани кои во почетокот како да немаа врска еден со друг.

На тој митинг говореше Ѓоре Велковски, претставник на титовите партизански единици од Југославија.

Но, тоа го потврдува и Чакаларо и еден ден ми ми вели: Сакам да ги раскажам спомените оти цел живот оти се чувствувам растргнат меѓу вистината и политичката пропаганда која сурово, со моќта на идеологијата, пред очи на сите ни ја распарчи реалноста.

После тој настан за нас Македонците беше кобно и тоа не доведе до првото искоренување и оттогаш влезе во историјата како отворен судир помеѓу ЕЛАС и оние сега наречени “Титови агенти”. По говорот на Ѓоре Велковски, настана кобниот потег на неколкумина довчерашни Македонци Еласити, кои беа членови на КПГ и на ЕАМ и се бореа за остварување на минималната програма - значи за парцијално решавање на македонското прашање, без никаково автономно дејствување. Оти, тоа прашање наполно беше исто и во соседните комунистички движења. Треба да се каже и тоа, дека овие комунисти му беа бескрајно предани на комунистичките движења на (Југословенското, Грчкото и Бугарското).

Тие неколку еласити, посакаа наскоро да станат нови револуционери и решија (потикнати од Темпо) да го напуштат ЕЛАС и да се регрутираат во титовата армија. Тие се оправдуваа дека биле гневни на ЕЛАС, на нивниот однос спрема македонското прашање и зошто не даваат самоопределување на Македонците. Па сето тоа ме присети на Аристотел: “Гневот е потребен и ништо неможе да се освои без

него оти е потребно тој да ја исполни душата да ги запали срцата, но не треба да се употреби како водач, ама како војник".

Во еден момент кога говорникот рече:

Драги браќа Македонци! Ние знаеме дека вие не сакате да стапите во редовите на ЕЛАС затоа што се викаат андарти и тоа ве потсеќа на Илинден и по Илинден, кога андартите направија големо и незаборавно зло над Македонците. Тоа беше време кога дури и на детето во лулката му било страв да заплаче.

Ние Македонците во Титовата армија, ве покануваме да стапите во нашите редови и да се бориме за ослободување и обединување на Македонија! Сакам да ве известам, драги селани дека од Трсје Леринско, вчера поголем број на селани доброволно се приклучија во нашите бербени единици и станаа Титови партизани.

Но се случи нешто непријатно, кога Анести Пановски и јас како преведувачи од македонски на грчки, им го преведовме на воените раководители  на ЕЛАС - овиот 1 баталјон на 28 пешадиски полк. Овој говор не им се допаднал никому од војсководците на ЕЛАС

Политкомесарот на полкот Еласити,  рече:

Што е многу е многу... Народноослободителното движење на Југославија да ги повикува Славомакедонците граѓани на Грција во Титовата армија на Југославија.

Тоа е опасно! Тоа е политиката на Светозар Вукмановиќ - Темпо, кој од 1943 година е испратен во Грија од Југословенскиот маршал Тито.

Овие зборови на полит - комесарот ме ставија во размисла:

За Темпо знаев дека него го обвинуваа дека спроведува политика од принципот на македонската максималистичка историска тенденција. Но позади таа пропаганда, треба да се знае дека уште во 1941 година за нас Македонците беше

прекината политичко - националната еманципација на Македонските комунисти, со ликвидирањето на Методија Шаторов - Шарло (кој посакуваше да формира единствена комунистичка партија за трите поделини дела и да се бори за обединувањето на Македонија). Тоа и самата Југословенска партија никогаш не го посакуваше... Во историјата е забележано дека духот на оваа антимакедонска политика на балканските простори не ја спроведуваа само грчките комунисти, туку и југословенскиот емисар Темпо.

Си припомнувам:

Во тој момент едно старче со потпалени нациоални емоции, истрча и го прегрна говорникот Ѓоре Велковски и му рече:

Само така ќе се обединиме и ќе бидеме како што сме биле пред стотици години. Никој не треба насила да собира млади Македончиња да земат учество во ЕЛАС, ете сега е момент нека одат во македонската војска...

Ѓоре Велковски му одговори:

“ Да, да, старче имаш право…”

Во себеси си велам “...ете како наеднаш тркалото на судбината се свртува и чиниш, како да полудува”. Митингот заврши и стоевме на страна со членовите на главните штабови на двете војски; ЕЛАС и Титовите партизани.

Во еден миг Наум Пејов - Чакаларо, се доближи до членот на главниот штаб на Титовата војска Киро Георгиевски - Дејан. Тој како да мораше да го направи тоа, токму сега, уште овој миг, небаре си зборуваше сам на себе и дури здивот му запираше, се приближи до Дејан и го праша:

“Другар Дејан, дали овој ваш изнесен став што го изложи другарот Ѓоре Велковски; за Македонците од Егејскиот дел на Македонија, да можат одма да стапуваат во редовите на НОВ и ПО на Југославија, и дали тоа важи и за нас активните борци што сме со години во редовите на ЕЛАС?”

Дејан му одговори:

“Ова важи првенствено за нови борци кои досега не сакаа да се борат во редовите на ЕЛАС, затоа што немаа поверение во грчкото движење на отпорот и не го одобруваа правилниот став по македонското национално прашање.”

Конкретната наша цел е да се искористи антифашистичкото расположење кај овие наши луѓе од македонскиот народ и да се изврши широка мобилизација на нови доброволци борци. Но, доколку и вие припадниците од редовите на ЕАМ и ЕЛАС доброволно посакате да преминитe во нашите редови, ние ќе ве примиме и навреме ќе го информираме Темпо.

* * *

Политкомесарот Грк на воените единици на ЕЛАС продолжи:

- Оние што им го вртат грбот на ЕЛАС, тие му го вртат грбот на својот народ, честопати се обседнати со болна фантазија. Тие досега ги напаѓаа затоа што не сакаа да влезат во редовире на ЕЛАС и ги нарекуваа бугаромани. И токму тие, сега не сакаат да го бранат суверенитетот и интегритетот на Грција, туку одат да го бранат југословенскиот суверенитет. Тоа е многу сериозно прашање. Но таквите треба да знаат дека секој предавник има срамен крај, затоа, што ќе биде еден ден презрен и отфрлен и од оние на кои ќе им служи.

Се приближив до Чакаларо кој ме гледаше прашално, му реков:

- Дали си размислил добро? Ми се чини дека не снајде несреќа и, неоспорно, веста за одење во титовата армија предизвикува тежок впечаток кај сите... Но во исто време сосем е природно, заедно со чувството на радост, да расте и чувството на тага: ги оставаме своите семејства, своите домови и со што нашите пpедедовци го печалеле и го чувале. Ние се радуваме заради отворената вистина во тоа “братско” соопштение... Оној што не се плаши да ја каже вистината, колку и да е горчлива таа, тој е силен. Во таквите моменти лажат слабите.

Ајде, Науме, трезвено да обмислиме. Може да не се согласуваме, но навистина не те разбирам каде е нашата свесност. Ми се чини како да си во конфликт со себеси. Не разбирам како тие што сакаат да одат во Титовата армија можат повеќе да ја сакаат овој дел на Македонија од нас самите. Не разбирам како секој може да се бори повеќе за афирмација на Македонците во Костурско, Леринско и Воденско од нас кои се бориме токму тука каде сме родени, а тоа е наше исконско право да го браниме татковинското и прадедово огниште. До вчера ние самите ги повикувавме комитите да дојадат со нас и тие ни поверуваа и дојдоа во нашите редови, а не заборавај дека сме направиле доста гревови спрема нив. Тоа наше братојадство народот нема да го заборави.

Јас, сепак, мислам дека ние, Македонците, или немаме свест за тоа што значи одење во туѓа држава, или пак, напротив целосно се потпираме на надежда дека Тито ќе не ослободи. Со нас, на тој план, како и на многу други планови, владее логиката “или - или”. Или сега верувавме дека комунистите не можат ама баш ништо да ни помогнат, или веруваме дека сега комунистите од Југославија, тие се семоќни и дека нашата судбина треба да им ја довериме целосно во нивните раце. Само знам, дека умните луѓе, никогаш не се ставаат во таква безрезервна варијанта.

Вие ќе станете луѓе кои се туѓи прислужници и нема да можете да се вратите? Се прашувам: да ли може некој туѓ прислужник да биде господар на својот народ, односно водач на својот народ? Вие целосно ќе ја спроведувате политиката на КПЈ - Југославија. За жал, ние Македонците воредовите на КПГ не сторивме многу, да ги заштитиме комитите, да не ги навредуваме и омалоуважуваме како наши браќа оти тие беа луѓе кои не станаа никому прислужници. Тие не кренаа рака против Македонецот, туку ние кренавме рака исполнувајќи ги наредбите и советите на еласитите и Темпо. И верувај ми дека од тогаш живеам како прислужник со потиснат гнев.

Секој  од нас се прашува: зошто и од ошто страдаме? Страдаме од себеси. Така ние Македонците, терајќи по линијата

(разработениот систем за народот да се држи во страв) на приклонување, си делувавме погубно!

Но, не можеме да бидеме и светски (што значи - космополитски) и да биде ред и поредок (праведен). Зашто барем досега правдата секогаш се мерела со, метарот на посилниот.

Сега одењето на нашите луѓе во Титовата армија, тие одат во друга држава и таму ќе се борат за интересите на југословенската држава, ќе ги пратат на сремскиот фронт и каде ќе има потреба титовата армија. Размисли, не е така лесно за секогаш да му се сврти грб на родниот крај. Нашата борба треба да биде тука, оти поделбите околу идеологијата, верата, полот и смртта, после неколку години ќе си го доведиме во прашање нашето заедничко потекло и цел живот потоа, не ќе може да се докаже нашата борба и грижа за овој наш народ. Ние, токму од тие причин ќе не присилуваат туѓинците да се оттуѓуваме самите. Сега што? Ние стануваме заложници на објективно тежок проблем и не треба да бидеме изненадени од жестокоста на грчкиот национализам и екстремизам. Ова ќе биде нова историска подела.

Чакаларо остана збунет и замислен. Ме гледаше веќе со недоверба. Тој се мачеше да задржи нормален израз на лицето, ми рече:

- Овој повик за нас Мекедонците има многу нејасни работи. Можеби намерно го прават тоа КПГ и КПЈ, за да го држат народот во страв, во покорност, а покорноста не убива како нација. Тие преку своите идеологии спрема нас Македонците умеат без куршум да го убијат народот, да го омаловажат, да го обезвреднат националното, да го заплашат…

Тие ги повикуваат Македонците од Егејскиот дел на Македонија на сѐ општа мобилизација, на нови борци, а ние како првоборци и членови на ЕАМ и КПГ во редовите на ЕЛАС, ако сме сакале?

Но и ставовите на грчкото комунистичко движење стануваат сè по неприфатливи.

Сведоци сме дека од лани сме потчинети на сојузничката армија под аглиската команда за Блискиот исток. Нас Македонците никој нè не праша како организација СНОВ, дали сакаме да служеме во сојузничката армија под англиската команда, или не, а знам дека сите сме за Црвената армија?

Му реков на Чакаларо:

- Време е да се прекине со опасното молчење за причините: како и зошто почна злото? Што мислиш: Дали Темпо, со идејата за Балканскиот Штаб, одигра важна (идеолошка) улога во отворањето и темпирањето на нови историски процеси во Македонија, посебно кај Македонците под Грција?

Чакаларо ми рече:

- Тој добро знае, како и Грците дека ние немавме автентична македонска визија и стратегија за историските процеси за Македонците под Грција.

Што се однесува на идејата за создавање на Балканскиот Штаб, Грците, тој политички потег на Темпо го оценија како “човек кој истрчал бос во трње”. Зарем тој не знаел дека армијата ЕЛАС, беше веќе под команда на англиската армија од Блискиот Исток?

Сега сите знаеме дека во мај раководството на ЕАМ и ЕЛАС, потпишале договор со емигранската влада која се наоѓала во Каиро на чело со Геогиос Папандреас. Целта му била да формираат заедничка влада, да би создале национално еденство. Но што е најлошото; во тие разговори е договорено да се преземе акција за ликвидирање на македонските организации СНОФ, а ние Македонците да сме се слееле во организацијата ЕАМ. Значии, целта за оформувањето на организацијата им била да ги уништиме комитите и да го почнеме братојаството. Сега си припомнувам на средбата што ја имавме со Капетаниос на групата дивизии во Македонија (Северна Грција) Маркос

Вафијадис И ти лично го молев повеќе од три часа да го разгледаме проблемот со новите регрутации на македонски борци во македонските одреди, бидејќи селаните одбиваа да стапат во ЕЛАС.

Тогаш Маркос, дословно ми рече:

"Повеќе од одреди што ви беше дозволено, ништо повеќе, од тоа ништо и затоа што тогаш е направено, сега бараме да се исправи тоа и што побрзо треба да помините во редовите на ЕЛАС како редовни војници и никаква одделна македонска војска и да го лажете народот, тука е Грција!"

Денес, сите ја гледаме и ја слушаме агитацијата на ЕАМ спрема Македонците, која не само што звучи како фраза, туку таа е чиста измама. Секој Македонец со голем ужас се прашува: а што ќе стане со на нас ако се врати стариот режим во Грција? Токму затоа ние толку години крвариме за да не се понови старото, туку во Грција и на балканот да заживеат човечки односи. Годините минуваа и политичката свест се менуваше со исто темпо со кое се менуваше политиката на ЕАМ и КПГ. Тие посакуваа од нас Македонците да направат партиски мулиња, врзани со две - три ортоми. Значи да зависиме од два фактора: "од партиската ледина од која треба да пасиме и од должината на јажето кое ни дозволува да пасиме на определената дистанца."

Сега сосема му е јасно на секој од нас Македонците, зошто Грците тоа го правеа со создавање на СНОВ и македонските одреди, тоа им било целта за да ги уништиме комитите за да не си ги валкаат раците они, а ние тоа го сторивме. Верувајќи им бескрајно како на комунисти. Ние мислевме дека востанијата се дигат за да се извршат револуционерни промени и бевме убедени дека пред Македонците, не само што треба да се отфрли фашистичкиот јарем, туку и јаремот на грчката анексија на Егејска Македонија.

Но, она што е најбитно сега; во целиот тек на преговорите: ПЕЕА (Политички комитет за национално ослободување на Грција) со грчката емигранска влада, во ниеден документ не се

спомнати националните права на Македонците и не се признава дека во Грција живеат други нации. Ете од тоа се гледат и акциите на КПГ и ЕЛАС дека секојдневно се против нас Македонците и се агитира за грчкиот карактер на Македонија.

На Чакаларов (Н. П.) му реков:

- Тие што отидоа во редовите на Титовата армија не се предавници. И сите други што ќе отидат од редовите на ЕЛАС, но знам дека тоа ќе ни донесе големо зло. Да отстапи човек пред жестоката неправда не е предавство, туку во мигот треба ние Македонците да постапиме мудро, оти и едните и другите не посакуваат за да не разединат и тогаш ќе си ја направиме положбата уште по горка, оти надвор од ова наше родно место, никогаш нема да ја најдеме правдата меѓу тугинците.

Се потсетувам на една стара народна приказна во која се вели: "Земјата не му припаѓа никому, туку ние припаѓаме нејзе."

Треба ли многу разум за да се разбере длабоката филозофија на оваа приказна. Знам, од полувековното искуство, ако човек ја напушти својата земја, тој веќе не и припаѓа нејзе.

* * *

Неговата насмевка беше слободна, немаше што да се крие. При разговорот сите црти на лицето му беа во движење, и челото му беше живнато со многу подвижни брчки.

Неочекувано поверував дека чудо може да се случи. Останавме само неколкумина од нашите македонски - еласити, останатите заминаа поскришум некаде.

Утрото еден жабуркосан, страшливец еласит ми вели:

"Даскеле, не сакам ниту еден од грчиштата да дознае за ова што ќе ти го кажам, оти нож ме чека. Тие нашчите цела ноќ се сушкаа и уште пред темни зори ги снема. По темнина, се смушнаа како сенки на чело со Чакаларо и неговите другари: Никола Шалваринов, Димитар Шишковски и Сотир

Андоновски. Тргнаа со задача да ги запознаат борците од одредот ‘Лазар Трповски’ и аку е потребно да бидат спремни да се одвојат од редовите на одредот ‘Вичо’ и да се спремни да му се приклучат на Титовата војска од Југославија.”

Во себеси реков: “Избувливоста ја има таа лоша страна што не дозволува со неа да се управува, тоа уште вчера го забележав кај Пејов - самољубив, авторитетен, сака да раководи со сѐ, а се покажа дека со самиот себеси не може да владее. Тој е должен сам да се раководи, тоа го бара народот од него и од сите нас во таквите моменти.”

Се присетив на дедо Делјан кога велеше:

Сите оние кои непромислено ги издига над здравото размислување, си вообразуваат дека многу се вдахновени, меѓутоа, во основата на тоа нема ништо силно, сѐ она што е создадено без темел, бргу се урива. Тоа се однесуваше на сите нас Македонци кои не создадовме нешто наше автономно, туку доброволно влегуваме во ЕАМ и КПГ и во ЕЛАС, сега сме полни со гнев, но гневот нема поткрепа. Ова покажува дека со нашето доцнење ИДНИНАТА НИ ИЗБЕГА.

Следниот ден, дознавме дека стигнале во седиштето на организацијата СНОФ во селото Крчишта - Костурско. таму се сретнаа и со Лазо Димовски - Ошенски, Лазо Поп Лазаров и Паскал Митровски. Сега, туку речи беа сите личности кои раководеа со организацијата СНОФ и одредот “Лазо Трповски”.

От како влегоа во една поголема училница во селското училиште, седнаа на грубите столчиња, Чакаларо, верувајќи дека заслужува многу повеќе привилегии од другите и очекува посебно внимање, заседе војнички став и рече:

- Другари, вчера бевме на митингот во селото Бапчор и таму беше изнесен ставот: дека Македонците од овој наш крај, на Македонците кои досега не пристапија кон ЕЛАС, говорникот од Титовата војска дословно рече: “Сите Македонци кои сакаат да се борат за ослободување и обединување на Македонија, можат да стапат одма во редовите на нашата Титова армија. Но,

исто така можат и сите тие што сега се во редовите на ЕЛАС да пристапат во нашата Титова армија”.

Суштината на прашањето е следното: како да постапиме ние што сме доброволци и првоборци во редовите на ЕЛАС?

Јас размислував и решив да ги напуштам редовите на ЕЛАС и да преминам во Титовата армија и со тоа да се борам на страната на Црвената армија. Еласитите, мислам дека повеќе не можат да ни диктираат услови.

Присутните слушајќи вчудени, чиниш се зашеметија. Останаа вџашени. Се погледнуваа; изгледаа како да се плашеа еден од друг.

Настана молк божем беа в црква за време на молитва.

Последната поголема караница кај нив траеше три дена - три дена расправање, забележување, и секој за себе.

Чакаларо продолжи:

- Ми се смачи да ја слушам реченицата: “Не е време за тоа.”

- Јас немам друго време освен мојата изгубена младост во ова време.

- Јас лично како Македонец, не сакам да се борам во таа сојузничка армија под команда на англичаните.

Еден од присутните стори ниет и рече:

- За самостојна Македонија одамна е заблуда , -  и замолча.

Чакаларо му одговори:

- Значи, вие засекогаш сте се откажале од револуционерните идеали. Но ако една нација не е и не сака да биде назависна, дали тогаш ќе се најде некој што ќе сака да го положи својот

живот за туѓа земја? На крај да ве прашам: дали ние  се уште ја сакаме Македонија или не?

Присутните се најдоа збунети. На некои им се стори, како да не го разбраа Чакаларо.

- Вашите размислувања?

Настапот на Чакаларо, сите го оценија како смел потег кој има политички карактер и ја менува од корен борбата на македонскиот народ. Настана пауза, сите молчеа, но Митревски имајќи потреба да биде во центарот на вниманиеето, обидувајќи се да го искорист исекого што го опкружува рече:

- Впрочем, објаснувањето е јасно, но нетреба да го разгоруваме огнот. Ти Чакаларо дали си сигурен во целта? Од ова произлегува и нешто друго; да не се огорчуваме поради какви ситни и ништожни нешта. Те гледам тажен си, да не некој ја искористил оваа состојба и посака да те злоупо треби? Ние сите еласити доброволно се боревме и ја имавме прифатено минималната програма, а сега оваа е нешто сосема друго - тоа значи, ако стапиме во Титовата армија, ќе се бориме за максималната програма - обединета Македонија. Тогаш, сите овие години во редовите на ЕЛАС и целото време што ја поддржувавме линијата на Партија и се боревме со нејзините непријатели, го бранeвме нејзиниот авторитет и токму таа КПГ не научи и ни ја изостри внатрешно - партиска борба.

Можеби не треба да зборувам за нешто што е тајна, како и сè друго тука што зборуваме, ама мислам дека треба многу да внимаваме...

Чакаларо се насмевна накриво со благ презир.

- Се покаја што зборуваше? - праша.

Поп - Лазаров не се реши да го повтори прашањето, ама само низ заби изусти: “...па зар овоа не е егзодус кој ние Македонците го организираме, а земјата ја оставаме?” Го

постави само, така нешто да каже. Тој посака да се поправи, да каже нешто друго, но беше замолкнат од Митревски.

- Ти Поп -  Лазаре, скуси го јазикот. Јас сум претседател и би требало да знаеш дека токму јас одговарам за револуцијата.

- Па, јас ништо не зборувам!

Се обидуваше да се насмевне: - Добро, тогаш кога би можел, да не молчиш или да кажеш барем нешто што би неочекува во иднина нас Македонците во една обединета Македонија? Кажи, ти како визионер...

- Па, јас кажав, можеби не очекува најлошто! Митревски беше познат како многу завидлив, спрема секој, кој на некој начин ќе успеваше да се истакне.

- А ти Ошенски, како стар идеолог на партијата.

- Што да се прави? Засега ситуацијата е премногу тешка, - рече Лазо Дамовски - Ошемски со збајатисан лик и продолжи:

- Ние Македонците влеговме во редовите на ЕАМ и КПГ, па сега во ЕЛАС, без да расудуваме, туку раководени од слепото верување кон комунистичките идеи. Ние сега, не сме во состојба разумно да примаме и да ги оценуваме настаните.

Чакаларо го праша:

- Дали си сигурен дека не криеш нешто од мене? Доста ми е од овоа заобиколување на работите.

Јас сум социјалист - револуционер и на своите пријатели Грци, секогаш им велам: желбата на Егејска Македонија треба да е СОЕДИНУВАЊЕТО СО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА, согласно принципите на “Атланскта повелба” (5) и изјавите на Сталин, Рузвелт, Черчил... Заедничката борба на Македонците и Грците ќе помогне и ќе го отвори патот да се соединат Македонците во слободна Македонија, а пак Грците да добијат

демократија и да го исфрлат туѓиот јарем и да го отворат патот за една наредна власт во Грција.

Но, добро паметам еднаш, еден Грк комунист, мој пријател во затворот Акронафплија ми вели:

Да, да знам дека меѓу вас Македонците има и надарени луѓе, кои не го добиваат тоа што им припаѓа. И јас сум вистински бунтовник, и сметам дека е оправдано тоа што вие Македонците посакувате со што може повеќе. Но, ако дозволувате, да ви поставам нешто што можеби, не сте го забележале. Вие како македонски комунисти, сте дозволиле да ги примите колонистите од Мала Азија, и со тоа сте го измениле етничкиот состав и вие станавте малцинство, а и ве навасаа во животот; сега тие сите на високи партиски функции: нели е така? Па нели и вие како комунист треба да ги прашате дали сега тие сакаат во некаква обединета Македонија? Ние штотуку војувавме да ги истераме Германците. Европа сè  уште не е средена, а, и овде во Грција имаме неволи со националистите, а сега и со колонистите, па така, иако јас со сета душа сум за рамноправност, а, можеби, и за општествена еднаквост за вас македонците. Таму некаде во иднина, кога за тоа ќе дојде време, зар не гледате дека сега не е време за тоа?

Само тоа сакав да ви го кажам...

Дискусијата на крајот, заврши, се изназборуваа за погрешната политика на грчката партија, но и не се сложија тоа да го сторат без да се размисли добро. Пројавија двоумење со изнесените ставови на Пејов и побараа уште еднаш да се потврди од главниот штаб на НОВ и ПО на Југославија, кој се наоѓаше во селото Шулин во голема Преспа - Југославија.

Митревски и Ошенски, предложија неколкумина на чело со Чакаларо, во придружба на курири да заминат во Главниот штаб во селото Шулин, со цел уште еднаш да се прецизира прашањето за доброволното преминување и на активните наоружани Македонци во редовите на ЕЛАС. Но, според татковинскиот обичај кај жителите од Корештата се барало да не се поаѓа на пат пред да изгрее сонцето, ама тоа било

погазено и тие веднаш тргнале во полн состав: Наум Пејов - Чакаларо, Никола Шалваринов, Спиро Лазевски, Ристо Јанкуловски, Благој Даскалов и Кича Балева, кон Голема Преспа.

* * *

Точно одгатнувајќи ги нивните мисли, Дејан им рече:

- Според мене, постапивте сосем правилно. Штом го барате моето мислење можам слободно да ви кажам дека сте постапиле сосем патриотски.

Ние ќе ве примиме во нашите редови, затоа што е ваша слободна волја да се борите во нашите редови. Но, сакам да ја знаете и нашата вистина: И во КПЈ има членови со различни сфаќања. За нас поважно е националното чувство, како што гледа и кај вас е исто, но има и такви на кои предност им „Интернационализмот”, а националното чувство е непримерно за „вистински” комунист. Нас, Македонците, не можат да не сфатат соседните комунистички партии; ниту на Југославија, ниту во Грција и ниту во Бугарија дека македонскиот народ има други многу позначајни проблеми - признавање дека сме посебен народ, а не дел од некој друг соседен и неговото обединување по распарчувањето по Балканаските војни, кога се бореа за ослободување од отоманското ропство, а попаднаа во други три ропства. Затоа, повиците за борба против фашистичкиот окупатор без јасна цел и иднината на народот во сите три делови на Македонија не наидува на одѕив.

Вие знаете дека Комунистичката партија на Македонија формирана во 1941 година, не ја постигна целта, таа брзо беше обезглавена и ставена под строга контрола на КПЈ. Кај нас по поделбата на Македонија се јавува еден чуден феномен на солидарност со поробувачите што повеќе да допринесуваме за нивните интереси отколку за ваши, со исклучок на Костурските комити во 1943 - 1944 година, кога беа ликвидирани пак од нас по налог на ЕЛАС - итите.

Ако ме разбравте, постапете онака, како што мислите дека е потребно.

Утредента Чакаларо, по средбта со Дејан, се чувствуваше посебно и поради многу работи, единствен. Секако тоа можеа да го разберат само некои луѓе. Тој тоа го замислуваше за историски успех и беше уверен дека токму тој пат на борбата води кон упсех. Чакаларо со групата се врати во Корештата за припрема на Македонските кои сакаа да заминат во Титовата армија, но сега сè се одвиваше поинаку од она што претпоставуваше и за што се подготвуваше.

Покрај будноста во самите единици и раководството на ГШ на ЕЛАС, упати остро писмо до ГШ. на партизаните на Југославија и бараше да ги врати сите дезертери на чело со Чакаларо.

Кога дознал капетан Маркос, со старата омраза кон Македонците; се намршти и ги повикал сите штабови веднаш да донесат решание и да испратат елитни единци за прогонување и фаќање.

Тој рекол:

- Сега, мрачно продолжи - Јас би ги гонел како тоа го правам и со Германците. Тоа е многу сериозно прашање. Тие можат да се разбунтуваат во нашите редови и ние ќе понесеме големи загуби.

Чакаларов, за да ја закрепне својта чета и себе, се засолниле кај планината Врба и таму си дал неколку дена одмор. Годишното време му го дозволуваше тоа, зашто било крај на летото. Таму, душевно се опуштиле и направиле богата гозба со печени јагнињa на жар. Во тој логор, тие се чувствуваа надвор од опасноста на еласитите.

По неколку дена, една утрина, стигнаа вестите. Уште од зори бучеа радијата, известуваа за бегството на групата еласити во Титовата армија на чело со Пејов.

По радиото монотониот глас, зарипнат, неверојатен, секои пет минути махинално ја повторуваше веста. Престануваше и одново почнуваше, секогаш со екот на застрашување. Не се променуваше, не опаѓаше, никогаш не додаваше ништо, само истото го повторуваше:

“Се молат сите жители на костурките села, во колку дознаат ка се кријат дезертерите на чело со Пејо, да ги пријавите во одборите на ЕАМ или во командата на ЕЛАС.”

Потоа, неколку пати ја повторуваше директивата  од Добривоје Радосавлевиќ - Орце (Србин, Политички советник во Федералната македонска влада), адресирана до: сите политички работници и единици на НОВ на Македонија кои преминуваат на грчка територија, во која се истакнуваше: “Од наша страна и од страна на ЕЛАС и ЕАМ се преземени сите мерки да се отстранат сите нездрави појави кои се појавиле во последно време во Костурскиот и Леринскиот крај - случајот со преминот на борците од ЕЛАС во нашите единици - кои нанесуваат штета и зло на зедничката борба и заедничките односи на ЕЛАС и Народноослободителната војска на Југославија. Исто така се превземени и мерки да се отстранат сите грешки и кај нашите единици и единиците на ЕЛАС.

Исто така одговорните треба да ги казнуваат сите престапи, бидејќи не може да се допушти неодговорно и неказнето да се рушат братските и сојузничките односи меѓу НОВ на Југославија и ЕЛАС.”

7 јули 1944 година.

На Балканот се определија сфери на влијанија. Велика Британија стекна превласт во Грција, а Советскиот сојуз во Романија.

Под притисок на Британците, на 20 мај 1944 година во Либан, КПГ, ЕАМ и ЕЛАС имаа потпишано спогодба со кралската влада по што се расформира коалиционата влада.

Комунистите Македонија на својата конференција одржана на 25 јуни 1944 година еднодушно се определија за откажување на договорот во Либан, како и за тоа: НОД да примени револуционерна тактика што ќе ја потпре врз сопствените сили и врз НОВ на југословенскате народи. Во раководството на КПГ се издифернцираа две групи: едната беше за прифаќање на договорот, а другата, за негово откажување.

Групата која што се залагаше за прифаќање на Договорот надвладеа. За таквата определба многу придонесе и ставот на Советската воена мисија на чело со полковникот Григори Попов која на 28 јуни 1944 година пристигна на слободната територија. Тој, познавајќи ја тоталитарната организацијата и начинот на кој Сталин ја имаше сменето руската еднопартиска диктатура во тоталитарен режим, а револуционерните комунистички партии по целиот свет во тоталитарни движења, беше преку ликвидирање на фракциите, напуштање на внатрешно - партискта демократија и трасформирањето на националните партии во ограноци на Коминтерната раководени од Москва. Москва, беше апсолутна цетрализација на управувањето, кај сите комунистички партии.

Советскиот граѓанин Григори Попов, сега висок претставник и ополномоштен од советската партиска власт, му преостануваше само да рече:

- Ето директива... Так сказал товариш Сталин!

- Конечно на 17 август 1944 година ЦК на КПГ донесе решение да го прифати Договорот и да учествува во коалиционата влада на чело со Гергиос Папандреу.

На тој состанок Стринго - член ПБ на ЦК и само додал:

- ЦК не еднаш ги предупредуваше Гоче и Пејов дека нивната позиција, нивното однесување нема да им донесе добро.

Ние пак им велиме на славомакедонските комунисти: потчинете се на Партијата и во тој случај вам ќе ви бидат зачувани

животите. Не сакате? Ако пак не сакате, во тој случај, марш по ѓаволите. По ова следеа ракоплескања.

Лето господово на 2 август илјада деветстотини четириесет и четврта година.

Муграта се лачеше од езерото и ветрот лелееше занесни звуци.

Таа година Еласитите и сите непријатели го сотреа Костур и Костурско.

Крапов, замолча, а погледот сѐ уште му беше вперен во врвот на славната планина Вичо. Небаре сакаше да покаже од кај дојде злото. Потоа одмавна со главата и одеднаш неговите усни ги прекри прекрасна насмевка и продолжи уште по живо да раскажува, како сето тоа да било вчера:

"Таа ноќ во секоја куќа се зборуваше за Грците. Селаните си го спомнуваа андарското време; колежите, грабежите и многуте застрашувачки работи што се случувале од кога дојде Гркот". Тогаш, во андарското, никој не можеше да го објасни бесот на критјанските андарти (1904) на чело со владиката Каравангелис и Павлос Мелас (Микис Зевас, со потекло од Епир), иаку уште Македонија беше под турска власт.

Во некрологот се вели: Загина херојски на 18 октомри 1904 с. Статица Костурско. Последните зборови му биле: БУГАРИН ДА НЕ ОСТАНЕ НИ ЕДЕН ЖИВ.

Белешка за разлика од Каравитас, кој вели: Нас Македонците не ни требат, нас ни треба Македонија.

* * *

Крапов, со уште поголема жештина да објснува:

"Понекогаш животот може да сплете приказна повозбудлива од онаа во филмовите. Се навраќам на она болно време од пред половина век не само за да ве потсетам, туку и за да го поврзам

токму тоа време и тие длабоко врежени антимакедонски појави што го одбележаа со крв и солзи.

Ситуацијата во овој наш крај претставуваше еден маѓепсан круг. Токму во четириесеттите години пак се сретнаа; сега потомците на Илинедеските комити и грчки андарти од 1903-1910 година. Но сега во Македонија под Грција имаше настанато комплетна промена со населението на грчките бегалци од турска Тракија и Анадолија. Тие, од 1918-1924 година, грчката држава за да им угоди на овие емигранти, големи поседи им беа поделени и како остаток од општинските пасишта и тие полека станува господари.

Џони рече:

- Гледате, ние Македонците имаме толку многу различни господари, кој и да дојде ние им велиме (ги доближи двете раце, направи задоволна насмевка со мал поклон), 'Калос ористе'.

Ете сега и они се вмешани со еласитите, пак против нас; човекот против човекот со нашата добрина. Насекаде гледаш убиства, заемно нанесување на нечесноста, факели подметнати под домовите. Сите тие луѓе како да ги уништи гневот и чиниш нема да им имаат душите одмор. Потомците на андартите, сега наоѓаа заштита во сопствените зла и оној што е ега сакаше да биде храбар, може само ако е гневен; вреден само ако чувствува страсна желба да учествува во нечија "смрт во пустина".

Крапов рече:

"Кога по окупацијата на германците грчката власт ја напушти Македонија и Грција и отиде во Каиро, ние Македонците сметавме дека се ослободивме од една сурова власт". Но не беше така. Грчката офицери набргу се понудија за соработк со Германците, на кои им служеше. Се врати грчката полиција која почна повторно да го малтретира македонскиот народ, клеветејќи го на Германците како комунисти. Може да се каже дека поголемиот дел од македонскиот народ ја имаше изгубено довербата во сѐ што е грчко. Постарите Македонци говореа:

“По поделата на Македонија, кај Македонецот се измешаа од три вида на патриотизам. Сите ја наведнавме главата, се помиривме со заменетото робство од турско во грчко, но се надевавме дека Грците се христијани и ќе бидат подобри од Турците... Јас си припомнувам, кога ги прашувавме нашите дедовци; зошто останале да живеат под грчкото робство, тие одговараа: “Ова е нашата татковина од памтивек, та и оваа стихија ќе помине како и се што поминало, и турците беа, па си отидоа!”

Џони рече:

- Памтам кога дедо и баба ни раскажувале за животот и борбата во турско и кога ќе ги прашавме зошто се боеревте бабо? ќе ни одговореа: “За каурско, за христијанско, арно ама ние Македонците сме биле осудени од Господ да се мачиме и да му служиме на чуждинците, а некои тогаш се потурчиле, други се погржиле, трети побугариле…”

Крсто, ти не знам дали знаеш ама ЕЛАС - овците во Костурско, Леринско и Воденско, беа пресретнати со страв и неповерение. Се крена голема врева и никој неможеше да го објасни одбивното настроење на селаните. И страшно брзо се ширеа гласовите кога некој ќе се соочеше со андартите и ќе препознаваше некого што го познавал и запаметил од она време на И. Метаксас пред 1940 година. Малите групи андарти сега беа составени од поранешните офицери, полицииски началници и жандармеристи од соборена грчка власт. Тие сега уживаа во овој нов начин на казнување со отсекување на главата. Тоа го нарекуваа “Смрт во пустина” (да се заколи орач на нива, а ѕегварот да остани впрегнат да талка по стопанот низ пресната ораната земја).

Грчката власт тоа го оправдуваше и велеше: “Одвреме - навреме треба да се предизвикува страв кај оние кај кои разумот не помага; но, ни лутењето не е корисно.”

Едно е вистина дека, такви злосторства преземаа особено спрема потомниците на Илинденските комити. Комитите беа борци за ослободување од турското робство, а сега во

четириесеттите години сите тие луѓе се прогласени како борци против грчкото робство.

Крапов рече:

- Постепено се појавуваа сè поголеми напади на видни македонски семејства, посакувајќи да ги деградират и ограбат. Ги повикуваа со погрдни зборови; извикувајќи: "Излези, илинденско куче!". Што постепено Македонците останува со дилема дали да се потчината на КПГ и ЕАМ или да се заштитат сами и да се борат за своите права.

Нас Македонците не карактеризира длабокиот локален патриотизам. Селото е еден ентитет како што е и фамилијата и нивната полузависност која љубоморно ја чуваат. Оваа самодоверба и локална лојалност е природна последица на една наша променлива историја. Ние носиме длабоко вродено чувство, имено лојалноста кон духот на Македонија.

Собири биле организирани и во градовите Лерин и Воден. Сега сите тие потомци на Илинденците се обружаа и решија да се одбранат од сите досегашни злосторници  и со тоа им се чинеше дека "македонските денови на ропството се завршени."

Во тоа време најмногу луѓе отидоа комити а еласитите побрзаа да ги наклеветат и да ги наречат: "Фашисти", "предавници", "Охранити" и што е најгрдо да велат за нив. Потоа јавно на организирани митинзи држеа долги и политички говори, им се мешаа умиштата, тепаа, разбиваа дуќани и куќи. Комитите со кренати раце кон небото, го повикуваа народот во одбрана. Викаа: Браќа, да се збратимиме! Браќа, да се збратимиме! Народе македонски, до кога ќе трпиш! Тоа е наше исконско право да го браниме татковото огниште и својот народ, а не да бегаме. Господе, ги истрпивме Турците петсто години, сега ни ги донесе просфигите (маџирите), стопати полоши. Господе, душа немаме, душа си ни дал, луѓе сме до кога ќе треба да лееме македонска крв!? Њапосле се изморија, видоа дека правдата задоцнува да дојде, затворите се полнеа со чесни костурски селани.

Ова не се кажува на добро, велеа старите и непомина време, се наоружаа комитите со едни долги италјански малихерки и повеќе не им даваа да влегуваат во селата. Влегуваа во двобои и имаа наврено неколку на штикови. Се создаде еден страв и повеќе ниту намислуваа да грабнат некоја жена или девојка. Така полека комитите си ја вратија среќата и животот во селата. И како се развиваа работите, почнаа да си упатуваат ужасни клетви и се повикуваа на борби за живот или смрт. После тоа народните пејачи одеа по имотните селани; се собираа во големите гостински соби и ги пееја со растегнатото пеење сите македонски песни и ора.

Се зборуваше дека просфигите (маџирите) им завидуваа токму на тие песни и ора, дури велеа дека токму таа завист беше една од најглавните причини да соберат голема војска и посакуваа да ги изгорат и да ги изгонат и да останат да господарат со сѐто богатство што го нудеше оваа македонска земја.

* * *

Да му објасниш некому дека Македонците навикнале да се делат на два логора кои меѓусебно се мразат е невозможно.

Сега поделените Македонци си го менуваат името: Комунисти и Комити, ама омразата спрема комунистите си остана како да се со андартите - грчки, а комитите како - бугаромани.

Масовно се скршени луѓе, масовно се замолчани слободари, шкршен им е ‘рбетот на огромен број следбеници на Илинденци, создадени се послушни членови на КПГ,понизни фамили на комитите, така од тугинците, беше создадено братојадството меѓу Македонците...

Омразата, беше наследена и сега се наследуваше од генерација во генерација - дури и кога сите станавме талкачи. Крвта што се лиеше во тоа време, се разделуваше со граници непроодливи луѓе и семејства и поданици за партиска врхушка да остане на власт. Дури да неможеше да се ожени со девојка од спротивното семејство.

Во тие години по поделата на Македонија, Македонецот чиниш се научи да манипулира и со моќта на говорот и со моќта на молчењето.

Крапов рече:

Ете, како со итрината на Грците и Англичаните македонското население од Македонија под Грција, го поделија за време на Втората светска војна и станаа заложници на туѓи мегаломански интереси и цели:

(а) приврзаници на ЕАМ (во нивна славомакедонска верзија ја организира позната како СНОФ, од кои најголемиот дел по ликвидирањето на СНОФ, покажаа покасно големи симпатии кон југословенските партизани, (во суштина создавањето на СНОФ беше задоволителен чин, за повеќето радикални елементи во македонското раководство, кои биле во најтесен контакт со Вардарска Македонија) и

(б) оние словенски села кои примија оружје од Италјаните, локално познати како комитски села. Присутен е ПАНСЛОВЕНСКИОТ аспект кој што беше многу реален меѓу македонското население.

Снофитите можеа да влегуваат во тие села и беа убедени дека кога сакаат да ги повикаат комитите, тоа можат да ги убедат и да преминат на нивна страна во македонската војаска СНОВ. И Титовите партизани можат да влегуваат и излегуваат од комитските села сосема слободно, што се должи пре сè на многу полибералниот став на Тито, а додека ЕЛАС води стрикно националистичка политика и секогаш македонските единици ги командуваат Грци. Кај Грците постои страв од МАКЕДОСКОТО воскреснување и тие ценат дека тоа би било жестоко спречено кои би востанале како еден од цела Грција за да го задушат. Практично барањето на СОЛУН ќе предизвика кај ГРЦИТЕ бес. Резултатот би бил крајно крвава војна од која ништо добро нема да произлезе.

Токму формирањето на “Костурските Комити” беше повод за страшните критики што им беа изречени на секретарите во

реоните на Македонија - северна Грција на Пленумот на ЦК на КПГ. Тие, наводно, дозволиле да им се изгубат од контрола најзакоравените непријатели и душмани на грчкиот народ. Тие, наводно го искористиле моментот и се наоружале од окупаторот и посакувале да ги остварат своите гнасни цели; врските со луѓето (окупаторите) од туѓиот свет и им станале поблиски од колку со нас комунистите. Нас комунистите не преставуваат како непријатели на славомакедонскиот народ и на славјанскиот свет. Веста стигнала дури до врвот на Кремељ.

А сега, наша партиска задача е да се успее нивната будност, да се пројави грижа и внимање спрема нив, оти од ништо ќе направиме светски проблем.

Во високиот врв беа поканети и комунистите славомакедонци на кои им се знаеше потеклото од дедо прадедо или биле синови на Македономахи и патриоти - оддани и на тој пленум им рекле:

“Добро, комитите нека се занесуваат со таквите надежи, ние ги имаме славомакедонските комунисти кои се верни на партијата и во редовите на ЕЛАС. Задачата што ви е доверена е исклучиво одговорна. Добиените партиски задачи, вие комунистите, заедно со салвомакедонците комунисти што што се верни во редовите на ЕЛАС, треба да ги исполните до крај.”

На советувањето кај капетаниос на групата дивизии Маркос Вафијадис и секретарот на Партијата се договорија за следното:

а) На славомакедонците им се дава право да формираат славомакедонски одреди во составот на ЕЛАС.

На славомакедонците им е дозволено да формираат своја организација и наместо да членуваат во ЕАМ, тие сега ќе ја имат организацијата СНОФ (Славјаномакедонски народноослободителен фронт).

Со овој процес ќе почне примамата на комитите се до нивната ликвидација. Против сите непријатели и на активистите и на

прикриените и на потенцијалните што сакааа “Обединета Македонија”.

Така почна братојадството, итро (со партиски трикови) и полека.

Еден ден, со измама беа совладани комитите во сите костурски села. Беа собрани во еден логор на планината Вичо: измачени, изгребани, преврзани, непреврзани, со засушена крв, со отворени рани, а некои кои знае зошто, само со долна облека, други боси, се разбира, сите гладни и уплашени. Страв од андарскиот нож; по некој во денот илиноќта исчезнуваше. Триста комити биле убиени во групни егзекуции, а стотина биле ловени по планините; Вичо, Полјаната, Лисец, Рунѕел сè до Пелистер како животни. Еласитите кажувале дека ги убивале комитите со истрел во глава за да бидат сигурни дека се мртви, но најавтентично кажувале тие кои останале живи кои се скриле под телата на мртвите.

Никој да не се сомнева во тоа дека мамката не ќе предизвика успех, а гневот ќе им се промени спрема нас. Нивната свест, ќе им се сврти кон нивното сонувано задоволство што никогаш нема да им успее сонот за обединета Македонија. За гневот не е потребно да се потикне, тој треба да има слободен пат да истрча, оти тој е нагон, а нагонот секогаш е во согласност со душата.

Радиограма од Христос Мосхос до групата дивизии на ЕЛАС од Македонија со која известува за дезертирање од ЕЛАС и за преминот на Воденскиот македонски баталјон во вардарскиот дел на Македонија.

Бр. ЕП 162 Пајак, многу итно.

До групата дивизии на ЕЛАС од Македонија.

На 14 октомври 1944 година единица на славомакедонските партизани (Воденскиот баталјон) на Кајмакчалан без наше знаење пребегаа во Србија (вардарска Македоннија). Во српска Македонија испративме делегат да преговара за нејзиното

враќање. Веруваме дека е заведена од кадри на македонските партизани.

17 октомври 1944 година.
Петрос (Христос Мосхос)

Кон средината на септември 1944 година, македонското политичко и воено раководство (од вардарска Македонија), во согласност со одлуките на Првото заседание на АСНОМ, презеде сериозни мерки за ослободување и обединување на Македонија.

На 23 септември 1944 година Главниот штаб на НОВ и ПОМ испратил директиви до командантите на Леринскиот Костурскиот и Воденскиот баталјон со следната содржина:

“Да се изврши широка регрутација на борци од редовите на Македонците. Оружје, муниција и друг воен материјал ќе добиете од ГШ на НОВ и ПОМ. Да се подготвите за операции против Германците во егејскиот дел на Македонија и Грција во кои ќе учествуваат и единиците на НОВ и ПОМ”.

За неколку дена Леринско - костурскиот баталјон броел 1,500 борци и старешини, а Воденскиот македонски баталјон 575 борци и старешени. Но КПГ и ЕЛАС се обиделе да ги расформираат македонските баталјони затоа што, наводно, имале информации дека тие подготвувале напад на Солун.

Поради тоа повторно се заостриле односите меѓу КПГ и КПЈ, а на 4 октомври 1944 година, Светозар Вукмановиќ - Темпо (си одигрува улогата) го известил  ВШ и ПОЈ дека ги известил македонските единици во составот на ЕЛАС да не се сложат да бидат расформирани и да се префрлат во вардарскиот дел на македонија. Ноќта на 4 спроти 5 октомври и 14 октомври баталјоните беа префрлени во вардарска Македонија.

Реакциите од ЕЛАС

Комесарот на одредот “Вичо” се држеше надуено, намуртен молчеше. Низ дамарите, чиниш, отров му тече таква омраза,

никогаш порано немаше сетено. Никогаш не ми беше симпатичен овој човек; осамен, суров, тапоглав. Со него владее некаква мрачна и нечовечка сила. Устата ја држи затворена, но усните постојано му мрдаат. Ме погледна намќоресто и рече:

- Капетаниос Маркос, ќе им се одмазди, ако ги фати ќе ги ликвидира. А тие, заслужуваат да им се суди за предавство. Тој вели: “Славофоните морале да знаат: - Не тие ами Грците одлучуваат што ќе биде со нив.”

Му реков:

- Значи, Маркос не познава и не сака да знае дека во оваа борба нема ни трага од Правото на окупираните и угнетемите - Самоопределување, ни трага од малцинскито право - Рамноправност.

Комесарот ја отвораше и ја затвараше устата како да не можеше да го срочи својот гнев. Почна да петелчи, сѐ уште ококорен во мене.

Тој ме праша:

- Даскале, ти што мислиш: постапија ли тие правилно? Нели тие го прекршија своето ветување, дека ќе им бидат предани на КПГ и на Елас, па дури и се обврзаа со заклетва како ЕЛАСИТИ: “Се колнам дека ќе се борам до последната капка на мојата крв за потполното ослободување, стабилноста и независноста на Грција. За зачувување на интегритетот на грчкиот народ и воспоставување поредок и ред на основните човечки права. За оваа цел ќе се починам на дејствијата и решенијата од наредбите на ПЕЕА (Политички комитет за национално ослободување на Грција) и ќе ги извршувам совесно и дисциплинирано, сите наредби и упатства од претпоставените и ќе ја одбегнувам секоја постапка што ќе ме прави недоверлив како личност и како борец спрема грчкиот народ.”

Му реков:

- Комесаре, ти велиш дека КПГ не е задоволна од однесувањето на македонскиот народ. Јас, тоа одамна го гледам и одамна решив во себеси дека “Такви како вас комунисти, не се луѓе кои не мислат за македонскиот народ”. Но, прашањето за нас Македонците е друго. На тие што не напуштија им велам: Татковината на секоја личност треба да му биде најсветото, највозвишеното, тоа треба да ни биде првата грижа од раѓањето па сè до смртта. На татковината му бевме и сме потребни како вода во пустина, ако не сакаме да се претвориме во пустина.

Зошто му беше потребно на Пејов (Чакаларов) и другите од групата, ова бегство?

Комесарот рече:

- Тие се соработници на фашистите; на Италјаните и на Бугарите.

Во себеси си велам “Апостоле, бори се сам со себе; ако сакаш да го победиш гневот,” тогаш тој не може да те победи. Веќе почнуваш да победуваш ако успееш гневот да остане скриен, ако не му дозволиш да излезе…

Сè се сврте неумоливо. А што ќе правиме ние што останавме во редовите на ЕЛАС и КПГ?

Неможев да не му одговорам и да ја кажам вистината зашто тие мои другари отидоа во Титовата армија токму поради неправдата, гневот не можеа да го совладат.

Му реков:

-Размислуваш на примитивен начин, раководен и заслепен од грчкиот шовенизам и полн си со злобни идеи.

Тие луѓе што ги обвинуваш, немаат никаква соработка и ниту влијаела италјанската или бугарската пропаганда. Напротив, тие протестираа спрема договорот од Плака (29 февруари 1944 година) во кој се предвидува продолжување на преговорите меѓу КПГ-ЕАМ, од една страна, и граѓанските партии и владата

во бегство, од друга, за целосно политичко единство во Грција. Покрај другите отстапки КПГ донела одлука за расформирање на СНОФ и СНОВ кое што се случи во април 1944 година и како резултат на оваа група борци и активисти, предводени од Чакаларо Наум Пејов на 6 мај 1944 година се одделиле од ЕЛАС и повеле решителна борба за повлекување на донесената одлука. Причината за тоа лежела, пред сѐ, во мерките што ги презела грчката влада на националното единство (ПЕЕА) кои не давале никаква перспектива за решавање на македонското прашање.

Командантот Атанатос (колонистот) ме праша:

- Мислите поради овие причини го одрекнаа учеството во нашите редови?

Му реков:

- Токму затоа. Ние Македонците сега се гледаме себеси како вратени во времето на Метаксас, пред воената состојба. Дури и единственото наше безрезервно верување во КПГ, не разочара. За нас Македонците во Грција иднината не изгледа светла, но мојот непоколеблив став, ние треба да останеме тука на коренот. Но, сега во состојбата во која живееме и со нашата лојалност бевме како на сираче кон очув.

Едно утро слушаме радио Лондон, емитуваша извештај од капетан Еванс, Хачисон Патрик.

Написот беше посветен на македонското ослободително движење во областа на Флорина и Касторија, и забележува:

Во октомври 1944 година на ГОЧЕ (Илија Димовски) како КАПЕТАНИОС и практично командант на Второит баталјон на ЕЛАС- овиот 28 полк, му беше наредено од ЕЛАС да замине за ВЕРМИОН (Дурла), тој одговорил ‘не’, ние сме МАКЕДОНЦИ и нашето место е во МАКЕДОНИЈА, но тој, јас верувам дека Вермион е помалку СЛОВЕНСКИ отколку областа ВИЧО, каде ГОЧЕВИОТ баталјон тогаш беше стациониран и каде тој прво го пополни него; и родното место на ГОЧЕ е ВИЧО. Тој тогаш

се побуни и замина за ПРЕСПА, подоцна за МОНАСТИР (Битола) и неговиот баталјот беше со него.

На овој баталјон му се придружи и командантот на одредот “Лазо Трповски” Чакаларо (Наум Пејов), тој со оружје заробено од Германците се бори против андартите, се изјасни дека неговата цел е независна МАКЕДОНИЈА, а не голема БУГАРИЈА. Имаше и веројатно има големо влијание на селата во близината на неговото село Габреш. Неговата чета беше нападната и растурена од единиците на ЕЛАС во средината на летото.

Се истакнува дека ПЕЈОВ бил комунист од пред војната, но тој бил разочаран од односот на КПГ и ЕЛАС спрема Македонското прашање. Тој уште во мај со група свои соборци заминал за ПРЕСПА во ГШ на НОВ и НОМ во селото Шулин со цел да праша дали можат сите Македонци што се во редовите на ЕЛАС да поминат во редовите на Титовата армија. ДЕЈАН го примил и му дал засолниште, но осрто бил прекорен од ТИТО. ПЕЈО беше вратен назад од Титовите партизани, некои велат лично од ТИТО, во ЕЛАС кој го прати под амнестија во баталјонот на ГОЧЕ. Кога ГОЧЕ се побуни во октомври ПЕЈОВ му се придружи се до МАНАСТИРИ (Битола) и го подржа во сите акции.

На 17 октомври 1944 година.

Со еден глас сите ние Костурчани, меѓу себе, со скриен поглед си го признаваме гревот со зборовите: “За нашето напуштање на родината, ниту Бог нема да ни прости”

Таа ноќ во секоја куќа се зборуваше за Грците. Селаните си го споменуваа андарското време: колежите, грабежите и многуте застрашувачки работи што се случувале. Тогаш, во андарското, никој не можеше да го објасни бесот на Критјанските андарти (козократци, гологасци, колачи (секој со обесено- околу врат, кесе полно жолтици), дојдени од сувите острови, на чело со владиката Каравангелис и Павлос Мелас, иаку уште бевме под турско.

Даскалот рече:

- Коренот на злото е запечатен во нас. Немоќта е сокриена во нас. Но пред сопствениот народ, кога и каде и да е ќе благослови и ќе проколнува. Сега и по 55 години, секој од нас може да знае: Кој е достоен да стои пред Бога.

Многу туѓи луѓе, многу несигурни луѓе; со излитени селански идеолошки тези не заведуваа во едно глобално село: СОВЕТИЗАЦИЈА НА БАЛКАНОТ. Еве, влегоа во нашите села, заедно со нив и туѓи проганди и сè тргна според селските идеолози - како да е цел свет е наша татковина. Не можевме да го видиме и она што ни беше пред нашиот нос. Простите и недвосмислени факти ги избегнувавме иаку во некој дел од својот ум сме биле свесни за нив:Бранејќи ја комунистичката идеологија, го изгубивме за навек идентитетот и дедовите огништа. Нашата судбина е наша судбина и мораше да ја земеме во сопствени раце, оти сурово е кога луѓето не сакаакт ами да господараат со својата судбина, тогаш како што вели нашиот народ судбината загосподарува со нив.

Помеѓу нас имаше и такви кои можеа долго време да ја преферират лагата пред вистината и додека не се случи промената на свеста, луѓето ги толкуваа наопаку појавните манифестации на лагата и вистината. Така, на пример, кај нас глупоста стануваше мудрост, предавството и поданството, хероизам. Уживањето во болката на својот народ претставуваше највисока форма на етичка издржливост, додека повикот да се прекине со илузиите и лагите се третираше како предавство на реалниот живот. Тогаш помеѓу нас Македонците, многу глумеа во улога на Бог страдалник, употребувајќи излитени фрази, обично почнувајќи со революционерни цитати; најчесто за минатото, додека иднината ја остава на историјата. Имаше многу, кои што ја имаа поданички продадено својата душа. На кого од нив, повеќе или помалку, можевме сигурно да се потпреме, токму го повеќето пак измамени по Граѓанската воја, а од тие луѓе ни станаа надгледувачи:дали сме ги исполнуваме југословенските постапки спрема Егејците!?

* * *

Грците ја населуваат Македонија со Азијадци, а ние раселуваме со Македонци.

По ова што се случи во костурско и леринско, на 10 окотмври 1944 година, во Саракиново се појави емисарот на Темпо, Рочко од Ваташа. Селаните го претставуваа како големец од онаа Македонија зад Кожув планина.

Рочко, откако дојде во контакт со раководителите на баталјонот; Павле Раковски - Гоче и Ѓорги Урдов - Џоџо им зборувал внимателно. По малку дипломатски. Во круг, та на околу. Тој не беше сигурен како ќе реагираат.

Рочко рече:

- Ние сме загрижени за судината на македонскиот баталјон и воопшто за нашето ослободително движење. Ние знаеме дека односите со другарите Грци воопшто не ви се добри. Тие отворено зедоа курс антипартиски и антимакедонски. Нема веќе ништо од партиска линија за рамноправност. СНОФ го распуштија и воопшто забранија организирање на Македонците. Забранија прифаќање нови доброволци во Баталјонот, односно создавање на македонска револуционерна воена сила. Тие и Баталјонот од ден на ден се очекува да го распуштат.

Јас сум ополномоштен и ви ја носам директивата:

а) Баталјонот се става под команда на Главниот штаб на македонската НОВ и се прогласува како 21-а Бригада на македонската НОВ,

б) Баталјонот веднаш да тргне и да се префрли на територијата на вардарска Македонија, каде ќе се организира и комплетно вооружи,

в) Баталјонот, откако ќе се врати во својот терен, да организира општо востание на Македонците...

Џоџо го гледа право во очи и нема ни малку сочувство, тој е не знае да се замисли во ситуација на други, индефернтен е спрема сите кои го окружуваат и не не е во состојба да слуша. Прашањето беше чувствително и очекуваше да му рече:

“Еј, не будали се! Пази што зборуваш!”

Раковски со израз на сомнение заниша со главата. Рочко знаеше што значи тој поглед, недоверба.

Џоџо беше амбициозен. Тој до вчера примаше директиви и слепо ги извршуваше, без да размислува, не тукутака го издигнале до член на покраинското Биро за Македонија и Тракија и организационен секретар на Окружниот комитет на КПГ за Воденско. Тој, без директива, не ќе направеше ни чекор, камо ли цел баталјон да го префрли тајно во дел на Македонија - територија на друга партија.

Џоџо праша:

- Зошто сето ова го барате да остани во тајност? Револуции не се прават со тајност.

Рочко замолкна, незнаејќи што да одговори.

Раковски го прекина молкот и рече:

Џоџо, да прифатиме. Ако правиме револуција, тогаш да правиме, а не онаа да се базираме на онаа наредба “Не примајте доброволци!...” Замисли, ќе се вратиме натоварени со оружје и ќе дигнеме општо востание! Само по некој ден, ќе имаме една, две бригади, а може и цела дивизија. Ако се прифатиме за револуција нашиот народ ќе стане масовно. и токму тогаш ќе ги разбиеме сите смислени ограничувања на провокаторите. Ќе се прочуе и ќе се афирмира... ако не прифатиме, нема да има ништо од сето тоа. СНОФ го распуштија, ќе го распуштат и Батлјонот и никому ништо. Нашиот народ ќе го нема никаде. А знеш дека и комунистите ни збор не сакаат да чујат за некакви наши права. Тие велат: “Вас ве немаше, вас ве нема!”. Поразмисли, уште пред десет годин, на 5-от конгрес на КПГ, го

поставија прашањето (барањето) да не постои за комунистичката партијата национално прашање во Македонија, зашто наводно немало веќе Македонци како посебен народ.

Џоџо рече: - А сега би сакал да ви поставам едно прашање другар Рочко.

Ќе мораш да ми ја разјасниш југословенската политика, титоизмот никогаш не ми бил јасен. Не ми се разбирливи сите подржувачи на методи Шаторов - Шарло, како сега станаа пламени титоисти? А тие заедно со Шарло биле за вистинска македонска опција.

Вардарска Македонија е мала земја, а и што туку е признаена како федерална единица во СФРЈ, без свој суверенитет, значи Македонија не може да одлучува за својата судбина, за својата слобода и за својата независност, но и за своите браќа во другите делови на етничка Македонија. Всушност, сега таму, вие Македонците не стоите исправени пред паролата за "Обединета македонија". Да ве прашам; што стана со луѓето кои се имаа определено за "Обединета Македонија?"

Рочко премолчи и запали цигара.

Џоџо продолжи:

- Навистина не знаеш? Гледаш дека дури не ни можеш да ја признаеш вистината за тие Македонци што биле ликвидирани за идеите за "Обединета Македонија".

Сега вие ми зборувате за нашето определување: кому ние Македонците од егејскиот дел на Македонија да припаѓаме; дали на КПЈ или на КПГ. Или да не се припаѓа никому!?

Дилемата не е сложна, но е одлучна. Затоа секој Македонец под Грција ќе треба да одговори. Но да се одговори, значи да се одлучи, бидејќи живот не е ништо друго освен одлука.

Рочко рече:

Не прави прашања со подозревање. Сите тие прашања во овој пресуден момент не се толку битни. Секој поинаков пристап се сметаше дека може Македонија да ја одведе во ропство и во нова зависност. Југославија е гарант оти Македонија не можеше сама да се избори за својата слобода. Та е мала и немоќна.

Џоџо рече:

Не ми се допаѓа тоа што го зборувате, Рочко. Да, разбирам што се обидуваш да не убедите, но ние Македонците под Грција, треба да сфатиме дека сме граѓани на Грција и туку ни е коренот, инаку ќе бевме третирани како странци. Ние со нашето напуштање ќе им овозможиме да нè ископачат од родните огништа.

Знаете што рекол Сталин за револуционерите: "НЕЛЕЗЈА ЗАБЛУЖДАТСЈА!"

Раковски Рече:

- Или ќе бидеме револуционери и ќе покажеме прво, дека ние сме тука и, второ, дека ние и оние зад Кожув планина и Кајмакчалан сме еден народ, или ќе бидеме малодушни и, плашејќи се од провокаторите, ќе извршиме предавство против сопствениот народ!...

Џоџо рече:

- Не ме разбира... и не си свесен за тоа. Зошто ми го зборуваш сето тоа? Решив повеќе да не молчам, и да прашам за сè дури и ако е непријатно, знаеш ли на што мислам токму сега? Но најважно е тоа што сакам да ти го кажам сега е: измаинаа тие времиња кога решаваа без да не прашаат. Никој веќе не треба да решава за нас, без наше присуство и согласност! Сега, пак, ние самите најмногу можеме да си наштетиме себеси, а не некој друг.

Ние со овоа бегство ќе бидеме виновни не само пред вековното постоење на македонија и Македонците, пред нашата култура и историја, туку ќе бидеме виновни и пред Бога.

Грешките што ќе ги направиме денеска можат да се поделат во три категории: воени, политички и морални, а цената на тие грешки ќе ја плаќаат илјадници Македонци. Но и нашето враќање ќе биде за навек запечатено.

Една вистина треба да се знае дека никогаш порано на овие балкански простори ништо не се решавало без големите сили, нивниот збор речиси секогаш бил конечен. И најмногу добивал оној што имал свој сојузник меѓу нив. Грците тоа добро го знаат и затоа станаа сојузници со Англичаните, а ние Македонците не сме се поучиле од историјата. Ние Македонците не сме имале никаков сојузник, ниту, пак сме претставувале некаков воено политички фактор. И во Букурешкиот и во Париз и на сите други мировни конференции се решавало без нас, ниту пак, сме имале сојузник што би ги бранел нашите интереси. Сега ние интересите наши ги гледавме во комунистичката партија, ама... сега...

Да се бориме или да бегаме?

Оваа хамлетова дилема е единствено нешто со што човекот располага, иако, за волја на вистината, ретко кога навистина имаме можност да одлучиме. Не се колебам да кажам, дека оваа е чиста идеолопшка мамка (“стратешки планирана иднина”) и сигурно ќе станеме жртви на туѓи интереси, на некакви политички игри. Ова повеќе ми личи на политички замки.

Значи, ние сега треба минатото во КПГ да си го испоганиме и иднината да ја бараме во КПЈ.

Тоа што значи ако ние не сме успеале да го извојуваме максимумот за нашите национални права, токму тука во родниот крај војуваќи заедно со КПГ, како сега ќе можеме тоа да го оствариме однадвор преку КПЈ?! Но, јас се плашам од оваа стапица на тугинците; со давани и одземени слободи.

Убеден сум со напуштањето на прадедовите огништа, ние добиваме документ на национален пораз. Каква иднина ќе не

очекува нас Македонците под Грција - Незнам, или ќе си го изгубиме контактот со самите себеси.

Сепак, само политички наивци можат да помислат дека целата работа не е договорена на највисоки места, кои не ни го сакаат доброто.

Ова наше напуштање на родното место  во македонската историја ќе значи, како голем исчекор во непознатото...

* * *

Без тешкотии, бегството на баталјонот на чело со Раковски беше изведен до ситни детали. Некаде пред пладне баталјонот стигна во првото Тиквешко село под Кожув.

Тука пристигна и Џоџо. Следниот ден возбуден пристигна и неговиот “помошник по воени прашања” Гркот Лефтерис Фундулакис. Тој ги барал во логорот, видел пусто, се чудел и тргнал да не бара.

Му објасниле дека тие немале ништо против него. Но тој не може да остане и да командува со овие македонски момчиња. Тој кимна со главата потврдно, со тешко срце се качи на коњот и го зеде патот за назад. Него го чекале големи непријатности.

Тој пред штабот на ЕЛАС бил како командант, што ја “изгубил”, односно дозволил да му биде одземена воената единицата.

По неколку дена одмор, баталјонот се прекомандува во гарнизонот на Битола, која вриеше од нашите пребегнати Македонци кои до вчера биле еласити.

Се разбира, тука не се чувствуваа како гости, туку како се наоѓаа во нивна слободна држава, федерална единица на Федеративна демократска Југославија. Партиско - државното раководство на Народна Република Македоија го чувствуваа како све раководство. Угледот на раководните луѓе во Битола,

како Титови раководни луѓе, бил огромен. Тие се чувствуваа апсолутно сигурно.

Уште во селото Ваташа, Џоџо со помош на Рочко, дојде во контакт со високи воено - партиски функционери. Но, кога се вратил, бил многу огорчен и на своите соборци и на Раковски му рекол:

- Сега можам да ти го кажам тоа што сакав тогаш да ти го кажам.

Што гледам бре луѓе? Што е оваа делба или таа е уште една разделба на Егејска Македонија? Зошто Темпо и други сега се занимаваат со нашите работи? Се чувствувам многу омаловажен како Македонец, многу сум засрамен... Кога застанувам со некој колега офицер од титовата армија, се чувтсвувам згазен, не од неговите нозе, туку од југословенската политика. Едно време Темпо ни зборуваше за обединета македонија, сега за обединета Македонија само во рамките на Југославија?

Знаеш што? Не е сè точно, она што ни го зборуваше Рочко! Ама сега... - и одмавна со рака. назад немало, па што ќе биде, нека биде!

Што мислиш, како ќе заврши нашата приказна? Не сум пророк за да кажам како ќе заврши,  велам - како што почнавме, лошо ќе заврши; значи, досега игравме спрема свирката на Грците, а отсега веројатно ќе играме спрема свирката на Југословените. Но треба да знаеме дека со нашето одење, Грците добиваат и им се дава поголема шанса во иднина да се борат за уништување и на Вардарска Македонија.

Раковски му рече:

- Ни јас; сега не можам ништо да сторам...

Во Битола, обајцата беа кооптирани во составот на Политичката комисија за Егејска Македонија. Јас, како член на нејзиниот Секретаријат.

Еднаш, Џоџо на Раковски му рекол:

- Титовите раководители не признаа, но не знам, дали македонската историјата ќе ни признае што толку лесно го напуштивме родниот крај и молкум го прифативме кормиларот кој одамна го има насукано бродот на кој сме натоварени.

Даскалот рече:

Многу од нас, како и кај Џоџо имаше едно отворено прашање кое стално се прашувавме, но одговор не најдовме:

КОЈА МУ БЕШЕ ЦЕЛТА НА ТЕМПО ШТО ГИ ПОВИКА БАТАЛЈОНИТЕ (КОСТУРСКИОТ, ЛЕРИНСКИОТ И ВОДЕНСКИОТ ) ВО ЈУГОСЛАВИЈА!?
(Зошто раселување на Македонците!?)

И по логиката сега кој е вистинскиот поборник за човековите права: оној што се повикува на меѓунардниот закон за да го оправда стоењето настрана додека се врши геноцид во нековиот крај или оној што опстојува на родното огниште и е спремен да му се спротивстави?

Но, Џоџо се плашеше да не му речат: "Секој оној што не се согласува со нас или се ништожни или провокатори."

Наредбите на тугите богови:

(Чепкање по воените архиви):

Преглед на настани:

4 октовмри 1944 година

Радиограма од Светозар Вукмановиќ - Темпо до ВШ на НОБ и ПОЈ за неправилниот став и однос на грчкото раководство на отпорот спрема Македонците од егејскиот дел на Македонија.

Радиограма бр. 35.

Грците повторно настојуваат да ги разбијат Македонците во Грција. Им забрануваат и со оружје им пречат да мобилизираат нови борци во македонските единици. Сменија Македонци од раководни места и поставија Грци. Апсат раководители, убиваат невини луѓе, забрануваат песни за Тито и други наши песни.

Ги советуваме Македонците да преминат кај нас и да не дозволат да ги разбијат и да ги апсат. Ќе примиме и некои раководни другари, авторитетни Македонци и ќе формираме делегација со доказен материјал за ГШ на Македонија.

Темпо.

* **

5 октомври 1944 година.

Радиограма од Александар Ранковиќ до Светозар - Темпо со која наредува да не праќаат единици на НОВ и ПОЈ на Југославија во Егејска Македонија.
Радиограма бр. 3.

За сите да не праќате единици во Грција. Доставете конкретни податоци за да вложиме протест кај претставникот на Грција (Преставник на ГШ на ЕЛАС и на ПЕЕА во ВШ на НОВ на Југославија беше Андреас Џимас.)

* * *

6 октомври 1944 година.

Радиграма од Светозар Вукмановиќ - Темпо до ВШ на НОВ и ПОЈ, со која известува за репресиите на ЕЛАС врз Македонците од егејскиот дел на Македонија.

Радиграма бр. 43.

Поради тоа што повторно започна масовен терор на грчките партизани врз македонските единици во Грција, го проучивме прашањето за испраќање на наши единци во Грција со цел да се борат против Германците и заради заштита на нашето население.

Темпо.

* * *

На 7. 11. 1944 година говорот на Темпо.

Право на самоопределение како што каза генерал ТЕМПО, преставителот на Маршал ТИТО во говорот му на народниот митинг во гр. Битола на 7. 11. 44 година по случај прославата на големата руска револуција, тој рече:

МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ИМА ПРАВО КАКО СЕКОЈ ДРУГ НАРОД НА СВОЕТО САМООПРЕДЕЛЕНИЕ. НИКОЈ НЕМА ПРАВО ДА МУ ПРЕЧИ НА ТОА И ДА ГО ДЕЛИ БЕЗ НЕГОВАТА ВОЛЈА. НИЕ ГО ЗАСЛУЖИВМЕ ТОА ПРАВО СО ТРИГОДИШНАТА ВОЈНА, НИЕ ГО ИЗВОЈУВАВМЕ НАШЕТО ПРАВО. Ние, браќа Македонци, не бараме појке от колку заслуживме. Сакаме сами да си ја решиме судбината и да пожнееме плодојте што ги посеавме, со нашите успеси и што ги павадивме со нашата крв.

Смрт на фашизмот - Слобода на народот

1944 година. Од време на политичката комисија на Македонците под Грција.

Даскалот уште ме гледа и размислува со начулено уше.

Му реков:

- Што мислите, дали Светозар Вукмановик - Темпо ја кажуваше вистината и толку многу беше загрижен за нас Македонците од овој наш крај?

Даскалот рече:

- Не. Темпо беше чувар на кралска Југославија и ништо повеќе. Тој, постапуваше итро и вршеше “третман на историските лузни.” Тоа го правеше со одредена цел, се додека не ги намами баталјоните да преминат во Југославија. Потоа ги оформи во брагада и ги натера да се борат против арнаутските балисти. Сето тоа беше со умисла; проблемите да ги премости кај нас Македонците под Грција и да извлечи еден голем потенцијал на Македонци кои пожртвувано се бореа за правата на својот народ и тие денеска ќе оставаа силен впечаток пред светот и меѓународните институции, дека ние Македонците постоиме во Грција… Во тоа време ние Македонците како да заборавивме на нашите разнебитувања, поделбите и кавгите со соседите.

Во тоа време македонскиот народ бил поделен во четири суверени држави кои имале различни политички системи и сите тие соседи беа и останаа со отворени волчји усти спрема Македонците; настроени како лешинари да го распарчат македонското постоење, но ни “братските” комунистички партии (КПБ, КПЈ и КПГ), не беа толку недоветни да не подржуваат за да одделат дел од својата проширена државна територија, со македонски дел. Суратот на агресија кај сите беше препознатлив. Во битието на секој еден од нив и понатаму им беше целта: за посегање и доминација и за можна анекција на дел или целина од македонската национална територија како клучна точка на Балканот. Ние не сме биле зацелени од тие политички ујдурми, од тие политички премрежиња и болести. Токму тогаш најсилна беше македонската агонија на распаѓањето, на себеуништувањето. Од сите страни Македонците беа ставени на разни искушенија. Напати дури и здивот ни беше одземен, постојано бевме на нишан ставени. Поделени и идеолошки разделени.

Сите тие работи имаа историски синдромичен карактер во корените на нашата далечно минато, проблемите и кавгите не разнебитуваа, особено кога требаше да ја откриеме правостојноста на битието и битисувањето.

Нашето битие и нашето постоење низ историјата по делбата на Македонија, никогаш немало потреба од делби, преселби и кавги. Ако не ни се случуваа такви намамувања, Грците, дали тоа го сакаа или не, тоа ќе беше реалност и овој пустош, денеска ќе го немаше... Но, тоа беа туѓи потреби и интереси, а ние грешевме.

Темпо, тоа го потврди и самиот; на 16 октомври 1945 година во предизборниот говор во Куманово како кандидат на Кумановската околија се спротиставил на сите оние кои обединувањето на Македонија го гледале надвор од рамките на Југославија или обединета Македонија под покровителство на големите сили. Според Темпо, сите оние кои ја поддржувале таа идеја биле истите оние личности кои биле одговорни за бугарската окупација на Македонија 1941-1944 години.

Денес, историчарите по многу анализи констатираа дека "преселбите на двата баталјона, кои ги вклучувале најзрелите и добро познати македонски комунистички лидери од Егејска Македонија, не претставувала отфрлање на грчката политичка левица. Тоа бил повеќе еден обид од нивна страна да ги принудат КПГ и ЕАМ, ЕЛАС да ги прифатат нивните национални права". Или, како што објаснувале лидерите на Леринско - костурскиот македонски баталјон во писмото упатено до ЦК на ЕАМ и ГШ на ЕЛАС:

"Ние не избегавме за да станеме слуги на фашизмот... не избегавме зашто сме непријатели на народот... како што вие не обвинувате... ние избегавме затоа што сме борци Македонци, затоа што сакаме да се бориме протиф фашизмот... во братска антифашистичка борба... и со безбројните жртви што ги дадовме... да ни се признаат... демографските принципи на сојузничката антифашистичка борба, националните права на нашиот народ и неговата слобода... Сакаме да дојдеме таму во нашите земји и да се бориме рамо до рамо со вас, да ви помогнеме во вашата борба... обединети и братски. Сигурни сме дека ЕЛАС и ЕАМ... со пријателски дух... ќе дадат правилно решение".

Меѓутоа, неопходно е да се потенцира дека, со формирањето на Политичката комисија на чии работни состаноци претседаваше преставник на ЦК на КПМ раководеа Пекар, Минчев, како и на Првата егејска  ударна бригада, македонскот националноослободително движење од егејскиот дел на Македонија поминало под раководството на Комунististичка партија на Јогославија (КПЈ), каде што се организираа во бригада во составот на НОВ и ПО на Македонија - Југославенската народна армија (ЈНА).

Односно: "Македонските единици на ЕЛАС беа прифатени од КПМ/КПЈ. Фактички, НОД (националноослободителното движење) од овој дел на Македонија мина под раководството на КПМ/КПЈ"

Значи, македонскиот фактор го нема, и се е во склад со политиката на КПЈ која имала огромно влијание врз македонските комунисти во Вардарскиот дел на Македонија... Значи, во ваквиот еволутивен историски процес, се роди и македонското движење соројугословенска ориентација и го официјализира ставот:

Обединета и независна Македонија НЕ!, туку обединување и на другите делови на Македонија (Пиринска и Егејска Македонија) во рамките на Југоцславија (кон мајката земја).

Значи, Вардарскиот дел да се прогласи за "Пиемонт„ на обединувањето во составот на СФРЈ. Таквиот став покасно го става во прамата и НОФ (организирана и оформена 1945 година од КПМ/КПЈ) и се вели:

Организирање на борбата на македонскиот народ за премостување на вештачкиот јаз помеѓу Македонците од сите делови на Македонија, а особено со Македонците од НР Македонија којшто претставува "Пиемонт" за целосно ослободување и обединување на македонскиот народ.

Му реков:

- Значи, таквата смислена проганда, сите тие наши луѓе кои им поверуваа на југословенската комунистичка партија, останаа доживотно одродени.

Ми рече:

- Да. Но имаше и такви кои ситуацијата ги натера да станат поголеми југословани и од Темпо.

По заминувањето на баталјоните во Југославија ЕАМ-овската власт раководена од КПГ почна силна пропаганда против сите оние кои имаа пребегано и реакцијата беше страотна; почнаа да ги затвараат роднините нивни во специјални логори во кои од порано беа затворани и Грци “националисти”, како и некои “соработници” на окупаторот.

Даскалот извади еден пожолтен лист на кој имаше датум 18 октомври 1944 година и ми рече:

- Паскале, јас ќе ти прочитам неколку работи кои ги изнесоа нашите пребегани во Вардарска Македонија, а се претставени како Народна делегација од Грчка Македонија: Паскал Митревски - раководител на македонското движење во Костурско, Михаил Керанитчиев - народен претседател од Костурско, Ламбро Чолаков - работник, член на делегацијата, од Костурско.

Преглед: на партиски белелшки и записници кои даваат увид во протерувањето на македонците: Комунисти, еласити, еамити и комити во Југославија.

Доверливо изложение: до ГШ. на ПОВ и ПО на Вардарска Македонија. (Архив на Македонија)

ИЗЛОЖЕНИЕ:

На сите грешки, злодејства, и противнародни и противмакедонски дела, извршени од Грците на штета на нашиот народ во грчка Македонија за време на тригодишната антифашистичка борба:

... 1) , 2)... д) Во овој период беја извршени масовни екзекуции на 60 комитаџији који са избегали од Германците и дојдоа да се предадат на Пејов. Но зашто сакаја да се предадат на Пејов (Македонската партизанска единa) ане на Грците, последните од омраза и фанатизам кам македонскиот народ убиха свите 6о души бегалци. Това не беше право нито законито, а Грците со својата зверска постыпка прекршиха свите наредби и закони на ЕЛАС и ПЕЕА и ги убиха без судење. Това собитије потресе целиот наш народ и неописуен страх притисна неговата душа. Оваја екзекуција на 60 души стана против параграф (член 113) на војните закани на ЕЛАС.

е) Исто во основа време по покана на 28 полк и Окружни комитет на грчката комунистичка партија (Периклис) и со обештанието што се предадат доброволно комитаџији од македонските села во костурско след обезоружаването им ќе бидат ослободени, дејствително неколко се прададоха на место да ги пуштат Грците ги затвориха во Лари село Изглибе (а неколко от них растрељаха).

ж) Исто во онова време беја конфискувани; волови, овци и друго на сите партизани који са следвали Пејов.

з) Партизани од македонскиот батаљон "Гоце" поради това што се пееле песни против цар георгиос след како им беше забрането за будеште да пејат такви песни беја заплашени со арестување од мајорот Аминдас...

љ) Секретарот на Костурско Периклис зајавил "Не се бојме од Тито, ќе почнеме да ви сечеме главите ако викате да живее Тито."

Кога беше арестувано бјурото на СНОФ, Окружниот комитет на грчката комунистичка партија започнала една бесна кампања против известни стари Македонци борци кадрови и особено против другарите: Лазо Ушенски, Паскал Митровски, Лазо поп Лазаров. Обвинехава ги за агенти на Ванчо Михајлов и охраната со југословенските Македонци; Дејан - член на ГШ. на Македонија, покојниот Кољо - политички комесар на првата

македонска бригада и другарот Абас - член на ГШ на Македонија.

... Овија се односенијата на грчката комунистичка партија со нашиот народ.

Борбениот пат на егејската бригада во редовите на Титовата армија.

Една вечер во земјанката на Грамос во 1947 година, покрај големиот оган комесарот на нашата чета Ване Шишков ни ја раскажа приказната што ја доживеал во борбите во вардарска Македонија.

Тој раскажуваше за макотрпниот пат на егејската бригада, а дома беше оставил млада жена и деца.

Забележав како темните интелигентни очи, кружејќи наоколу, запреа на моето лице. Тој ме гледаше со блага насмевка, можеби затоа што бев најмладиот во одредот.

- Нешто сакате да ми кажете, другар командире?
- Ништо, момче, јас ништо, чиниш му недостигаа зборови.
- Но, се разбира дека сакате нешто да ми кажете.
- Имам син, малку помлад од тебе и се прашувам зошто си и ти тука? Сам ли сакаше?
- Не реков. Јас сум со присилна мобилизација од нашите нофити.

По мојот одговор, долго вртеше со глава. Настана кратка тишина.
- Нешто не е во ред? - реков.

- Не, само така, се загледав во тебе ме отвлекуваа мислите од она што почнав да ви го раскажам дека живееме во политичко незрело општество.

Беа тоа, навистина лоши времиња. И тогаш с’ се одвиваше поинаку од она што претпоставувавме со одењето во Титовите партизани.

Тој не знаеше за вина, убеден беше во неговата чесност. Раскажуваше: Бригадата претстојувала во касарните во Битола. Беше необична измешаност и расфрленост на единиците што немаа распоред. Неполни два месеци грицкале семки.

Командирот Ване рече:

- Во еден од овие декемвриски денови се случи нешто одамна што се очекуваше. Гласовите доаѓаа оддалеку, небаре доаѓаа низ свирежот на ветерот на Леринското поле. Во вечерните часови пристигнаа една група бегалци; жени, деца и старци. Вчера неколку села во Леринско ги нападнале еласовците и направиле пустош; убивале, силувале млади невести, палеле и ги протерувале преку границата.

Некој од нашите, како улав, потрча до бегалците и со иста брзина повторно се врати во касарната држејќи в рака автомат во готовност.

Цела ноќ, до разденот на денот да го совладаме. Тој беше мојот соборец, водникот Павле Карамитрев. Бегалците му кажале дека неговата убава невеста Риса му ја силувале и на крај ја убиле и оставија незакопана и од злоба го убиле и тригодишното дете. Тој се почувствува опустошен, умствено изморен, безволен, туѓ на самиот себеси, згнасен. Се обидуваше да си ги собере мислите околу нешто умно, интересно - но во главата не му влегуваше ништо. Се прашуваше: каков нов прекрасен живот би можел да се изгради? Таквото бегање нема оправдување. Го навасуваше гневот. Се губеше. Му се вртеше во глава, само за некаква одмазда.

Да, се сеќавам на тоа.

Водникот Павле Карамитров, викаше:

“Прости! Прости сме и страшливци. Продадени души! Го оставивме најсветото: семејството и родниот дом и не донесовте тука да грицкаме семки.”

Го имаше опфатено тапа мачнотија. Ѕиркаше низ голем засек на еден прозорец и нишанеше да убие некој од нашите главни команданти на бригадата. Викаше и ги грдеше командантите на бригадата.

Во еден миг истрелот беше ненадеен, немилосрден. Водникот Павле Карамитрев мавташе со долгите раце и се прашуваше:

"Кој ли ме уби?"

После неколку дена, некаде пред Нова година во декември 1944 година, тргнале кон грчката граница, со намера да влезат во Грција од кај Леринскиот округ и да ја остварат нивната замисла-ослободување на делот од Егејска на Македонија.

Таа замисла им пропаднала бидејќи биле стопирани со наредба на Главниот штаб на Македонија, а најверојатно од Белград. Тој нивни чекор Белград не го одобри и оттогаш се видело дека немаат никаква подршка од браќата во Вардаска Македонија.

По овој неуспех, на бригата им се даде нова задача и одма да се пресели на територијата Гостивар - Тетово и само со една цел: да ги прогонува и чисти балистичките банди на Џемо и Мефаил. Тие банди биле оформени уште за време на италјанската и германската окупација, а продолжуваа да дејствуваат и по повлекувањето на окупаторот, малтретирајќи го македонскиот народ во тие краишта. Оваа задача им била доверена бидејќи единиците што дотогаш го котролирале тој терен беа испратени на Сремскиот фронт. Бандитите на Џемо се движеле интензивно по планината Сува Гора и Шар Планина, како и околината на Кичево. Тие имаа полна поддршка од месното арнаутско население.

Командантот рече:

- Беше крај на месецот, околу 28 декември 1944 година. Времето беше многу студено. По патот цело време врнеше снег, а ние тргнавме пешки преку демирхисарските планини и стигнавме некаде меѓу Охрид и Кичево. Местата ни беа непознати, а ние помалите раководители немавме никаква карта

за да видиме каде поминуваме. По пат извршивме претреси на неколку арнаутски села и запленивме доста пушки и муниција. Ми се чинеше дека се движиме по беспаќа. Целиот простор беше покриен со дебел слој снег, што таа зима го имаше во изобилство. Една вечер стигнавме во Кичево. Студот ни навлегуваше во коски. Зимата, како никогаш порано, фрлаше снег. Едно луто време, дури лиотот не се движи. Земјата беше полна со некавки други чудовишта, а луѓето несреќни и осиромашени, без храна. Ни ние немавме, талкавме гладни. Бевме многу слабо облечени, буквално во летна облека, односно кој што имаше. Мојата чета една вечер преноќи во Кичево во една кафеана која мирисаше на гнилеж и влага. Еден старец се гледа во нас и ни вели:

“Вие можеби сте мрднати штом сте дошле ваму. Ви велам, по селата нема ни жива душа од партизани, сите се испратени на Сремскиот фронт. Кого по ѓавола, барате во овие пустелии? Ви велам дека вашето доаѓање е глупаво и бесмислено. Борците, треба да си го бранат родниот крај, а не... Натаму има многу балисти кои сечат глави, за ништо ич”.

Утредента тргнавме за Гостивар каде што се сместивме во соколаната близу до реката Вардар. По десетина дена третиот баталјон се премести во селото Бањица, а мојата чета се смести во училиштето. Командир на четата беше Коста Самаровски, заменик Тодор од селото Буф.

Во Гостивар и Тетово бригадата остана во месеците јануари, февруари и март 1945 година. Секоја втора - трета вечер, таа или нејзин дел изведуваа акции против балистите кои крвно напаѓаа на нас.

Според информациите што ги добиваше штабот за појавата и движењето на бандите на Џемо и Мефаил, а во зависност од оддалеченоста на местото, тргнувавме околу полноќ или порано, со цел да стигниме на одреденото место в зори. Прикриени во темницата, одевме 3-4 и повеќе часа пешки низ Сува Гора, Шара или некое полско село, газејќи низ снегот, го обиколувавме селото за кое имавме информација дека таму се kријат бандитите. Штом ќе се разденеше, ние напаѓавме.

Нашето тргнување во секоја акција беше будно следено од привrзаниците на балистичките банди, кои имаа одлична организација. Нивните курири веднаш доставуваа информации. Така, уште пред нашето стигнување, Џемо и балистите се преместуваа.

Си намнисувам добро на една акција во едно арнаутско село, каде што многу рано, пред зори, стигнавме и го обиколивме, кога се раздени, неколку десетини влегоа во селото. Месечината ја затскрија облаци и мракот стана сè погуст. Бандата на Џемо одеднаш припука со автоматско оружје од една куќа, при што уби двајца или повеќе наши борци од костурско, леринско и воденско, а потоа почнаа да бегаат. Удри една на една страна да се пробие, а нашите ја дочекаа со пукање. Се свртеа на друга страна и на крајот избегаа преку еден дол. Ние пукавме единствено со пушките, бидејќи митралезите беа блокирани поради големиот студ. Бевме гладни и изѕемнати.

- Каков е овој мирис?! - се прашувавме и се чудевме.

- На изгорено, на човечка крв! - извика Вангел Клапушевски. На нешто многу чуден мирис и длабоко мириса ветрот, кој постојано го менуваше правецот и од секаде го носи истиот мирис. Во една од неколкуте плевни дотлејуваа изгорени човечки трупови кои балистите  ги имаа убиени и запалени.

Мирисот беше веќе се по интензивен и загушувачки, речиси агресивен и отвратен. Стоиме заумени од нечовечкиот чин.

Кога дознав кои беа од нашите борци, изгубив свест, обидувајќи се да се соземам и да останам стабилен на нозе.

Од тогаш, на моите костурчани ни лик им видов, ни гроб им знам.

- Веднаш тргнуваме! - нареди командантот Гоче. - И бидете што поблиску, во колоната еден до друг! Никој да не се оддалечува премногу.

По борбите што ги водевме против балистите, нашата Прва ударна бригада на Македонците од Грција беше дислоцирана во Битола и Гевгелија. На тоа остро протестираше грчката влада, сметајќи го тој чин како акт на територијални претензии спрема Грција. Како резултат на тоа, со специјална наредба бр. 236, испратена од Јосип Броз Тито на 2 април 1945 година Првата ударна Бригата беше присилно расформирана.

Сите борци бевме распоредени по единиците на Титовата армија во Н. Р. Македонија, но само за неколку месеци, а потоа секој ден натоварени во камиони - покриени со цирада, бевме транспортирани до границата со Грција и регрутирани во редовите ДАГ, но сега под команда на грчки офицери.

А тие, што го организираа бегството на баталјоните: од ЕЛАС во Титовата армија, од власта на Колишевски беа заштитени како "национални величини" и назначени на високи функции во Н. Р. Македонија, па дури некои доживотно останаа како општествени крлежи.

Под притисок на состојбата во Грција и целта за ликвидирање на Костурските и другите комити, есента 1943 година создадена е СНОФ (6) (Славо - македонски народноослободителен фронт) и партизански еденици СНОВ (Славо - македонски народноослободителна војска).

Основачката конференција на СНОФ за Костурско се одржала на 24 декември, а за Леринско на 26 и 27 декември 1943 година.

На основачката конференција СНОФ се придржувале на упатствата и белешките од Темпо и на оснаова тоа ја граделе платформата за заедничката борба на македонскиот и грчки народ. Како основни поставки на платформата биле:

1. Борбеното единство на македонскиот и грчкиот народ во егејскиот дел на Македонија како услов за победоносната борба против фашистичкиот окупатор;

2. Мобилизација на македонските маси во единиците на ЕЛАС за оружена борба и разгром на окупаторите;

3. Политичка и оружена борба против: комитите, Калчев, Михајлов и гестапо, кои со својата автономистичка пропаганда сакале да го насочат македонскиот народ против грчкиот и обратно;

4. Борејќи се заедно со грчкиот народ, во рамките на ЕАМ против окупаторот, македонскиот народ можел со помошна грчкиот народ да ги реализира своите национални стремежи и правото на самоопределување врз основа на принципите во Атланската повелба и сите други резолуции на големите сојузници. Со тоа се вели дека окружниот комитет на СНОФ и официјално го постави македонското национално прашање за прв пат пред Комунистичката партија на Грција.

Раководството на КПГ, меѓутоа, уште во зачетокот ги имаше ограничено секакви иницијативи и ги имаше насочено против комитите. Затоа што во програмските начела на ЕАМ и на ПЕЕА и при спогодбата со избеганата влада и англиската мисија не ги признаваше правата на Македонците, ниту пак им помагаа на Македонците да создадат такви сили, туку ова сѐ беше со умисла против формирањето на комитите со македонските барања.

Раководствата на КПГ и ЕАМ, се до април 1944 година, го користеле СНОФ за свои политички и воени цели, пред се во пресметка со комитското движење и почетокот на мај 1944 година ги расформираа македонските организации СНОФ и СОВ, бидејќи преставувале основна пречка во преговорите на КПГ со грчката владата во бегство и со граѓанските партии за формирање на коалициона владамза што била закажана средба во половината на мај 1944 година.

За време и по братојадството, следеа обвинувања Македонските екстремни ЕЛАСити им се зака-нуваа: “Ќе ве уништиме комитски бугараши. Илинденски кучиња, затоа што сакате Костур и селата да им ги присоедините на Бугарија.”

Комитите бранејќи се им одговараа: “Вие сте андарти - грчки кучиња. Одродени сте од нашиот народ. Уништивте и

прекрстивте сè што е наше и црква и јазик и имиња и места и ора и песни, сè погрчивте. Ќе ве колни народот и господ ќе ве казни... Ние сме тие и ќе останеме чувари на нашето вековно простмење.”

Македонските комунисти (КПГ) со својата демагогија им одговараа: “Не, ние сме комунисти и овие Грци не се како оние андартите кои колеа и бесеа. Елате со нас. Ние сме македонска војска и се бориме заедно со Грците за доброто на македонскиот и грчкиот народ.”

Казната и едните и другите по завршувањето на братојадствот ги стигна. Се откорнаа за навек.

Народот вели: “Тој што не си го сака и почитува своето, тој ќе биде искористен толку пати, колку им е потребен на туѓинците!”

По овие настани што ни се случија во Костурско, од кога беа намамени многу комити и поминаа во редовите на СНОФ, на 10 октомври 1944 година, во Корештата се појавија емисарите на чело со Темпо.

На кого најмногу им пречеа МАКЕДОНСКИТЕ КОМИТИ и со каква цел беше формирана СНОФ и од кого?

На 2 и 3 август 1944 година централните комитети на КПГ и ЕАМ, и Глвниот штаб на ЕЛАС и КПГ, решија да ги расформираат македонските баталјони и повеќето од нив да ги распоредат (прекумандуваат) во длабината на Грција низ единиците на ЕЛАС и со тоа воопшто да не фигурираат македонски воени формации или било какви политички македонски организации. Таа вест Македонците ги вознемири и се создаде паника од разните гласини дека Грците со тоа сакаат да ги ликвидираат.

ЕЛАС и КПГ ја распуштија организацијата СНОФ и ја забранија. Таквото организирање на Македонците го забранија прифаќењето на доброволци од комитите во Костурскиот баталјот, односно создавање на македонска револуционерна

воена сила. Сега, наместо тоа се јави братојадството по меѓу (Македонците од Елас, КПГ, и Комитите).

НА 23 АПРИЛ 1945 ГОДИНА ВО СКОПЈЕ, КОГА СЕ УШТЕ НЕ БЕШЕ ЗАВРШЕНА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА, И КОГА ВО ГРЦИЈА ДЕСНИЦАТА, СО ПОМОШ НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА ЈА ВОСПОСТАВУВАШЕ СВОЈАТА ВЛАСТ, ПРИМЕНУВАЈЌИ ОСТРИ МЕРКИ ПРОТИВ ДВИЖЕЊЕТО НА ОТПОРОТ, ВО МАКЕДОНИЈА ПОД ГРЦИЈА, НАДВОР И НЕЗАВИСНО ОД КПГ И, СПРОТИВНО НА НЕЈЗИНАТА ПОЛИТИКА, СТРАТЕГИЈА И ТАКТИКА СЕ ПОЈАВИЈА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА КПМ, СКОЈ, НОФ, А ВО СОСТАВ НА НОФ И МАСОВНИТЕ ПОЛИТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ НА НОМС И АФЖ.

Белешка: Овој чин (со формирањето во југославија на македонските организации) е прв чекор во стратешкиот план кон прогонството на Македонците. Тоа го покажува истражувањето.

Во светото писмо се вели: "Светлината на врвот на планината не може да се скрие."

Моќта на туѓите политики и најдобро чувана тајна во историјата на Граѓанската војна. Тогаш и подоцна сѐ почести беа вестите дека според уверувањето на Американците и на Англичаните, Сталин во рамките на својата експанзионистичка политика со што ќе му се се отвореа вратите за излез на Егејското Море и за проширувањето кон Блискиот и Средниот исток и други. Сталин, според нив, можел тоа да го постигне на два начина: со советизација на Грција или со обединување на Македонија и создавање на македонска држава, како самостоен субјект или во рамките на југословенската федерација. Но на тоа на таквата идеја строго се спротивставија САД и Велика Британија.

Отсекогаш како и сега, Велика Британија во 1943 година, посака да го стави под своја контрола грчкото движење на отпорот (ЕАМ и ЕЛАС), преку склучениот договор од 5 јули 1943 година со кој ЕЛАС ја прифатила командата на

сојузничкиот штаб за Средниот Исток, неуспехот на преговорите во Каиро на делегацијата на КПГ и ЕАМ со грчкта влада во бегство за постигнување политичко единство и формирање коалициона влада во август 1943 година, беше конкретно: разоружувањето и уништување на Македонските комити.

Во 1941 година Британскиот премиер Винстон Черчил и претседателот на САД Франклин Рузвелт се сретнаа на еден брод во Атлантикот, каде што ја формулираа и на 14 август ја потпишаа прочуената "Атланска повелба", чии начела ги прифатија и Обединетите нации во својата Декларација во 1945 година. Во повелбата меѓу другото се истакнува дека територијалната промена мора да биде во согласност со слободно изразената волја на народот, народите имаат право да си избираат за себе облик на владеење по волја и тоа право треба да им се врати на сите, и се предупредува дека народите во светот мораат да се откажат од употреба на сила.

Понатака на стр 452 се вели: "И покрај тоа што раководството на КПГ и ЕАМ сѐ до април го користеле СНОФ за свои политички и воени цели, пред сѐ во пресметка со комитското движење (посебно во Костурско), при што биле постигнати значајни резултати, кон крајот на април тоа го сменило својот однос спрема фронотот. Имено, во почетокот на мај ПБ на ЦК на КПГ донело одлука за расформирање на СНОФ и неговите членови да влезат во редовите на ЕАМ."

Ние Македонците никогаш не разговаравме со високите органи на ЦК на КПГ, туку се расправавме со локалните грчки раководители во Костур, Лерин и Воден, кои беа делегирани од КПГ и ЕАМ. Ние Македонците, никогаш организирано не ги поставивме следните прашања кои имаа витално значение за опстанокот и зачувување на многувековната цивилизација на нашите предци. Ние Македонците, организирано пред грчката држава и меѓународната јавност не го поставивме проблемот на етничките промени со носењето на 640,000 маџири од Мала Азија. Не го поставивме проблемот за обврските што ги имаше Грција по поделбата на Македонија; за грижата, правата и развојот на Македонското домородно население.

Но, уште еден од посериозните историографи што вели. (Види: “Н. М.” 20.08.1994 година). Кон половината на 1944 година состојбата во Егејска Македонија за македонските комунисти станала неподнослива. Грчките комунисти, насочувани од англиската разузнавачка служба, преземале бројни мерки за да го задушат македонското народноослободително движење:

Забраниле примање на нови борци во македонските баталјони под изговор дека таа војска била несигурна;

Го растуриле македонскиот национално-ослободителен фронт во Грција;

Кога со поголема група Македонци кои ги напуштија редовите на ЕЛАС и поминаа во редовите на Титовата армија, од штабот на ЕЛАС беа прогласени за дезертери. Сега раководена од КПЈ/КПМ.

ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА (1946- 1949)

Требаше ли да се случи Граѓанската војна во Грција? Што од неа добија Македонците и преживеаните борци? Одговорот би бил - освен во душата и прогонство; забрана да се вратат во родните огништа, ништо друго.

Дали оваа последна војна беше планирана за конечно раселување на Македонците?

Историските факти велат: ДА!

Во Граѓанската војна на комунистите Грци не им беше целта да гинат за нивната татковина (Грција), туку да не натерат нас Македонците да гинеме за Грција. И тие како и официјална Атина (кои ги нарекуваме фашисти) им беше целта : Македонија - без Македонците. Ние Македонците токму со оваа војна го изгубивме својот етнички историски статус во ова наша Македонија.

Таквата остварена цел официјално ја кажа Генерал Маркос Вафијадис: роден во село Тосије во 1906 година во Мала Азија. Завршил четврто одделение и прогонет од турските власти се досели во Македонија. Да го проследиме патот на Маркос Вафијадис: тој работајќи како тутунски работник, стана член на КПГ од 28 година и се декларира како комунист. Набргу стана член на ЦК на КПГ од 1942 година, втор секретар на битото на КПГ за Македонија и комесар на Групата дивизии на ЕЛАС во Македонија под Грција. Воен командант и претседател на Привремената демократска влада на Грција за време на Граѓанската војна. Во Резлуцијата на ПБ. На ЦК КПГ од 15. 09. 1948 година се велеи дека  и Маркос Вафијадис како комесар на Групата девизии на ЕЛАС во Македонија следел шовенистичка политика спрема Словеномакедонците борци. (Сл. "Неос космос" август 1950. "'Десет години борба'" стр. 470.)

Маркос - генерал или злосторник?

Тој по враќањето во Грција од СССР(Види грчкиот весник "Та Неа" и  "Епикера" што се печати во Атина, беше објавена информацијата за средбата во Атина на генералот Маркос со генералот на владината војска на Грција Цакалотос во времето на Граѓанската војна, Види: "Нова Македонија", од 25. 02. 1992.

Генеролот Цакалотос и како човек и како воин е по хуман; жали за жртвите во Граѓанската војна, а генерал Маркос му одговара: ние во Граѓанската војна се боревме и ги убивавме Македонците за да не ја изгубиме Македонија под Грција!!??

Значи, генерал Маркос, преставувајќи ни се како комунист не лажеше!? Па произлегува дека ние во историјата се отепавме да пишуваме славопоики за генерал Маркос кој се покажа дека водеше наше истребување во самите редови на кои му служевме.

Значи, двајцата средноазијадци кои во КПГ станаа високи раководители; како Никос Захаријадис и Вафијадис Маркос не поведоа  во Граѓанската војана, со мамката на КПЈ/КПМ ( НОФ и  АФЖ) дека со нашето масовно саможртвување ќе ни  создат нов свест, а тој свет го доживеавме како второ раселување на

Македонците, сега извршено од колонистите кои беа донесени во Македонија по Балканските војни.

Време на големи промени:

Граѓанската војна, и феноменот на нашата поданичка свест и петте погубни години на НОФ и АФЖ водени од мало-азијатски колонистии и тоа во двата столба :политичкиот и воениот столб.

Првата бркотница од ФЕНОМЕНОТ НА НАШАТА ПОДАНИЧКА СВЕСТ (приклонување кон КПГ или КПЈ) интересен е и податокот дека токму во таквиот расцеп се одвиваа сите тогашни парадокси. И едните и другите тврдеа дека се големи патриоти. Анализирајќи го феноменот на нашата поданичка свест, беа најдобри “патриоти”, за кои сите други беа предавници и такви во СНОФ, НОФ, АФЖ, НОМС, КОЕМ, Илинден (формиран во Ташкент) и цело-купното македонското движење ги имаше како плевел. Тие беа патриоти по професија, за секое ура очекуваа награда, сеедно дали од Главните штабови или од Партијата, во спротивно тие би биле предавници.

Крапов вели: “Ако ги проследиме непобитните докази и факти, за отсуството на македонската свест за нашето коленичење, ќе видеме дека извршениот геноцид над нас Македонците бил обмислен”.

Во тој период на време дури и “Братските и комунистички партии” на чело со СССР не сакаа да ја погледат вистината дека на нас Македонците ни се спремаше геноцид.

Но конкретно: зошто им верувавме на идеолошките активисти (на НОФ и АФЖ), кои уште во април 1945 година пристигнаа во македонските села и по директивите на Тито, Темпо, Колишевки и Узуновски - Абас, проповедаа дека ни треба духовно обединување и токму е моментот сега, кога Југосалвија стое зад нашата идна борба. Нофитите и Афежитите агитираа:

Овоа што КПМ и КПЈ, можеме да го гледаме само како духовно обединување, не како некој политички проект во заднина. Ова е голем и убав момент за сите Македонци во светот и треба да им веруваме на грчките комунисти, велеа овие наши Македонци - идеолошки активисти.

Потоа низ целиот тек на војната, спрема таквата идеолошка пропаганда, се поведувавме како полтрони, пред Захаријадис и Маркос изигрувавме сервилни итромани, дури сами сме се заборавиле. Намамени, заитавме кон ветената "иднина", а сме си ја заборавиле сегашноста. Едно е сигурно точно. Сме си оставиле темно досие на "Здодевната Историја". Ете така со години и децении, и во емиграцијата но и во сегашноста живееме со страв да не ги невредиме тие кои ни го нанесоа злото. А ние Македонците великодушно и искрено ја прифативме нивната парола и со години крваревме.

Голема беше заблудата наша Македонска, да се бориме во редовите на КПГ за ослободување на Егејска Македонија и обединување на цела Македонија. Така бевме лажени од двете страни: КПГ, од КПЈ (КПМ)... Тоа е страшна работа..., а сите јасно го знаевме највисокиот плафон што го гарантираше КПГ беше: "Полна рамноправност на Македонците во рамките на Грција"- и ништо повеќе! Други настојувања се покажаа дека биле јалои и БЕСМИСЛЕНИ ИЛУЗИИ за влегувања во било каква заедничка борба (посебно во Граѓанскта војна се покажа дека е една голема измама).

Да се бара логика во "братска", подршка, по поделата на Македонија (1913) и да се намамува Македонецот за "Обединета Македонија", по Втотарата светска војна, со нашите горди идеолошки активисти, е триумф на "танцување во мрак".

Зарем можеше некој да смета дека (бугарската, југословенска или грчката) власт била толку ступидна што би го вооружувала НОФ или кое било македонско ослободително движење, само и само да одвои дел од нејзината државна територија?

Знам, дека, секој разумен, ќе рече: Не! А тоа, се виде дека "братските, комунистички партии": (југословенската - КПЈ и грчката- КПГ) не биле толку недоветни, да не подржуваат за да одделат дел од својата проширена државна територија, со македонски дел.

Напротив, во таков случај која било партија од наведените, а конкретно во Граѓанската војна: НОФ и КПГ би биле прогласени за предавници, и како такви, осудени.

Пример: ете што вели Гркот Ставрос Каркалецос, претседател на грчкиот центар за европски и меѓународни анализи: Јас како Грк, но и многу други овде, сметаме дека комунистичката партија на Грција тогаш, одигра антигрчка улога, имаше изјава од воениот водач на партијата во Втората светска војна, Арис Велухјотис дке границите на Грција завршуваат кај Олимп.

Тоа е чиста пропаганда, но од кои причини?

За да привлече Славомакедонци во Граѓанската војна против грчката војска на страна на комунистите. И тоа се случи. Им беше ветено етничка замена на Славомакедонците кои живееа во Грција, но бргу го заборавија тоа грчките комунисти. Тоа беше ТРИК за даги придобијат на своја страна против владата на Атина. (Види: "Еден век прогонство".)

Таквите ТРИКОВИ доживеавме и од многу Грци; Захаријадис, Маркос, но и од многу членови на КПМ/КПЈ, од 1943- 1949 година, но посебно од Темпо, Колишевски, Узунов и многу други Македонци - викани "Егејци"- со слава стекната (од КПМ/КПЈ и КПГ) од јавањето на бесен коњ.Кои, сите тие преку Идеолошка офанзива со својот космополитизам или поданство (против македонската национална свест) страшно го разниша македонскиот староседелски корен.

Крапов се крена и со дланката си ја прочешла белата коса и ми вели:

Чудна логика завладеа во Костурско: од грчките и југословенските комунисти; ако си против нив ни реката Белица

не те пере, и ги штитиш Комитите кои умираа за родна Костурска грутка. И обратно, ако си безрезервно за комунистите, тогаш си не само напреден и си со идејте на комунистите, добиваш и име на интернационале интелектуалец и интернационалист.

Со таквата интернационалистичка ориентираност на Костурчанецот по сто години се иградии нов човек, апатичен спрема тоа што му припаѓа, ама надвор од Костур. Сега раштркан по светот, духовно осиромашен и свесен замижува на се како космополит живее со сеќавањата...

Несфатливо е и ден-денес, како сме могле и самите (учесниците во редовите на ЕЛАС) да учествуваме во уништувањето на една компактна целина организирана од 64  костурски  села, со повеќе од 9.800 вооружени македонски комити кои застанаа храбро и достоинствено против грцизмот и не сакаа да ја прифатат елинизацијата и да се откажат од националниот идентитет. Наместо да го валоризираме како национален отпор, во нашата историја го оцрнавме преку сите можни идеолошки етикетирања. Но, што е за чудо, во новиот поход, пак масовно ги ангажираме (од сите тие што останаа живи или нивните синови. ), но сега пикнати во стапицата; како добри синови на комунистичката партија на Грција...

Појавата на комитите е неверојатен миг на македонската стварност, на место да имаме почит и достоинство спрема сопствениот народ, ние поново влегуваме во политички игри со тие, кои најмногу го носеа гревот за уништување на костурските комити.

Ако земеме предвид, дека во светот, нема нација која срушила нешто што е било создадено (автоктоно) од сопствениот народ, тогаш ние Македонците сме први. Токму за гревот на уништените и прогонетите, но посебно за македонските костурски комити.

Се покажа дека секоја идеологија без исклучок води до насилие на мислата и сега таквата идеолшка интимност и двојните стандарди на душогризниците, Македонците ги правеа со

различни визии, со различни копнежи за заземање на некаков положај. Се разбира дека ги очекуваше; во секоја нова партија – нов свет, помалку ред и доверба. Но, тоа преставуваше голема работа да се пренасочи и да се доведе својот народ во заблуда и да ја очекува од туѓинците националната слобода.

Низ целиот период на војните, за нас Македонците илузијата што ја проповедаа КПЈ/КПМ и КПГ беше "Како појава и болест".

Посебно; Македонците членови воа овие партии со своето прекумерното пропагирање на сопствените илузии и мижење пред вистината, создадовме атмосфера во која повеќе од полавек се горедевме наместо да се срамиме од сопствените неуспеси што ги уништивме комитите, го растуривме македонскотго семејство, го изгубивме Костур и прадедовите огништа и над нас, токму од таа наша поданост извршен е и невиден геноцид.

## ДЕЗОРГАНИЗИРАНОСТ НА МАКЕДОНСКИТЕ ПОЗИЦИИ ОД НЕВИДЕНОТО ПОДАНСТВО КОН ТУГИТЕ СТРАТЕШКИ ИДЕОЛОГИИ

Крапов ми вели: Кажими нешто за Граѓанската војна, во која повеќе од 60% , бевте Македонци? И која ви беше целта на таа војна? Дали навистина целта ви беше да ја обедините Македоија?

Не! Тоа беше мамка поставена од КПМ/КПЈ и КПГ, му одговорив кратко.
Крапов,остана збунет и како да сакаше да ми рече: Само толку? Се принудив да кажам сѐ што знам:

-Историјата на Граѓанската војна е исполнета со многу суровост кон Македонците под Грција и дека тие игри ги проектирале и воделе тогашните лидери на левите сили, посебно - КПЈ на чело со Тито и КПГ (во корист на нивните држави).

Од денешна историска дистанца (откако минаа херојските времиња и сме како полувековни заробеници), Граѓанската

војна за нас Македонците главно може да се оцени обејктивно, само ако од неутрално стојалиште ги анализираме целите и резултатите на НОФ и АФЖ, кои ни покажуваат дека тоа беше трагедија на затворен круг. Ете,зошто!

ФЕНОМЕНОТ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА И ЧЕДОДОБИРСТВОТО БЕШЕ ГЕНОЦИДЕН ЗАФАТ (ЕТНИЧКО ЧИСТЕЊЕ) ЗА ШТО МОЛЧЕВМЕ ПОВЕЌЕ ОД ПОЛА ВЕК.

Целите на НОФ и АФЖ (кои беа поврзани со глобализацијата на светската идеологија) беа менувани во зависност под кој налогодавец припаѓаше НОФ и АФЖ, а нашата судбина беше во рацете на КПМ/КПЈ и КПГ. Резултатите на НОФ и АФЖ се крајно поразителни, рамни на национален пораз - геноцид. Го изгубивме народот, македонската исконска прадедова земја за навек. Уништен е националниот потенцијал со умислениот зафат “Педомазома” кој беше рамен на политички терор само над македонските деца. Како награда за нашето (само) жртвување во Граѓанската војна, ни беше доделен билет само за еден правец.

ВИНАТА НАША

По Втората светска војна, повеќе од јасно е дека Граѓанската војна се изроди од комунистичкиот режим, односно лидерите (Захаријадис, Тито и Сталин). Но, многу интересна комбинација е кога демагогијата и дневнополитичката пишувана историографија ќе се спојат. Тогаш настапува двојна изобличена историска стварност и не прави лекомислени во верувањето дека Граѓанската војна (1945 - 1949) била епопеја (историски период и епохален настан) за нас Македонците. Но, ако пристапиме кон анализа на фактите, ќе видиме дека на политички план преокупацијата на НОФ иАФЖ, им била со систематска пропаганда да го мобилизираат народот, на лажен начин да им внесат порив за војна и да не го прашаат дали сака или не сака да војува, туку го водеа во чудни конфликт. Ние Македонците, треба да носиме историска вина, зашто дозволивме туѓинците да ни ги земат децата, оти со тој чин, дефинитивно засекогаш се запечати судбината, развојот на

македонското семејство и куќата на Македонците под Грција. Има ли некој член од овие организации (НОФ или АФЖ) кој рекол:

Зошто војна?

Во текстовите на нашата историографија вештачки се уфрлуваат грчки или туѓи идеолошки детерминирања: еласити, еамити, четници, боречки институции во егејска Македонија. Според него, на македонските читатели дрско им се подметнувани фалсификуваните историски факти, со цел да бидат држани во заблуда во однос на македонската историја и реалност. Ние бевме мал народ во Грција, но и немаше никаков начин да ни помогнат нашите Македонци кои живееја во другите држави, бидејќи тоа беше и бесцелно. На светот не можевме да му се покажуваме и докажуваме со силата на оружје, нашата сила требаше да ни биде умот, вредноста - да си го задржиме огништето. Немавме интелектуален квантум, но имавме Македонци кои неизмерно си ја сакаа својата земја, а идеологијата преку идеолошките активисти успеа да не насочи во самоуништување. Се случи она антитрадиционалното - македонско.

ГРЕВОВИТЕ НАШИ:

ДАЛИ НИЕ МАКЕДОНЦИТЕ САМИТЕ ПОМОГНАВМЕ ВО ОВАА ВОЈНА ДА СИ ИЗГУБИВМЕ СВОЈОТ ЕТНИЧКИ ИСТОРИСКИ СТАТУС ВО МАКЕДОНИЈА ПОД ГРЦИЈА И СО ТОА ИМ СЕ ОСТВАРИ ЦЕЛТА НА ГРЧКАТА СТРАТЕГИЈА!?

Резултатите на НОФ и АФЖ се крајно поразителни, рамни на национален пораз - геноцид.

НОФ и АФЖ минувајќи низ фазите на времето кога припаѓале под налогодавците КПМ/КПЈ и КПГ, грешеле и правеле големи гревови кон сопствениот народ. Свесно или несвесно сите нивни постапки, целокупното однесување и сите преземени (или непреземени) дејствија, не доведоа кон национален пораз,

односно кон самоуништување како краен резултат. НОФ и АФЖ (КПМ), се покажа дека беа без јасна изградена политичка филозофија за тоа кои беа виталните интереси на Македонците под Грција. Тоа ни го потврди исходот на настаните, бидејќи ние Македонците не ги афирмиравме најсветлите вредности на нацијата: од Македонци - во целата војна се изборивме како Славомакедонци, од национални симболи ни трага, просто македонскиот народ се најде фатен, спротивно на својата волја, а сето тоа остави длабоки психолошки рани во колективната свест и душа на македонскиот народ под Грција. Но, најболното е што до ден - денес тие кои не поведоа (НОФ, АФЖ, КПМ и КПГ) во Граѓанската војна велат и жестоко се бранат дека било оправдано. По војната многумина сметале дека правдата на овој свет ја нема.

Стојан Кочов во годините на Граѓанската војна (мај 1949 г. на фронтофската линија на планината Грамос)

ВОЕНИ ВЕСТИ СЛОБОДНА ГРЦИЈА:

ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА НА 29 - 30 АВГУСТ 1949 Г. ВО ГРЦИЈА ЗАВРШИ!

ЕДИНИЦИТЕ НА ДАГ ПРЕМИНАА ВО АЛБАНИЈА. РАЗОРУЖАНИ СЕ ОД АЛБАНСКИТЕ ВЛАСТИ И СМЕСТЕНИ ВО ЛОГОРИТЕ БУРЕЛИ и ЕЛБАСАН, А ЧЛЕНОВИТЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ РАКОВДСТВА НА НОФ И АФЖ ПО НАЛОГ НА КПГ И ГЛАВНИОТ ШТАБ НА ДАГ ОД 1- 5 ОКТОМВРИ 1949 ГОД. УАПСЕНИ СЕ И ОСУДЕНИ ОД КПГ КАКО ТИТОВИ АГЕНТИ

Граѓанската војна на Македонците им донесе безбројни семејни трагедии

По пет години,се размрачува, македонските семејствата се растурија, куќи се обездетија,селата останаа уништени и опожарени, само црквите останаа неми сведоци..., но дали ние Македонците знаеме нешто повеќе за судбината наша. Времето на вистините запрело, нашето робување во поданството и црвената бура се стишува, валканите пароли престанаа, повикот

за бекство се засилува, мрачните мисли на идеолошките активисти извршија геноцид и се чудиме;како и од гого го изгубивме родното огниште!? Зарем могле ова да ни го направиле КОМУНИСТИТЕ!?

Ако, тогаш постоеше како правда на моќникот (КПГ). Значи, правдата не е во правилноста, туку во моќта. Кој е моќен, тој е праведен (тоа многу важело и за комунистите). И денес обратното не важи... Зарем толку не беа упатени овие наши стратези (КПМ, НОФ и АФЖ) дека Големите сили и нашите соседи однапред имале алтернативно решение за нас Македонците!!? Ние Македонците (преку организацијата НОФ, АФЖ и НОМС) не ја креиравме и не ја создававме иднината, туку ја чекавме. Зошто? Затоа што владееше фатална дезорганизираност на македонските позиции и така Македонците под Грција станаа невини жртви на КПГ. По Граѓанската војна дозволивме да ни биде избришано минатото, обезличена сегашноста и да не бидеме присутни во иднината.

Во овој полувековен период, токму од такви таканаречени ангажирани интелектуалци (ако може така да се наречат) кои не само што учествувале (или се уште учествуваат) во политичкиот живот и во поделбата на политичката моќ, туку и како апологети (има и такви) го ставаат на коцка и сопственото интелектуално кредо. Некои од нив толку многу се губат во политичките води (на дневната политика) што интелектуалната доблест ја користат само како демагошка вештина. Но, има и една друга група која работи зависно од потребата на нарачателот и сопствените лукративни цели и потреби можеа (можат) во еден период да афирмираат и да фалат едни идеи и факти, за во друга ситуација да бидат најжестоки нејзини критичари. Оваа група (лажни херо ии жртви) западна во ќорсокакот на своите неостварени амбиции да учествува активно во делбата на политичката моќ, но поради сопствениот неуспех, константно се исполнети со гнев, завидливост и нихилизам.

КАКО КОМУНИСТИТЕ ВО БУРЕЛИ ГО РЕШИЈА И ГО ПОГРЕБАА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ:

Пред највисокото комунистичко раководство на КПГ, високиот преставник на СССР Григори Петров член на Информативното биро, Главниот штаб На ДАГ и сите  борците (Грци и Македонци) кои крварваревме четири години во Граѓанската војна,Нофитите и Афежитките и високи преставници на КП на Албанија.

Дали ова: СТРАТЕГИЈАТА БЕШЕ ОДМАЗДА ЗА ПРОТЕРУВАЊЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА!? - Крапов,- вели ДА!- но таа не заврши!

Хронологија на настаните:

Само два дена по логорувањето, македонските раководители на НОФ и АФЖ, од раководството КПГ, прогласени за банда на ТИТО И КОЛИШЕВСКИ. Сите ние борците на ДАГ,останавме вчудоневидени,но зошто во текот на војната незнаевме ништо?

Крапов ми вели: Е,таков е комунистичкиот систем. Работи многу ЦОНСПИРАТИВУС (Тајно,строго поверливо!). Конспиративно! Разбра,ми вели.

Му одговорив, со не. И му велам, ама тогаш зошто сите се прават најивни!? Лажни херои и жртви. На Македонците не им е виновен никој,тие сами прифатија да им бидат слуги на стратешката политика што ја спроведуваше Југославија и сакаше да има влијание и над Македонците во егејска Македонија.

Веднаш по логорувањето, органите за безбедност под раководство на генералот Димитриос Вландас и офицерот на разузнавачката дејност Периклис Мировлитис при ГШ на ДАГ во логорот Бурели, и останатите логори, стапија во акција по сите логори за фаќање на Титовите агенти

Од 1 - 5 октомври 1949 година, беа арестовани:

1. Паскал Митревски, претседател на организација НОФ - формирана во седиштето на ЦК на КПМ, во Скопје на 23 април 1945 година. Сите избрани членови во НОФ и АФЖ, беа

избрани со кооптација (назначени од Митревски). Тоа го сторил по враќањето од Белград, каде престојувал повеке месеци и добивал инструкции од овластени лица на ЦК КПЈ и токму тогаш беа изабрани следни членови.

Павле Раковски, Минчо Фотев, Вера - Евдокија Балева, Уранија Урукова, Ташко Хаџијанев, Лазар Поплазаров, Христо Коленцев, Ламбро Чолаков и Михаил Маљов и Темистоклис Леократис.

Следниот ден на 3 октомври 1949 година уапсените се најдоа во заедничка просторија и се прашуваа: Но, зошто? Зарем ние сме воделе непријателска дејност против нашата партија КПГ? Ние постапувме само по наредба на КПГ со задача за што по масовно да го орагнизираме Македонскиот народ во борбата за света слобода. Ние ги теравме македонските селани да дадат сè за светата борба. Ние се сложивме да ги евакуираме и своите деца за да и жените влезат во борбрните редови на ДАГ.

## КПГ- МАЌЕАТА ШТО ИСКРЕНО ЈА САКАВМЕ

Сега почнав да верувам дека сиот свет е тајна, нештетна тајна, која станува ужасна од нашите обиди да ја интерпретираме како тешко скриена вистина Рекол: Умберто Еко.

Крапов ми вели: Македонските комунисти Нофити и Афежити сега велат дека КПГ, ја сакаат како нивна, партија и така низ целиот тек на војната му ја проповедаа на македонскиот народ, политиката на КПГ, но таа се покажа; како маќеа што искрено ја сакаа.

Дали овие наши луѓе изигрува наивни или навистина беа и останаа поданици на КПГ и КПЈ!? Ако тоа него правеа, овие Македонци од НОФ и од АФЖ како што сега изјавуваат дека: Ние постапувме само по наредба на КПГ за задача што по масовно да го орагнизираме Македонскиот народ во борбата, македонскиот народ ќе си останеше на својата вековна прадедова земја!

Нема лудило од кое човек не може да се извлече, освен од суетата
Жан Жак Русо (Француски филозов).

Но, со овие изјави на Вера и другите, тоа на што покажува? Покажува дека кај нашите Македонски- комунисти имало некоа жичка на САМОБИЧУВАЊЕ. Значи, НОФитите и Афежитите, попрво работеле за тугинците (Проектантите на војната) кои планираа да не ископачат од нашите родни места и на сето тоа што беше против интересите на Македонскиот народ!

А сега, изигруваат наивни и стравот ги тера да размислуваат: Што може да стане со нас?...

Страв и ужас, кај уапсените Нофити и Афежити.

Другиот ден на 4 октомври 1949 година, генералот Владас луто ги погледнува и им вели: Пишувај за бандата на Тито и Колишевски!.

Бара од сите нив изјава и на секого им вели: Пишувај, пишувај за твоите гнасни дела. Така, секои од уапсените, беше должен да даде изјава.

На 7 октомври 1949 година беше свикан голем собир на сите борци на ДАГ, а ги имаше повеке од 3,000. На истиот собир присуствуваа членовите на Политбирото на КПГ, членовите на ГШ на ДАГ, Генералниот секретар на КПГ НИКОС ЗАХАРИЈАДИС, министерот за надворешни работи на Привремената влада Петрос Росос, членовите на ГШ и Политбирото: Василис Брџиотас, Мичос Владас, Георгиос Гусијас Периклис Мировлитис (покасно во Полонија издаде Книга: Предавството на Тито и неговата клика во Грција.

Жолчен говор одржа генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис, кој понеколку години покасно ќе се обеси во затворот во градот Сургун - Сибир.

Никос Захаријадис и за сите рече дека: Во нашата света војна; сите овие луѓе беа под големо Влијание на КПЈ и изиграа

предавничка улога, а за предавници нема место во нашите редови.

Што тоа значи ви политичка смислат е по моќта на валканите туѓи политики над македонците и ги анализираме по длабоко ќе видиме дека:

Идеолошкиот активизам над Македонците под Грција во годините (1945 -1949) да се крени масовно македонскиот народ од страна на НОФ и АФЖ бил апологија на Југословенството.

Впрочем, тоа го потврдува и лидерот на АФЖ- Вера пред Захаријадис вели: Комунистичката Партија (КПГ) на Грција е моја партија!

Тогаш, каква беше идеолошката концепција на НОФ и АФЖ, за разлика од концепцијата на КПГ, па цело време се правеа компромиси со сопствените идеолошки концепти?

Ние војниците (Макдеонци) на ДАГ, кои прв пат слушнавме за овие луѓе останавме со отворена уста дека се “Титови агенти” кои КПГ ги поставуваше како одговорни за нас Македонците и пред секоја борба не убедуваа дека нашето загинување за оваа борба е свето, затоа што македонскиот народ ќе живее на слобода.

Значи, ако тргнеме во потрага по корените на злото се судруваме содве прашања, и тука треба да го бараме одговорт:

1. Како и зошто Тито (КПЈ) го активира македонскиот синдром и ги турна Македонците во идеолошкото црвени губилиште (1945 -1949)!?

2. Како Зхаријадис (КПГ) ги манипулираше Македонците низ пеколот на црвеното губилиште!?

* * *

Заклучоците на обвинителниот акт. Веднаш органите на Државната безбедноост ги уапсија НОФитите и АФЖитките и

ги затворија во Бурели и таму останаа сè до декември 1949 година.

На 15-16 декември 1949 година,со бродот Мичурин од Албанија заминаа за СССР. По пресудата од Врховниот суд на СССР, беа упатени во сибирските логори.

Во тој период на време, во родните села беше направен пустош, а населението истерано по светот.

Сега размислувам: Колку е била детално разработена матрицата за геноцид над македонското население. Тоа дури се гледа и во осудените, дека и тие навистина не знаеа што ни се случува од дејанијата на КПГ и КПЈ.

Крапов ми вели: Е,таков е комунистичкиот систем. Работи многу ЦОНСПИРАТИВУС (Тајно,строго поверливо!). Конспиративно! Разбра, ми вели. Ете, на овој чин сите настапија со своето лидерство, наместо со ставот на лидерство и во аманет ни оставија, секоја вистина да си има две верзии.

Крапов преокупиран со мислите за целиот тој нивни однос продолжи: Кај нашата Вера лидер на македонската жена и Вождот - Захаријадис, беше следниот: Вера кон Захаријадис се однесуваше со внимање во кое имаше Идеолатрија и претпазливост, а Захаријадис кон Вера исто така со внимање, но во него имаше доза на сожалување: ете, толку “добар и совесен другар”, а сега мора да ја осудува и да извршува такви сурови и неблагородни работи. Тој секогаш при нивната разделба останувашe со иронична злоба. А тоа го правеше кон сите лидери на НОФ и АФЖ.

Му одговорив, и му велам, ама тогаш зошто сите се прават најивни и лицемерни!?

Крапов, се замисли и ми вели: Значи,човек не треба да биде многу умен да свати дека Македонците Комунисти (жигосаните) изиграват многу НАИВНИ, но и во целиот овој организиран геноцид. Како можат да бидат и виновни и храбри, сите заедно со Захаријадис изигрувaa НАИВНИ, затоа што тоа

го правеа сите и Обвинетите и обвинувачите на чело со Захаријадис, кои по неколку годни не издржа во затворот и се обеси, а овие нашите од НОФ и АФЖ во Алмата, пред Хрушчов барале виза за да севратат во Југославија, и му Изјавиле дека “Товариш, Хрушчов, ми Југосовенски Комунисти!”

Каква перфидна играа сите, договорена помеѓу КПМ/КПЈ Тито и КПГ Захаријадис, а сето ова добро го знаеле каква била ситуацијата по Втората светска војна. Ете што зборуваат следните:

ФАКТИ И АРГУМЕНТИ

1.Конференцијата на Јалта траела од 4 до 11 февруари 1945 година.

На неа присуствуваа претседателите Черчил, Сталин и Рузвелт, во присуство на министрите за надворешите работи. Грција е под сверата на влијание на Англија и САД и договорот со Сталин на Јалта,беше гарант дека социјалистички систем во грција нема да се дозволи со Граѓанската војна. Значи остануваше да се изврши етничко чистење на Македонците и со тоа што повеќе меѓународно да се легализира донесеното инородно население - Просвигите од мала Азија.

2. Каков беше ставот на англискиот амбасадор во Атина. Но и ставот владите на Велика Британија и САД.

Господинот П.А. Липер уште во ноември 1944 година се носеше со идејата за раселување на 120,000 словенски - Македонците под Грција северно од грчката граница. Тоа му го предлагал на министерот за надворешни работи на Велика Британија Антони Идн во писмото од 24 ноември 1944 година со цел “Грција да нема било какво славјанско малцинство и заради тоа што ампутирањето на славјанската територија кон западна Македонија и нејзиното анектирање во славјанската федерација е практично невозможно и би било истовремено економска катастрофа за Грција”. Види: ФО 371/43649 ХП 00201 Р. 20431/1009/67.

3. Маршал Тито ја даде за "Њујорк тајмс" во Москва на 26 април 1945 година:

"Ако Македонците од грчките области изразат желба да се обединат со другите Македонци, Југославија ќе ги почитува нивните желби".

4. Перфидните игри  на Захаријадис и Тито за создавањето на Граѓанската војна.

(Москва - Белград- КПГ)

(Следните факти се клучни моменти во целата историја на НОФ - од воените архиви: СССР, Јгославија и  КПГ)

На 20 март 1946 година Захаријадис ја напушти Атина и замина за Прага. Патувањето, едновремено, било искористено и за разговори со комунистичките лидери, од кои Захаријадис побарал подршка за вооружуваното дејствување од повеќе лидери на европските комунистички партии, но скоро од никого не добил одобреење, туку на тоа гледале како на незрел потез. Најзначајните лидери - Торез на Франција и Тољати на Италија му укажале "дека е опсано да се прибегнува кон оружје. Посебно Георги Димитров, му укажал дека "меѓународната ситуација не дозволува избувнување на нов вооружен конфликт, кој фактички би им овозмужил директно мешање на западните сојузници на БАЛКАНОТ" По посетата на Белград се состана со Тито кој му ја одобрил идеата и му ја дал подршката,но од Тито бил упатен Зхаријадис да ја посети Москва и од Сталин да бара одобрение за партизанско дејствување во северна Грција. Тоа му го дозволуваше и договорот во Јалта. Да се буричка, а ништо да не може да се добие.

5. Зошто кријат уапсените? Кои ги формира увезените слогани (НОФ и АФЖ) и со каква задача беа вратени во егејска Македонија? Со тие слогани, ние Македонците направивме политичко семјство, а од таквото семејство на стратезите им беше многу полесно да делуват во омасовувањето на

Македонците (Тоа што го потврдува и Вера-лидерот на АФЖ), а грчка власт безмилосно да ги гони Македонците (Види повеќе: Македонците низ пеколот на црвеното губилиште-Истражувањето на воено историско-политичка студија.од К.С. 2007г.)

Македонските организации НОФ и АФЖ, (Зошто? Грците немаа АФЖ? Иста таква организација за грчките жени) формирани во Скопје на 23 април 1945 година, под раководството на КПЈ/КПМ (Тито, Колишевски) и им беше соопштено од Цветко Узуновски – Абас (7) организационен секретар на ЦК на КПМ и министер за внатрешни работи на НР македонија. Тој им соопшти: Дека Југославија стана центер на револуцијата на Балканот и дека македонското прашање стана југословенско прашање, поради што КПЈ во Егејска Македонија ги формира овие партиски и политички организации НОФ, АФЖ и НОМС на кои сте вие на чело. Задача на овие организации е даму дадат југословенска ориенттација на македонскиот народ во Егејска Македонија. Сега, Македонскиот народ и македонското движење се под раководството на КПЈ. Македонскиот народ од Егеј ќе го најде своето целосно воспоставување само во рамките на Федеративна Југославија, а тоа на Егејска Македонија да се приклучи кон Југославија. (АМ. Архив на Македонија. Ф - 20/276, Ф - 20/196.)

6. По формирањто на НОФ и АФЖ, членовите, од Колишевски добија нов урок.

Сега пак по директива на Тито, Колишевски , по постигнатата спогодба меѓу КПЈ и КПГ, по извесено време, членовите на Главниот одбор на НОФ на чело со Паскал Митревски беа примени од секретарот на ЦК на КПМ Лазар Колишевски, кој им го рекол следното: Сега вие одите долу ( во егејскиот дел на Македонија). КПГ е вашиот раководител. Да имате верба во нив. Нејзината политика по македонското прашање е јасна. Какво било прашање што ќе ви се појави ќе го решавате со раководството на Партијата. Внимавајте, не одите како фракција во Партијата, туку да се ставите под нејзино раководство. Борете се за зацврстување на борбеното единство

со грчкиот народ, и борете се сите и со сите ваши сили против шовинизмот, сепаратизмот и локалистичките тенденции.

7. Осудените од КПГ, по враќањето од затворите на Сибир во Р. Македонија им беа признаени нивните дејанија, и кога бараа од советските органи да им дозволата да се вратат во Н. Македонија, им велеа дека тие: Југословенки комунисти, а нас обичните војници по враќањето во Македонија,ни беше понудено да минеме низ затворот ИДРИЗОВО... Чудни игри и закони имаше идеолошката матрица,посебно стратешката опција (во тие години), по меѓу левите сили односно Тито и Захаријадис. Сето тоа остана во книгата: Предавството на Тито и неговата клика во Грција, но и во историјата на страдалниците Македонци... Зарем овие луѓе не носат грев со историски дименизии за злото што им го нанесоа на Македонците под Грција!? Зарем не беа со умисла формирани НОФ, АФЖ и НОМС од КПЈ (Тито) и на КПМ (Колишевски) и диригирани да вршат масовизација на македонското население.

ПЕТ ГОДИНИ ВОЈУВАВМЕ ЗА ТУЃИ ЦЕЛИ И ЗА ВОЗВРАТ НЕ ДОБИВМЕ НИШТО ОТСЕМ ПРОГОНСТВО

Ние Македонците во единиците на ДАГ не имаше низ сите борби, се изложувавме на опасност во борбените дејствија, а на крај си го изгубивме и родниот крај, само затоа што несме биле Грци по род.

Сега, по повеќе од пола век,заборавивме зошто и од кого сме биле турнати во таа Граѓанска војна 1946-1949 година. Историјата молчи?!

Раковски Павле ќе запише: На 10 јануари 1955 година, во источен Сибир (Иркутска област) за издржување на казна во Исправителните трудови логори, беа фрлени во една општествена јама каде фрлаат општествени отпадоци од многу народи на Азија и Европа. Тука се наоѓат фанатисти од разни религиозни Секти, непријатели на Советската власт... “П.Р.- Моите страданија” 174).Тој по неговата смрт во Скопје, искодошен од своите сострадалници, по неговата смрт не доби

свој гроб во Македонија, можеби затоа што напиша писмо до Врховниот суд на СССР и бараше да му одговорат:

Каква е неговата вина? Затоа што укажувал дека на сите погрешни стратешки ставови од КПМ/КПЈ и КПГ, беа грешни спрема Македонците во сите пет години на Граѓанската војна.

Судбинскиот пат што го минавме ние Македонците под Грција, водејки не левите сили, на кои им верувавме и ги дававме нашите животи во времето од 1924 година до 1950 година.

Είναι γνωστό ότι με βάση τις κομμουνιστικές αντιλήψεις, η αναγνώριση της ύπαρξης ενός συγκεκριμένου έθνους ισοδυναμεί στην πράξη με την αναγνώριση του δικαιώματος αυτοδιάθεσης του έθνους αυτού.

Познато е дека на основа на комунистичките сознанија и разбирања, извршено е признавање на една конкретна националност која суштествува во пракса, а и со признавањето на правото и самоопределување на оваа националност.

Στη βάση αυτή, το ΚΚΕ (3ο Έκτακτο Συνέδριο [26/11 - 3/12/1924] ), υιοθέτησε τη σχετική απόφαση του 5ου Συνεδρίου της Κομμουνιστικής Διεθνούς (Μόσχα, 17/6 – 8/7/1924) και μιλούσε [το ΚΚΕ] για καταπιεζόμενες [από την Ελλάδα] εθνικές μειονότητες και για "ανεξάρτητη Μακεδονία και Θράκη"!!

На оваа основа, КПГ (3- от Вонред Конгрес (26/11- 3/12. 1924 г.), го прифати решението на 5- от Конгрес на Комунистичката Интернационала (Москва, 17/6 - 8/7. 1925 г. ) и дебарираше (КПГ) за угнетувањето (во Грција) на малцинствата и за Независна Македонија и Тракија"!!

Τον Δεκέμβριο του 1935 (6ο Συνέδριο), το ΚΚΕ επικύρωσε την απόφαση της ηγεσίας του [Απρίλιος 1935] για 'αντικατάσταση' (καιροσκοπική, ωστόσο, προσωρινού χαρακτήρα και μηδέποτε ουσιαστικώς εφαρμοσθείσα!...) του παραπάνω συνθήματος με το σύνθημα "πλέρια ισοτιμία στις μειονότητες"…

Во декември 1935 (6- от Конгрес), КПГ го потврди донесенот решење на највисокото раководство на (Април 1935) за смена” (кое привремено беше такво и никогаш во суштина... не се реализира! Со погорната парола: Целосна рамноправност на малцинствата”...

Σε συνέντευξή του στην Αγγλίδα δημοσιογράφο Elizabeth Barker το 1946 , ο Ζαχαριάδης είχε δηλώσει:

“… τα ζητήματα των συνόρων του Βορρά έπρεπε να διευθετηθούν με βάση την αυτοδιάθεση…

Во интервјуто што го дал на Англиската новинарка Елизабет (Elizabeth) Баркер во 1946, Захаријадис има изјавено: Прашањата зе северните граници, треба да се уредат (регулираат) на основа самоопределуванието на населението.

Είναι σχεδόν βέβαιο πλέον ότι χωρίς την αποφασιστική (καθοριστικής σημασίας) στήριξή του από τη Γιουγκοσλαβία, το ΚΚΕ δεν θα τολμούσε τότε να εξωθήσει τα πράγματα ως την εμφύλια ρήξη.

Не сомнено е веке дека без решавачкото (определено значење) подршката од југославија, КПГ не ќе се осмелеше, тогаш да ги постави прашањата и да доведе до граѓански конфлик.

Εξίσου βέβαιο φαίνεται ότι ο Τίτο δεν θα είχε παράσχει την στήριξη αυτή, αν προηγουμένως ο Ζαχαριάδης δεν είχε δηλώσει ρητά στο Βελιγράδι ότι το ΚΚΕ είναι σαφώς υπέρ της αυτοδιάθεσης των Σλαβομακεδόνων, η οποία βεβαίως εξυπηρετούσε απολύτως τη μακροπρόθεσμη γιουγκοσλαβική πολιτική στο “Μακεδονικό”, δηλαδή την απόσχιση της Шελληνικής “Μακεδονίας του Αιγαίου” και τη συνένωσή της με τη γιουγκοσλαβική Μακεδονία…

Исто така е несомнено дека Тито не ќе имаше мотив за подршка, па таквата парола (лозунг), аку Захаријадис му немаше изјавено- јасно и категорично на Белград дека КПГ е сосема со јасен став за Самоопределување на Славомакедонците и која изјава несомнено им служеше за поголемо унапредување на Југословенската политика во однос

на “Македонското прашање”, значи согласноста (Грчка), за„ Македонците од Егејска Македонија” да се обединат со југословенската Македонија.

Κι αν επιπλέον ληφθεί υπόψιν ότι οι Σλαβομακεδόνες αποτελούσαν μέχρι και τα 3/5 [14.000 στις 25.000!!] του ΔΣΕ (αρχές 1949), είναι πολύ δύσκολο να μην οδηγηθεί κανείς στο συμπέρασμα ότι άξονας και καταλύτης του Εμφυλίου υπήρξε η αξιοποίηση (εκμετάλλευση;) από το ΚΚΕ του πόθου των Σλαβομακεδόνων για την ‘εθνική αποκατάστασή’ τους.

И ако, уште повеќе се земи предвид дека Славомакедонците преставуваа до некаде околу 3/5 (14. 000. на 25. 000) на ДАГ (Во почетокот 1949), е многу тешко да не се поведе некој и да не дојде до заклучок дека ставот беше за нивното уништување, во Граѓанската војна имаше големо искориствање од КПГ, но желбите на Славомакедонците останува; за  Независна Македонија и национално воспоставување.

Μετά τη ρήξη Τίτο – Στάλιν και τη ‘σύνταξη’ του ΚΚΕ με τον δεύτερο, η 5η Ολομέλεια (Αλβανία, 30 – 31 Ιανουαρίου 1949) υποσχόταν, ως γνωστόν, στους Σλαβομακεδόνες “πλήρη εθνική αποκατάσταση”· όχι, πλέον, στην αγκαλιά του Τίτο και της διευρυμένης “Μακεδονίας” του, αλλά αυτή τη φορά στα πλαίσια μιας [βουλγαρικής και πάλι εμπνεύσεως] ανεξάρτητης Μακεδονίας που θα συμπεριελάμβανε και τα 3 τμήματα (ελληνικό, γιουγκοσλαβικό, βουλγαρικό) της Μακεδονίας, μιας κατασκευής σαφώς αντι -Τιτικής.

По судирот Тито - Сталин и  реакцијата на КПГ со вториот, и 5-тиот пленум (Албанија, 30- 31 јануари 1949) ветуваа, како е познато, на Славомакедонците Целосно национално воспоставување, но не веќе, во прегратките на ТИТО и со обединување со Н.Р Македонија, туку овој пат со во рамките на една (Бугарија и пак со вдахновенија) Слободна Македонија која ќе ги содржи 3 - те делови (Грчкиот, Југословенскиот, Бугарскиот) на Македонија, една нова конструкција, точна анти ТИТОВА.

# Петта глава

Тајниот пламен на предците

1. Војводата бај Кољо; висок, со широки рамења и гради, но со чувствително лице и благ поглед, одеше исправен, достоинствен и несекојдневен тип на маж. Забележлив, со машка снага, со вдлабнатинка на лицето ранет од андарски куршум, изразена уста чиниш постојано е иронично насмеасн, а зрачи со чудна и привлечна стаменост - вљубеник во Костурската - Корештанска природата. Знае само со неколку кратки зборови да ги одушеви своите комити, оти тие се негови. Тој само за нив живее и си го жртвува здравјето од своите последни години како костурски комита. Храбро и пожртвовано се бори за судбината на Македонија и е историски обврзан, и живее само за слободата на Македонија.

Бај Кољо, по завршувањето на костурската гимназија, во која беше пофалуван од директорорт Лазар Поп-Трајков, се оддаде на идеите за ослобдување на Македонија, тој стана революционер, борец и човек идеалист, романтичар, вљубеник во революционите идеи и заробеник сè до својата смрт. Тој со години по доваѓањето на Гркот, беше во жестока борба за обединување на неговите расштркани костурчани.

Бај Кољо велеше: Храброста е таа што не дозволува трпење и неправди, што го крева гласот и в лице ѝ ја кажува вистината на моќта. А тие пред бај Кољо беа андартите, еласитите нагиздени со модерно оружје и потплатени од поробувачите кои без човечност се однесуваја спрема нашиот голорак македонски народ.

Што имаат запишано историчарите за овоа херојство на овие наследници на Илинденците. Ништо!

Крапов, за богатото селото Четирок- Костурска околија,вели: Четирок, за време на Турската Империја се состоеше од 360 Македонци и 440 Турци. Со напуштањето на Турците, грчката држава на нивно место донесе околу 550 луѓе од Пондија и Мала азија.

Еден ден, а тоа беше: На 11 јануари 1944 година, преку ноќта воените единици од 9-та дивизија на ЕЛАС, под команда на полковниците Василиос Ганакас (Химарос) кој командуваше со воениот штаб на Пинд и мајорот Аристотелис Хутурас (Аријанос) кој командуваеше со единиците на ЕЛАС од реонот Вич, го нападнаа селото Четирок - наречено јадрото на комитите.

Уште во влезот на селото, ги дочекавме со силен отпор. Грмеа пушките и митрелозите со вкрстен оган од локалната чета која броеше повеќе од 100 - 150 наоружани комити од селото Четирок и околните села, раководени од војводите; Пандо Макриев (претседател на Костурскиот Македонски Комитет, Костандин Попантонов и Михаил Новачев и храбрите млади командири; Васил Делев, Коста Качаунов, Никола Попрошаров, Наум Шопов, Лазо Жабов, Сотир Мавров и други храбри и решителни комити, кои беа спремни да ја одбранат својата имовина и својата слобода за Македонија, пред многу бројните Еласити.

Сите ние, бевме напоени од херојството Војводата Кољо Добролиски и неговиот наследник Трпо Георгиев. Трпо Георгиев роден 1883 во селото Четирок, член на ВМРО. Во одборот биле и Крсто Крстевски, Ристо Крашов Алиов, Вангел Бузов, Доне Попрашаров и Паскал Паскаличин.

По смртаа на Никола Допбролитски, му беше предложено на Kssо Димитров, но тој истиот за овоа место го предлага Трпо Георгиев, така тој станува војвода на на територијата Костенаријата и Костур.

Комитите со својот решителен херојски напад; ја разбија Еласитската  единица во еден миг ги натераа Еласитите да се вдадат во панично повлекување кон планината Грамос.

Во таа нерамна борба, двајца од комитите беа убиени, пет мина ранети, а 15 селани беа заробени.

Бесот на командантот Арјанос, катаден станувал сѐ поголем. Тој,по извесно време по втор пат со многу по голем број Еласити, организира масовен покол на населението и палење на куќите.

По совладувањето на комитската чета, која го напушти селото, Еласитите имаа еден убиен и 14 ранети. Тие од големата омраза и бесот, спрема Македонското население; им ги опожарија куките на многу од тие храбри луге кои се бореа да си ги заштитат животите и имотот на своите луѓе.

Во текот на борбата, на помош ни пристигнаа многу собраќа комити од соседните села; Тиквени, Изглибе, Добролишта, Мањак и Костур и брзо беа Еласитите повово прогонети во планина. Во тоа лута борба на самоодбрана, во гонението на Еласитите, храбро борејќисе загина и синот Петре на прочуениот војвода бај Кољо, а за кобната вест, Еласитите славеле и викале треба да ги заробиме сите комити ида ги убиеме. А најмногу биле расположени отсем грчките пиокрвци и одредени Македонци за да ја покажат лојалноста кон Грците, сите Македонци Еласити и членови на КПГ, се колнеле: “Ако ни нареди партијата, ќе го направиме тоа!”

Постарите Македонци говореа: “По поделата на Македонија, кај Македонецот се измешаа од три вида на патриотизам. Сите ја наведнавме главата, се помиривме со заменетото робство од турско во грчко, но се надевавме дека Грците се христијани и ќе бидат подобри од Турците... Јас си припомнувам, кога ги прашувавме нашите дедовци; зошто останале да живеат под грчкото робство, тие одговараа: “Ова е нашата татковина од памтивек, та и оваа стихија ќе помине како и се што поминало, и турците беа, па си отидоа!”

Едно е вистина дека, такви злосторства преземаа особено спрема потомниците на Илинденските комити. Комитите беа борци за ослободување од турското робство, а сега во четириесеттите години сите тие луѓе се прогласени како борци против грчкото робство.

Комунистите се прашуваа: што понатаму? Зарем малку се овие причини кои предизвикуваат гнев кај Македонците? Но, ние токму тагаш не му се спротивставивме, туку продолживме да пропагираме дека треба да им се верува на ЕЛАС-итите, на комунистите…

Постепено се појавуваа сѐ поголеми напади на видни македонски семејства, посакувајќи да ги деградират и ограбат. Ги повикуваа со погрдни зборови; извикувајќи: “Излези, илинденско куче!”. Што постепено Македонците останувaa со дилема дали да се потчината на КПГ и ЕАМ или да се заштитат сами и да се борат за своите права.

Нас Македонците не карактеризира длабокиот локален патриотизам. Селото е еден ентитет како што е и фамилијата и нивната полузависност која љубоморно ја чуваат. Оваа самодоверба и локална лојалност е природна последица на една наша променлива историја. Ние носиме длабоко вродено чувство, имено лојалноста кон духот на Македонија.

Таквиот македонски патриотизам дојде до израз на 5 март 1943 година во Костур е свикано собрание од 48 члена кои имало претставници од разни села. На истото собрание било решено да се оформи организација под името “МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ” за Костурско само за самоодбрана, во кој членувале повеќе од 54-60 села. Им било дозволено дури да се наоружат, бидејќи им требало да се заштитат во развластената Грција, сѐ друго е ИЗМАМА.

* * *

Бај Кољо, едно утро ја облече својата комитска руба, што специјално му ја сошил терзијата Нумо Шиклев од дебел шајак што го красеше како стар есенски даб. Ја стави капата и ги префрли коланите со нанижани патрони и сабјата со сребрена рачка, горд, опиен, од миризбата на пушкиниот прав, се присетуваше на солзите со децении што се сливаа по стрмните падини на костурските села и капка по капка беа докапчувани во бистрите води на Бистрица, продолжувајќи го свјот пат таму некаде во Корештата.

Така натокмен, јавната на бел коњ со начулени уши, војводата фрли поглед над градот Костур. Срона солза радосница и како да сакаше да каже: "Значи, ова е нашето време. Лузна по лузна ете сега сум ја кралот на Костур!?"

Се насмевна и рече: "Ех, мој Костур, доживеав сега јас да те палам, јас да те гасам...

Овде сме!

Ова е Македонија. Ние Македонците сме стопани на нашето, а тоа треба да го знае секој Грк."

Со едно чувство во него живо и печално, трогнат од морници по телото, го бодна коњот и тргна напред пред построените комити. Им се обрати како најстар командант: "Ние сме синови на и риме и Костур ќе го браниме до смрт. Ако некои од моите комити, спомни некакво повлекување, јас сум тој што ќе му скршам 'рбетот..."

Сега костурчани беа во надежи дека само ветриштата на војните можат да го донесат најголемото зло на човештвото, но тие достоинството го бранеа татковинското, посакуваа да го заборавaат братојадството. Уморно овие македонски патриоти се обидуваа да им докажат на сите дека тие се етнос во една територија како костурско, со јазик и култура и дека сега комитите се прва македонска војска.

Ние војводите треба да ја водиме оваа македонска војска, така што и птиците на прокобата да не можат да му го пресечат патот. Оваа војска, ќе се бори до последната капка крв и ќе ги следи крвавите  настани од црните банди кои во воена сила сеат страв и ужас со цел да се заграби што поголемо богатство и да се изгонат Македонците од своето огниште... Тоа нека го знае светот зашто се бориме, - велеше главниот војвода Паскал Добролитски.

Попладне во една пространа ливада меѓу селата Бобишта и Олишта ги поставивме шаторите и комитите, изморени, се

расплакаа по долгиот похот, а неколку чети комити ги имаа поседнато конаците на манастирот “Свети Врач” - Олитски.

Во недоапица, битката најжестоко почна кога одеднаш се појавија многубројните Еласити кои напаѓаа од неколку страни викајќи:

Предајте! Сите ќе ве убиеме, фашисти! Вие се борите заедно со фашистите!

- Вие од кои сте, та ние сме фашисти. Еласитката Нуша Криенкова си ја поднамести црвената шамија, оклу врат и отсечно му одговори: “Комунисти! Од славната војска на ЕЛАС”

За необичната приказна на бај Кољо никогаш не ќе дознаев ако не ја слушнев од Нуша Криенкава, која на 13 септемри, во десет часот на вечер, токму таа со својата воена единица Еласити го заробија жив и му имале пресудено да не го убијат со куршум, туку пред очите на многу Еласити и заробени Комити да го фрлат во “Д'мбенското дуло”, да го турне проудулу во понорот на карпестиот подземен дел. Таквата умирачка ја посакувале Грците, а таа била една од најжестоките за таквите јунаци кои посакувале да бидат команданти на градот Костур.

Грците, го познавале војводата од битките што ги воделе против неговата најголема воена единица во Костурско која со години била под негова команда.

Кога тој заповедал во битките, од другата страна противниците забележувале дека тој покажувал восхитувачка храброст, со каква што се карактеризирал и во битката за бранење на Шестеварското родно село. Кога се јавувал на првата линија на битката комитите гледале како првиот војвода потскокнува под силниот оган на куршумите.

Тоа е тој! Бај Кољо! Неустрашивиот, викаа комитите: Гледате како стои, како да никнал од земја!

Бај Кољо велеше: Судбината на Македонија е историска обврска наше, а не на тугинците!

Сакам да бидеме како нашите Илинденци: Чакаларовци, Кљашевци, Поп - Трајковци, ама сакам заедно сите и да останеме живи и да ја видиме Македонија слободна!

* * *

Во тој миг труба повика и сите еласити ги нарамија пушките и тргнавме низ длабоките клисури на планината “Мали - мади” во некаков строј, пред штиковите на Еласитите. Одевме еден по друг, еден за друг: еласити, комити, селани кон дулото (8) Дмбенско и како пристигнувавме, така и наседнувавме околу тоа страшно земјино црно грло, небаре прилегаше на крокодилска отворена гладна муцка... Се искачувавме молкум. Неколку време не проговори ни збор. Некој од комитите прошепоти: Можеби не носат да нè фрлат во “Д’мбенското дуло”.

Да видам, да не верувам - рече бај Кољо, но мртвата тишина која смрачуваше, чиниш се приближувавме кон најстрашното губилиште.

Бај Кољо одеше пред мене, без ништо да каже, тој е воин, обучен  да се брани и напаѓа, а јас и колоната заробени комити молкома го следиме.

Кога се приближивме,чув злобна сме и ги видов Еласитите со лица искривени од бес и презир.

Морничавото отпочнување на еласитската игра ја започна главниот командант Баскакис и неговите потчинети команданти во најекстремните националистички единици, како Пауџиите (9): Булукас, Папуљас, Папас, Капапрукас, Сотиријадис Коларас, Периклис, Лефтерис пострашно од она што го вршеле нацистите над Евреите.

Еден висок, со месесто лице, со подзамижани очи, непотстриган - плетикоса и густи веѓи се истрча до пред устата на дулото.

Неговиот садизам бил необичен, маченик. Целиот се тресе, некоја жеравица му ги пече градите и главата ја му ја стега. Велат, таков е џелатот, кога го фаќала крвта, се до пред првата жртва.

Пред мачењето на жртвата, бил секогаш расмеан и од устата му истекуваше лигава плунка. По него стана и Мито, кој беше страв и трепет, со продорни мали очи и четинава побелена коса. Во тој миг, стана и главниот командант Баскакис, намирисан со ливанто, а повеќе мирисаше на скисната пот и крв.Тие, луѓе еднакво претеруваат и во среќа и во несреќа.

Баскакис, скокна како витез, со својата светликава сабја. Него, комитите го нарекуваа Витез на глутница. Тој со својата група џелати- пиокрвци, весели, распашани, послушни и пофалувани, кога ја прободуваа жртвата во задниот дел на вратот, а од ударот жртвата клекнуваше со испревртени очи и со размлитавени раце паѓаа пред нивните лустросани чижми.

Верзираните колачи си поигруваа со уште неколку удари со острата кама, заривајќи му ја во срце, стомак или в грб. Така поучени од витезот Баскакис добија име глутница, а Баскакис Витез на глутницата.

Наседнати околу грлото на дулото и во оваа глутница со сите нас заробените комити, се слушаше само гласот на Витезот и прободот на камите, пискотниците стигнуваа и преку Костур.

Опстановката е како при ритуално поднесување на жртвата и точно под таквата церемонија: се нанесуваа удари со нож во срцето на секој осуден комита.

Во рацете на Баскакис светна двосечилната кама и ги принесе жртвите до работ на црното грло на дулото.

Прво му ја заботи камата во тилот и комитата клекна под неговите нозе, а потоа го турна во грлото на дулото како недозаклана живинка.тоа го стори многупати на неколку комити. Сега расмеан и задоволен му се приближи војводата бај Кољо. Го одмери крвнички и болезливо, но посака да си поигра.

Си велам, ако ме праша за борбеноста на Комитите, има што да кажам, но ако почни да ме распрашува: Во колку Еласити имам пукано, за сè ќе му кажам, дури ќе му речам дека и дедо ми Илинденецот дедо ми Доро тоа го правеше спрема Андартите кога доишле во Костур и велеше: што мајка бараат тука тие Грчишта, да пљачкаат и убиваат Македонци.

Ова е пострашно и од гладијаторските игри, му дошепнав на Пандо Корештански, а тој ми ја стискаше раката да не писнам. Сите напрегнато гледавме и во еден миг Баскакис со окрвавената кама му се обрати на војводата бај Кољо:

Ние еласитите, во нашиот воен кодекс не ги убиваме војводите на овој начин. Ми прави чест да му се обратам на бај Кољо војводата, да повели да си ја покаже голема храброст и сам да скокне во оваа црна дупка и ние сè ќе му простиме...

Завладеа молк.

Бај Кољо, стана и тргна кон окното на дулото од кое уште се слушаа овкања од фрлените комити.

Плекестиот војвода, загледан во окното на дулото, во себеси: "Секој живот има своја вреност, но најмногу вреди животот што е положен за татковината Македонија..."

Зазеде став на неустрашив војвода и ја крена раката кон туку што седнат командат Баскакис и го замоли:

"Сакам пред да умрам, да повели неговото величество; командантот на ЕЛАС, господинот Баскакис, пред сите вас, да му бакнам рака и да му честитам за неговата победа, а потоа со мирна душа пред неговите очи ќе скокнам и ќе си го одземам животот…"

Баскакис веднаш стана и тргна кон војводата бај Кољо да ја прими честитката. Сета војска што беше наседната, стана и ракоплескаа со викање: "Да живее ЕЛАС, да живее комндантот

Баскакис, и сите Еласити. На крај комитаџијата најде храброст да се покае и да ни се извини, велеа!”

Во еден миг Баскакис, застана отмено и му ја подаде раката на бај Кољо за да му ја бакне. Стариот војвода со невидена брзина го зграпчи за миг и заедно со него го свлечка во црното грло на дулото. Сите не оглуши еден силен крик на ужас , а тоа беше гласот на Баскакис:

Ах, мајко моја!, а понего се слушна и баритонот на војводата бај Кољо: “За Македонија!”

Во тој миг, сите неможевме да се соземеме од тоа што се случи; а јас не можев да се приберам од помешаната радост и возбуда, раскажува Крапов.

Сите останавме смраморени, небаре во жилите ни замрзна крвта, од страв и ужас. Филип Паскалевски, со нејасно чувство на вина, го тргна погледот оттаму и ја наведна главата. Заплака за војводата, ама и се почувствува задоволен со итрината на војвота, а зборовите како да му останаа во уста што сакаше да каже: ...дека треба да го следиме војводата, оти тој и пред смртта ни покажа, како се умира за Македонија.

Носталгично се погледнавме со насмевка што качуваше многу...

Ужасно! Како да видов една големо човечко умирање на денот. Тоа ме фрли во очај, ми се стори како сета македонска земја да е намачкана со крва од нечовечност, ама и голема македонска отважност; мојот војвода што велеше дедо ми: убаво е да умреш машки, а токму така умре бај Кољо…

Тој велеше пред нас Комитите: Размисли пред да се заколниш во нешто, оти ако не веруваш во тоа е предавство!

Потоа, Еласитите, за одмазда, го зедоа и го доведоа до црното грло на дулото, аѓутантот на бај Кољо, младиот Васил (Циле) Шилегов. Тоа беше дете и срцето сѐ уште никој не му оставил омраза, а беше единец на мајка. Го турнаа во црното грло, а од него се слушна; само “За мајка Македонија!”

Боже. Боже мој, погледот ни се прикова на сите во тоа црно грло. Леле, страв ме фаќа, ќе ми излета срцето, му валам на Пандо Главинов и го прашувам:

Зарем сите така ќе завршиме. Тој ме опули тагосливо и се загледа во филипа.

Таа вечер, беа збеснети и збунети Елласитите и со денови се прераскажуваше за Д'мбенското дулото.

Така умре бај Кољо. Така умре Циле Шилегов.

Кратко време го по знавав, ама никогаш нема да го заборавам. Дедо ми велеше: карактерот на некој човек, можеш да го запознаеш, само кога ќе ти стане претпоставен, а Јас таа чест ја имав кога извесно време, служев во неговата чета и со задоволство под неговата команда војував за Македонија.

На крај, Крсто Крапов ми вели:

"Судбината беше сурова кон многу македонски револуционери, но кон Бај Кољо посебно но тој умре како херој. Тој, беше зрел и умен човек, навикнат да владее со себе, а владењето му прилегаше."

Тој, велеше; Грците, како окупатори, за нас комитите кажуваат дека сме неучени. Да, но незнаењето наше е поблиску до вистината, отколку предрасудите на македонските гркомани или сега модерно Еласити - комунисти.

Нашите што се декларираа за комунисти и заедно со грците сакаат да не унуиштат нас комитите, за жал, како што најчесто се случува со нас Македонците, вистината ги скрши идеалите."

Крсто Крапов, ме загледа внимателно и ми рече: Сакам да ти кажам нешто за покорноста и отпорот: Ете зошто бај Кољо беше во право. Но, сакам и ти да разбереш преку овие факти дека и ти и јас како сведоци го доживеавме следното:

Ни еден од тие наши Македонци; комунисти- Еласити, не остана тука со народот, туку избегаа - таму кај Тито од каде беа најмногу манипулирани. Интересно е: тие наши еласити дека во 1944 година заедно со грчките команданти Химарос и Аријанос ги уништија комитите, а во Граѓанската војна, пак тие раководеа со Македонците, но сега и со помош на организациите формирани од Тито, пак од тие наши луѓе.

Ваквите идеолошки активисти слепо служејќи му на авторитетот на Водачот се намножуваа и го турка Македонецот бесцелно да крвари и умира за туѓи интереси. Сите ние, обичните луѓе, бевме злоупотребени, и станавме жртви или губитници, а јас сум еден од најголемите губитници, зашто имав семество, а останав без ништо. Ете со оваа свирка, катаден живеам со надеж дека еден ден ќе ме прегрни синот што ми го зеде кралицата Фридерика.

Но, како што двапати не може човек да влезе во иста длабочина во река; да не процени и не се убеди дека ќе се удави, тоа значи да останиме убедени дека сме ментално здрави, дека не има и такви кои размислуваме за овој македонски народ и за оваа Македонија која се до сега народот крвари и да се прогонува токму од истите команданти, а тоа може да се каже дека нашата покорност не уништи и го изгубивме родниот костурски татков крај за навек.

Што всушнос се случи со нас Македоници под Грција:

Додека ние комитите мислевме како да ја лободиме и ја сочуваме македонската куќа, имотот и со семејството да си останеме на татковата земја, Македонците во ЕЛАС (изигрувајќи интернационалисти), заедно со Грците се бореа како побрзо да не ликвидираат.

Токму во тој период на време ние како народ го покажавме менталното робство на Македонецот.

Ние комитите него прифативме робоството, како судбинска предодреденост и не потклеенавме пред било кои окупатро, туку посакувавме во тој пекол на Балканот да го сочуваме нашето

постоење: свои на своето. Но, што се случи со нас Македонците? Се случи, тоа, ако некој пред Гркот крени главаа и посакува да се одбрани од Пауџиите и Еласитите, ќе биде уништен. И, накрај не уништија.

ТОА БЕШЕ ВРЕМЕ КОГА ИДЕОЛОГИЈАТА НА БАЛКАНОТ ГО ДВИЖЕШЕ СВЕТОТ

И, од како тоа го сторија, македонците Еласити (комунисти) ја напуштија својата татковина и сето тоа во својата напишана секторска историја, историја за Егејците го прикажаа како позитивно, а нас во таа историјата не нарекуваат фашисти...

Сето ова ме потсетува на нашиот поет Петре М. Андреевски кога ги читам неговите напишани стихови:

Беа браќа и први братучеди, убави сестри, тетки и стрини некои вујчеви и светијонии, борејќи се сите за истата таткоина, се поделија, се замразија, се закрвија,  под туѓи капи главите си ги ставија. А кога ги побараа капите на глава веќе немаа ни капи ни глави...

Видно растреперен, кога ќе се замореше Крсто Крапов од набликнатото минато, вдишуваме свеж воздух и продолжуваше да се доискаже:

Ние Македонците незнаевме да си ги заштитиме историските и сите културни драгоцености од нашите родни краеви…

Туку јас отворено да кажам дека ние Македонците сме некоја чудна сорта. Во сиот овој период во балканските магли, свесни или несвесни, како самите да се развенчуваме од драгоценостите на сопствената историја. Долги години меѓу нас е присутен нашиот глас за извршени злосторстава над нашиот македонски народ, на сите му се познати зафатите на окупаторите по поделата на Македонија над Македонците кои имаат во основа геноцидна основа: Македонија да е нивна - без Македонци.

Ние Комитите, останавме достојни и тие што останавме живи, не однесоа по голите острови, но сме го изгубиле моралниот и вредносниот компас и одбивме да влеземе во ЕЛАС (Во измисленаta колективистичка матрица, која ни се продаваша како судбина и балканска итровчина од Темпо и Сјантос). Тогаш, во времето на идеологијата, Темпо пропагираше дека се договорил со врвот на КПГ; поред единиците на Елас ќе сме образовале и ние Македонска војска.

Од таквата наша недораснатост, низ историјата си ги навредуваме дури и Илинденските револуционери. Си ја навредуваме својата историја, некој ќе каже. Но добро. Досега, сите измами што што ги доживеавме биле канализирани низ идеологијата како што се случи и во Граѓанската војна (1945 - 1949), со измамата од КПЈ и КПГ кога не можат да го постигнат со најсуровите мерки, прибегнуваат со идеолошка измама. Тоа не треба да ни биде сеедно. Сè уште нас треба да не држи Илинденскиот дух, ...Тоа што се случи во Граѓанската војна со нас Македонците е ИЗМАМА НА ВЕКОТ. И така треба во историјата наша треба да биде одбележано.

Ова што ни се случуваше со Еласити - Комунисти и Комити, беше уште еден национален срам, но тоа не верувам дека од нив ќе биде и последно. Грците се активни и настојуваат што повеќе сакаат да не обезличат со името и протераат од нашите прадедови огништа и со тоа полесно да ја освојат за навек Македонија.

Ние молчиме и молчиме за: колежите, прогонствата и разнебитување на македонското семејство и уништувањето на македонското семе, и нашето искоренување...

СИТЕ ОВИЕ СЕЌАВАЊА БОЛАТ!

## Шестта глава

Една од најболните приказни; за љубовта и пеколот по одземените деца од кралицата Фредирика, мајките на одземените деца велеа:разделбата е пострашна од смртта ДА!

Крапов вели: Сеќавањата вечно ќе болат.

Ова поглавје го посветувам на сите оние кои најболно го доживееа најсвирепото и нечовечко геноцидно чедособирство - родители: мајки и татковци, баби и дедовци кои не ги израдуваа своите внуци, на своите браќа и сестри кои не израснаа заедно и посебно на оние, кои не можеа да се вратат во родното место, барем за да умрат.

“Ништо не боли повеќе од солзите на едно дете, а шчо да ти кажам бре Крсто. Кога го слушав како плачеше мојот Дончо, зарем кралицата Фредирика како мајка, тоа не го разбира... скршена и насолзена, ми рече Кираца, по домашно име на Костурски - Лаца”.

Такви беа спомените на Крапов, при секое доаѓање на посета на гробот. Тој, со сета тежина на душата, стое пред гробот на својата љубена, расплакан и со свеќа в раце. Погледна во мене и Крапов ми вели:

Што ќе рече историјата?

Што ќе рече, за нас Македонците, нема да рече ништо. За случајот што го направија намерно, а не уверуваа дека ги спасиле децата.

Нема да споменат никогаш, како што полавек досега не зборуваат ниту за илјадниците жртви што ги оставија коските на бојштата, а тие беа нивните татковци или нивви браќа.

Ех, мој пријателе, не знае човек што преставува надежта додека не ја изгуби. Сега во одминати години, кога доаѓам на гробот на мојата покојна Кираца - Лаца  и јас сакам што побрго да си заминам од овој неправичен  свет...

Го придружувам Крапов и заедно одиме на гробиштата. Се посрамив, само јас од сите присутни не запалив свеќа. Незнам зошто сум таков. Можеби, така сум воспитан, долго го минав животот со комунистичките идеали - атеист; не се крстам, не палам свеќа, но ги почитувам обичајте со почит и љубов кон моите покојни предци. Паметам; кога ја погребавме мојата баба во Ташкент, беше по протоколот на Комунистичката Партија,како за сите наши борци; со краток револуционерен говор.

За миг Крапов ме погледна и сватив дека сака да ми каже "Недоветен" и дека сум тешко заблуден, но тој, тоа го одмина и уште ме мачи... а ми вели:

Си се променил? Останав без одговор... А мене денот во сабота, ми започнува невообичаено рано. Уште пред седум часот; одам да положам цвеќе на гробовите на моите најблиски. По навика, секогаш најдолго се задржувам кај гробот на мојата прерано починатата љубена Кираца и имам чувство дека постоела некоја невидлива сила и поврзаност, меѓу нас како млади. Таа беше една од лепите Костурски чупи; со нежности и чувстава. Си дадовме збор за верноста и радоста ја дочекавме; најмногу кога се роди синот Дончо, кој го носеше името на мојот татко. Јас како родител, немав можност да го видам; радувам и растам, бев интерниран на голите острови и не му го видов ликот. Вистината е сурова, вели.

На островот се трудев да се излажам самиот себе; дека со моето враќање се залажував дека ќе свртам нова страница; Ќе се собериме семејството.

Сега, од кога се вратив од сувиот остров во мојот роден Костур меѓу мојот народ, а јас велам меѓу моите Костурчани; со години исти пат го правам:од дома до гробиштата и назад. Таму на островот; пренесував камење, а тука носам цвеќе трендафил и свеќи, тоа го правам - зима лето...

Трендафилот на љубената Кираца ѝ беше омиленото цвеќе... Многу е болно да погледнеш на судбината, вели.

Да, си велам: Каква немилосрдна игра на судбината? Сега Крапов, како рането животно, повеќе без причина; шета премален од умор.Никој не го очекува, само го следи потсмевот на луѓето кои му ги забележуваат неговите телесни недостатоци, а не можат ни да насетат со какви умствени и национални способнссти е надарен и оддан борец за Македонија, градот Костур и прочуjените комитски војводи.

За чудо; целиот живот зад себе, го слуша посмевот како тивко душоподгризување. “За човека тешко било, ако си од грчка власт оцрнет...”, вели.

А чита, ја љуби книгата, посебно задоволство наоѓа во историјата на Костур и Македонија.

По на многупати, се задумува: Колку смисла губат македонските жртвти со текот на времето од Илинденското до сега и колку долго стоиме зад нив; вредат ли уште кога ќе ги заборавиме, или тогаш стануваат неотуѓива сопственост на оние кои, за разлика од нас, се уште ги помнат и им придаваат секакви значења, им препишуваат незаслужени, само ним поимливи вредности.

Денес, грчките окупатори пред нашите очи; гробниците на нашите предци, им ги откопуваат и им ги фрлаат коските по дивиот мегдан. Има ли смисла да се надеваме дека во иднина некој од интернационалистите дека размислува за нас Комитите и за оние Маркосовите од ДАГ- да им ги врати коските оставени низ Европа, сè до Ташкент, вели Крапов.

Има ли некои кои ќе каже зошто дозволивме да ја отселиме Македонија со Македонците, а да ја населивме со не Македонци!?

И навистина, гледајќи го како очите му се полнат со  солзи, нешто те тера - како што велат старите: “Да заплачеш од немила горчина!”

Ете тоа нема да го премолчам, нема да остане во мене. Само, сакам на сите да им кажам, јас таа тајна нема да ја носам цел живот во мене. Верувам, тоа го посакува секое човечко суштество; коските на родот да му мируваат во својата земја, покрај предците, вели.

* * *

Беше осми април 1988 година. Крапов, раскажува, и убаво се сеќавам на датумот кога беше ослободен и се вратил од островот по 40 години.

Патував за дома, утрото беше чисто, но во Костур пристигнав на залезот на денот и ме дочека небото прекриено со темни облаци. Ветерот со себе носеше мирис на дожд, а камбаните повикуваа на молитва. Бев необично расположен; на љубената Кираца во оваа квечерина пристигнав токму на нејзиниот шеесет и втори раденден. Сретнав еден изурнат живот, а оставив жена; красота, севдалија...

Во тој миг ми се пристори дека чув како Кираца го прошепотува моето име, никогаш нема да знам дали навистина ги чув тие два слога или само посакував да ги чујам, знам дека ја покренав главата и видув како усните на Кираца во својата згрченост, а нејзините очи правеа обид да се отворат. Но, уплав ме пресече кога однеднадеж, во дворот, слушнав неочекуван врисок. Доаѓаше од приземниот дел на куќата.

“Женски врисок. Што треба да значи?”

Студено гледав. Збунет и загрижен, тргнав кон влезот на куќата, а во моите очи, небаре вријат водовртежи, се стркалуваат и ништо, пред мене не гледам. Со години ги броев деновите и намерата ми беше, точно да стинам на шеесет и вториот роденден.

Самракот се спушташе се побрзо, како дожд што истура. Ноќта се спушта ненадејно, одеднаш, како тапа секира на вратот од жртвата. Мракот веднаш стана густ и непроѕирен. Од

прозорецот извира слаба светлина од некаков петролејски фенер што се потпалува со кибрид.

Чекорев возбуден со поматен поглед и ми се пристори како Кираца ми доаѓа во пресрет; со блага насмевка, и со некаков изблик на среќа, од нејзините кротки очи; како во младешките наши не заборавни средби.

Кога се доближив, го кренав погледот и ја видов Кираца како нејзините благи и немирни очи зјапаа кон мене од прозорецот, на долниот кат. А незнам дали ме позна. Јас ѝ се насмевнав кога влегов во собата, очигледно таа не беше свесна за моето враќање и за конечната наша средба.

За миг стоевме стаписани, гледајќи еден во друг.

Ужасно! Како ужас! Си помислив дека веќе нема да те видам! Ми вели налутено Кираца, и продолжи: - Јас сиот живот го вложив во тебе, а ти не си ми благодарен.

Ми се пристори предолго времето да гледа во мене и за цело време и двајцата молчевме со навирени очи…

Ја прегрнав ѝ велам: Бог да чува, тоа не е вистина. Јас секогаш копнев по тебе.

* * *

Кираца беше уморна од зборување за неправдите на моќните. Тие се такви какви што се, точка.

Времето и поминало бавно преку лицето и ѝ оставило неизбришливи траги врз убавината.

Беше облечена во зелено-кадифен фустан, а косите собрани во бунџа, но доста складно и витко. Највпечатливо од сѐ ѝ беше погледот со навирените очи, кои небаре и немаа повеќе солзи. Кога добро ја загледав в лице, ме обзеде немир. Лицето ѝ беше начичкано од испреплетени бразди, ја гледа и во себеси си велам: Овие црти, се тајни болки на животот; минат во

исчекување, во бесоници, во страв, камо да можев да ѝ ги отгатнам, да ги прочитам на глас… Сите идеали на светот не вредат колку солзите на моето одземено дете. Ми ја уништија надежда. Неможам никого да љубам. Не си го сакам и животот без моето дете. Не ги мразам луѓето, само се чувствувам подобро кога ги нема околу мене.

Стоеше до сандукот во кои грижливо ја чуваше облеката од синчето Дончо. Ги чуваше сите негови шеи; како што растеше, сè до четвртата година. Кошули, чевли, фанели, чорапчиња и капчиња. Но, ја забележав и мојата комитска капа. Ги милуваше и се надеваше дека еден ден ќе ѝ го вратат  луѓето кои по наредба на кралицата ги собираа децата во специјални логори...

Забележав дека по нејзините образи ѝ се спуштени две големи како бразди - брчки; како изодени патеки. Не зборуваше само ме набљудуваше.

Во очите ѝ забележав некаква необјаснета молба.

Нема збор. Молчи. Болештините ѝ празнотијата во мугрите црни ѝ го убиле зборот...

Се присетив на нашата младост и кога љубовта во нас невлезе од големата врата, а сега кај Кираца тагата влегла од споредната врата и ѝ направила експлозија на најосетливите чувства. Си велем: Какви маки и црнила наседнале во нејзината душа!?

Ја прегрнав и по навика: “Кирацо, љубов моја. Се вратив во нашето гнездо.”

Не ми рече ништо, ама ја стискам во прегратка и си намнисувам на фустанот со цветови, што го носеше.

Си велам Зарем ме заборавила?... Леле ние ленди, шчо катара не најде?... “и ме удри умот на најлошото: Сигурно Кираца го има изгубено сеќавањето.”

На нејзиното лице речиси и да немаше шминка, но така беше уште поубава. Посилно ја стиснав во прегратката, но се

подизгубив како си го намнисував минатото, на нејзиното убаво пеење со убавиот глас што и се разлеваше по нивите, а тоа се повеќе болеше оти жената го планира и прави гнездото...

“Што ти е?”, ја прашав со пригушен здив. И откако Кираца и понатаму ме гледаше вкочането, посакав да ја успокојам: “Јас сум Крсто. Се вратив! Зошто ме гледаш така?”

Таа на слепо посегна по мојата рака, а јас со чудна возбуда и радост и ја стегнав нејзината. Почувствував како да се враќа во минатото.

Кираца воздивна длабоко и се обиде да се насмевне, ги спушти рацете врз здиплената облека на синчето Дончо. Таа кимна со главата, но се чинеше дека одвај го слушнав. Јас се наведнав и го допрев нејзиното чело. Таа затрепери.

Обвиени сме во црна мугра ѝ велам:

“Што ти е? Мене не ме умиш?”, одново ја прашав и ги чувствувам морниците под кожата и треперењето на прстите.

Таа само полека одмавна со глава, а јас ја погалив по косата ѝ и реков: “Кирацо, љубена моја, што ти е?”

Сѐ се повторував и по долго набљудување ме загрли со очите полни солзи и ми рече: “Ела (Дојди), Сени (седни) до мене.”

Плачиш?

Првата реченица која ја изговори беше:

“Да, Плачам!”

Се поттргна од мене за да ме гледа и ми рече:

“Не верував дека ова е вистина и дека еден ден ќе те видам...”, ми зборуваше забележително охрабрена и уверена во себе ми вели:

Ќе ти раскажам сѐ за нашиот единец син… Ме јади јанѕа. Јас родив дете, а тоа ми го одзедоа, а за една мајка, тоа значи, дека ѝ е одземена душата...

Со години чекам вест од синчето Дончо, и нема, а од срцето катаден си лачам отров и колнам по:

СКРИЕНАТА РАКА НА КРАЛИЦАТА ФРЕДИРИКА.

Кралицата Фредирика не знам дали знаеше до каде ѝ беа границите на нејзината сила!?

Раскажуваше со болка и немирниот поглед, ме убиваше со својот тагослив здив, и загубената душевна родост. Кога ја забележав добро, таа срона неколку солзи, ме прегрна со некаква голема вина. Ме трогна. Ја стискав во прегратката и ја уверував: - Те сакам. Секогаш ќе те сакам. Колку сум среќен што те гледам со мене. Верувајми, ќе го најдеме синчето наше!

Сериозно?

Насмевката на Кираца ѝ стана ведра, блескава и искрена.

Се израдува и крепка ја прегрнав.

“И јас те сакам”, прошепоти Кираца, со набликнати солзи и се сврти кон мене. Таа сега не бегаше од стравот, од минатото, од товарот на тајнините сокриени во своите пазуви.

Ох, каква тежина? Тежина од која може и каменот да распука... Кога почна да раскажува:

Со години во нашата кшча нема место ни за радост, ни за молчење. Сега е време за гласно липање. Нема да протрча дете, нема глас, нема смеа, нема радост. Ни ги звеа дечките и кај сите ни ја пресекоја радоста и на сите мајки ни отворија рана, болна, сечена, тешка, отворена рана... рана на срцето и рана на срцето и рана на душата, рана што здрави, присеќањето на рожбата боли и се отвара, се обновув и крвари, гори и пече. Ничие срце не може да помогне за да се намали таквата болка, зашто е

длабокавгнездена во срцето и водушата. Дојде такво време да се плашиш и да се разбудиш. Да не знаеш ни на која старан ќе излезиш, ни кој таму ќе те чека...

Болките ѝ крвареа и не беше можно да разговара, но посака полека да ми раскаже сѐ, и да ми ги опише сите нечовечности што се правеле кон мајките на одземените деца. Гласот ѝ беше полн со сочувство. Почувствував како ѝ се стегаше грлото додека ги изговараше зборовите со расплаканите очи, а очите ѝ беа големите порти низ кои ме водеа до нејзината настрадана душа, а таму можев да ги почувствувам сите страдања.

Кираца, на сѐ памтеше. Ми ја стискаше раката и ми вели:

"Крсто, ти напишав за детето што насила ми  го одзедоа. Но, не само мене на сите мајки и тоа било по наредба на кралицата фредерика".

Се исправи пред светичката "Богородица" и  колнеше: Кралице! Гламна гламносана да те видам, изгорена да бидеш и ти како мајка, за да осет за чедо колку боли. Улувејка да те вида по дрвата да кукаш! Да не фтасаш да се радвиш! Детето ми го зеде, господ да те умори!

Ми го зеде најмилото- мајкино! Душата мајкина. Флоринот мајкин! Единец мој... и по толку години не знам каде е?

Ете поминав цели четириесет години со лелек и болка...

Ги изнарече сите мајчински клетви, како да ѝ олесна. Се потсмири и ми расправа по ред:

Крсто, тоа јануарско утро пристигнаа многу камиони и чувари, а пред секој камион и по две големи кучиња. Пристап имаа само војниците и џандарите.

Ми го грабнаа детето и со тоа ми ја одзедоа мајчинската сила. Тоа беше мое и твое чедо, насила ми го  откорнаа од градите мои. Тоа ми беше царот на мајка.

А тоа викаше: “Мамо о о, не ме давај!... Те сакам, мамо! Заедно ќе го чекаме тато...”

Најмногу те сакам, напишиму и на Тато и дојдете да ме земете. Овие се лоши луѓе ќе ме убијат, мамо, мамо… Така ме молеше, тој единец на мајка, а сега незнам каде го имаат и дали е жив?

Таа беше жива слика со натрупана болка.

Брмчењето на војничките камиони и кучешкиот лавеж ги заглушуваа мајчинските гласови, Луѓето го креваа погледот кон небото, белузлаво од димот и прашината.

Со несигурен чекор и изобличени лица, извикуваа мајките и истрчуваат, се туркаат. Сите сакаат да им кажат неколку зборови на своите блиски.

Тогаш, Кираца силно заплака. Каде е нејзината утеха? Кој е тој бог кој допушта една добра мајка да ги послуша клетвите упатени до кралицата да и спречи.

Меѓутоа, никој не успеа да се ддоближи до камионите, бидејќи од ненадеж настана хаос. Толпата, чии први редови ја сочинуваа наоружани војници и офицери.

Мајките насолзени изустуваа со упатени клетви, а и гласови од поединци кои велеа; Срамота за една Кралица! Срамота, за една една држава…

Кираца најлошото го почувствва, во еден момент  кога чуварите ја напоменуваа да се отргне подалеку, а ужасните кучиња дресирани, да го мразат човекот го дргаа својот ремен, готови да скокнат, тие лаеја гледајќ ја со своите црвени очи спремни да ја нападнат и распарчат.

Војниците удираа со сѐ што им беше прирака. Еден разулвен командант,замавна со кондак и токму ја погоди Кираца. Очите ѝ побелија, се затетерави држејки се за глава. Силниот звук, се посилно и одѕонуваше, одвај забележа еден белокос старец, кој

држеше стап и чекаше подалеку од толпата. Беше потпрен на еден ѕид и плачеше.

Кираца силно заплака и целата се тресеше и викаше: Не! Боже спаси ги децата...

Војничките Камиони, покриени со дебела цирада, забрмчија и тргнаа, на пат за голите острови на Грција.

Иаку ужасот и стравот ѝ ги растроија мислите,сѐ уште беше способна. Таа и сите мајки и блиски трчаа по нив, но набргу ги престретнаа голем број џандари со големи дресирани песови, ги спречија. Удирајќи безмилосно со кондаците и грдејќи ги со гадни зборови.

Очите ѝ блеснаа со чудна возбуда и Кираца, раскажува: Плачат старци, плачат жени и деца. Сите плачат... Цел Костур и Костурско плаче. Оф, мака... Камионите заминаа, децата веќе не го гледат езерото... За нив збогум, сакан роден Костур! Кај секое дете се раѓаше прашањето: "Дали ќе се вратиме и видиме некогаш повторно!"

Ете, што можела да направи една кралица без мајчиско чувство...

Така беше Крсто; ние понижени како кучки се враќавме дома, со болка и осаменост.

Ми го истргаа од раце со силен плач, чиј одек уште ми одѕвонува во сето мое бие. Ме растргнува, ме раскинува, ми ги кине нишките на разумот, ми го зоврува умот, ме враќа во детството, во љубовта наша, во нашите надежи, ме повампирува,во мене раѓа бури, ме отугува од живиот свет... Сакам единствено син ми да ни се вратат дома. Понекогаш сакам да продолжам со животот, таму кај застанав, но неможам.

Што зло не најде од овие Грчишта? Катадневно ги рушат македонските семејства, ја обездетуваат македонската куќа, не прогонуваат. Откаде Грците, откај дојдоа овие луѓе, тие ти биле од некоја духовно осакатена цивилизација, сѐ што прават

спрема нас староседелците го доживуваат како сосема нормална реалност, а тоа е геноцид, сакаат да не снема од родните домови, од нашиот Костур и костурско.

Старите велеа: Од кога дојде Гркот и господ Бог си заминал од Македонија.

Немам солзи повеќе. Понекогаш сакам да продолжам со животот, токму кај сум застанала, но откако ми го зедоа детето и со тоа ми ја одзедоа мајчинската сила. Ми го грабнаа, како од кучка, ама не само мене, на многу наши жени…

* * *

Кога легнавме во постела ѝ раскажав сѐ што мене  ми направија на островот, дека ми го уништија семто, ми ја уништија машкоста . И реков:

Жал ми е. Не сакам да ти нанесам болка, но треба да ја знаеш вистината... Ми ја уништија машкоста. Знаев дека сѐ уште ме чекаш.

Овие зборови ја погодија право во срце и гледам ѝ и се ороси челото со пот, а очите и се наполнија со солзи. Кираца ја положи главата врз моето рамо и ги затвори очите, а одвај изусти:

“Значи, ни го уништија родот??!!”

Кираца, стана, прошета по собата, застана до прозорецот и долго ѕвереше во темницата.

Некаде во тој густ мрак, беше изгубен нашиот живот, како и на многу костурчани. Се прекрсти и рече:

Дај ми сила господе Бог, да го издржам она што не можам да го сменам... Како да го прифатам и ова, тие се обмислени зафати; ѕверски зафати и уништувачи потфати што одамна ни ги прават овие окупатори, можеби само еден господ Бог знае. А ние? Молчиме и бегаме. Во бегството наоѓаме спас. Како да не

знаеме дека овој Костур го градел нашиот прв, пра дедо цар САМОИЛ.

Тие што ми го грабнаа детето, ниту со изгледот, ниту со однесувањето не беа обични луѓе, туку- крвопијци.

Да! Тие се луѓе со духовно осакатена цивилизација. Тие луѓе, ненаситно ги убиваа нашите предци- Илинденци, а сега и нашите деца...

Со години над нас вршат геноцид:

Ни го сменија името и презимето;за што нашите предци верувале дека името на човека е суштинско за идентитетот, за лицето, за чии и кој е човекот!?

Ни го сменија етничкиот состава, донесоа азијадци од Пондија;

Ни го забранија насушниот јазик наш - мајчинскиот јазик кој е основно човеково право...

Ни ја избришаа историјата; која ја носевме од дедо прадедо во нашата свест, во нашата душевна храна...

Ни ги поништија светите цркви и ни ги прогонија нашите попови, а тие што се противе-ги заклаа и никој не знае каде им се коските.

Ни ги уништија сите наши знаменитости и гробиштата.

Свесна сум дека од овие окупатори, ние Македонците не очекувавме "љубов", туку малку разум, но од овие окупатори: од обичниот човек до кралицата ете цели триесет и повеќе години не владее разумот, туку нека знае светот дека и, конечниот план им е; да не уништат и никој никаде во историјата да не се спомниме ние домородците Македонци. Целта на овие окупатори им е: овој наш македонски народ да остане во книгата на анонимните мртви.

* * *

Кираца, преживуваше ужасна грижа. Рои од мрачни чувства, ама толку силни што мислеше дека ќе ја столчат без да го види синчето Дончо.

Со години по одделувањето од синчето; копнежот, тагата и темнината се напластуваа врз нејзината душа, се повеќе и повеќе. Живееше и се чувствуваше со некаква вина зошто така лесно им го даде детето и со години ја растревожуваше таа мисла.

Се чувствуваше мошне бескорисна. Не ѝ преостануваше ништо друго освен да се моли за нашиот син да биде жив.

Еден ден клекна, ја стави главата на неговото креветче и се присеќаваше како, во истото креветче, го држеше во прегратка, а тоа со неполни пет години и велеше:

“Мамо, јас сум машко, додека тато не се врати, јас ќе те бранам од лошите луѓе... Не плачи, не тагувај, еден ден тато ќе си дојди дома, тој (како што вели баба ми ) бил храбар комита и херојски го бранеле Костур.”

Така растревожена, усните ѝ се тресеа, па ја сврти главата на страна да не ја гледам како лие солзи. Тоа ме здоболе и не издржав...

Времето ѝ минуваше во предиплување на облеката од малечкиот Дончо, за кого не знаевме дали е жив, или не, но живеевме со некаква надеш дава гласините: Децата биле однесени нанекој остров и таму учеле занаат и дека дека дека еден ден ќе ни се врати.

Повеќе од времето; и ден и нок стоеше пред светицата и ја преколнуваше кралицата фридерика. Го молеше Бога да ја казни; како мајка, како проклета жена, да ја прати во пеколот. Таа не може да биде кралица, која посега по невините деца и мајки на кои им ја обездетува куќата, им го растура родот. На таквата кралица не ѝ доликува: О Боже, сотри ѝ го родот за да почувствува колку боли...

Катадневно, молкот ние издишка, молкот ние лелекот.

На лицето ѝ се гледаше страв и загриженост. Кираца во еден миг се струполи на најблискиот стол, лицето ѝ збледе. Кога ме загледа, погледот ѝ беше тап како на некој човек кој преживеал тежок шок. Кираца ја тресеше главата загледана во мене.

Како минуваше времето на нашата осаменост, таа повеќе не плаче туку повеќе молчевме. Таа не чувствуваше повеќе никаква желба да продолжи да живее.

Си велам: тоа ли е крајот? Крајот сега и тука на вратата што чука, во чело што клука, крајот сега е тука!

Не, во Костур имало неверни, но и верни, имало сомнежи и колежи, имало убиства и палежи, имало и распад на смејствата? Распадот не раслојува, расколот не обеспокојува. Тоа ли е крајот? Тоа ли конечното?

Јас Костур го познавав, кога Костурани меѓу себе си ја дареа љубовта како среќа што заемно се даваше. А сега?

Понекогаш животот те прави да заборавиш кој си?

Но, со таквата болка не живееше само Кираца, туку илјадници Македонки плачеа по својот род и со полна уста клетви; колнеа, пискаа, врескаа и  сите се чудеа како можела да посегни кралицата Фредирика, по овие невини деца, во која народот ѝ веруваше и ја почитуваше како Вторра Света Богородица, а таа се покажала како некоа крволочна волчица. Сите мајки палеа свеќи и ја молеа света Богородица Марија, да ја сотри, да ѝ го сотри кралскиот род, да ја прати во пеколот, оти таа немала срце како мајка која бисе грижила за родот. Мајките на одземените деца напишаа петиција и испратија до сите кралици на цел свет за злото што го сторила. Сите жени христијанки, бара од црквите да ја анатемисат. И го колнеа родот, го молеа господ Бог да ѝ го сотри родот.

* * *

Кираца, ми пишуваше и ми го опишуваше ликот на мојот нашиот син. Но кога ми напиша Кираца дека еден ден и го одзедоа детето. Помислив на самоубиство. Но, потоа дознав дека таквата пеколна грчка стратегија била измислена од кралицата фредирика за планираниот геноцид над македонците, за опустошување на македонската куќа. За уништување на еден народ. Таквиот чин, животот на илјадници македонски мајки им направи пекол. Брзо се дозна дека тоа го доживееа илјадници македонски семејства и им остануваше да живеат живот исполнет со гнев и вечна тага по родот свој.

Човековиот род, до сега, тоа ќе го имаше слушнато многу ретко, само кога некој во дивината им ги ништеше младенчињата на; волкот, мечката, лисицата, а на нас тоа ни го направи кралицата ФРЕДИРИКА!

* * *

И, по толку многу изминати години, се уште чекаме ние со Кираца, а од синчето наше ни трага. Во нашите души; само скрб, сведоштва и молитви...

По моето враќање од пеколниот остров, не бевме способни да го обновиме родот; не родивме деца, а вината беше во мене... Што јас; како казна од џелатот ја изгуби машкоста. Тој ести како аждер кој лакомо пие крф од жртвата, ми го стори тоа нечоечко, а и времето на раѓање не одмина...

Но, велат, човек вистински умира кога ќе замре и последниот спомен за него. Моите спомени за мојата Кираца, никогаш нема да избледат.

Поминаа многу години откако последен пат се видовме со Кираца. И тогаш веќе беше остарена, таа не можеше да се воздржи, поради чувството на гушењето предизвикано од возбудата, од болката, всушност најпосле да проговори за она што ѝ тежеше сите изминати години и ми повторуваше:

Ми го зедоа детето! Сама сум и немоќна. Ми го зедоа единственото нешто што остана во мене, што ме тераше да мислам на тебе, на нашата иднина.

Ништо не боли повеќе од солзите на едно дете, а шчо да ти кажам бре Крсто. Кога го слушав како плачеше мојот Дончо, зарем кралицата Фредирика како мајка, тоа не го разбира..., ми рече Кираца.

Со насолзени очи ме прегрна и ми шепотеше:

Сакам единствено син ми, господ Бог да ми го врати дома.

Ката ден повторуваше; со затворении очите додека климаше со главата, па веднаш ќе ги отвори прашувајќи се како ќе живееме без Дончо? Ми се отргна од прегратката, одмавна со главата. Чувствувајќи како тоне додека ја слушав и зборував:

Те сакам... Секогаш ќе те сакам... Очите ѝ спиеја со некакво чудно чувство какво што јас добро ја познавав. Не беше тоа едноставен страв, туку страв настанат дека може синот Дончо е земен за да биде убиен.

Таа вечер во старата куќа, владееше најцелосна и најстрашна тишина.

* * *

Крсто Крапов беше, пред сѐ стебло со длабоки корени во оваа Костурска земја. Тој неизмерно си ја сакаше својата земја и градот Костур, бидејќи таа го хранеше неговиот род, од дедо прадедо. Тој немаше никакви обрски спрема било кои окупатор. Гледајќи ја својата жена Кираца како плачи и венее, срцето ќе му излезе од своите гради. Плачеше, плачеше до несвест пред сликата на своето синче. И, така сѐ до ден- денес, во секои миг, споменот воскреснува, душата пламнува и боли, а срцето преполно со нивното синче... Ден по ден времето поминува, горчината и болката напласнува и скаменува, солзите навираат, спомените извираат…

Крапов е толку потиштен што изгледа како да заборавил што сакаше да ми раскаже. Јас го гледав втренчено и со големо внимање. Сличноста на нашите патила беа навистина зашеметувачки, иако забележав дека постоеја некои работи според кои се разликувавме.

Лицето на Крапов беше многу по остарено од моето, косата изретчена и обелена, забите во неговата уста испокршени, очите избледени и уморни. Но, како и да е, и покрај тие големи разлики, нашата сличност беше неверојатно иста во душевните страдања и решеноста за пронаоѓање на "Братојадската гробница". Таму е нашата заедничка болка; на коските од нашите татковци кои беа на куп и измешани во судбоносната гробница.

* * *

По кусо молчење, Крапов повторно се созеде и како да проголта нешто; сосема се прекрши, но му се врати гласот и ми вели:

Ех, мој пријателе! Сакам да зборувам малку за нашиот извршен ГЕНОЦИД: за сите тие Грци (комунисти, фашисти, демократи) кои велат дека не постоиме, за сите тие кои ја водеа војната (Англичаните, Американците, Југословените, кои молчат), за сите наши кои изиграваа комунисти и до крај јаваа на бесен коњ (им се чинеше дека го решаваат "Македонското прашање..." и го силеа македонскиот народ, како да си го изгуби своето родно огниште...

Историјата познава трагични случаи на разделби, одземање и откинување на деца од родителите. Независно од мотивите, судбината на насилното откинато и одродено моето дете Дончо, секогаш носи белег на трагизам. Разделбата не едно дете од родителите е несреќа, немерлива трагедија и за детето и за родителите, но разделбата на илјадници деца од родителите и татковината претставува веќе трагедија на нацијата, а ние молчеме за таквото умислено зло. Оттука раселувањето на македонските деца од Македонија под Грција е и дел од зацртаната стратегија по освојавањето на Македонија.

Така беше до тогаш... Се убиваше човек, затоа што влегол во егзархиската костурска црква или во преиначената нова црква на владиката Каравангелис, било зачестено и се сметало за чуден чин.

Трагични и катастрофални последици врз македонската нацијата, таквите геноцидни зафати се од почетокот на 20- от век, а ние молчеме. Еве што пишува еден андартин, колач во својата книга:

Во иследувањето на животниот простор на грчката држава, нужен за економскиот и националниот опстанок на Грците, првостепена цел на власта во Атина, претсатвуваше земјата просторот на Македонија, но не и нејзиното население.

Крсто стана вознемирен. Му пожолте неговото суво лице и брчки од сегашните грижи, посебно од она што му го раскажа Кираца за насилното одземање на малите деца од кралицата Фредирика.

По враќањето од островот и средбата со својата жена Кираца, која катаден потсетувајќи се таквиот морничав зафат, таа целосно потонува во депресија, а тој останува без зборови.

Ме погледна со тагослив поглед и ми рече:

Јас сега во стари години, сватив дека вистината и фактите неможат да се побијат, тие се на наша страна.

Слушнија мојата тагослива судбина, оти таа е иста и на илјадници Македонци!

Јас, уште пред неколку години, реши да го истржувам овоа нанесено зло - со насилното одземање на малолетните деца и со прогонот на обичните селани. Со години сум читал и собирал сè што било напишано, сè што се раскажувало од тие што останале тука и од сите талкачи по светот, дојдов до заклучок дека зафатот на Грците (комунисти и фашисти), бил геноциден и би можел тоа да го направи и да го изведе само најлукав непријател на македонскиот народ со цел: да ја обездети

македонската куќа, и да го уништи македонското семејство и да го протера од родниот крај, а тоа значи; да им се оствари целта: “Македонија без Македонци.”

Значи, тешко е било да се замисли во каква состојба биле тие млади мајки, баби и дедовци, браќа и сестри, да гледат немоќни како им се прогонуваат најблиските.

Значи, зафатот на кралица Фредерика не бил по неважен од случајот со Еврејте: “Кои Германците ги прогонуваа повеќе од другите”

Крсто Крапов, уште од млади години во своето маало живеел и растел со многу другарчиња Евреи, но тоа другарство беше прекинато во Втората светска војна кога Германците на чело со Хитлер ја окупираа Грција, скоро сите беа депортирани во разни контрациони логори и повеќе не се вратија во своите домови во Костур. Од тогаш Крапов го измачуваше прашањето: “Зошто Хитлер ги прогонуваа Евреите, повеќе од другите?” Но, сега по неколку години таков морничав геноциден зафат го прават Грците на чело со Кралицата Фридирика: “Насилно одземание на македонските деца, од своите мајки и ги депортираат по сувите острови!?”

Од хроника на воената стратегија за геноцидниот зафат за насилното чедособирсвво:

А/на кралицата Фридирика и
Б/ на  комунистите кое имаше исти цели!?

Крапов, за таквиот зафат со ужасните глетки на мајките и децата, велеше: “Кралицата се поназа победнички, но овој нејзин зафат, не го споредуваше само со Хитлер, туку велеше, дека не му е равен ниту Берија во Советскиот Сојуз, кога тој илјадници раселувал во Сибир, а се поназал победнички.”

КРАЛИЦАТА СО СВОЈАТА ИТРИНА ПРОПАГИРАШЕ ДЕКА МОТИВИ ЗА ЧЕДОСОБИРСТВОТО БИЛЕ:КАКО ЗАШТИТАТА НА НЕБОРБЕНОТО НАСЕЛЕНИЕ И ДЕЦАТА

СТАНАА ПРОПАГАДИСТИЧКИ ПОВОД СПРЕМА ПАРТИЗАНИТЕ?

Да ги проследиме итрите игри што им ги кажуваа на светот:
ОД ИСТОРИСКИТЕ ТАЈНИ АРХИВИ:
Мотивите и програмата што ги имаше владата на Атина за отселувањето на децата.

.

Ете како ја објаснува програмата на владата на Атина за "Педомазома", Klars Barenzen: И двете завојувани страни во Граѓанската војна се базираа на тоа дека сите отселувања (миграции) на деца од воената зона, настануваа од нужност и причините за "одземњето" секоја страна го правела истото, како што го правела и другата страна. Од сето иследување произлегува дека и за двете страни, многу е тешко да се откријат точните мотиви и да се каже: Кој, зошто и кога прв почнал.

Педополисите(Детски градови) на кралицата фредирика

Во периодот меѓу 1947 и 50 година, беа оформени педесет и четири педополиси низ цела Грција. Дваесет и три се наоѓаа во Атина; единаесет во Солун.Другите во Лерин, Кавала, Јанина, Волос, Ламија, Агринио, Патра, како и на островите Лерос Крф, Сирос, Тиноена Митилина и Родос.

Идеологијата и целите на педополисите за Македончињата.

Децата ги учеа да станат лојални граѓани на грчката држава и безрезервни припадници на грчката нација. Според основните принципи на традиционалниот грчки национализам. Грција е нација – држава, држава чии граѓани се сите припадници на иста култура хомогена заедница, грчка нација.

За партизаните (татковците и мајките, на повеќето македонски деца беа исто така насилно земени од комунистите во редовите на ДАГ) обично се зборуваше како за бандити, Криминалци "или за Предавници".

Ете, едно парче од пропагирањето:

Партизаните опожаруваа села, уништуваа домови, истребуваа цели семејства, убиваа невини жртви и, најлошото од се, ги киднапираа грчките деца од рацете на нивните мајки и ги испраќаа во непријателските земји. Но, грчката душа сега со своја сила се сспротивстави и вооружените млади Грци ја ослободија нашата земја од словенските орди. За наша среќа, нашата Голема кралица, нашата сакана мајка, не спаси од канџите на непријателите на нашата татковина со тоа Што заедно не собра во педополисите (Гритзонас 1998, 124- 25).

Идеологијата на комунитите за Македончињата

За комунитичката страна, информациите што се присобрани од УНСЦОБ и од други извори, покажуваат дека масовните иселувања не биле почнати во март 1948 година, иаку неколку групи деца биле земени уште во јануари. Ларс Барентзен звештај на УНСЦОБ а/574 стр. 30;

“Се објави дека иселувањета почнале уште во јануари 1948 година, но активно продолжија во март”.

За владината страна, во спомените на кралицата Фредерика се тврди и многу јасно е дека “борбениот пат”, за “одземание на децата пред да ги земат комунистите”, почна одма по создавањето на Кралското Здружење за Грижа на деца, во јуни 1947 година, но расположивите писма со поплаки, потврдуваат дека многу покасно се принудени на таква специјална програма за отселување на деца, приближно се совпаѓа со истиот период на време, кога и владината пропаганда почнала да ги обвинува комунистите дека вршеле “Педомазома”. Веројатно изјавата на кралицата се однесува на некоја збрка со општата преселба на села од воената зона и кога владината војска ја имаше почнато уште во 1947 година и што требаше, природно, да прими илјадници деца и немоќници”.

Да напомениме дека комунистичкото министерство за надворешни работи, својата декларација со датум од 7 март 1948 година се вели дека: “За последната наредба на Фредерика” за собирање на сите деца во детски логори со едно

оправдување дека сега тие тоа го прават исклучиво за тоа што тоа го прави истото и кралицата.

Можеби тоа имаше врска со едно објавување што имаше објавено и грчката влада на Атина, предходниот ден, на 6 март 1948 година дека бројноста на одземени деца се движи околу 14,000 деца од Северните "бандитски" реони. (Согласно информациите на Британија од Солун "Од дописите на архивот на американското министерство за надворешни работи: 868. 00/3-1948).

Оваа вест, која доаѓа по осум дена од почнувањето на пропагандистичката операција против комунистичкото "Педомазома", изгледа дека произлегува прва официјална вест за една таква работа од атинската влада. Ова се совпаѓа со веста дека весниците во Атина почнаа во март да објавуваат написи за мали групи деца кои беа иселени или имаа избегано од северните села на Грција со цел да се спасат од насилното одземање.

Слично, во истото време, комунистичкиот печат објави и првата жалба за една веројатна владина акција за "земање на деца од мајките".

Согласно едно американско сопштение кое зборува за времето од јануари-март 1948 година потврдува:

"Окружните управители, војската и морнарницата се сложија на соработка, на планот од кралицата Фредерика за отселување на деца. Целта им е да отселат 10,000 12,000 деца. До 31 март имаа отселено 6. 240 деца (тоа го потврдува: Програмата за надворешна помош на ИПА Foreign Relief Peogram), Грчка мисија, јануар-март 1948 година, стр. 14).

Американската мисија за помош на Грција (А. М. Г) објави, во месечната мисија за април 1948 година, дека мисијата ја пратеше владина( експедиција на оддалеченост) и дека "Со препорака на истите во назначените места) останаа спречени да контролираат, но Мисијата, оцени дека бројот на одземените деца е околу 10,000."

Иаку и УНСЦОБ не се занимаваше, официјално со претпазливоста што ја земаше грчката влада, комисијата испрати на 19 април 1948 година, еден лист прашалник до грчкиот претставник-довереник, за да прибере информации во врска со бројот на децата за грижување на отселените деца од страна на грчката влада, токму од северните реони на Грција. Грчкиот претставник, одговори на 23 април 1948 година и кажа дека има 5,500 деца на возраст од 3-14 година и беа отселени од целокупните реони на Македонија и дека приближно 2,150 деца беа сместени во разни центри во Солун. Но, исто така околу 5,000 деца беа собрани и од Серес и Тракија. Ова дело го извршија под надзор (налог) на министерството за општествена грижа (Извештај на УНСЦОБ A/754(1948), стр. 19.

Атинскиот печат почна да објавува подробности за владината акција за иселување на деца од 1 април 1948 година.

Со наслов: “Денес пристигнува во Атина првата група деца” и понатака пишува “Катимерини” дека “1,000 деца од реоните во кои владеат бандитите (партизаните на ДАГ) беа пренесени со еден брод од Солун во селото Кастри, на Кифисиа. Една втора група ќе пристигне “Утринава”, значи на 2 април, во Пиреа и уште една трета група ќе пристигне” по неколку дена. “Овие деца ќе се пренесат во Патра и во Сирос.”

Во истиот лист на “Катемерини” се објавија и опишаа две средби кои се остварија во вчерашниот ден: “Кралицата, вчера во 11 часот го прими потпредседателот на владата господинот Цалдарис и господинот Гкрисгулнт и се задржа на подолг разговор. Во текот на разговорите, кралицата ги запозна господата Цалдарис и Гкрисгулнт со постигнатите успеси и соработка што ги имала за постигнатото денес за акцијата од собирањето, преселувањето и згрижувањето на децата кои беа откинати од бандитските северни реони (се мисли на Воденскиот, Леринскиот, Костурскиот и др.”

Весникот пишуваше, дека нужни се оваквите средби и треба да продолжат, а едно такво советување се одржа и во министерството за надворешни работи, под председателство на

Цалдарис, на кое имаа земено учество многу грчки министри и Американски мисионери, но тука беше и специјалнио назначен на чело на американската воена мисија, генералот Ван ФЛИТ(Ван Флеет. ).

СЛЕДЕА ХРОНИКИ НА ИНЦИДЕНТИ

Согласно репортажата за ова советување, беа именувани “повеќе комисии и поткомисии” и имаа почнато со истото дело за собирање на децата “со помош на воените Каманданти кои биле во тие реони”.

На советувањето се реши да се отпочне една нова комисија од председателството на министерството за Грижа. Ова комисија ќе требаше да има “Исклучителна задача и да изработи целосен систем за згрижување на иселените деца”.

На крајот, статијата завршува со тоа дека се разговарало за две опции на грижа за таквите деца. Едната беше за сместување на групи деца во хуманитарните здружења “каде ќе ги имаат целосно школување и грижа”, другата опција беше сместување во одредени семејства, во кои веќе имало најавено дека одредени семејства се спремни да примат голем број деца и да им пружат гостоприемство. Со таквата акција, државниот буџет не би се оптоварил премногу од овие програми, бидејки парите беа депонирани од касата на кралицата Фредерика и биле сума: Се одредила сума пари за згрижување на децата за потполно покривање на трошковите за време од околу шест месеци. (Види весникот: “Катемерини 1. 4. 1948 година). Авт. Превод).

Мотивите и програмата што ги имала Привремената Демократска Влада (ПДГ)-ДАГ и КПГ.

КОБНАТА 1948 - факти и валкани цели… КПГ од македонската македонското крепко и вековно семејство, на Македонците им создаде политичко семејство - го распарчи и ја обездети куќа.

Раководството на КПГ, акцијата за евакуирање на децата - чедособирството ја мотивираше и ја образложуваше со

потребата за спасување на децата од ужасите на војната, но, тоа би требало да уследи по молбенобарање на нивните родители.

Што тоа значи? Тоа значи оваа акција на КПГ со помош на македонските организаии НОФ и АФЖ се чисти факти и валкани цели.

Сега НОФ и АФЖ не правеа ништо друго освен што трчаа по лавиринтите што им ги црташе Захаријадис.

За да се добие реална и објективна престава за општата политика на Грција за трајното уништување на Македонците е иста без оглед на политичката физиономија на режимот (монархистичка, републиканска, либерално - демократска, авторитарна), сега КПГ со цел да се ослободи од секаква одговорност за таквото незаконско чедособирство - кое преставуваше геноциден зафат, за акцијата да успее требаше да се убедат родителите да ја прифатат одлуката. Така и сега како за многу важни прашања, КПГ проблемот го активира преку НОФ и АФЖ да организират широка политичка активност меѓу населението, која резултираше со молбено барање на родителите за евакуцијата на децата. Но, набргу се виде дека хуманоста не е била единствениот мотив, туку се виде дека КПГ и военото раководство ДАГ имале за цел од овие деца да го решават проблемот со борбените резерви на ДАГ, и што е било можно да ангажира нивните родители во борбените воени ресурси, што се покажа дека до 1948 година, КПГ како водач на на Граѓанската војна не успеа да го решипро блемот со мобилизација на нови бориц низ цела Грција.

Од печатот на ДАГ и КПГ (партизаните-андартите):

Многу брзо, по првите жалби на грчката влада, раководството н ДАГ (КПГ), потврди дека навистина имало таква акција за собирање на деца со цел да ги оддалечи од Грција. На 3 март 1948 година, радиостаницата на “Слободна Грција” го потврди следното: Партизанската (Андарската) Радиостаницата објави дека согласно ‘договорот’ помеѓу земјите кои беа членки на коминформ, Грчиња на возраст од 3 до 14 години ќе се испратат во Бугарија, Југославија, Албанија, Романија, Унгарија, Полнија

и Чехословакија. Согласно со ова објавена вест, во ‘Слободна Грција’ (Значи во реоните под контрола на партизаните-(Андартите) имало барања од народните одбори во овие реони за со молба за згрижување на нивните деца и бараа организирано да им се овозможи испраќание во демократските земји кои веќе дадоа согласност за прием и гостоприемство на овие деца, бидејќи тие ќе бидат жртви на америкамскиот окупатор. Тие таму ќе можат да си го продолжат своето школување.

“3 март 1948 година”

Реакцијата на вториот човек на ДАГ: “Вистинскиот, достоинствен и човечки потфат на ДАГ, е окарактеризиран од владата на Атина како ... ‘насилно собирање на деца’... ‘чедоубиство’ и ‘Јаничарење’. Но вистинското насилно собирање на деца и јаничарење тоа го направи истата држава на Атина, бидејќи многу деца на партизаните на ДАГ, со невиден терор и со измама се најдоа во нивните раце, каде ги имаа затворено во разни т.н. школи на кралицата Фредерики во Лерос, каде навистина ги воспитуваа за јаничари и ги учеа децата дека нивните родители им се предатели и треба да ги потскажуваат на органите за прогон и државна безбедност!”

На 15. Март 1948 година, весникот ‘Ексормиси’ што го печатеше: Демократската Армија на Грција во реонот на планината Грамос, објави едно попозно известување на министерството на Надворешни работи на Привремената Влада, со датум од 7 март 1948 година. На почетокот се објаснува за првичните зафати на прагматичниот потфат:

“Народните и други организации за згрижување на деца од ‘Слободна Грција’, и многу илјадните родители и ополномоштени, се обратија пред извесно време со апелирање до човекододелските организации на народно-демократските земји и побараа од нив да ја земат грижата за грчките деца и детска младина, која е на работ на гибелот од варварството на монархофашизамот.”

“...Човекодобродетелските организации и покровителите на детските организации, како и други разни организации на младината на овие земји, со особена радост и задоволство ги прифатија молбите на овие родители и изразија подршка за грчките деца, па дури и иако треба да ги задржат на подолг период на време.”

Значи: по ова “гаранција”, од овие организации; КПГ и Привремената Демократска Влада: “Реши да ги прими сите молби на народните одбори (организации) и на родителите и да ги задоволи со тоа што ќе го одобри заминувањето (иселувањето) и останување во тие земји на децата, се додека условите во нашата земја не бидат безбедни за нивното враќање” (10)

Понатака во весникот не се даваше некоја поконкретна информација за хронологијата за важноста и опстојателствата на ова решение, но од искажаното се објаснува со изопштвеност за создадената положба:

а/Катастрофата што се создаде од политиката на “монархофашизамот”,

б/ Проблемот е се поголем со храна за децата,

в/ Скитањето по патиштата на градовите и селата околу 150,000 и повеќе деца од кои секојдневно умираат по десетина,

г/ Последниот указ на кралицата Фредерика, која им нареди на потчинетите да ги соберат сите деца, без разлика да ли се во центрите на градовите или било каде, за да ги претворат во Јаничари и да ги стават со сила во хитлеровската организација на младината и на крај,

д/ Најсуровите и најстрашните бомбардирања на незаштитените жени и деца, од кои во последно време беа убиени околу 120 деца.

Истиот лист од весникот “Ексормиси”, објави еден новинарски напис од еден овластен на “Ексормиси” и се вели: “...дека

посетил повеќе реони на “Слободна Грција” со наслов: “Жените и децата се заблагодаруваат на Привремената Демократска Влада на ДАГ”. Тој во својот напис објаснува дека има уште многу родители и од селата кои се под контрола на Владата од Атина. Тие дојдоа до “Слободната територија” во слободните села и напишаа молби до Народните Совети, да ги замолат и да им дозволат да ги примат и испратат и нивните деца, бидејќи во тоа време се вршеше попис за масовно иселување на децата од овие слободни села. Едноставно се молеа и тие да им ги запишат (стават во нивните во тие спискови): “Од половината на февруари до 5 март, од 59 села, родителите ги имаа дадено своите деца и бројката изнесуваше 4. 784 деца”. Весникот ги дава истовремено дури редоследот на броевите под кои се запишани децата, а тоа го прави за деца од повеќе села кој ги именува со името, и во тој ист напис објаснува за уште “стотици” телеграми од родителите кои ја изразуваат благодарноста кон Привремената демократска Влада (11)

Две недели подоцна, на 1 април 1948 година, весникот “Ексормиси” напиша дека:

“Во волски коли и на мазги, коњи и магаринија беа натоварени деца, многубројни фаланги конвој од мали деца се движеа пешки кон разни правци”. Пристигнувајќи на еден таков конвој во едно село, доцна во ноќта, се опишува со детали: неколку одеа пешки. Други качени на коњи, мазги, магаринија и покрај нив одеа нивните мајки. Тие беа од селата Загоричани, Куманичево, Бомбаки, Тиолишта, Кондораби. Најмалите беа позаспани качени на магаренцата. Кога децата се разделија и се оддалечија во приквечерината: “Истите мајки кои ги пратеа своите деца останаа да ги гледаат од далеку”, тие се повеќе се одалечуваа. Ги отпоздравуваа со мајчински солзи и болка и со една неописива омраза кон англоамериканските окупатори и монархофашисти, кои беа виновно за децата што не им ги оставија на своите мајки да си ги радуваат своите деца!

Потоа следуват неколку статистички податоци:

“До моментот се испратени пет групи. Се иселија околу 1,884 деца со околу 100 жени кои ги надгледуваат децата. Во овие денови се припремаат уште 3 групи од 1,150 деца.

Во истата статија се тврди дека:

Во заробената Грција, монархофашистич-ката влада на Атина објавила една дива војна Против Грчињата и на нивните мајки.

Војската и милицијата дејствува и врши воени експедиции по селата и ги грабат малечките деца од прегратките на своите мајки.

Од 150 дечиња кои ги грабнаа монархофашистите од селото Буф-Леринско многу мајки успеаја од скришум да си ги одземат своите 25 децаа тоа се случи токму во центарот на Лерин. Потоа сите мајки заедно отидоа и се пожалија и си ги добија назад своите одземени деца.

На крај статијата потврува дека во реоните на Александруполис, владини агенти им се заканија на група родители, ако не им ги предадат нивните деца кои посакуваа да ги соберат и однесат во логорите на кралицата Фредерика.

Весникот “Ексормиси”, кој го издаваше ДАГ во реонот на Грамос, објави соптение на министерството за надворешни работи на Привремената Демократска Влада на Грција со датум од 7 март 1948 со наслов “Родителите и децата ја молат владата” и понатака се вели дека “Од средината на февруари до 5 март, од 59 села на слободнататериторија родителите дадоа 4,784 деца”, а исто така на 20 март привремената влада донесе решение за евакуација на сите  деца што се до возраст до 14 години да се испратат во Југославија, Унгарија, Романија, Чехословачка и Полска и, според податоците биле испратени околу 28,000 деца.

3. Мотивите и програмата што ја имале македонските комунистички организацијата НОФ и АФЖ.

Дали нас Македонците не водеше некаква верба во сопственото револуционерно искуство и сега посакавме да отвориме нов период во развојот на македонските револуциони традиции или нешто друго.

Но, се поставува прашањето; дали НОФ и АФЖ имале сознание за границите на можното, што всушност можеше Македонскиот народ да добие од таа Граѓанска војна, или несвесно ја прифатија лекомисленоста за таков голем исчекор. Говорот на веродостојните факти, кажуваат за некоректност и за непрофесионалност во водение на политиката и способност за водение еден народ, оти сите исходи на настаните тоа го потврдуваат. За нас Македонците, за време на НОФ се уриваше едно да се “сошие” друго.

Повикувањето на Сенароден Фронт, значи, да претпоставиме дека тоа беше повик за спас од кризата на нашиот мекедонски идентитет во Грција,  а факт е дека македонскиот човек во 20-от беше по потрага по својот индетитет. Но таквата агресивна агитација на НОФ (потсилена од тугинците, посебно од КПЈ/КПМ и програмата што му ја сопштин а НОФ , Цветко Узуновски се вели: Денес Југославија стана центар на револуцијата на Балканот и дека македонското прашање стана југословенско прашање, поради што КПЈ во Егејска Македонија ги формира овие партиски и политички организации НОФ, АФЖ и НОМС на кои сте вие на чело. Задача на овие организации е даму дадат југословенска ориентација на македонскиот народ во Егејска Македонија. Сега, Македонскиот народ и македонското движење се под раководството  на КПЈ. Македонскиот народ од Егеј ќе го најде своето целосно воспоставување само во рамките на федеративна Југославија, а тоа на Егејска македонија да се приклучи кон Југославија. (АМ. Архив на Македонија. Ф - 20/276, Ф-  20/196. )

За жал, по потчинувањето под КПГ ориентацијата сега беше сосема друга (нема обединуваниее кон Југославија туку таа сега стана матрица и нужно поведение кај широките македонски слоеви, кое се усмери  кон само: “Уништување на англоамериканските окупатори” и таквата насока на агитација,

стана рак рана во македонскиот обичен селанец. Тука, ама баш тука го истроши и својот интелектуален ум и својот живот и си го отвори патот за прогонството.

Времето на вистините и нашето робување во поданство

Борба со злото?? И така, НОФ, со својата ропската послушност и свиткан ‘рбет и сега како и во 1946 година со не спласната еуфорија го презема водството во организиран мрачен поход и не доведе до најновите страдања. НОФ иАФЖ, веЌе беа препуштени на грижата на КПЈ/КПМ, односно-југословенскиот моќен центар, кој управуваше преку директиви.

Треба отворено да се каже, дека по ова акција (со децата), НОФ повеќе не претставуваше ништо. Со судбината на овие деца располагаше КПГ и ДАГ, како што беше и со нивните татковци и мајки.

Но, што е најважно; НОФ ниту презеде, а и ниту можеше да преземе било каква акција во полза на македонските деца, со нив сега располагаше КПГ и раководителите на ДАГ.

Се поставува прашањто:

Што би било ако 28. 000 деца останеа во Грција и ќе имаа можност да се вратат во своите домови? Дали такво прашање си постави НОФ? Денес имаме илјадници примери кои насила се вселуваат во туѓи земји, а ние се иселувавме под пропаганата на КПГ! ЗОШТО?

Сведоштва: Говор на НИКОС ЗАХАРИЈАДИС на вториот конгрес на народноослободитениот фронт.

25 март. 1948 година

“... Илјадници деца се спасија и се обезбедија во земјите со народна демократија. Така словеномакедонскиот народ е мирен од ова гледна точка (12).

Како да се протолкува ова утешување од вождот на КПГ (Граѓанската војна) за обездетување на Македонците...??!!

Впрочем, “крупните чекори”; на македонскиот народ и не му беа потребни. Од таквите преамбициозни народни водачи ( тука вклувајќи ги и НОФ и АФЖ), кои секогаш преземаа “крупни чекори” на секој план, една од заостанатите прегазени жртви е и децата кои до ден-денес останаа по светот, чие “Спасување” како феномен на едно време, веројатно трајно ќе остане како непријатен спомен во македонската историја.

Во тој дух, да ја проследиме: “ Нова Македонка”, весник на АФЖ од септември 1948 година, пишува:

“...Денеска сите се насолзивме. Се трогнавме како никојпат. Седевме во сенката под една топола. Никој од нас уште не спиеше. Се стемнуваше и ќе тргнувавме на работа, ноќе работевме. И...еве ја другарката Цвета од АФЖ. Само што иде, ние се радуваме. Кога е со нас, не знам зошто не се плашиме нит од топот.

Овојпат ни донесе писма од нашите деца, коишто се наоѓаат во народните републики. Ги читаме писмата, рацете ни се тресат. Срцето ни чукаше силно, но нашите ластари беа далеку. Што убаво ќе беше да ги бацевме малку!

Но тука идат аероплани. Алтилеријата фрла гранати по нашите села. Колку е убаво што нашата Влада ги испрати таму нашите деца за да се спасат.

Сега ни се наполнија очите со солзи. Ни пишуваат дека живеат добро... Само за вас мислиме, ни велат, вашите маки, војната...

Кутрите. Кога ќе си ги видиме пак? Ќе ги видиме кога ќе се ослободиме. Што убаво... Но за да се стори тоа ќе треба да го победиме фашизмот. А за да го победиме поскоро сите треба да се бориме. И ние во рововите се бориме.

Ванош напревивме повеќе три бункери. Тоа го правиме за да ни се вратат побргу нашите деца, за да си одиме дома ние и нашите мажи...”

Читаме:

“...Не, јас не го оставам мојот другар, мојата сестра и брат ми да се борат овде, а јас да заминам со децата. Знам дека тие ќе бидат безбедни, имам полна доверба во избраните афежетки, а јас овде ќе можам повеќе да придонесам за борбата.”

Зарем ова не значи тотална подредување на волјата на поединецот кон некоја надворешна сила (идеолошка сила)?

Невидени злоупотреби на идеолошката моќ.

Ете, така обземени од масовната еуфорија, поверувавме во раѓањето на еден нов ден. Непознавајќи ги условите на постојаното спротивставување меѓу капиталистичката империја на Запад и комунистичката империја на исток.

Таквото контролирано агресивно однесување може да се види и од паролите со кои го повикуваа народот.

Трагични и катастрофални последици врз македонската нацијата.

Историјата познава трагични случаи на разделби, одземање и откинување на деца од родителите. Независно од мотивите, судбината на откинатото дете секогаш носи белег на трагизам. Разделбата не едно дете од родителите е несреќа, немерлива трагедија и за детето и за родителите, но разделбата на илјадници деца од родителите и татковината претставува веќе трагедија на нацијата. Оттука раселувањето на македонските деца од Македонија под Грција е и дел од најновата историја на македонскиот народ.

* * *

Чекоревме по познатата калдрмисана улица, што некогаш костурчани ја викале “Рибарска” и чувствувавме духовен мир, а очите ни беа насолзени.

Крапов ми вели: Ова сѐ се правеше само за нас Македонците. Во тие години дури и да се наоѓаше на вистинската патека, ќе бидеш прегазен ако само стоиш таму...

Јас молчам и занесено чекорам, но во еден миг го прашав: Вие секако често жалите по овој живот?

Тој се сврти кон мене со глава високо крената, со очи наполу замижани и подтворена уста, личеше на вистински маченик ми одговори:

Да, во тие валкани години и време на лаги и братоубиства, таква ми беше судбината моја, но и на многу нашчи. Сега тука во Костур,човек е среќен ако има свој гроб. Тоа го доживеавме ние Костурчани…

Ти што мислиш мој пријателе: Дали човековиот ум може да се помири: ако е спречен од окупаторот, да нема право на сопствен гроб и да биде закопан пакрај предците?!

Боже, Боже, како да ме распарчи; ми потекоа мислите на моите прогонети блиски, а закопани: во Ташкент, Згозелец и Брајла. Нешто, посакав да кажам, ама тој продолжи:

Тука, а верувам да е така по цел свет на “мртов ден”, река од луѓе се слева накај костурските гробишта и покрај студенилото в зиме, кое влегува во коски или летниот топол пекол. Се поздравуваме меѓусебно со традиционален за овој ден поздрав:

Нека почиват во мир. Да им миросат коските и не ги делиме покојните на:комити и комунисти.

Бог да им ги прости гревовите. И, така си заминувам и ги одминувам луѓето.

Нека им се живи наследниците за да имаат кој да ги споменува, можеби господ Бог ќе определи време кога ќе се дознае вистината: Чија болка од прободот на забиената кама, била поголема неподносливата болка.

Но, сега и од напатените луѓе, со години го следи потсмевот од луѓето кои му ги забележуваа неговите телесни мани, а не можеа ни да насетат со какви умствени способности е надарен; целиот живот зад себе го слушаше потсмевот како тивко свиреше на својата омилена окарина. Тоа го правеше за да подзаборави на љубената Кираца, кога по враќањето островот ја сретна во Костур, осамена во својата стара к’шта.

Образите ѝ беа потемнети, веројатно од лошото минато, носејќи ја во себе тагата, болката и гордоста на семејната старостоградска лоза по мајка ѝ Олга Ивановна Воронцова-Беличкова. Кирјана (но ние костурчани си ја викавме Кираца), а името го доби по дедо ѝ Киро Беличков, свештеник кој богослужбените студии ги завршл во Ленин град и таму се оженал за Олга Ивановна. Поп Киро, бил заклан од андартите на Павлос Мелас.

Но, љубовта наша со Кираца преставуваше бескраен сон, недоглед од многу сложени виножита и бои. Кираца му припаѓа на својот кроток народ, на љуѓето и на обичниот свет.

Кога се врати и ја видов, на нејзиното лице речиси и да немаше шминка, но така беше уште поубава.

Таа честопати ми го поставуваше прашањето како и на кој начин станав толку млад Комита.

Големите љубови се ретки, како што се ретки и големите дела.

Кај костурчанките, кога чекореа радосни по оваа калдрмисана улица толку многу беше се развило чувството на подршка и љубов кон својата сограѓанка, што секоја го чувствуваше духовниот мир при својата прошетка, при првата љубов и гордост...

Во Костур се родие најлепите чупи... Костурска жена која беше врзана за домот, одговорна за ручекот, за децата, постарите луѓе, за испраната облека и прашината во распосланите гостински соби и вградените долапи. Метењето на широките поплочени дворови и бујните трендафили, ги нема, а сето тоа, денес е далеку и тагува по сѐ што остана во нејзините мисли. Единствено нешто на што остана во мене што катаден мислев е на тебе.

Си заљубив едно чупче Костурчанче
Падна моме се разболе
Бело лице потемнело ох аман, аман
Црни очи затворило...

# Седма глава

Тајнствениот пат до могилата на братојадците - Страшилово

Ден пред големиот празник “Голема Богородица”, во бранови трепери топлиот воздух и тишината предизвикува морничав немир, а во душата гнев и неспокој. Дваесет минути стоеме и го чекаме водачот што Треба да не носи до самото место на “Братојадската гробница”, но тој кога дојде ни се обрати со зборовите: Местото таму е дивина; сега по пола век, дрвјата израснати се до небо, сè е изменето, дури нема ни патека. Но јас се решив да ве водам поради тоа што сакам да ги посетам коските на мојот брат.”, рече Крсто Крапов, кому устата му беше подгорена како ѓон, а со мака продолжува да раскажува толку страшни работи што сите останавме вчудовидени, чиниш како да сме тргнале во некаков неврат.

Планината Вичо - е нескротлива дивина. Дивата убавина, која плени со остриот врв, густата шума и со многуте извори. Вичо е густеж од високи буки, и чудниот врв од каде се гледа Костур како на дланка, но непомалку и Леринското поле. Тука имаат загинато многу македонски Илинденци и Турци, Комити и партизанани. Полна со гробови и херои од најсмелите Македонци.

Само најсмелите се искачуваале на Вичо и само тие можеле да се сретнат очи во очи; со мечките и волците, вели Крапов.

Се движиме како претепани коњи. Кога излеговме на гол мегдан. сонцето немилосрдно не камшикуваше по глава и грбот, а чекорот ни беше чуден, како нозете да ни беа врзани со рѓосани железни пранги. Газејќи по остриte камења во боја на трева и мов. А околу нас во густата шума можеби не демнеа крволочки ѕверови.

Сè подивело, сè се изместило и зацарил стравот... Само лиотот ни се чудеше на нашата врева и смелост што неустрашиво навраќаме тука дури по пола век. Стоевме подзинати во побожна тишина и долго гледавме и слушавме разни шумови во дивината…

Со тагослив поглед и занемени минуваме по селатаа што изумреле. Газиме по затревените патишта и ги заобиколуваме урнатините. Фотографирањето и снимањето се само дел од звукот што ја нарушува тишината. Фотографиите се од отворени врати и прозорци и лет од некоја преплашена птица, кацнува далеку на некое високо дрво и зачудено гледа во нас.

Плодните дрвца, веќе го исфрлиле плодот, паднал и затрулел по сувата трева. Секој прави по некоја фотографија; со желба за спомен и некому да ја покаже...

Тука народот што живееше под планината Вичо, Кукуљ, Рунѕел и се до дека ни пулат очите, се ископачени, ги нема и не се знае кој каде свил гнездо, далеку од овој роден крај, вели Крапов и во еден миг, радосен извика:

Луѓе! Стигнавме, ене тука е големата братојадска гробница. Тука се коските на нашите; татковци и браќа!

А јас во себе си велам: Сполајму на господ! Одвај пристигнавме со раскажани нишани од пред половина век, оставени во едно окрвавено писмо.

Водачот, ги читаше и пребаруваше по знаците оставени на дрвјата. Јас опиен од мирисот на здравецот, лавандата ме прави моите очи да светат небаре повторно прв пат да сум се заљубел во овие родни предели. Јас со носталгија се сеќавам на мајските рози во сите бои ме потсетуваат на мојата починатa мајка, чија градина беше полна со рози.

Одевме повеќе од пет до шест часови, слушајќи ги болните повици од едно историско сведоштво, за братојадството, во оваа црна шума.

Кога се зарумени и далеку на исток блеснаа првите сончеви зрази високо над нас, во чистото сино небо, со мирен спокоен лет се појави белокрилна птица. Чиниш посака да не поздрави, летот низ зелениот мирис на долината ѝ беше мирен. Леташе кон планинските врвови кон небесното синило. Тишина

свемирска лази по патеките на муграта. Миг неповторлив.Чувствував дека постојт моменти кога нашите срца поебно длабоко се врзуваат за секој вид од природата.

Во сите нас немир, сатански темници серојат внатре, во нас, и ечат ѕвона тешки, камбани адски. Како се приближуваме, до гробницата небаре секавица подземна го голта небото со своите пламени јазици. По патот - нерамница, покриен со и ипреплетени корење длабоко вжилени во неплодната земја. Многу бројните чекори; тивки, нежни, битисани, тапливи, старечки и несигурни, одвај чујно го газиме патот, со болка, возбуда од она што ќе видиме во големата “ братојадска гробница”. Ќе пишува ли нешто за коските, барем од кого се, чиј се. Секој подзастанува, ама не го прекинува одот, потпрашува, а во себеси го одмерува ликот на тој што тука му се коските: Таткото, дедото, братот, стрикото, братучедот, вујкото, пријателот, селанецот и му го споменува името и чекори полн со недеж дека ги најде коските. А на некој, одеднаш погледот му бега кон небото и се ѕвери во синилото. Од висините слуша како доаѓа страшен подмолен кикот. Секој од нас се прашува:

Кој ли е!? Што ни се случува? Можеби горе се убијците и од таму ги влечат конците на нашите судбини?!

Сите го слушаме тој злобојаден глас: “Коските се ваши, но планините се сега наши!”

Во еден миг наеднаш се најдовме надвор од шумата и пред нас се појави грмада камења...

Свежината на воздухот, сите го чувствувавме дека потта ни се стиши што ни течеше по вратот, но вниманието и понатаму ни беше целосно насочено кон месноста Страшилов вир.

Кога стигнавме до самото старо расчатален дрво, месечината беше толку сјајна, златните зраци не удрија процирноста на водата во месноста “Страшилово” - “Страши вир”, а тоа ни потврдуваше дека стигнавме до гробвицата.

Прва работа што ја направивме беше да го истапчиме бујниот папрат, планинската трева и да налегниме, опиени од мирисот на искршениот папрат. Само што се испруживме, секој по својата желба, дојде Крапов и ми вели: “Под нас лежат коските на нашите татковци и браќа...”

Уплашени сме сите и шепотиме во апсолутната нема состојба, а еден кашлајќи се прокоментира: “Тука ноќе е најстрашно. Низ овој густ папрат лиотот шета, нушка и ние како да сме му добродојдени. Можеби оваа е божја волја дека и ние како нашите татковци, тука ќе умреме”, уплашено рече.

Водачот Крсто Крапов, не забележливо се сврте кон планината и продолжи:

Тука народот што живел под овие високи врвови; Вичо, Кукуљ и Рунѕел беше ставен меѓу нишан; едниот истрел удираше од горе - Еласитите, другиот од долу: војводите и комитите во Костур.

Во тоа време лугето од овие села катадневно беа растрчани, развикани и расплакани. Се слушаа викотници до небо, лелеците и плачот при напуштање на родната грутка; колнежите при напуштањето на своите домови кои гореа во високи пламени, оставајќи сè што било спечалено со векови и заминуваа во неврат. Сега секој што живеел тука во тоа лошо време, имаше своја приказна. По толку години се помалку ги има, изумреа по светот заедно со своите приказни.

Крапов, зазеде чуден став, како на очаен овчар кои го изгуби стадото. Ги забриша солзите и продожи:

Ете, тука се случии најкрвавата драма во оваа ледина. Токму тука ги заробија нашите Комити и им се приближија Еласитите (од редовите на Елас, кои беа избрани за да ги ликвидираат фатените Комити, а тие биле само Македонци кои беа претходно пребегани од Комитите во редовите на Елас) со блеснати штикови. Еласитите немаа наредба да ги убијат со испукани рафали, туку живи ги фаќаа еден по еден и како уплашени јариња ги колеа... Тука на оваа лединка, породот и

племето, ги расејуваа гревовите, сништата нивни и наши. Тука, згасна сонцето на Костурчани, а месечината потемна, занеме и никој на никого не се сеќава. Огнена меќава од крвта на овие наши браќа и татковци, пред очи денес ни согорува,вели Карпов, со насолзени очи и подолго замолча.

Таа цела ноќ, молчев! Ме онемеа сведоштвата на Крапов, а и студениот ноќен воздух ја извлече топлината од нашите растреперени тела. Сè е облеано од месечевата светлина.

Глуво време, во нови пронајдени гробишта. Судбина, време кога ни се множеа гробишта на гробишта. Време, кое катадневно, на живите ни ги дроби коските.

До крајот на ноќта, останав да бдеам сам да си го дотрошам од предтполнокното време до осунот. Само копнежот остана, да останам сам, но се уверив по ноќното бдеење, на неколку чекори од мене, сите го правеле исто; со наведнатаи глави клечеа. Кон осунот, одеднаш погледот ми бега кон небото и се ѕверам со часови во синилото. Од висините слушам како да ми надоаѓа еден подмолен кикот: Вашите мртви ги оставивте неодмаздени и заборавени.

Што ќе запише историчарот. Ништо!

Станав и тргнав натаму, небаре ме води некоја невидлива и груба рака. Се прашувам:

Кој ли ни се смее нам?

Можеби зашто сме налегнале над коските од татковците и браќата, можеби пак е некој од убијците, од озгора ги влече конците на нашите судбини?!

Стојам и размислувам, а во крвта ми вријат вулкани и молни ми светат во коските и по некое непишано правило се вртиме во круг на нашите рани...

Ја запаметив ова ноќ, меѓу кориците од ноќта и денот, целото ноќедение ја мислев историјата и стигнав до затворените

челични капии. Ги барав трагите од стапалките на татко ми, но не ги ненајдов... Одамна завеани се и изрешетени со дождови од куршуми.

Ноќ е. Темнее месечината, осамени сме, и ако сме сите, немееме, никој никого не разбира, никој на никоо не се сеќава. Сите коски се тука. Без лик, без облик на човечки скелет.

Се обидувам да ја ѕосертам насмевката на татко ми. Стојам со поглед вперен во коските над кои седам. Прво ги открив сите надиплени наслојќи од дамнешните времиња стари. Ги намнисав како тие радости од дедството биле разлеани во животот кога растев во татковиот скут. Се обидувам, сега да ја замолчам солзата во десното око, која се токми да капни и удри во коските на дланка од раката на татко ми, и небере посакува да го праша: Татко, дали мене ме умиш? Зарем не ме умиш како растев во твоите раце, или ме заборави, оти те плашат морниците под кожата и треперењето на прстите во дланката твоја?! Ти знаеш дека таа твоја дланка ми беше најверна заштита. Јас секогаш ја барав... И во оваа црна мугра, јас упорно ја наѕирам сенката на твојата дланка. Таа твоја дланка ми остана верна таткова покривка.

Зборовите ми секнаа. Се стаписав. Настапи Помрачување. Сè е измешано, сè е погрешно, во грешно време. Ка шчо вељат Костурчани Од ка дојде Гркот. Зборот молчи и збира болештини во празнотијата на црните мугри.

Ближи разденување, во далечината гледам се раѓа крвјосано сонце.

Во тој миг од скутот на една млада невеста која со нас тргнала на посета, а таа ти била правнука на комита. Детето заплакува за доење, а пред падот на солзата, дури каменот ги затвара клепките да не види ништо од расфрлените коски и нешто да забележи од полавековната судбинска историја...

Што ќе запишат еден ден историчарите за овие луѓе? Ништо. Никој никаде не ќе биде спомнат.

Одненадеж се слушна силен рев. Ме штрекна мрачна мисла и немаше сомневање дека ни приоѓа голема мечка, затоа што оваа место било долги години нејзино врталиште...

Така скаменет, стои и водачот Крапов, молчи. Си велам можеби затоа што по цел пат раскажуваше толку страшни работи што сите бевме вчудоневидени.

Но, знам дека тој неможе да молчи  пред едно такво проклетство, зашто колку непријатно би било да се сетиш, толку е непријатно да не можеш да спиеш над коските и заборавиш, а сето најстрашно е запишано на овие нивни коски. Таму се напишани најстрашните работи. Дури чиј бил и ножот удавен во крв. Зарем може да се заборави блескот на ножот, шурканието на крвта, на ископаните очи, на исечените делови од телата на предците, браќата, на поданството наше, на чекање ред пред колачот и да ги гледаш неговите окрвавени раце, на мирисот на крвта. Лелеци, стенкања, Овкања, повици за помош. Како да се заборави на крвникот - касапот Мите со изгрченото лице, напрегнато од злотокоба, си игра со ножот, како да сечи зрели лубеници. Гази над крфта и ненаситно фучи од бесот што го опфати големата ИДЕОЛОШКА ИЗМАМА.

* * *

Војната беше распламтена на сите страни, така ја запамтив.

Не знам, што ќе запиши еден истражувач за сите нас и овие наши луѓе. Ништо. Зарем, никаде не ќе бидат спомнати!?

Добро го паметам и кога Костур и костурско мирисаше на смрт, грчките комунисти во тоа време ни нудеа "Братство и единство", а тоа повеќе небеше во интерес на мирот, туку во моќта...

Сѐ беше во името на народот. Еласитите со премногу егоизам, омраза, лаги и насилство спрема Комитите. Недоличното однесување, а за физички пресметки и да не зборуваме. Значи, се можело! На видело беше: моарализам и аморализам.

Еласитите - Левиот блок со интегративниот проект "Братството и единството" продолжуваше Братојдаството без разлика да ли тоа нам на Македонците ни се допаѓаше. Важно за Грците, беше да бидеме дел од таквиот проект, се додека не станеме тугинци во нашата Костурска земја... Времето покажа дека триковите на Сјантос ( КПГ) и Темпо (КПЈ/КПМ) им беа успешни во нашето БРАТОЈДСТВО.

Само, македонските комити, беа горди и свесни за својата историја и револуционерна борба на своите Илинденци и за тоа немаа резерви кон бранењето на Костур се до смрт. Друга татковина тие немаа. Македонците што изиграваа комунисти, се најдоа како талкачи по светот, бидејќи не биле "Грци по род".

Водачот Крапов, пушеше цигари и зборуваше без прекин. беше преполн со прашања за нашето минато, за луѓето кои живееле и земјата ја обработувале, ја сечеле шумата, ги коселе ливадите, ги паселе многу бројните стада овци и понекогаш од сè срце се смееле додека му кажував како многу од нас живееме во тугина.

Од посетата на братојадската гробница во џепот на елекот, ми остана еден пожолтен лист и на него сум запишал: Зашто ние Македонците сме, секој против секого!? Зашто сите против сите сме?!

Се ништиме. Лелекаме. И пиштиме. Денес ја најдовме гробницата, од нивните коски прочитавме и дознавме сè. Ја најдовме по повеќе од пола век ги надовме коските, по кои пекавме пола век.

Но, тука ги нема луѓето од тоа време. Луѓето од овие села кои катадневно беа растрчани, развикани и расплакани. Луѓето на кои гласот и плачот им се слушаше до небо. Лелеците и плачот при напуштање на родната грутка; колнечите при напуштањето на своите домови кои гореа во високи пламени., оставајќи сè што било спечалено со векови и заминуваа во неврат. Одненадеж се слушна силен рев. Ме штрекна мрачна мисла и немаше сомневање дека ни приоѓа голема мечка, затоа што оваа место било долги години нејзино врталиште...

## Осма глава

Плачот на трубата пред могилата на братојадците.

1. Осунот го дочекавме налегнати над коските од нашите браќа и татковци. Денес е Христијанскиот голем празник: “Голема Богородица”, и сите Костурски села, со невидеа почит го слават на 15 август - катагодина и до сега не се памети дека некоја година да е заборавен. Крапов се чувствуваше вкочането. Што ли треба да правам сега? Се запраша уплашено. И така цела ноќ, црни мисли го разјадуваа, покуша да стане и да прошета гордо низ папратот, ама баш како тие старите Илинденци кога останувaа на пусија по цела ноќ. Ох, мојот живот како бунтовник не им одговара на многу луѓе, ќе речеше тој низ насмевка.

Таков беше и моралните вредности во животот му беа многу значајни. Неговата најголема цел беше да биде корисен за својот народ. Се интересираше за науката и за историјата на Македонија и Македонците и многу сака да полемизира за историјата и за злото што му е нанесено на македонскиот народ. Човек со него може да разговара за сè. Дури и за вербата во бесмртноста и велеше: Еден ден животот му е доделен на мудрецот, а глупавиот не ќе знае што да прави ни со вечноста.

Низ неговите дамари, чиниш тече крвотокот на македонската историја, го памтеше сето она зло што му го нанел Гркот. Сите велеа дека, тој е многу храбар и способен да ја открие вистината за Костур и Костурчани и да ни раскаже точно, што навистина се случи во тие катарни години, а од тогаш до сега, се сè прикрило, го нагриза времето.

Како се раѓаше денот, така расте плимата во Крсто Крапов. Му најдоаѓаат случките како океаните бесни бури и му го преплавуваат секој дамар, секоја пора, клетка, нерв, мисла, сета мозочна кора. А и во секои од нас, се коти некаков немир, како да сме тугинци во својата земја.

Седевме склупчени на истапчениот (изгазен) папрат и со мислите што денот по осунот не најдеме.

По куса пауза водачот, кој сето време клечеше или шеташе низ папратот и зборуваше одлучно како да диктира, конечно го сврте погледот кон мене и ми вели:

Тоа што се случи тука во историјата не е забележано, а ниту го знаеме другото лице на историјата. Знаеме само дека за оние кои тргнаме по патот на моќта, немаше враќање. Тие вечно ќе им останат робови на својот избор, и ако навистина го оствариле својот сон сè додека не ги напушти, тие ќе потонат во длабока депресија. А кои биле тие? И зошто тие се однесува така? Тие биле дел од Костурските Комити, кои пребегнале од редовите на македонските комитите во редовите на ЕЛАС. Тоа го сториле за тоа што комунистичката партија и Еласитите ценеле дека најголемо зло во Грција биле Македонските комити и против нив се оргтанизирале многу потери за нивното ликвидирање, а тоа беа и овие наши најмили што сега им ги најдовме коските.

Еден есенски ден, во Штабот на Елас се подготвуваше; фаќањето и нивното ликвидирање токму оваа група која броела повеќе од 24 души комити кои тргнале кон север. За сета акција беа информирани и Главниот командант на ЕЛАС за Костур и Костурско В. Химарос и Мајорот Аријанос.

За обмислената акција беа добро информирани од офицерот на поранешната грчка армија, сега мајорот во редовите на Елас Баскакис, тој им ја ображложи акцијата и конечниот исход од неа.

Убаво обмислена! Прекрасно!

Крај могилата седев и плачев слушајќи го говорот на Крсто Крапов.

Кога му се доближив на водачот Крсто Крапов, му реков: Ме опфаќа неописив страв. Се плашам од физичките маки. Стравот од преживениот живот, од смртаа која неколку пати минуваше покрајмене...

Ми одговори со сигурност: Секој што ги познава границите на страдањето е ослободен од стравот, како тој да има сигурен лек против таквиот стравот. Крапов,  чувствувајќи се како војник кој паднал покосен на земја, потстана и се сврти кон мене посакувајќи да ја смени темата и да ме смири и ми вели:

“Којзнае колку наши луѓе беа заклани тука, таа проклета ноќ?”, вели и продолжи: Дури и птиците што сега излетуваат од старите гнезда мирисаат на крв. Овоа парче земја е натопена со македонска крв, од нашите искасапени татковци и браќа. Од сите оние кои се бореа за сопствената национална слобода; за спас на честа, за името и родот македонски, а историјата досега нема речено ништо, туку само во историјата што ја пишувале Комунистите и Еласитите сме анатемисани затоа што сме биле против нивната идеологија: не сме биле ИНТЕРНАЦИОНАЛИСТИ, туку сме биле најљути следбеници на Илинденските  Комити.

Ете денес таква е историја на комунистите (само тука, и тамо по некој доменородец), но историјата што ја напишале грчките власти, нас Македонците во општо и не нема, сѐ е грчо, сѐ е во границите на Мегали ЕЛАДА.

Ние денес што славиме? Илинден? Дали е ова Македонија од оние историски денови или е можеби на лик на голема наша гробница? Тука, жестоко е удрено по човекот!

Да, мојата Македонија памти, ама се плашам на својата стогодишница од прогонот на моите предци почнува да страда и земјата по нас. Цел еден век, по светот станавме говорници полни со национална патетика, можеби затоа што во душава секој од нас носи тежина која е потешка од каменот земен од оваа обезмакедончена земја, а еден ден ќе препукне и ќе одекне во целиот свет како длабоко празно македонско ехо.

Тешко се живее под идеолошкиот притисок, кога сите ја знаеме тајната; како се убивани Костурските комити. Со таква тајна, тешко се живее, сеќавањата болат, па некои не издржуваат да молчат, и го откриваат тоа што го чувале како тајна на нашите едновековни болки. Повеќето изигрувавме чесни членови на

КПГ и интернационалисти, но далеку далеку од родниот Костур.

Да, токму од тука, од костурско започна македонската крв да ја облева родната Македонија. Тука беа војводите, кога муницијата им завршуваше, почнуваа борба гради в гради, со ножеви, сабји и бајонети и камења. Војводите: Чакаларов од Смрдеш, Коле од Мокрени, Коте од Рулја, Митре Влаот и Коле од Кономлади, Костадинов од кастенаријата, Кршаков од Косинец, Гелев од Трсје, Кочо и Трпче од Турје, Коле од Добролиште, Алексо од Екши-Су, Пандо од Баница, Лазар Поп - Трајков, Кузо учителот од Блаца, Христов од Прилеп, Петров од Жупанштa (за кој се испеани многу песни), полковникот Јанков од Загоричани, тука се и многу бројните цркви и во нив комитите даваа заклетва за ова Македонија...

Му потврдив и му реков:

Ние Македонците долго време во војната живеевме во светот на ЛАГАТА, но и по војната останавме да живееме во светот на тагата - ТАЛКАЧИ.

Како да сме отпадок на светот.

Крапов, потстана и со повисок тон ми вели:

Оваа е наша земја и ние треба да имаме верба и љубов во оваа земја, а сите знаеме дека гркот уште од пред сто години, таа љубов кон родна прадедова земја посака да ја уништи во нашите души.

Појдовме низ тешки денови, многу искушенија. Бевме поразувани. Мрцварени, негирани, оспорувани и навредувани. Полни сме со длабоки лузни, со навреди: Вие сте Комити, а Вие сте: Еласити и гркомани.

Кај нас Македонците; сите тие Еласити, Комунисти Царисти, попови и даскали, отровот на неслогата што со итрина го всадија во нашиот ум бришеше, секакво размислување. Лагата е претворена во вистина, а вистината во лага. А всушност, сите ја

сакаа Македонија, а не Македонците. Луѓе не им требаше, тие си донесоа навреме од Пондија.

Тоа и ден - денес трае...

Но, сега ни останува грижата на совеста, ние да ги пронајдиме коските на нашите предци. Уште се бориме со предрасудите на нашите соседи, но и со сопствените. Како сè уште да не сме сосема убедени дека постоиме и дека самите сме одговорни за својот живот. А би требало денес, кога ги бараме коските и урнатините да сме посигурни во себе и во она што сакаме и каде сакаме. Тој наш страв и несигурност ги чувствуваат сите што нè набљудуваат.

Чудни луѓе сме, честопати, пропуштаме; сè судбински да течи... Талкаме прогонети и времето низ нашиве очи како да не е наше, како да не бележи ништо за нас, не не вбројува во историјата, а срцето не ни дава; туѓото да го нарече наше. Како што го прават освојувачите и сега пред светотот велат дека Костур е нивни - ГРЧКИ.

Му се прекина мислата.

Ме опули во очи и чекаше одговор на сè што ми зборуваше. Јас, со некакво чувство на вина му велам:

Боледувам за сето што го зборуваш, но не би можел да ти одговорам веднаш. Сега би можел да ти кажам само она што ме мачи, дали ќе ги најдеме коските?... И можеби, по оваа посета на коските од нашите татковци и браќа ќе го запамтиме овој век и ќе им ја раскажуваме на нашите внуци...

Пак се одзва водачот наш - Крсто Крапов:

Толку сме обични што се разболуваме од обични болести, а времето и патилата, ќе го помниме најмногу по злото, по горчливиот вкус, по оставените коски и гробови, по херојската борба на нашите востаници и жртви за одбрана на Македонија.

Наместо да се лекуваме од проколнатата зависност од поданството и братојадството, со години ги исполнуваме наредбите на тугите богови, а тоа, значи си одбравме болести по желба. Тоа беше време на вистините и нашето робување со поданството и политката како луња пустошница, тугинците однесоа сè што можеа, зедоа кого зедоа и убија, дури мртов човек да беше. Не натераа да се клукаме еден со друг и сите повици беа преку црковното бронзено ѕвоно - камбана и за радост и погреб.

“Бирајќи богови - ние си ја избравме судбината”, како што рече Римскиот поет Вергилија.

Ќе го помниме по Илинденското востание и нашите дедовци, по Балканските војни, по Првата светска војна и нашите татковци, по Втората светска војна, по херојските Комити и комитскиот отпор, по Македонците во редовите на Елас кои пукаа во Комитите, по измачуваните наши таткови и браќа по голите острови, по Граѓанската војна 1946 - 1949 година, по етничкото чистење, по вечното трагање на коските, ќе го памтиме по одземанието за навек нашата прадедова земја и без право да можиме да се вратиме; затоа што не сме биле “Грци по род”.

Тоа беше златно време за грчките Еласитите и комунистите. Тие со својата пропаганда упееа, над сите поданици Македонци да извршат трајна “Идеолошка тетоважа”, која траеше долго дури и до Граѓанската војна. Со таквата “идеолошка тетоважа” КПГ(1945 - 1949) грчките Комунисти, со Македонците поданици, правеа што сакаа... Тие со својата стратегија успееа да убедат еден голем дел Македонци, дека во овој момент во Костур и костурско, најголемото зло биле македонските комитите. Тоа минато ме потсетува дека сите големи патила се всушност оние основни работи што сме ги правеле по налог на македонските идеолошките активисти во Елас, биле агитатори со цел да не ископачат.

Дали ние Македонците верувајќи им на ЦК на КПМ/КПЈ бевме убедени дека НОФ и АФЖ ќе можевме да ја обединевме Македонија? Се покажа дека тоа не беше возможно, туку беше многу јасно дека веќе влеговме во ветерот на преселбите и

нашиот живот го живееме жигосани со жигот на идеолошката тетоважа. По јасно кажано: Војната за нас беше најголемата глупост што дозволивме да ни се случи и ние Македонците од лавови во сопствената татковина по војната се најдовме во прогонство и во ситуација на уплашени мачки што барајќи спас се качуваат на дрво, бегајќи од разјарени кучиња.

Но, денес нее час по историја.

Денес ги бараме коските на нашите. Злоделото е извршено токму туака:

* * *

Еден есенски ден, во Штабот на Елас се подготвуваше; фаќањето и нивното ликвидирање токму на оваа група која броела повеќе од 24 души комити од најкомитското село Четирок, кои тргнале кон север. За сета акција беа информирани и Главниот командант на ЕЛАС за Костур и Костурско В. Химарос и Мајорот Аријанос.

За обмислената акција беа добро информирани од офицерот на поранешната грчка армија, сега мајорот во редовите на Елас Баскакис, тој им ја ображложи акцијата и конечниот исход од неа.

Убаво обмислена!  Прекрасно!

Командантот на пешадискиот баталјон Аристотелис Аријанос, почна да чекори, мрачен во селската соба каде беше стациониран пред неколку дена.

Значи, веќе сте ги одабрале кои и колку. Еласити ќе учествуваат во ликвидирањето на ова најопасна група Комити, која бега накај север и сега се крие во месноста Страшилово, а то е помеѓу селата Турје и Бапчор.

Изборот вие добар што сте го направиле и добро е што сте ги изабрале сите тие што сега набргу се дојдени од редовите на Комитите и дали навистина се покајни и во нив има нешто

(Грчко влијание) и да можеме да им веруваме. Значи од нив сте барале, токму сега да се покажат дали навистина можат да бидат добри и верни граѓани на Грција или ќе живеат прикриени во нашите редови.

Тоа оставете го на мене, му одговори Баскакис.

И продолжи да му објаснува во детали. Дека сите се од најлутите Комитаџии, но тие тоа го сторија за да спасат глава.

Стрелачкиот одред кои го сочинуваа само Македонци (поранешни Комити кои преминале во Елас и сега беа под влијание и агитација од Македонци комунисти или Еласити, сега служеа во редовите на ЕЛАС).

Одред, по планот, беше одобрен и од главниот командант на ЕЛАС за Костурско (како да се убијат Македонци со Македонци).

Крапов потврдува:

Итрина на командандниот Штаб; Аријанос и Химарос беше, дека само што ќе завршат со поколот на нашите татковци и браќа и ќе тргнат да се вратат во базата треба одма да бидат ликвидирани само одбрани и верни Грци Еласити.

Така и се случи; Тие излегувјвајќи од шумата и влегоа во густиот папрад, бришејќи си ја потта и дамките крв на своите ками и оружје, а уште се слушаше крикот од неподносливата болка на искасапените Комити во тој миг, се слушна шкрапања од активирање на автомати од правите Еласити - Грци. Не помина ни секунда, во нив, одекнаа неколку рафали од Еласити - Грци и екот траеше испомешан со офкање на убиените кои до пред секунда ги имаа испоколено нивните браќа кои бегаа од Еласитите.

Покосените паднаа, но не разбраа кои во нив пукаше. Најверојатно во тој миг помислија дека тие одмазнички биле убиени од мала заскитана група Комити (а и на народот така им беше соопштено) и им му се одмаздиле за извршеното

злодело над нивните дваjсети четири Комити кои бегале кон север и барале спас од прогонот што бил организиран од единиците на Елас за ликвидациjа на Комитското ослоодително движение во Костур и Костурско.

Нашиот народ вели: Кога човек ќе поверува дека е сакан, станува суров, а незнае што го чека...

Токму така, дедо ми велеше: На Грк и на бесна лисица, не му веруваj дека било кога не ќе те касни. Така и се случи, со нашите Македонци кои пребегаа во редовите на ЕЛАС, на сите нив им се стори дека тие се многу сакани од Грците во редовите на ЕЛАС, дури се разгалиjа со своето поданство толку многу, што се понашаа како свои на своето, веруваjќи во братскиот и комунистички однос?

На краj што не наjде: Кога Македонците сватиjа - се наjдоа надвур од Македониjа под Грциjа.

Од тоагаш, па можеби за некоj и денес не го протолкува овоj чин. Но, од тогаш многу повеќе се водевме според емоциите од колку според аргументите; по често се боревме идеологизирани во нивна корист, и си ги анатемисувавме нашите предци. Но ниту еден нофитин и афежитин не бил повикан да каже како и зошто го изгубивме Костур и родниот краj, токму кога цутеше комунистичкиот идеал (1941 - 1949). Сите иделогизирани активисти никоj не ги казнува, туку ги наградува и ги величи како верни борци на комунистичката партиjа.

Замолча и со солзи на очите jа раскажуваше целата вистина што му jа раскажа гробарот на братоjадците:

- Така беше тогаш; Македонците комунисти кои се наоѓа во редовите на Елас го имаа прифатено ставот дека треба да се ликвидираат Комитите: Македонците членови на комунистичкта партиjа и Елас, се наоѓаа под ропство на таа општа идеологиjа, кои сурово и нечовечки постапуваа со неистомислениците и оние што ги изразуваа македонските чувства и аспирации за самостоjна и независна македонска држава.

Краток извадок што запамтив од говорот Крапов:

...Комитата не се покорува. Знае да општествува. Горд е. Не посакува никогаш да биде неправеден. Трага по вистината. Го враќа и го помни и доброто и злото... Комитата пее, твори, сонува, вознемирува, знае неговата нова пролет во родниот град може да биде кратка болка.

Темпераментот на Комитата често е виорен, бунтовен, насилен, див. Тој може да биде ведар, бескраен родољубец, но и чест трагичар...

Последните зборови му беа: Лагата беше претворена во вистина, а вистината во лага. Идеолозите беа мајстори за таква работа. Но, кој не го казнува злото, тој е негов пропагатор.

На крај од приказната, сите молчевме како гроб.

Крапов натажен од нашата разделба, ме прегрна и долго плачеше во моите гради.

Кога се раздени и блесна првите сончеви зрази високо над нас, во чистото сино небо, со мирен спокоен лет се појави белокрилна птица. Чиниш посака да не поздрави, летот низ зелениот мирис на долината ѝ беше мирен. Леташе кон планинските врвови кон небесното синило. Тишина свемирска лази по патеките на муграта. Миг неповторлив.Чувствував дека постојт моменти кога нашите срца поебно длабоко се врзуваат за секој вид од природата.

Во сите нас немир, сатански темници серојат внатре, во нас, и ечат ѕвона тешки, камбани адски. Како се приближуваме, секавица подземна небаре го голта небото со своите пламени јазици. По патот - нерамница, покриен со и ипреплетени корење длабоко вжилени во неплодната земја. Многу бројните чекори; тивки, нежни, битисани, тапливи, старечки и несигурни, одвај чујно го газиме патот, со болка, возбуда од она што ќе видиме во големата братојадска гробница. Ќе пишува ли барем од кого се, чиј се. Секој подзастанува, ама не го прекинува одот,

потпрашува, а во себеси го одмерува ликот на тој што тука му се коските: Таткото, дедото, братот, стрикото, братучедот, вујкото, пријателот, селанецот и му го споменува името и чекори полн со недеж дека ги најде коските.

Денес Грците и многу народи обележуваат победи. Ние што да обележиме? Трагедии, жртвите, егзодуси, масакрите,поробувањата или асимилациите. Никаде на оваа костурска земја нема ниту најмал споменик или помен на оние стотици илјади што се бореле и паднале за нивните идеолошки стратегии во туѓите армии. Урнатини, изгорени села,а селаните протерани дур до Ташкент...

На Крапов, одеднаш погледот му бега кон небото и се занесе во синилото. Од висините слуша како доаѓа страшен подмолен кикот. Кој ли ни се смее нам? Можеби горе се убијците и од таму ги влечат конците на нашите судбини?!

Сите го слушаме тој злобојаден глас: “Коските се ваши, но планините се сега наши!”

Сите молчевме. Како да ја прифативме судбината, но Крапов бунтовнички рече: Оваа земја е натопена со крв и нам ни останува да ги забележиме во нашата идна историја. Некој мора да остане да ги собере спомените. Ако некој не го стори тоа ќе се изгуби. Јас останав. Спомените се болни, јадовити, но се колнам дека до крај на мојот живот, ќе ги набележам за да еден ден идните генерации имаат своја МАКЕДОНСКА ИСТОРИЈА; СО НАШИТЕ ЗНАЈНИ И НЕЗНАЈНИ ЈУНАЦИ.

## Деветта глава

Место крик пред скелетот на обесената мајка во името на револуцијата (1948), Џони (Ванчо, сега дојден на посета од Канада), син на Лина и Ламбро, спомнувајќи си на некои моменти од сопственото минато ѝ се обраќа на саканата мајка:

Ти мајко, во писмата до татко ми му пишуваше: родот го растам во белата палата со жива ограда и широки порти. Во цветна градина и двор со поглед кон сонцето. Во нашата градина, виножито го напојува бунарот и жедта на децата им ја гаси.

Те чекаме господару наш!

Сега Мајко, осамена, на овоа старо и високо дрво се ниша на бесилката твојот скелет и со сенката му ги разладуваш корените. Забележувам Мајко, од твоите солзи; по татко и по нас децата твои, забележувам исушено блато...

Знам, тие што ти јачитаа смртната казна се под земја…!

* * *

Крапов, пријде  и клекна пред високото чаталесто дрво, загледан во скелетот што полека се нишаше, но и во синот на обесената - рече:

КОБНАТА 1948 година, спрема Македонскиот народ беше погрешен насочен морал кон една нација - македонски народ, со своите валкани цели, да изврши обездетуање на македонската куќа и со цел даго обезмакедончи македонското крепко и вековно семејство, и со тоа на Македонците да им создаде политичко семејство. Со тоа го распарчи и ја обездети македонската куќа. Но, најсрамното е дека во таквата акција, учествуваа и македонските организации НОФ АФЖ, создадени во Југославија на 23 април 1945 година. Таквиот акт, во човештото е срамен и геноциден - да им ги отстапи децата, на Партијата во име на народот?!

ОВА НЕ СЕ ТРПИ!

Ова се случува само тука во Македонија и тоа се прави од како дојде Гркот.

Тука во Македонија под овој окупатор, ние Македонците немаме можност да ја постигнме целта на животот и со тоа совршено да ја изразиме својата животна задача и среќно семејство.

Првиот геноциден зафат го направи Кралицата Фридерика, а по неа тоа го направија и Комунистите.

Но, чудно е дека едните и другите тоа го прават со македонците поданици.

* * *

Тоа беше време со премногу суети, егоизам, омраза, поданство и акт на насилство, вели синот Џони (Ванчо) на обсената мајка, кој по 65 години живот во Канада и Америка е дојден да ѝ го посети гробот што го нема, но има остатоци од нејзиниот скелет кој уште висат на високото чаталесто дрво кое послужело за бесилка за време на Граѓанската војна (1945 - 1949).

Тоа беше веќе половината на март во четириесет и осма година; течеа подготовките за собирање на децата, но жените на кои мажите им беа во Америка и Австралија немаа добиено изим, да ги оттуѓуваат своите деца.

Паниката, која ги имаше обземено мајките, си го направи своето. Плачот и офкањата продолжиија сѐ до доцна во ноќта.

Таа последна ноќ, никој не знаеше што се криеше во душата на Лина Богданова. Тој ден беше пристојно облечена и оставаше впечаток на ревносна личност, сигурна во себеси. Таа му беше верна,  приврзана и чесна на својот Ламбро кој сега беше на печалба во Америка. Но, таа сега мораше да биде внимателна.

Еден старец го изгуби разумот, кога од раце, една АФЖ- итка, го истурка и од раце му ги зеде внуците, не му даде ниту да ги бакне. Го укори и му одговори:

Старче, оваа е ревулуција, така ние речено од одзгора. Раководството, така нареди...

Лина гледа и ништо не збори, молчи и тешко воздивнува. Се тресе од некаква чудна јаnsа. Потта ѝ го натопи фустанот, челото по зачестено си го бриши, но одвај се задржува да не изгуби равнотежа и со голема мака рече:

Важно е, нашите мажи да кажат "да" или "не", ги даваме децата или не ги даваме - им даваше одговор на АФЖ-тките.

Зарем има ли нешто посвето, зарем има ли нешто по мило, да ти биде чедото кај тебе, срцето дати не вене? Ве молиме... Како без да знае стопанот, мојот Ламбро, јас  некому да му ги дадам децата и да шетам како улајвејка? Тогаш зошто ги родивме?... За Партијата? Тагата ѝ беше голема.

Слушна гласови: Во право е, викаа и молеа сите средновечни жени. Лина, тоа им го кажуваше отворено на сите АФЖ-тки и им велеше: Историјата покажува дека само на нас Македонците најлошото ни го прават и ни ги разгоруваат тензиите... Сведоштвата јасно покажуват со тоа сакаат да не ископач од нашите прадедови огништа. Извините доколку моите прашања ви се чинат дрски, ама такае... Подобро нека умрат со нас тука, отколку по островите или низ Европа. Јас единствено сакам децата што сум ги родила да ми останат дома. Овоа што го прават комуниститите и овие АФЖ-тките е систематски уништување на нашите корени. Богданова беше многу, многу огорчена на АФЖ-тките кога една од тие ѝ рече: Лино, што треба ова да значи? - студено ја гледаше.

Ние и комунистичката партија, се бориме за доброто утре. Мислам дека ние Македонците треба да бидеме на прва линија и да дадеме сѐ од себе, со тоа ќе постигнеме слобода на македонскиот народ. Лина Богданова ѝ одговори: Мене и на

сите овие луѓе со години не ми изгледаше така и не сакам да ги слушам тие приказни. Тоа траеше се доцна во ноќта.

А ноќта повторно ѝ се сони истиот сон. Како вратата повторно се отвори и некој страшен човек полека се приближувал до неа. Лина сакала да викне - но неможела. Во еден миг, скокнала од посетлата, во чудна состојба меѓу сонот и јавето ѝ дошла АФЖ - ткаta и долго ја уверувала дека треба тоа да го стори со гордост и ја запрашала:

Не веруваш во Партијата!?

Лина и одговорила: Ние Македонците во оваа војна, не знаеме до каде треба да одиме за да си го најдеме местото на кое припаѓаме. Па и зошто да верувам? Да изигруваме победници и жртви. Да ви ги дадам децата Кој е тој и каков е тој народ што ги жртвува своите деца?!

Моите дедовци, баби и сите разумни луѓе одгледувале деца, а ние сега требало да им ги дадеме на Партијата. Татко ми велеше: “Во нашиот напатен македонски народ - Детето е столб на семејството, ако сакаме да опстанеме на овие наши прededови огништа!” - ѝ одговори Лина отсечно.

Вразуми се! викаше АФЖ-ткаta Донка Шоклева, по Лина.

Таа кобна мартовска ноќ 1948 година, откога се стиши вревата низ селските улици, Лина размислуваше како да ги спаси своите деца. Ја подзапали газјената лампа и седна покрај постелата на своите деца и го гледа и ги слуша отчукувањата на часовникот. “Три е часот”, си рече самата. Уште е темница. Да побегне во ноќта заедно сонив, ама не знае каде ќе најде на некоја стража и можеби ќе ги погубат? Какво време дојде, човек да не се плаши од смртта, туку од злото што не најде… Не е сигурна... Таа се сепнува. Прави таговни движења. Оди кон иконата на “Света Богородица” и се прекрстува, и ја моли за спасение. Во нејзината глава мислите и кружеја по иста патека и таа издвои само две размисли: Зошто да не го направи тоа? и оваа станува доминантна над Зошто да го направам тоа?

Се доближува тивко до огништето.Осаменоста околу неа е апсолутен владетел, и остануваше единствено нејзината најтемната страна: желбата што боли.

Го тргнува ѓумот полн со зовриена вода од триножецот и ги растргнува расплaмтените суварки. Таа внимателно прави чекор и подзастанува да земе здив. Ѓумот со зовриената вода престанува да клокоти, но Лина им се приближува на своите длабоко заспани деца.

Во еден миг сфати дека и нејзе и застана здивот. гледаше во децата, со насмевка која сè уште ѝ лебдеше на усните. Но насмевката исчезна Што се присети на АФЖ - тката. Нозите како да ѝ се пресекоа. Седна на пододот и добро ги погледна децата и почувствува како образите ѝ горат.

Остана со мислата: Не си го сакам животот без овие мои деца. Ќе ми ја уништа љубовта. Неможам, нешто ме држи за раце и ме влече во една голема црна дупка. Ох, мои мили; само колку се добри и колку мирно спијат.

Мислите неконтролирано ѝ се натрупуваат една за друга. Нешто потсвесно и вели: “Но? Што чекаш? Само така ќе си го спасиш родот...”

Сè што не поднесува да гледа, или да почитува кај другите е во неа животот на нејзиното срце е отворен, проѕирен живот на нејзината душа е друг свет, тајновитост... Мајка, да посегнува по своите деца? Но, од каде доаѓа тоа “задоволство?” таа слабост, тоа разнежување...

Пак подзастанува и се зашеметено се прашашу и се проверува: “Ќе решам! Нема долго да трае... Болката нивна побргу ќе им мине отколку јас да ги изгубам?!? Не им ги давам децата на тие АФЖ - тките - голтарки. Од моите деца да прават војници и да ги тераат со сила да се борат и убиваат за нивни интереси... Тие го убија мојот татко, затоа што бил поп.

Ами ако останат осакатени? Нека, барем ќе останат живи... Се мисли, се чуди, исчудувањето, како трн во здрава нога, непрестанува да клука. Се колебаше, ама само за миг заборава на сѐ.

Нема да мислам на најлошото. Ќе ми останат покрај мене... а јас и пред стопанот ќе си останам верна и чесна спрема својот род... Токму така: доследност и верност.

Ламбро, кога тргна за Америка, ми рече: "Лино, децата да ми ги растеш, а јас ќе спечалам пари и ќе се вратам... а сега овие голтари го прават фашист, американски шпион..."

Завладеа малку непријатна тишина. Лина ги затвори очите, собра сила и туку одденаш ѓумот го разлеа над нозете на своите деца. Но, кога го слушна болниот и уплав крик, таа падна над нив и остатокот од зовриената вода и се до истури над нејзе. Крикна и таа со уште по болен глас и во себеси "можеби на сите ќе ни биде подобро ако сите сме мртва...

Децата уплашени се стискаа во нејзината прегратка, а таа немоќна, нежно и со солзи им ги бакнуваше изгорените нозе, таа во себеси "Којзнае зошто ми изгледа дека, штом плачам, тоа значи дека се однесувам како што ѝ прилега на добра мајка. И дека нема зошто да се обвинувам. И децата нема зошто да ми се лутат, ќе ми останат покрај мене..."

Те сакаме... секогаш ќе те сакаме... Очите им сјаја со некаков страв, каков што никогаш не го ни замислуваа.

Вие сте мои и никому не ве давам -  им повторуваше бакнувајќи им ги раните, кои дури кога распука осунот, под раните им се јави крв и болката се повеќе почна да им ги пече раните.

Но, најтешко беше кога при осунот ги слушаше разните гласови на активистите:
"Пакосна жено, какво зло ти сториле тие твои деца па така постапи", а таа во себси "Јас не ги убив. Тие ќе бидат живи. Тие ќе бидат мои!"

Во еден миг на вратата се појави братот на Лина, Сотир Гајдов. Тој, го впери погледот, загледувајќи се подлабоко во постелата на попарените деца и успеа да забележи ужас во нивните расплакани очи. Потоа седна спроти сестраси и посакуваше лично од неја да ја чуе вистината. Лина го гледаше со широко отворени очи, а тој и ѝ се обрати со зборовите: Сестро кај ти беа очите? Што се случи? Леле ужас!

Лина обидувајќи се да го скрие стравот и болката кои и предизвикуваа длабок мајчин израз, му рече: Не знам, дали добро се понашам... можеби сѐ ќе уништам. Наеднаш изгледаше како дете, беше збунета и засрамена. Овај му одговори: Брате, мислам дека ќе ме разбереш; како би било, кога тебе би ти зеле нешто што многу го сакаш, а пред очи гледаш дека ќе го изгубиш за навек? Ти се колнам во господ... Ако ми ги земеа децата ќе поулавев... Можеби згрешив... Бев избезумена и децата никому не ги давам. Тие се мои на маѕот ми Ламбро, кој ми остави аманет да не ги давам никому. Имаше сила, упорност, повеќе од сите жени во селото. И натаму не знаеше како да се изрази, даму објасни сѐ на својот брат.

Ех, мој брате, одамна нашите животи не се во рацете на нашиот бог, туку во рацета на прогонувачите. На кого да ги дадам децата на тие комунистите што го заклаа во трапот нашиот стар татко Глигор Гајдов и го најдовме растргнат од лиотот, затоа што беше поп. Затоа што никому не направил зло, туку бил свештено лице и се молеше за сите луѓе а со тоа му служеше на Бога?

Сестро, што всушност сакаш да ми кажеш? Јас дознав дека си се сопнала и ти се истури ѓумот со зовриена вода. Зарем тоа не е така? Таа мрачно го гледа и со неконтролиран израз на лицето како на уплашена ѕверка му вели: Јас деца никому не давам... Цела ноќ бдеам над нив.

Одново се слушна плач, но не толку силен, колку што беше при попарувањето. Вујкото Сотир со родбинско сожалување ги гледаше своите невини внуци: Елена и Ване.

Една жена облечена во униформа налудничаво доаѓаше по скалите и влезе во собата.

На вратата се појави АФЖ - тката со двајца активисти кои ја припремаа утрешната акција за собирање на децата да тргнат кон Југославија а мајките за на фронт во единиците на ДАГ. Откако влезе АФЖ- тката Донка и трепна со очите заслепена од распламтените цепаници во огништето.

АФЖ - тката, се потргна од Лина за да ја гледа и зеде став на загрижен организатортор на светата борба и одговорна пред партијата и генерал Маркос. На Лина и се обрати: Ние и комунистичката партија, се бориме за доброто утре. Мислам дека ние Македонците треба да бидеме на прва линија и да дадеме сè од себе, со тоа ќе постигнеме слобода на македонскиот народ. Само тоа ние гаранција и ни покажува дека нашите луѓе се оддани во оваа света војна. На пример: вчера учителот Темелковски од селото Трсје, ги спроведе сите деца во група сè до границата без никакви проблеми, а нивните мајки стапија во редовите на ДАГ, а тоа е за почит кон решенијата на НОФ, АФЖ и на КПГ. По ова ѝ упати неколку прашања: Сама ли си се решила на овој гнасен чин или некој те поучи и те стави на страната на многуте наши непријатели на оваа наша Света војна?! Тоа ли е, или нешто друго? Кажи ја вистината? Можеби е некоја жена со која сте во врска? Сè што ќе ми кажеш, ќе биде во целосна доверба. Можеби ќе ни послужи во истрагата.

Лина Богданова, ги затвори очите, дотолчена од нејзините зборови ѝ одговори: Па вие сè живо ни мобилизиравте, сега и децата сакате да ни ги земете.

АФЖ - тката, студено ја загледа.

Глупаво е да зборуваш за такво нешто. Што треба ова да ти значи? Ги повторуваш зборовите на непријателите. Им кимна со главата и блага насмевка на активистите и си заминаа.

Сотир Гајдов, со рацете на колковите, стоеше простум и гледаше заедно со сите, потоа спуштајќи ја главата, со

родбинско движење ја повика сестра си Лина и ја замоли да се смири. Најпосле при осунот, кога селските деца тргнаа како булук јагниња кон границата на Југославија. Сите присутни се смирија и ги вперија погледите во Лина. Во нивните пози на разочарување и жалост се појави нешто слично на надеж дека сепак децата на Лина нема да и ги земат.

4. Едно пролетно утро во логотот “Длабока јама”, во атарот на с. Бесвина, се слушна пласот на трубата. Логорашите беа сите на нозе, Ламбровица, молчеше и величествено како достоен воин, чекореше кон ЈАМКАТА, која висеше на едно чаталесто дабово дрво. Изненадувањето беше толку големо што зацари мртва тишина... Ламбровица загледана во бесилката, во себеси: “О боже,  ќе ме обесат!” Таа се сврти кон сонцето и извика: -Деца мои, за секогаш збогум!

Кога стивна гласот на трубата, се огласи воениот судија Караникас:

Смрт на фашизмот и на нашите непријатели!

# Десетта глава

Вкусот на солената вода (Запис од македонската голгота)

Колку е тешко да те следам, татко!
Де не пуштиш ни глас за болката,
а толку те болело!
Да не кажеш ниту збор за маките,
За немошта,
за грижите,
за горчината - а толку пиштеле!
(Блаже Конески, од “Црни овен”,1993)

1. Кога мислам на татко, се храбрам; како тој на Грците им велеше: Јас сум Македонец, господа, ништо друго отсем Македонец, одите по ѓаволите, ќе умра како таков, но тоа право никој не може да ми го одземе. Се опули во мене со кренати рамена и уште еднаш на астиномот му вели:

“Ние сме си Македонци и ништо повеќе не сакам да ве слушам...” Ама и јас му изнареков: Пули вака, нас кирие Астиноме, не ни пречи вие шо сте Грци, оти вас току ве измачува, ние што сме!?

Минувам низ плоштадот, покрај излозите, денес е Први Мај, тукушто заврши парадата, улиците се празни. Погледнувам во телеграмата и читам: “Пристигнувам во 12 часот. Чекај ме на станица. Брат ти Ѓорги. Стоп.”

Надвор пролетна жештина. Во душата чувствувам трепет. На перонот вријавец. Брат ми низ толпата луѓе се поткренува на прсти, ме бара, долго се гледаме, како да сакаме да се прашаме: кој си ти, а кој сум јас.

Му приоѓам и го прегрнувам, а тој ме крева в раце. Потоа, така прегрнати, си одиме во “прифатилиштето за егејци.”

Изминаа толку години, не знам за кого попрво да прашам. Со години чмаам за родната грутка, за болното посегање по нашето достоинство. Му посакувам добредојде со полна чаша рујно

вино, небаре како да посакувам да ми ја раскаже неговата болна приказна.

Голтнува од виното со благородна насмевка, чиниш му се отвори окрвавеното срце, а јас така зграгорен слушам како ми вели:

Пули вака, брату, ка стана со нас. Не фатие от селото надвур, еден саат пешки да одиш, неоти беше ноќја, дења ни ја свртија каливата. Овците блееа, се исплашија, ама кучињата шо лаење сторија. Ама најпојќе; тоа големото најубаво, кучето мурго, шо беше вразано во трлото до последно лаеше, како бесно, можеше да се слушне како го влече синџирот и како синџирот лизга во трлото. Некој од војниците со кондакот од пушката и со тупаници, жестоко маваше, чукаше на портата. А на околу; прсти плева, од наоружани воиници. Нишанат на кај нас со вперени пушки и штикови. Кучето сѐ уште верно лае, со оној верен животински грч, кој повеќе личеше на очаен човек. Го влече сиџирот до крај и смело скока до офицерот, што чукаше и извикуваше:  Сите ќе ве заколам! Отворете!! А тој, едно страшило; имаше густи и црни вежди личеше на колач. Пиштолот го имаше извадено и сакаше да не отепа. А пулиме нашта племна шо беше од долната страна на гумното, веќе гореше, како голем коледарски оган.

И по малку време, кашчо бевме испотресени во каливата, низ цепотините ѕиркаме со татко, а се гледа цело место овртено и наеднаш пред нас брадести љуѓе шо ги викаме бурандари-грчката војска.

Вратата а скршија и ме грабнаа пред нив, кошчу реку, целото место овртено и ме опитват: чие дете си, а тие све знае, и му кажуам: на Ристо Цигуловски. Пак ме опитват и право со пушките навртени накај мене и праве претрес по каливата и трлото, а коа пуљам го носе и татко. Јаска врзан, татко врзан и не носе во селото Бапчор, а маве по нас со кондаците, со клоци, со тупаници, не тушкае по целпат и не однесое кај главно.тој нагизден со тиа ширити седи како разгаштен и не опитва:

Кажите кај се крие, македонскиот одред “Вичо”?” И со еден камшик не фрасна по газот.

Љут како дива мачка, на татко му вели: Камо ти се поголемите синови, Ристо? Дур да зини татко, јаска му веља: излегое да се боре за човекови правдини, кирие, да и доиеме и ние нашите слободи, да си прикажваме на мајкин език, да имаме школје, да имаме големци ко вас, ко љуѓе да имаме се... А бре брату се му изнарекув, ама коа почнаа да не буве со што д а стигне и не пикнае во еден темничав ќерал.

А пуљиме надвор, еден дож џурка. И така, дож денес, дож утредента, се истури господ од дож, а мене и на татко срцето ни пука за овците шо останаа сами. Татко нажален ми вели: “Леле, ние ленди, шо катара не најде.

Плачи кутрио татко и тој ми вели: Ѓорѓи а излаиниме работата, овците останае на гол мегдан, а време е да се објагнат, го пуљам се нажали чоеко. Ама шо е прао е прао, добро му рече, ми вели татко. Цел народ треба да стани за тие правдини, а не да се крие под кошула... Во турцко беше друго, барем езикот си го прикажуваме. И утредента осуна, го врзве татко и мене за него и не носе за Костур, а коку шо стигнаме, пулиме ногу народ се пули во нас и не пикнае во еврејското сколје. И кога на 12 март четирисет и седмата излезе бојнио суд во Костур да ни суди, не нападнае ногу, најпоќе тие шо не фатие, демек сме сакале да прајме македонска држава, сме ги ранеле македонцките партизани, а пусти татко не уздржа и му рече во очи: абре кирие, пулиш ка живиме, ко робови, љуѓе сме, бараме да си прикажваме по наше, треба вие да се научите по наше, оти вие дојдоте кај нас, а не ние. И пуљам му скокна тој судијата, го удри татка по уста, му шкрши два-три заби, а мене ми зовре крфта, сакам да го бранам татка.

“Вие сте Грци и нишчо друго”, вика ко бесен, а јаска му а врна на нашинцки, па татко нешчо сака да рече, ама му блика крф од устата, но со рака му кажва: само тоа не, одвај изговори. Ние сме си Македонци, му вели татко. Пули вака, му вељам јаска, нас кирие, не ни пречи вие што сте Грци, оти вас току ве измачува ние шо сме, а добро знајш дека ние си живиме на ваа

земја од дедо пра -дедо, јаска и секој умен чоек, ќе речи неоти ти велиме ние вие да станите Македонци, убао е секој да си биди тоа шо го роди мајка му. И нејсе, не осуди на по десет години, и од тука околу 15 јули во камиони не носат за Солун и не носе прао до пампуро шо греди по суво и коа вјанаме на пампуро во тие вагоните не сметени ошче од турцко смрде, не ни даве вода, а за леп да не прикажваме, токму пак добро, туа е татко ми, ми дава кураж. Ми прикажва, пусти татко, по целио пат и коа на први август не пикнае во затворо “Павло Мелас” во Атина и ни дадое за осум дена јадење, а шо јадење: риби солени и троа леп, а времето беше ногу топло, и не соберве во камиони од затворо “Павле Мелас” и не носе на скелето, не растоварве и пак не товарве во пампуро шо оди по вода, ама не начукае долу во амбарите. Врзани јаска со татко се пулиме еден во друг, а вода нема и еден со еден се опитваме дека не носе? Не знаеме никој, викаме, ама нишчо и така легнаме свите ко удрени од дамла, заспаме ко ајванчиња. Темница, виделце нема, а шчукаме врева, но ошче нощја беше, вике: “Свите надвур”, и тогаш за прв пат видоме остров, земја, а пекаме за вода, дури не можиме да проговориме, и излегоме, а ние со татко врзани и излегваме еден по еден, а тие со стапови не маве по дја да стигне и не носе, ама сеа одиме по нози околу саат и черек и тамо пулиме чадари. Нејсе не собрае куп пред еден големец и ни вели да излезиме секој башка и звеа да ни праве претрес, а капи не носеме, ама тие маве со стаповите и по главата, неоти те жале за нешчо. Не оставеа да имаш виличка, ноже, саат, цигари и пак да маве по нас, а ние свите викаме, ама кој те опитва. Пљачките и чејлите и многу други шеи ни останае по патиштата. Едно време влегоме во чадорите, а за вода устата ни се лепи, но шчукаме, еден дека вели: “ето деа има бунар” и се втуриме свите ко овци; плиток беше, половина метро и звеме да пиеме. Црпи пиј, црпи пиј, а таа пуста вода солена и пиеме, а се на повеќе не тера, пиеш и пак ти се пие и кога не фати еден дрисник, шо да ти реча, цели ги фати, не остана чоек без да има дрисник, пусти греови наши, а за нужник имаше троа подолу едно ископано место и свите таму на гол мегдан, ама после коа зве една миризма, стана хаос, шо да ти прикажвам, оти чадарите беа на неколку чекори. Но, и не се срамиме, нишчо не не возбудуваше, ни стана најлесно да живиме така, ич не се

грижеме да го чуваме нашио живот, секогаш покорни пред корофилаците, пред нините големци.

Сега коа мислам на татко: како тој осамен талка, бара по имањето, ама не можеш да му речеш нишчо, Јаска го викам: татко бре, јаска сум Ѓорѓи. Тој бега од мене, така испотен, дооден, се крсти и моли пред светичката Богородица; да не чува од полошо.

Миро на душата, ни гредеше од утре, прикажвам само со сонцето и ме тера да мисла за бијаницата шо а пиеме на трлото во горешчината, пиеш и те режи, ама со тоа само мозокот си го лажеме. Во бессоните ноќји само клепкаш и мислиш, думаш, кроеш, ама никако не излегува. Со татко не одделија, сега сум со Фоте Мечкаров. Тој по нешчо ми кажва, а јаска го шчукам и не го шчукам, гладен сум. Еден ден, не помна коку беше месецот ми вели: Ѓорги, ти се јаде леб? Как не ми се јади му вељам, а тој вели ела по мене. И отидоме во еден железен голем сандок полн со гној, а беше ноќја и фатиме да јадиме комачиња леб, ама тие расипани беа мулосани, но кој пули ноќја и ние само јади, рупај, грицкај, оти беше ногу страшна гладоста, и јадеме. Кој знае кој ги фрлил. И едно време, фати да не боли стомак и јаска отиду по нужда, арно ама стражарите не оставае да одиш во секое време, и пуљам трча еден со една боздугана, а тоа беше ноќја и фати да ме тушка, да мава по мене. Јаска зве да бегам по чадорите и тој ме тушкаше, ама даде господ му се испушчи од раците и зве по чадорите да ме бара. Сполај му на господа, се крстам, инак ќе ме оставаше на местото.

Коку беше месецо ич не паметвам. Еден ден леб немаше, не извадие на работа, другио ден исто и така тоа продолжи до 7 дена без леб, а веќе не можеме да пулиме, по нужди па ич не може чоек да оди... Тоа беше ногу страшно нешчо, од гладост и жед за вода ни се олина снагата. Боси по кршо оди ако можиш, де! Ај мајката како да сме родени да трпиме понижувања и си вељам дали родо ни е таков или проколнати сме ние ко љуѓе. Свите се редеме да чекаме манџа, давае по малку, народо гладен и туку што се приближаме до казано и коа фатвеа тиа чуварите со стаповите да не бие за нишчо, а не биее до дја да стигне и на еден другар името не му го умам, му го извадие

окото и тој падна наземја, а тој корофилакот се уплаши, и ние свите скокнаме да му велиме: зошто го стори воа нешчо, ама сетне надојдоа многу од ни, удри, удри и така ни ја истурија манцата и не вечераме нишчо. Пак еден ден доиде саато 12 и треба да одиме во чадорите, ама кога се врнаме наза, требаше да носиме камења за да не одиме празни, и јаска име кренато еден голем камен, а тие Грците шо беа затворени како крадливци и убијци не носее нишчо, туку пред да стигниме ќе ти го земе со сила и сетне ти си крив. И го носев тој камено и туку пуља еден прави ниет сака да ми го земе и ме турне, а јаска така падна шо виа четирите прсти ми се смачкае, ето, пули вака, на ваа рака шо ми е без прсти, а налет за камено, но целата работа беше, ако немаш камен нема ни вечера и така таа ноќја плаче од бољка, гладен па од мака се напив малку солена вода и дури сега ми се гнаси од тој вкус, а крфта си тече. Тие лекарите шо бее од затворениците, ме опитве од шо така бре Ѓорго и сега не знам шо ми стана, ама ми се сврти тој острово Ѓура и сум паднал. Потоа ме најде полошо, не може да работам, а ме тушке, не ми верва, тоа беше страшна работа, ама по страшно беше да стоиш пред големците покорен како фатена ѕверка. Тие ни држеа говори како току пари дава државата за воа нешчо шо не превоспитуваат, како не научија да работаме, да го прајме тоа што е убаво и како ни дале можност да се преродиме со се шо го прај државата за нас. А прао да си кажа е тоа шо чоек можи да разбери едно нешчо добро, шо љуѓето ги запознаваш не по некаков ќар во живото, туку ете сите сме исти страдалници и на секој душата му е чиста... Само манцата на свите ни стана одбивна, таа мирисаше на блувотини од мацки, а тоа ти греди да ги загубиш сати чоечки чувства љубов, пријателство, завист, човекољубие, милосрдие, се полека од чоекот исчезнува, ко се да е испарило под тоа силно сонце. Но имаше во затворо и шпиони. Беше еден, се викаше Стратос, и многу други и еден ден дојде еден натоварен пампур, од тие шо оде и греде по вода, и беше товарен со железо, цемент, вар и други нешча, полн до горе. Не собрае свите кашчо си беме во затворо и кладое две шчици; по една оиш во пампуро, по друга да гредиш на суво и почнаме да се товарваме, растоварваме, цел ден оиш и гредиш по тие шчиците, а тие чуварите маве со стаповите и само пулиш да не ти се замели умот и да не паднеш во морето, но тоа се стори кога еден од воденцко или од

леринцките села беше, сега малку ми греди на умо, падна сосе врешче вар, госпо да го прости. Ами од дја да знае да плива? Го извадие морнарите на сонце, така стоеше цел ден, додека не се собра цел рој муви да го јаде. Ама тој шо беше капетан на пампурот не сожали и накај пладнина го закопаме и со таа мана си отпочинаме малу.

Пред мртовецот сати мачеа, арно ама така со години ставаше со нас, фатие кај луѓето да се појавуве разни болести офтика, стомачни болести заедно со церевата, но повеќето љуѓе поулавуваа и пулиме почна да греди еден поп да ни кажва за сати господови заповеди, а гладни, и еден ден беше Божик и дојде пак да ни кажва и вели шо вели тој попот, ама стана ко постран, се наљути и избега, кога му рекоме: пули вака бре дедо попе, ти пулиш шо јадиме и каква вода пиеме, му велиме, зар по твојата религија така вели господ? Фати го човеко за ништо и донеси го тука на островот, затоа шо го родила друга мајка, само да не биде Грк. И свите до еден му велиме: Дедо Попе, ти ако си господово чедо, треба да ја кажуваш вистината: шчо си е нашчо, нашчо ќе си остане... и само така... и појќе ни збор да има, а попо ме пули ко звен (парилизиран).

Шо велиш ти за воа нешчо, како тоа може да биди по тие твои книги човечко, а? Ајде кажи! Се наљути и му јави на власта. И едно рано утро пулиме сме свртени по целио остров со бојни пампури и готови да не униште, оти тој му кажа на власта дека правиме револуција и шо друго не му рекол? Дека сме биле закоравени комити и не примаме никакви господови заповеди. И коа пулиме на самио остров да ти имало ошче наши на други места, многу народ, па ти имало и комунисти наши и Грци, па ти имало крадачи, убијци, па коа пулиме тере на кај нас и една голема група жени и ги донесое сати во една голема падина, ама никаде го нема татко и ка немаше вода пулиме доста љуѓе го изгубиле умот од с’ти тие маки. Потоа, не тераа за нив да прајме големи авлии ко трла со високи стисови и таму изумреа ги оставие коските. Но за воа деа да може да се раскаже, чоек треба да напише цели книги.

Дојде време да се пушча од затворот ко инвалид, а тоа беше во педесетите години и си греде дома, а селото изгорено, се е

срамнето со земјата, нема љуѓе, и коа пуља долу во каливјето татко талка, бара по имањето, ама не можеш да му речиш нишчо. Јаска го викам: татко бре, јаска сум Ѓорги. Тој бега од мене, така испокинат, дооден бега...

Ете така, брату, стана со нас. Гарците, не испашкаа и се распрчкаме.

Ме загледа в очи и ми рече:

Плачиш, знам, ти е жал за татко, за дома, за каливјето, трлата, ливаѓето, бавчите, нивите. А незнам дали знаеш дека гробиштата ги изораа и Грците решија да нема  од нас никаков белек…

## Прифатилиште за Егејците “Чајр”

Мај 1963 година.

СТО ГОДИНИ МОЛЧЕЊЕ

Авторот Стојан КОЧОВ ќе забележи: што реклле слободоумните луѓе:

“Злосторниците никогаш не можат да бидат револуционери, се когаш се реакционери.”
Владимир Нобаков

“Во мене се роди потребата да кажам: зошто го сакам светот, зошто му се восхитувам, зошто сум му благодарен...”
Никифорос Вретакос

Продолжува: Убавината и човечкиот дух, со кои се одликуваат неговите дела претендираат за една повисока правда и земја за сите луѓе.

КОЈ НИ ГО ОРГАНИЗИРА БРАТОЈАДСТВОТО? КАКО И ЗОШТО ГО ИЗГУБИВМЕ КОСТУР ВО (1940- 1950)? ТОА Е СМРТ НА ЕДЕН ДЕЛ ОД НАЦИЈАТА, А НЕ САМО НА КОСТУРЧАНИ. ПОВЕЌЕ ОД ПОЛОВИНА ВЕК, СИТЕ ПРОГОНЕТИ ЧЕКАМЕ ОДГОВОР:ЧИЈА Е ВИНАТА?

ИСТРАЖУВАЊАТА ПОКАЖАА ДЕКА ИДЕОЛОШКИОТ АКТИВИЗАМ НАД МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА (1940-1949) НИЕ МАКЕДОНЦИТЕ СЕ ЖРТВУВАВМЕ ЗА ТУЃИ ПОЛИТИЧКИ - НАША ИСТОРИСКА БЕСМИСЛЕНОСТ; СО НАША КРВ ДА СИ ИСПИШУВААТ ГОЛЕМИ ИСТОРИИ.

Истражувањата во овој труд се:од сферата на литературата и историографијата, и има за цел да дадат одговор на повеќе прашања:

Како и зошто беше активиран македонскиот синдром преку идеолошкиот активизам над Македонците под Грција по Втората светска војна во Граѓанската војна (1945-1949) година?

Со каква стратешка цел ја организиравме НОФ и кој всушност не натера на воена опција,дали тоа беше наша стратешка цел или на тугинците организирана преку идеолошкиот активизам (Оперативци на стратешки задачи) со поданичка свест кои по половина век не принудија да водиме конфортабилна политика спрема Грција?

Дали ние Македонците под Грција преку таквата стратешка опција бевме интелектуално и воено-политички способни да го сочуваме територијалниот интегритет под Грција и компактноста на македонското население по Втората светска војна кога меѓународните државни граници на Грција и Југославија  истовремено станаа  и воени  граници на двата табора?

Зошто ја отфрливме алтернативата со која не би била помала славата ако непријателот го победевме со ненапуштање на вековниот стремеж за сочувување на сопствениот исконски македонски простор-нашето прадедово парче земја?

* * *

Се чини дека историјата не е толку бележење на изминатите настани колку цаталог на верувања што ги претпочитаат и што ги изложуваат оние луѓе што стекнале право на тоа. Како што забележал Џорц Орвел (13) во неговиот роман 1984, истоијата секогаш ја пишуваат победниците и оној што има контрола врз пишувањето на историските книги, има контрола врз минатото.

Неспорно е дека создавањето на Комитите е голем и храбар национален отпор за заштита од суровиот и нечовечки терор од грчката власт, со крајана цел да ги прогони македонците домородци од своите прадедови огништа. Токму тие прогонства, до ден - денес, не се опишани во целенина и со сите детаил.

Многу значајни настани останувaат непознати и не забележани или се пренесени со сериозни недостатоци и грешки од раскажувачите и нивните сеќавања (спомнеи се избледени) од оние кои ги доживаеа. Има уште што треба да се напишата,

многу нејаснотии што треба да се осветлат за да се сочува и да се пренесе на идните генерации како драгоцено ковчеџе за паметење на нацијата.

Приказната “Гробницата на братојадците” е вистински случај и ја носев повеќе од 65 години. Ако и сега не ја раскажев, ке требаше да ја чувам само (во) за себе.

Ние луѓето од овој македонски простор, кои го преживеавме геноцидот (најтешка казна без вина), носиме премногу лузни што ни ги направија окупаторите и извршителите на геноцидот. Тие се од многу одамна, но трајат и до ден - денес.

Ние Македонците кога би ги вратиле сите Македонски дејци во македонската историја, да не ги делиме македонските дејци на херои и антихерои, туку да сватиме конечно дека сите тие биле личности што дејствувале во одредено време. Историјата не е судбина. Треба да почне да се менува свеста на луѓето за да се има поголема толеранција. Ние Македонците, од Костурско, токму од 1940 година (внатрешно македонски Комити и надворешно, македонски комунисти и Еласити), а тоа трае сè до ден - денес останаа најлуто поделени и го изгубивме Костур и своите домови.

Нивото на политиката кај Еласитте и Комунистите спрема македонците Комити достигна таква валканост што поданството доведе до големо ЗЛО!

Таквата валканост ја правеа политичарите КПГ и КПЈ, кои се воспитувани во духот на политката на сила и свиткан ‘рбет, кои ѝ се повинуваа. Таа политика редовно ги избира полесните “решенија, а најлесно е секогаш да се препуштите на грижата” на некој авторитетен и моќен центар, кој ќе управува преку директиви. Токму, тоа се случи со нас Македонците (посебно) во Граѓанската војна (1945 - 1949), исполнувајќи ги директивите на КПГ, КПЈ и КПМ.

Како резултат за нас Македонците од таквата подела и со не македонска стратегија го изгубиоме родното огниште за навек. Комитите беа истребени, а на крај по Граѓанската војна,борците

- Еласити и Комунисти, станаа поголеми борци за Југославија и Комунизмот, отколку за Македонија.

И така стана како што велеше дедо ми: По некогаш да научиш да знаеш да молчиш, времето ќе ти каже сè.

Видовме дека по еден век молчње, тугинците ни нанесоа толку болки и патила, што цел еден век не беше доволен да се заборават и зараснат.

По извршената студија се покажа дека од многу одамна Грците ни ја рабеле судбината, а ние Македонците, тоа не го разбиравме и подлегнувавме на сечија идеолошка тетоважа.

За Костурската земја на херои и гробови, приказната за "Гробницата на братојадците" ги открива тајните на длабоката драма за братојдството и за уништување на македонското семе, е напишана со цел да не им оставиме на поколениeто гробови и небројни жртви непознати за своите предци.

"Гробницата на братојадците" е нов фактографски роман, напишан со цел да се соочам со минатото на нашите предци. Оваа можеби е и потреба на возраста. Во животот постои посебен миг кога човек ја има таквата потребата да ја каже жестокоста на приказната за предците, а таа доста е криена сè до оваа длабоката старост, да си ја кажам вистина само од идеолошки недоразбирања. Записите за сведоштвата од минатото се аманет за иднината. Тоа што било да се памети, да не се заборави, да се стави на хартија за трајно да остане незаборавено. Тоа беше време, кога  еден голем дел од македонската нацијата доживеа СМРТ.

Приказните се доживеани и вистински случај, а се напишани на историски факти и потекнуват од многубројни извори: мои лични доживувања, архивски и воени материјали, енциклопедиски одредници, напишани мои монографии, студии за костурското национално комитско движење и една од книгите: "Казна без вина" (Слово за братојадците и патот на проколнатите).

Како што забележал Џорџ Орвел во неговиот роман  1984", историјата секогаш ја пишуваат победниците и оној што има контрола врз минатото.

Во Костур се вратив по 65 години за да ја раскажам приказната. Оваа и уште многу други слики што ги доживеав токму во времето од 1940 - 1949 година. Сега по мојата посета на куќата во која сум роден. "Мојата ДОМА - Тугинец во својата земја". Дека, сега ниту урнатините не ми припаѓале. Стојам пред урнатините и се така си намнисувам и ми текнува по нешто, од она што ми го зборуваше дедо- Илинденецот, на кој не му го знам ни гробот каде му е...

Приказната имав можност повово да ја слушнам од младиот војводски комита со уништено семе. Истата е како што ја знаев; емотивна, духовна, сериозна, разновидна за возбудливиот живот на Костурчани, кои изгубиле сè што наследно му припаѓа на човечкиот род.

Војводата со уништено семе, ми разоткри причините за големата омраза што ја имаат Грците кон Костурските комити.А дедо ми велеше: Најсреќен е оној човек што ги направил срекни другите луѓе, а грчкиот окупатор се покажа дека од нас Македонците сакаше да направи несреќни и талкачи по светот:Македонија- без Македонци.

Погледот и судот на Крапов, за клучните настани што го тресеа Костур и костурчани во 20- от век: како и зошто го изгубија родниот татков дом во период на време од 1940 - 1949 година. Ми ја разоткри сета жестокост на Грците и многу детали за судбината на своите пријатели и непријатели.

Во текот на 20 век на просторот од Костур до Лерин среќаваме една хистерична сатанистичка група од; пиокрвци и сплеткари, тајни балкански служби, проповедачи - кои пред очи ти го крадат родот и татковото огниште и од земјопоседник на својата родина, те прават ТАЛКАЧ - ОДРОДЕН СО СУДБИНА НАПИШАНА СО КАТРАН.

Ние Костурчани, со векови во турско го зборувавме нашиот македонски јазик, а од ка дојде гркот од уста на уста го пренесуваме на децата, ама го сочувавме и не го заборавивме, а вие сега клавате такви зворови, што ние Костурчани не ви ги разбираме:

На пример:Ти ми велиш (фала) - на место благодарам; (врећа)- на место навреда; (астал) - на место маса; (боље)- на место подобро; (даље)- на место понатаму; (дах)- на место здив; (деси)- на место случи;(искочи)- на место излези; (живели)- на место наздравје; (каиш)- на место ремен; (капут)- на место палто; (застава)- на место знаме; (клизаво)- на место лизгаво; (машна)- на место вратоврска; (могуче)- наместо можно; (марама)- на место шамија; (новена)- на место весник; (озбилно)- на место сериозно; (примети)- на место забележи; (палуша)- наместо русокоса; (пољубац)- на место бакнеж; (свиѓа) - на место бендисува; (рат)- на место војна;

Крапов, расмеан ми вели: Ете тоа тие, одордување!.. Нашиот човек и сите ние смего погрешиле времето. Им верувавме на секој идеолошки мокник, на место да останевме врзани крепко за својата ЗЕМЈА!!

Но, се виде дека несме можеле да се одбраниме од идеолоките моќници? КПЈ/КПМ почна да прави воена депонија од ег. Македонија (види; изјавите на југословенскиот генерал Капиќич), а КПГ ја претвори ег. Македонија во воен полигон, воена база лоцирана токму каде живееше мнозинството Македонското население, а тоа може да се види од напревениот пустош...

Слушајќи со каква болна искреност овој комита со уништеното семе ми раскажуваше за Костур и македонската земја во која е роден и израснат, помислувам какви ли сѐ нераскажани приказни се кријат во Костур и окупираната Македонија за нашето минато и македонската историја?!

Човек, ќе помисли, зарем е можно и господ Бог да си поиграл со нив: во еден миг им ја подотвори вратата на среќата, за веднаш потоа со тресок да ја затвори и заклучи.

За крај сакам да кажам дека:

Жртите се навикнале со години да молчат и сенишно да живеат затоа сѐ уште беа живи многу мина од ониешто им ги уништија семејствата.

Едновековното молчење (1913 - 2013) е книга кој ја остава егејската судбина отворена, но не само за нас Македонците, туку на БАЛКАНОТ.

Ние од постарата генерација, кои го преживеавме: Масовното етничко чистење на Македонија под Грција, имавме должност да го документираме и оставиме на генерациите…

Им благодарам на моите искрени соборци и собраќа од родниот Костур и Костурско кои минале низ пеколот и некои уште минуваат и како што вели Винстон Черчил (1874 - 1965 г. ) англискиот политичар:

Долколку поминувате низ пеколот, продолжете со одење.

Еден ден: нашето ќе биде наше.

* * *

Ова нее крајот, следи вториот дел:

Синот на Кираца и Крсто Крапови, прекрстен во од Дончо во Андонис Псарас, се враќа во Костур да си  ги бара корените и гробовите на своите родители.

ЗАБЕЛЕШКИ:

1. Андарти- припадници на грчките одреди што се бореле за приклучување на македонија кон Грција, особено активни во периодот на Илинденското востание и по него, сé до окупарањето на еден дел од Македонија под грција.

2. Павлос мелас (правото име му е Микис Зезас), роден во Месалија на 29 март 1870 година. Потеклото му е од Епир. За неговите подвизи и улогата што одигра во борбите со Македонците - Комитите, тој во 1904 беше назначен за водаж на борбата во западна Македонија со центар во Костур.

3. На 25 октомври 1903 година, капетан Коте заедно со Ване Кизов од село Габреш и поп Ставре од Псодери во Митрополитијата на градот Костур, во една валкана торба му ја донесоа отсечената глава на Лазар Поп Трајков за поголема сума златни турски лири. По ова Владиката Каравангелис се погрижи преку турските власти главата да биде закачена на уќуматската порта во Костур и таа остана сé до последните денови на октомври.

4. Метаксас Иоанис (1871- 1940) - грчки генерал и политичар. Началник на грчкиот генералштаб во 1915 година. Од 1926 година е еден од водачите наРојалисти Стичкото движење. На 4 август 1936 година, како министер - претседател, го распушти Парламентот и воведе монархистичка диктатура и воведе забрана на македонскиот јазик.

5. Во 1941 година Британскиот премиер Вистон Черчил и председателот на САД франклин Рузвелт се сретнаа на еден брод во Атлантикот, каде што ја фолмулираа и на 14 август ја потпишаа прочуената “Атланска повелба”, чии начела ги прифатија и Обединетите нации во својата Декларација во 1945 година. Во повелбата меѓу другото се истакнува дека територијалната промена мора да биде во согласност со слободното изразената волја на народодт, народите имаат право да си избираат за себе облик на владеење по волја и тоа право треба да им се врати на сите, и се предупредува дека народите во светот мораат да се откажат од употреба на сила.

6. Во суштина биле формирани две организации: СНОФ за Костурско, формирана во октомнври 1943 година во с. Д’мбени И СНОФ (Која беше формирана од ЕАМ со умисла да се бори и да ги придобие костурските комити. Организацијата беше строго контролирана од ЕАМ и ЕЛАС) во Леринско, формирана во ноември истата година во с. Белкамен. Настојувањата организацијата СНОФ да претставува една организацона целина за сите Македонци од егејскиот дел на Македонија, како и барањата организацијата да не дејствува самостојно, односно надвор од рамките на ЕАМ, биле подржани од КПГ. Треба да се знае и тоа дека во јануари 1944 година од КПГ било дозволено и формирање на воена Славвијаномакедонска народноослободителна војска СНОВ под директно раководство на ЕАМ и ЕЛАС.

7. Цветко Узуновски - Абас, одговорен за ОЗНА, според него на Пленумот на ЦК КПМ одржан во текот на летните месеци 1945 година, предложил да се заземе фронтален став спрема групата кои скршнале во партијата и фракционерството. Во таа група биле: Ченто, Венко Марковски, Апостолски, Киро Глигоров, Лазар Соколов, Петре Пирузе, Благој Хаџи Панзов, помагани од Димитар Влахов.

8. “Дуло” - подземна стрмна длабока дупка, со неизмерна длабочина во планината Мали- Мади, т. н. Д’мбенско дуло.

9. ПАО - Пауџидес (Сегрчка ослободителна организација) која ја сочинуваа поранешни полициски началници и офицери на поранешната грчка армија (ЕС) и други разни националистички антинародни елементи. Организацијата ПАО во соработка со военоокупационите власти се обидуваше во редовите на ЕЛАС да инфилтрира свои офицери и агенти со задача да ги ликвидираат партизаните Еласисти, комунисти. Такви инфилтрирани офицери како Кирцидакис, Зисис и Мандаропулос беа осудени и физички ликвидирани кон крајот на април 1943 година.

Василис Барџиотас, висок дејател на КПГ и политички комесар на ДАГ. “Борбата на Демократската Армија на Грција”, стр, 128.

10. (Моја забелешка: навистина КПГ и ДПВ си го задржаа објеќањето пред светот и се изборија по војната да ги врати, но само децата “Грци по род”. Оттогаш половина век, се слуша само лелекот на макеоднските родители и на тие деца и се прашуваат: зошто не се погрижи оваа КПГ за Македончињата да ги врати. Зошто заборавила дека на илјадници од ни: нивните тактовци и мајки ги имаат оставено коските на Грамос, борејќи се, за и само за интересите на КПГ??!!)

11. Партизанскиот весник (ДАГ) “Ексормиси” излегуваше на секој петнаесет дена. Се уредуваше и се печатеше во планината Грамос.

12. На 16. 06. 1949 година. Извршниот одбор на АФЖ на жените Македонки од Е. Македонија усвои резолуција за активирање на жените Македонки во одбрана на фронтовската линија Вичо.

13. “Оној што го контролира минатото, ја контролира иднината. Оној што ја контролира сегашноста, го контролира минатото” Џорџ Орвел: 1984.